ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/328233474

# ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРУПЦИЈАТА (Анализа на истражувачки резултати 2013 – 2017)

**Book** · October 2018

CITATIONS
0

READS
100

**4 authors**, including:

Cane T. Mojanoski
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**15** PUBLICATIONS **0** CITATIONS

SEE PROFILE

Marina Malish Sazdovska
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**52** PUBLICATIONS **6** CITATIONS

SEE PROFILE

**Some of the authors of this publication are also working on these related projects:**

Project Crime Map of Macedonia View project

Project Индекс на безбедност (Index Security) View project

All content following this page was uploaded by Cane T. Mojanoski on 12 October 2018.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

www.fb.uklo.edu.mk

ISBN 978-608-4828-26-6

ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРУПЦИЈАТА

Универзитет „Св. Климент Охридски”- Битола
Факултет за безбедност - Скопје

Цане Т. МОЈАНОСКИ
Марина МАЛИШ САЗДОВСКА
Марјан НИКОЛОВСКИ
Катерина КРСТЕВСКА

# ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРУПЦИЈАТА



Скопје, 2018

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ
REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY „ST. KLIMENT OHRIDSKI” – BITOLA
FACULTY OF SECURITY – SKOPJE

Ул. „1“ Идризово бр. 2А – 1000 Скопје
Поштенски фах 103

Faculty of security
PO Box 103 -Skopje
www.fb.uklo.edu.mk

☎ +389 (2) 2546-211
Факс/fax: +389 (2) 2545-070

професор д-р Цане Т. Мојаноски
професор д-р Марина Малиш- Саздовска
вонреден проф. д-р Марјан Николовски
вонреден проф. д-р Катерина Крстевска

# ГРАЃАНИТЕ ЗА КОРУПЦИЈАТА

**(Анализа на истражувачки резултати 2013 - 2017)**

**СКОПЈЕ, 2018 ГОДИНА**

**Издавач: Факултет за безбедност - Скопје**
За издавачот: вонреден проф. д-р Никола Дујовски,
декан на Факултетот за безбедност - Скопје

Рецензенти:

проф. д-р Љупчо Арнаудовски
проф. д-р Миодраг Лабовиќ

Лектор: Елена Георгиевска

Техничка обработка: Цане Т. Мојаноски
Корица: Кемал Рушид

Печати: Графопром - Битола

Тираж – 150 примероци

**Печатењето на изданието е одобрено со Одлука на Деканатската управа на Факултетот за безбедност – Скопје, број 02-291/6 од 22.3.2018 година.**

© Сите права се задржани

# СОДРЖИНА

**Предговор** ........ XI

**Вовед** ........ 1
Цел и задачи на истражувањето ........ 4
Хипотетичка рамка ........ 5
Истражувачка постапка ........ 7
Инструменти ........ 8
Реализација на истражувањето ........ 12
Примерок - испитаници ........ 12

**ПРВА ГЛАВА**
**БЕЛЕЗИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 21
Териториjалната дистрибуција на подмитување ........ 54

**ВТОРА ГЛАВА**
**ПЕРЦЕПЦИИ ЗА КОРУМПИРАНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ** ........ 59
Ризикот од корупција во секојдневните ситуации на граѓанинот, политичарот, функционерот и службеникот ........ 65
Како да се разоткрие и спречи корупцијата? ........ 76
Корупцијата низ групите индикатори ........ 77
Показатели на корупцијата според испитаниците што имаат искуство - дале - не дале мито ........ 89
Корупцијата низ коментарите на испитаниците ........ 103

**ТРЕТА ГЛАВА**
**КОРУПЦИЈАТА РЕАЛНА ЗАКАНА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ** ........ 117
Анализа на резултатите од истражувањето ........ 123
Меѓусебното влијание на медиумите и општеството ........ 126

**ЧЕТВРТА ГЛАВА**
**ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАЧИНОТ НА РАЗОТКРИВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА** ........ 139

**ПЕТТТА ГЛАВА**
**КОРУПЦИЈАТА И ЈАВНИТЕ УСЛУГИ** ........ 151

**ШЕСТА ГЛАВА**
**КОРУПЦИЈАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА** ................ 177

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**................................................................ 191

**Одбрана литература** ........................................................................... 209

**Акценти од рецензиите** ...................................................................... 217

**Список на стручни соработници - истражувачи** ............................ 226

## Табели, графикони, прегледи и слики

Табела број 1. Перцепцијата на корупцијата според Transparency international ........................................................................................ 2
Табела број 2. Кронбаховиот алфа- коефициент - ...................................... 11
Табела број 3. Дистрибуција на испитаниците според планските региони во Република Македонија - %........................................................ 14
Табела број 4. Испитаници според половата припадност -%...................... 15
Табела број 5. Испитаници според возраста - %.......................................... 15
Табела број 6. Испитаници според националната припадност - %............ 16
Табела број 7. Испитаници според вероисповедта: - % .............................. 17
Табела број 8. Испитаници според стручната подготовка: - %.................. 18
Табела број 9. Испитаници според работниот статус: -%.......................... 19
Табела број 10. Според мое мислење под корупција се подразбира: %- (можни се повеќе одговори.)....................................................................... 32
Табела број 11. За корупцијата научив (осознав):- %................................. 33
Табела број 12. Според вас, кој е најчестиот облик на корупција во нашето општество? - %......................................................................................... 39
Табела број 13. Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството - Злоупотреба на овластување (0=нема 10= најмногу) - - пондерирани аритметички средини................................ 40
Табела број 14. Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството - Противзаконито посредување (0=нема 10= најмногу) - пондерирани аритметички средини .................................. 42
Табела број 15. Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството - Примање мито -% (0=нема 10= најмногу) - пондерирани аритметички средини ........................................ 44
Табела број 16. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ДАДЕТЕ МИТО)? - % (Заокружете еден одговор.) .................................................. 47
Табела број 17. Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)?.................................................................... 47

Табела број 18. Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)? – структура - 2015 година .......................... 48
Табела број 19. Ранг на професии, функции, институции што биле подмитувани во 2015 година - на прашањето: „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“ ........................................................ 49
Табела број 20. Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?: - 2016 во % ......................................................................................... 50
Табела број 21. Ранг на професии, функции, институции што биле подмитувани во 2016 година - „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“: ........................................................................... 51
Табела број 22. „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“- 2017 година - % ........................................................................ 52
Табела број 23. Одговори на прашањето „Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (да дадете мито), според планскиот регион во 2013 – 2017 година – структура“- одговор „да“ - % ....................................................... 54
Табела број 24. Бруто-домашен производ, по региони, 2015 ...................... 55
Табела број 25. Оценки за степенот на корумпираност .............................. 60
Табела број 26. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? ................. 65
Табела број 27. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?- (пондерирани аритметички средини) ........................................................ 68
Табела број 28. Според ваше мислење во која од следните ситуации НОСИТЕЛОТ НА ДРЖАВНА (УПРАВНА) ФУНКЦИЈА најмногу е изложен на ризикот од корупција? ............................................................ 71
Табела број 29. Според ваше мислење во која од следните ситуации СЛУЖБЕНИКОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? ............. 73
Табела број 30. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (приватникот) најмногу е изложен на ризикот од корупција? ........................................................................................... 74
Табела број 31. Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ (РАЗОТКРИЕ) корупцијата? ....................................................................... 76
Табела број 32. Според ваше мислење како може да се СПРЕЧИ корупцијата? .......................................................................................... 77
Табела број 33. KMO and Bartlett's Test 2013-2017 година ......................... 79
Табела број 34. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2013 година - Total Variance Explained ............... 81
Табела број 35. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2014 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained .............................................................................. 81
Табела број 36. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2015 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained 2015 ....................................................................... 82

Табела број 37. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2016 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained 2016 ........ 82
Табела број 38. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2017 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained 2017 ........ 83
Табела број 39. Варимакс ротација на оценките за степенот на корумпираност на одделни подрачја во Република Македонија во 2013-2017 година - Rotated Component Matrix[a] - сите испитаници ........ 83
Табела број 40. Трансформирани компоненти ........ 86
Табела број 41. Cronbach'sAlpha– испитаници кои: не дале мито ........ 89
Табела број 42. KMO and Bartlett's Test – испитаници кои не дале мито ... 90
Табела број 43. KMO and Bartlett's Test 2013-2017 година - испитаници кои дале мито ........ 91
Табела број 44. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2013 година – Total Variance Explained испитаници кои НЕ ДАЛЕ мито ........ 93
Табела број 45. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2013 година - TotalVarianceExplained – испитаници кои ДАЛЕ мито ........ 94
Табела број 46. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2014 година - Total Variance Explained -Total Variance Explained – НЕ ДАЛЕ мито ........ 94
Табела број 47. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2014 година Total Variance Explained –испитаници кои ДАЛЕ МИТО ........ 95
Табела број 48. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2015 година TotalVarianceExplained – испитаници кои НЕ ДАЛЕ мито ........ 95
Табела број 49. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2015 година Total Variance Explained испитаници кои ДАЛЕ мито ........ 96
Табела број 50. Варимакс ротација на оценките за степенот на корумпираност на одделни подрачја во Република Македонија во 2013-2017 година - Rotated Component Matrixa - не дале мито ........ 98
Табела број 51. Варимакс ротација на оценките за степенот на корумпираност на одделни подрачја во Република Македонија во 2013-2017 година - Rotated Component Matrixa - испитаници кои дале мито ..... 98
Табела број 52. Матрици на трансформација на компонентите по групи и години ........ 99
Табела број 53. Начин на информирање за корупцијата ........ 123
Табела број 54. Што подразбираме под корупција ........ 128
Табела број 55. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? ........ 130

Табела број 56. Ранг на оценки во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?............ 133
Табела број 57. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?............ 134
Табела број 58. Според ваше мислење во која од следните ситуации СЛУЖБЕНИКОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? ........... 136
Табела број 59. Ранг на ситуациите за изложеност на корупција на приватниот сектор.......................................................................... 136
Табела број 60. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (приватникот) најмногу е изложен на ризикот од корупција?................................................................................................... 137
Табела број 61. Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ (РАЗОТКРИЕ) корупцијата?................................................................ 143
Табела број 62. Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ (РАЗОТКРИЕ) корупцијата?................................................................ 144
Табела број 63. Според ваше мислење како може да се ДОКАЖЕ корупцијата?......................................................................................... 145
Табела број 64. Според ваше мислење како може да се СПРЕЧИ корупцијата?......................................................................................... 147
Табела број 65. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ДАДЕТЕ МИТО)? (Заокружете еден одговор.)...................................................... 151
Табела број 66. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ДАДЕТЕ МИТО)? (Заокружете еден одговор.)...................................................... 151
Табела број 67. Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)?.............................................................. 152
Табела број 68. Државен службеник (управа)......................................... 154
Табела број 69. Јавен службеник (општина) ........................................... 155
Табела број 70. Полицаец.......................................................................... 155
Табела број 71. Цариник............................................................................ 156
Табела број 72. Инспекциски служби (инспектор)................................. 157
Табела број 73. Универзитетски професор.............................................. 157
Табела број 74. Средношколски професор.............................................. 158
Табела број 75. Политичар........................................................................ 158
Табела број 76. Лекар ................................................................................ 159
Табела број 77. Судија............................................................................... 159
Табела број 78. Обвинител........................................................................ 160
Табела број 79. Директор на училиште.................................................... 160
Табела број 80. Посредник........................................................................ 161
Табела број 81. На друг, кому?................................................................. 161
Табела број 82. Проценти на лица кои примиле мито според припадност на професија, од вкупниот број на испитаници........................................... 162

Табела број 83. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ПРИМИТЕ МИТО)? (Заокружете еден одговор.) .................................... 164
Табела број 84. Дали досега сте имале лично искуство (ситуација) во кое сте биле изложени на ризик од корупција (ЗЛОУПОТРЕБА НА ДОЛЖНОСТА, СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА, ВЛАСТ)? (Заокружете еден одговор.) ................................................................................................. 164
Табела број 85. Дали досега сте имале лично искуство (ситуација) во кое сте биле изложени на ризик од корупција (ПРОТИВЗАКОНИТО ПОСРЕДУВАЊЕ)? (Заокружете еден одговор.) .................................... 165
Табела број 86. Дали досега сте имале лично искуство (ситуација) во кое како државен службеник на органите на државната управа (институција) во која сте вработени да сте биле изложени на ризик од корупција? (Заокружете еден одговор.) ..................................................................... 165
Табела број 87. Според вас, кој е најчестиот облик на корупција во нашето општество? ................................................................................................. 166
Табела број 88. Рангирање на состојбите кои ги засегаат граѓаните за 2017 година (во %) ................................................................................................. 167
Табела број 89. Ниво на корупција за 2017 година .................................. 170
Табела број 90. Реализирани контакти со институции и носители на функции за 2015 година ................................................................................ 171
Табела број 91. Реализирани контакти со институции и носители на функции за 2016 година ................................................................................ 172
Табела број 92. Реализирани контакти со институции и носители на функции за 2017 година ................................................................................ 173
Табела број 93. Оценка за лична подготвеност (определеност) за борбата против корупцијата ................................................................................. 177
Табела број 94. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата ................................................................................. 178
Табела број 95. Оценка за подготвеноста (определеноста) ...................... 179
Табела број 96. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата ................................................................................. 181
Табела број 97. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата ................................................................................. 182
Табела број 98. Каков би можел да е придонесот на репресивните во борбата против корупцијата? ........................................................... 183
Табела број 99. Според Ваше мислење, каков би можел да е придонесот на превентивните мерки во борба против корупцијата? ............................... 185

Графикон број 1. Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството - Примање мито ................. 46
Графикон број 2. Преглед на одговори на прашањето „Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на

ризик од корупција (да дадете мито), по плански региони во периодот од 2013 до 2017 година ........ 56
Графикон број 3. За корупцијата научив ........ 124
Графикон број 4. Дијаграм: Начини на корупција за 2013-2017 година 153
Графикон број 5. Ставови на граѓаните за рангирање на проблемите изразени во % за 2017 година ........ 168
Графикон број 6. Ставови на граѓаните за рангирање на проблемите изразени во % за 2016 година ........ 169

Преглед број 1. Редослед на оценки на испитаниците за злоупотребата на овластувањата ........ 41
Преглед број 2. Редослед на оценки на испитаниците за противзаконито посредување ........ 43
Преглед број 3. Редослед на оценките на испитаниците според облици на корупција кои се присутни во одделни делови на општеството - примање мито ........ 45
Преглед број 4. Ранг на професии, функции, институции што биле подмитувани во 2017 година - „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“: ........ 53
Преглед број 5. Редослед на одговори според планските региони во Република Македонија на прашањето „Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (да дадете мито)? “ ........ 56
Преглед број 6. Редослед на корумпираност од 2013 до 2017 година - сите испитаници ........ 61
Преглед број 7. Ранг според степенот на корумпираност во периодот од 2013до 2017 година – тие што дале мито ........ 63
Преглед број 8. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? - Ранг на изложеност на граѓанинот на корупција ........ 66
Преглед број 9. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? ........ 69
Преглед број 10. Според ваше мислење во која од следните ситуации НОСИТЕЛОТ НА ДРЖАВНА (УПРАВНА) ФУНКЦИЈА најмногу е изложен на ризикот од корупција? ........ 72
Преглед број 11. Редоследот на факторите според истражувачките резултати во периодот 2013-2017 година ........ 88
Преглед број 12. Редоследот на факторите според истражувачките резултати во периодот 2013-2017 година ........ 88
Преглед број 13. Редоследот на факторите според истражувачките резултати по години и групи ........ 102
Преглед број 14. Што се подразбира под корупција ........ 128
Преглед број 15. Општина во која е спроведено истражувањето, година во која е спроведено истражувањето ........ 223

Преглед број  16. Ранг на изложеност на граѓанинот на корупција.......... 225

Слика број  1 Scree plot - сите испитаници.................................................. 80
Слика број 2. Skree plot – Број на фактори според години и групи на испитаници - што дале и не дале мито........................................................ 92

## *Предговор*

Потребата од пишувањето на овој предговор е условена од две потреби: **првата**, да се помогне во восприемањето на определени поими како **што е поимот научна монографија** и **втората**, да се направи пресек на изминатите пет истражувачки години и работата на потписниците на овој авторски труд.

Според класификацијата од 2001 година „научна монографија е публикација во која научно, систематски, исцрпно и сеопфатно се обработува некој проблем, прашање или предмет, личност или случај во еден том, односно во определен број томови кои се објавуваат истовремено или во однапред определен временски период. Научна монографија е специјализирана книга, напишана за специјализирана публика“ (Доневски 2001, 6).

**Поимот монографија** (грч. μονοσ — еден и γραφειν — да се пишува) е дело во кое детално се обработува една тема која обезбедува со помош на соодветна истражувачка постапка која овозможува некоја појава, група или институција на детален, систематски, научнообјективен начин да се опише со помош на користење различни методи како што се: непосредно систематско набљудување, интервју, анализа на документацијата и слично. Обично во прашање е научен есеј или научен трактат, кој може да е објавен како книга или статија во списание. По дефиниција монографијата е еден документ кој сам по себе претставува комплетен текст. Монографијата најчесто има еден автор. Но, тоа не е секогаш случај. Излагањето во монографијата е на повисоко ниво отколку во учебниците. Во научните кругови вообичаена практика е секој пообемен труд, кој истражува определена тема, да се објави како монографска публикација. Таа содржи детален опис на методологијата на даденото истражување, во неа се претставени резултатите и е извршена интерпретација од истражувањата. Во библиотекарството под монографија се подразбира секоја публикација која е завршена во еден или во определен број томови и нема постојан (сериски) карактер. Според овој критериум се врши дистинкција од сериските публикации, како што се магазините, списанијата или весниците (Prytherch 2005, 462). И во врска со тоа прашање толку. Целта на нивното наведување е да се избегнат различните интерпретации на овој поим. Авторскиот тим упатува на начинот на кој го подразбира тој поим и на судот на јавноста ѝ остава таа да гради оценка за понудените содржини.

Понудениот текст на анализата на петгодишните истражувачки резултати е обид за синтетизирање и интерпретација на перцепциите на граѓаните на Република Македонија за корупцијата и корупциските состојби во земјата. Анализата упатува на сознанието дека прашањето на корупцијата е составен дел на транзициските процеси, се јавува како дериват на необмислените, обично волунтаристичко поставени цели и нетранспарентно дефинирани јавни политики, преку чија примена се нарушени принципите на јавност, прозрачност, отчетност и одговорност, а се манифестира затвореност и неконтролирано користење на положбата за сопствени или тесногрупни интереси.

Корупцијата како феномен, денес, претставува една од сериозните закани за правната држава. Тоа е облик на владеење во кој доминира самољубието и самовластието како манифестен облик, а е проследено со повикување на (најчесто на бизнис) интересите. Таа е како општествена состојба и практика, која негативно влијае на вкупниот општествен развој, ги забавува економските процеси, ја влошува социјалната сигурност и ги руши претставите и верувањата за вредноста на принципите, посебно на принципите на законитост, еднаквост, рамноправност и слобода. Корупцијата се воспоставува и искажува како облик на скриени и незаконски прераспределби и (зло)употреби на јадрото на општествената моќ и власта. Со посредство на корупцијата, а во содејство со другите механизми на партиската држава и моќ се приватизираат, а потоа се претвораат во пазарен артикал. Во тие рамки се одвива размената или трампата на делот од општеството што поседува политичка власт и делот на општеството што поседува моќ над материјалните добра. Корупцијата е спротивна на начелото на владеење на правото и претставува директна закана за демократските институции и моралните основи на општеството.

Анализата укажува дека перцепцијата на корупцијата се концентрира околу определена група на индикатори поврзани со институциите и институционалната поставеност, како и со носителите на функциите и оние кои се задолжени за јавните услуги. Всушност, истражувачките резултати упатуваат на тоа дека неефикасниот институционален одговор за решавање на проблемите на граѓаните е обземен со корупцијата и корумпираноста. Анализата на резултатите укажува дека борбата против корупцијата е неефикасна поради опфатеноста со неа на функциите и институциите чија првенствена и основна задача е да работат на создавањето на правна рамка и општествени услови за справување со неа.

Иако понудените податоци, повеќе или помалку можат да се третираат како индикатори за интензитетот на односите меѓу одделни сектори во општествената организација, тие, сепак, упатуваат на некои

од можните извори, кои на еден или друг начин подолго време се извори на корупцијата. Оваа група индикатори може да индицира дека корруптивните врски и односи се воспоставуваат меѓу одделни субјекти, кои според својата нормативна положба се носители на моќта и се претпоставка за општествениот развиток. Но, тие може и да се индикатори каде што треба да се насочи општествената акција во барањето на одговорите за сложените општествени прашања.

*

*        *

Авторскиот тим на овој ракопис изразува посебна благодарност до рецензентите професор д-р Љупчо Арнаудовски и професор д-р Миодраг Лабовиќ, за внимателното читање на оваа и досегашните анализи, за корисните и особено продуктивни забелешки, кои беа инспирација и поттик за натамошно продлабочено трагање по одговорите на дилемите, индикаторите или претпоставените ситуации кои ги отвора интензитетот на податоците, односно ставовите околу некое прашање. Изминатите петгодишни истражувачки напори беа оценувани и следени преку објавените публикации и организираните јавни дебати по нив, што на еден или друг начин значеше трагање по одговори за карактеристиките на појавата, нејзините појавни облици, како и начинот на нејзиното сознавање.

Во изминатите пет години споделено учевме и совладувавме истражувачки вештини, како во создавањето на податоците, така и во нивната интерпретација и создавањето на ново сознание и знаење. Во таа смисла, особено ни беше од корист постојаната соработка со раководството на Факултетот кој во периодот од 2013 година го раководеа професорите д-р Снежана Никодиновска-Стефановска, д-р Борис Мургоски и д-р Оливер Бачановиќ, кои изразуваа поддршка на истражувачкиот тим, за што изразуваме јавна благодарност и почит. Овде не треба да изостане и поддршката на сегашното раководство на Факултетот предводено од вонредниот професор д-р Никола Дујовски, за издавањето и печатењето на публикацијата во која се врши анализа на сознанија од истражувачкиот процес во изминатите пет години.

Посебна благодарност изразуваме на студентите соработници, кои ги спроведоа индивидуалните интервјуа, ги шифрираа и ги обработија истражувачките резултати.

Не помала е заслугата и на другите вработени во колективот кои секогаш имаа разбирање и професионално ги извршуваа работите поврзани со реализацијата на сложениот теренски истражувачки зафат.

*

*     *

Појавувањето на оваа публикација, е плод на петгодишното дејствување на истражувачкиот тим, кој обединет околу оваа идеја, со вложување на голема истражувачка енергија, како заеднички потфат, понуди резултати и сознанија оформени во посебни изданија за карактеристиките на корупцијата во Република Македонија, набљудувани низ перцепциите и ставовите на граѓаните.. Токму затоа има потреба на ова место да се искаже благодарност на секој член на тимот одделно, односно на професор д-р Марина Малиш-Саздовска и вонредните професори д-р Марјан Николовски и д-р Катерина Крстевска. Нивниот придонес во истражувачкиот процес, особено во интерпретацијата и дисеминацијата на резултатите е значајна.

Со надеж дека овој аналитички напор на авторскиот тим ќе предизвика, ќе поттикне и ќе придонесе да се појават нови научноистражувачки иницијативи и да се продолжат и продлабочат истражувањата на Факултетот за безбедност, на судот на јавноста ги приложуваме нашите сознанија, оценки и содржини за особено сложената појава во Република Македонија - корупцијата.

Скопје 25.3.2018 година — проф. д-р Цане Т. Мојаноски

## *Вовед*

На Факултетот за безбедност во Скопје, по сопствена иницијатива е формиран научноистражувачки тим со задача да организира теренско истражување за мислењето на граѓаните за корупцијата. Тимот е формиран по иницијатива на професор д-р Цане Мојаноски. Во него учествуваат и (понудениот Извештај е нивен резултат) вонреден професор д-р Марина Малиш-Саздовска, вонреден професор д-р Марјан Николовски и доцент д-р Катерина Крстевска.

Научноистражувачкиот тим на Наставно-научниот совет на Факултетот му достави проект кој беше разгледан и усвоен со Одлуката број 0701/357, од 3.12.2012 година, на седницата одржана на 30 ноември 2012 година. Понудениот проект на научноистражувачкиот тим беше прифатен и конституиран од научноистражувачкиот тим во споменатиот состав.

Истражувачкиот тим во март 2014 година јавно го претстави и објави Извештајот од истражувањето спроведено во 2013 година[*]. Во 2016 година, е објавен Извештај од истражувањето со сумирани, во Извештај[**], резултати за корупцијата во периодот 2013-2015 година и во јануари 2016 година беа соопштени првичните резултати од истражувањето. По тој повод беше организирана и дебата за сознанијата и состојбите со корупцијата во Република Македонија.

Зошто се актуализира прашањето за корупцијата? Одговорот на ова прашање е повеќеслоен. Тоа е последица на поливалентноста на корупцијата како феномен. Факултетот за безбедност како високообразовна и научноистражувачка институција, образува кадри чија основна задача е превенирањето, откривањето, разрешувањето и борбата против криминалот и криминалните однесувања. Имајќи го предвид кадровскиот потенцијал и искуство, негова задача е да ги промислува и истражува општествените феномени, а во тие рамки и корупцијата, како криминален феномен. Занимавањето со проблемот на корупцијата е воден и од потребата да се согледа, какви се перцепциите на граѓаните за степенот на познавањата на корупцијата и начинот за нејзиното спречување и справувањето со нејзините последици.

---

[*] Види: Мојаноски, Т. Цане, Марина Малиш-Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска: *Мислењето на граѓаните на Република Македонија за корупцијата –* Истражувачки извештај; Факултет за безбедност, Скопје, 2014;

[**] Види: Мојаноски, Т. Цане, Марина Малиш-Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска: *Граѓаните на Република Македонија за корупцијата –* Истражувачки извештај 2013-2015; Факултет за безбедност, Скопје, 2016;

Кампањата за справување со корупцијата сè повеќе е присутна и во активностите на меѓународните организации како што се: ООН, Советот на Европа, Организацијата за европска соработка и развој, како и Светската банка и Европската банка за обнова и развој.

Политичките лидери во многу земји веќе ја прогласија борбата против корупцијата за свој приоритет. Во некои земји се прават национални напори за борба против корупцијата и се формираат специјализирани агенции. Сè поголем е бројот на меѓународните и на националните невладини организации кои се ангажираат во разоткривањето на коруптивните практики.

Секако, дека значајна улога во детектирање на опасностите и нудењето на излезни решенија во справувањето со корупцијата има и науката. Пред сè, нејзиниот придонес се согледува во истражувањето на причините за појавата, утврдувањето на заедничките елементи и врз основа на научните истражувања нудење на одредени предлози за надминување на таквата состојба, или, пак, ублажување на последиците од корупцијата, која, за жал, е сè поприсутна во сите пори на човековото живеење. Во таа насока се очекуваат и резултатите од истражувањето назначени во проектот.

***Табела број* 1. *Перцепцијата на корупцијата според Transparency international***

| Ранг | Земја | Скор 2012 | Скор 2013 (промена) | Скор 2014 (промена) | Скор 2015 (промена) | Скор 2016 (промена) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 43. | Словенија | 61 | 57 (-4) | 58 (+1) | 60 (+2) | 61 |
| 53. | Турција | 49 | 50 (+1) | 45 (-5) | 42 (-3) | 41(-1) |
| 57. | Хрватска | 46 | 48 (+2) | 48 (0) | 51 (+3) | 49 (-2) |
| 67. | Македонија | 43 | 44 (+1) | 45 (+1) | 42 (-3) | 37 (-5) |
| 67. | Црна Гора | 41 | 44 (+3) | 42 (+1) | 44 (+2) | 45 (+1) |
| 69. | Романија | 44 | 43 (-1) | 43 ( 0) | 46 (+3) | 48 (+2) |
| 72. | БиХ | 42 | 42 (0) | 39 (-3) | 38 (-1) | 39 (+1) |
| 72. | Србија | 39 | 42 (+3) | 41 (-1) | 40 (-1) | 42 (+2) |
| 77. | Бугарија | 41 | 41 (0) | 43 (+2) | 41 (-2) | 41 |
| 80. | Грција | 36 | 40 (+4) | 43 (+3) | 46 (+3) | 44 (-2) |
| 111. | Косово | 34 | 33 (-1) | 33 ( 0) | 33 (0) | 36 (+3) |
| 116. | Албанија | 33 | 31 (-2) | 33 (+2) | 36 (+3) | 39 (+3) |

Извор:*http://www.transparency.mk/images/stories/cpi2015/cpi_2015_tabela.pdf (пристапено на 12.02.2016*); *http://www.ius.bg.ac.rs/prof/Materijali/jovmio/Globalni%20indeks%20percepcije%20korupcije%202014.pdf [пристапено на 5.09.2015];* http://www.transparentnost.org.rs/images/dokumenti_uz_vesti/Srbija_CPI_2016_25_1_2017.pdf *[пристепено на 8.12.2017];*

Во таа смисла, научноистражувачкиот тим имаше предвид дека во изминатите години, во Република Македонија се одвиваше определена организирана активност од општеството за справување со разните облици на корупција. Таквата општествена акција влијаеше на тоа Република Македонија да ја подобри својата положба на ранг-листите на организацијата *Transparensy international*. Така, во 2013

година Република Македонија заедно со Црна Гора беше рангирана на 67. место со индекс од 44, веднаш по Саудиска Арабија и Јордан, а пред Италија*. Податоците покажуваат дека според индексот на оваа организација, Република Македонија била на 69. место со индекс од 43, што значи напредување на две места на оваа листа. Тоа укажува дека во земјата се создадени определени услови и се остварени резултати во борбата против корупцијата. Таквите тенденции се продолжени и во 2014 година. Во 2015 година, Македонија е оценета со индекс 42 и го зазема 66. место заедно со Турција и Сао Томе. Треба да потсетиме дека индексот на перцепцијата на корупцијата за Македонија во 2013 година беше рангиран на 67. место, во 2014 на 64, во 2015 на 66 место, а во 2016 година се наоѓа на 90. место, заедно со Колумбија, Индонезија, Либерија и Мароко**.

Наспроти таквата акција на организираното општество, во последните години, интензитетот на акциите и свртеноста кон ова прашање е со намален интензитет или како да отсуствува од практиката. Токму затоа, истражувачкиот тим се определи во согледувањето на перцепциите на граѓаните за корупциите, пред сè, за начинот на информирањето за нив, знаењата за тоа што е корупција, перцепциите за корумпираноста и начинот (моделите) за справување со неа. Исто така, истражувачкиот тим сметаше дека за овој феномен, особено е значајно да се согледаат какви се ставовите и на стручната јавност.

**Корупцијата како** феномен, денес, претставува еден од сериозните закани за правната држава. Тоа значи, дека **наместо да владее правото и неговите норми, владеат поединци, раководени од користољубиви цели и во согласност со интересите**. Тоа е облик на владеење во кој доминира самољубието и самовластието како манифестен облик, а е проследено со повикување на (најчесто на бизнис) интересите. Таа е како општествена состојба и практика, која негативно влијае на вкупниот општествен развој, ги забавува економските процеси, ја влошува социјалната сигурност и ги руши претставите и верувањата за вредноста на принципите, посебно на принципите на законитост, еднаквост, рамноправност и слобода. Корупцијата се воспоставува и се искажува како облик на скриени и незаконски прераспределби и (зло)употреби на јадрото на

---

* **Corruption Perceptions Index 2013,** стр.3; http://www.transparency.org/cpi2013/results [7.02.2014];

** Види: http://www.transparentnost.org.rs/images/dokumenti_uz_vesti/Srbija_CPI_2016_25_1_2017.pdf [пристапено на 8.12.2017];

општествената моќ и власта. Со посредство на корупцијата, а во содејство со другите механизми на партиската држава и моќ се приватизираат, а потоа се претвораат во пазарен артикл. Во тие рамки се одвива размената или трампата на поседувачкиот дел на политичката власт и моќ за материјални добра. Оттаму и корупцијата, особено масовната, во Република Македонија се јавува како клучен начин за прибавување на одредени јавни услуги и добра. Едно од темелните вредности на едно демократско општество е почитување на основните човекови и граѓански права и слободи. Корупцијата претставува сериозна закана за демократијата, правдата и човековите права, праведноста и социјалната правда и го попречува економскиот развој на државите. Корупцијата е спротивна на начелото на владеење на правото и претставува директна закана за демократските институции и моралните основи на општеството.

Истражувањето се занимава со криминолошките, криминалистичките, асфалиолошките карактеристики на корупцијата во Република Македонија, набљудувана низ призмата на ставовите на граѓаните, како општа група и стручната јавност, како специфична фокус-група. Операционализацијата на истражувањето во оваа фаза ги опфати криминолошката, криминалистичката и правната димензија.

Во истражувањето е применет мултидисциплинарен пристап. Тоа припаѓа на криминологијата, криминалистиката, асфалиологијата и кривичното право.

## *Цел и задачи на истражувањето*

Целта на истражувањето беше да се изврши научна дескрипција на ставовите на граѓаните на Република Македонија за криминолошките, криминалистичките, асфалиолошките и кривичноправните карактеристики и последици од корупцијата и коруптивните активности во Република Македонија.

Поаѓајќи од вака поставената научна цел, како непосредни задачи на истражувањето се и следните:

- кои се претставите и знаењата на граѓаните за корупцијата и како тие се манифестираат во согласност со добиените сознанија, утврдување на мерки и преземање на иницијативи за нивно подобрување, продлабочување и разрешување;
- да се увиди колку граѓаните се информирани и каков е степенот на знаења за корупцијата и начините на кои таа може да се превенира, да се спречи, да се открие и да се сузбие;

- добивање на сознанија за ефикасноста на борбата против корупцијата;
- идентификување на основните проблеми при реализација на законските основи за ефикасна борба против корупцијата;
- утврдување на потребата за измена/дополнување на постојната или донесување на нова законска регулатива;
- добивање на сознанија за потребата од обучување на целните групи за начинот на примената на овластувањата и правата утврдени со законските решенија и другитенормативни акти.

Имајќи ги предвид предметот и целта на истражувањето, како и преземените активности, истражувањето понуди определен одговор за перцепциите за корупцијата и начинот за нејзиното сузбивање.

## *Хипотетичка рамка*

Појдовен хипотетички став во ова истражување беше дека корупцијата претставува сериозна закана за секое општество, а во тие рамки и за македонското, како заедница со специфичен економски развој (долгото траење на транзицијата), бавното менување на општествено-економските односи, пречките во меѓународната интеграција и присутноста на блокади (економски, политички) од соседите, сложеноста на интеретничките и интеррелигиските релации. Таквата состојба влијаеше на социјалната слика во општеството да биде таква во која богатството и моќта ќе се концентрираат на помала група, наспроти значајната група, невработени, недоволно социјално згрижени и платени работници, како и појавата на потиснување, или на нефункционирање на демократските институции, која ги јакне недемократските и автократски процеси и придонесува за појава на бројни облици на корупција.

Корупцијата е феномен што подеднакво ги напаѓа како развиените така и неразвиените држави. Ниту една земја, без оглед на тоа колку е демократска, не е имуна на феноменот корупција. Тоа се однесува и на Република Македонија. Оваа социјална болест подеднакво ги напаѓа: владините функционери, политичарите, деловните луѓе, новинарите и сите оние кои на определен начин вршат или се во функција на вршење на некоја јавна дејност или овластување.

Корупцијата ги намалува приходите од даноците, ги зголемува трошоците за јавни услуги и ја искривува распределбата на ресурсите во приватниот сектор. Идентификувана е негативна корелација меѓу

доброто владеење и економскиот развој. Корупцијата го понижува обичниот граѓанин и ја слабее државата. Затоа, предмет на интерес ни се знаењата и искуствата на испитаниците за корупцијата, како ја оценуваат состојбата со корупцијата во земјата, каква е нивната подготвеност и определеност за борба против корупцијата, како и тоа како го оценуваат развојот на системот за борба против корупцијата. Кај стручната јавност се интересиравме за искуствата, формите на појавување и справување со корупцијата.

Ваквата структура на претпоставките за степенот на развиеноста на корупцијата во Република Македонија услови да појдеме од хипотетичкиот став според кој:

Знаењата на граѓаните за корупцијата се резултанта на степенот на образованието, нивото на информираноста но и од степенот на достапноста на информации за нејзиниот карактер и значење;

Знаењата на граѓаните за корупцијата се во тесна врска и со нивните искуства за корупцијата, како и облиците на корупција на кои биле изложени при задоволувањето на определени потреби, услуги или интереси.

Во истражувањето се поаѓаше од претпоставката дека нивото на оцените на граѓаните за состојбата со корупцијата во земјата е во тесна врска со знаењата, искуствата, но и со степенот на информираноста на граѓанинот за неа. Во таа смисла од значење е фокусираноста на организираната заедница во препознавањето и справувањето со облиците на корупција. Затоа, се претпоставуваше дека степенот на подготвеност на граѓаните да препознаат и пријават корупција зависи од степенот на довербата во институциите и убеденоста дека нивното сознание ќе биде процесуирано во согласност со позитивните прописи. Исто така, се претпоставуваше дека довербата во институциите е индикатор за нивниот капацитет и да се применуваат принципите на законитост.

Врз основа на тоа се темели и очекувањето дека подготвеноста и определеноста на граѓаните за борба против корупцијата е во тесна врска со општествените услови, подготвеноста на институциите да обезбедат ефикасна акција и примена на правото, како и во гарантирањето на безбедноста на граѓанинот од последици или однесувања кои нема да му штетат на неговиот развој и секојдневното живеење.

Претпоставувавме дека граѓаните имаат јасна претстава за системот за борба против корупцијата и затоа е значајно како тие го оценуваат него. Во таа смисла се претпоставуваше дека граѓаните имаат избалансиран став за придонесот и степенот на борбата против корупцијата од страна на факторите на субјектите.

Во градењето претпоставки за степенот на корупцијата, кај стручната јавност, се поаѓаше од претпоставката дека нивните знаења и искуства се основа и доволен услов за идентификување на формите на појавување и за развој на формите за справување со корупцијата.

## *Истражувачка постапка*

Во истражувањето на општествените појави, па оттаму и на безбедносните како нивен составен дел, постојат бројни дебати околу оправданоста на квантитативната постапка, не само поради тоа што станува збор за особено сложени појави, туку и поради опасноста процесот на квантификација да добие карактер на сувопарен емпиризам, без согледување на другите содржини што би ги имале низ една продлабочена теориско-епистемолошка процена и анализа. Токму затоа и денес не е ретко да се сретнат укажувањата дека познавањето на определена аналитичка алатка, или користењето на некој инструмент (софтверско решение, на пример SPSS) не се одговор, или пристап кој нуди одговор на поставените прашања, посебно на неможноста да се трага по солидни одговори на сложените теориско-епистемолошки проблеми на корупцијата. Несомнено е дека истражувањето на корупцијата, а особено не нејзиното истражување преку ставовите на граѓаните, не може да ги отвори и да ги одгатне сите загатки, недоречени и недовршени дебати за поимот корупција и неговите феноменолошки карактеристики, туку истражувањето е само еден емпириски пресек на ставовите и можност за зајакнувањето на индикаторската основа во градењето на тврдења за објаснувањето на појавните облици и содржината на корупцијата, а низ сложената аналитичка постапка и на натамошното развивање на ставовите за факторите и причините за појавата на корупцијата. Имајќи предвид дека прашањето за истражувањето на корупцијата, на ставовите на граѓаните, временски е определено, тоа нема амбиција да ги одговори сите прашања, туку да отвори еден поглед, да понуди емпириски материјал кој низ критичка анализа и нивно имплементирање во научниот фонд ќе придонесува во зајакнување на научно-проверливите тврдења и ставови. Науката по дефиниција е антимонополска дејност, таа е пропулзивна за ставовите и гледиштата кои ќе ја издржат теориско-емпириската валидизација на секој податок и тврдење. Со надеж дека истражувачките резултати се скромен придонес во тој општ напор, истражувачкиот тим, преку овој Извештај, на научната, стручната и другата љубопитна јавност и го нуди овој Извештај со очекување тој, конкретно неговите сознанија да се поттик за плодна

научна дебата, но и основа за натамошна надградба на научните и истражувачките пристапи во објаснувањето на корупцијата.

Во истражувањето се применети аналитичко-синтетичкиот метод, компаративниот, догматскиот и статистичкиот метод.

### *Инструменти*

За потребите на истражувањето беа изработени*:

**Основа за разговор**: „Мислењето на граѓаните за корупцијата“ и

**Писмен прашалник**: „Корупцијата во Република Македонија“

Составен дел на инструментариумот се: а) Прирачникот за правење интервјуа, б) Анкетарскиот дневник, в) Аналитичката табела за обработка на податоците, г) Кодексот на шифри, д) Упатството за примена на основата за разговор и обезбедувањето на соговорник и ѓ) Упатството за внесување податоци.

**Основата за разговор** беше наменета за испитување на ставовите на граѓаните, а **Писмениот прашалник** беше доставен до вработените во институциите кои понепосредно се занимаваат (или имаат допир) со справувањето со корупцијата (Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Судот, Обвинителството, медиумите и невладините организации).

Упатството за примена на основата за разговор и Писмениот прашалник се конструирани специјално за ова истражување во форма на социодемографска анкета, дизајнирана и структурирана во облик на анкетен лист, која вклучува демографски карактеристики на испитаниците и определен број батерии прашања преку кои се врши рангирање на определени појавни облици на корупцијата или се определува степенот на корупцијата. Овде може да зборуваме дека методот на собирање на податоци е со помош на структурирано интервју. Да потсетиме. Кога станува збор за **структурирано интервју,** всушност, на сите кандидати им се поставуваат исти прашања, формулирани според барањата кои произлегуваат од конкретната ситуација. Структурираното интервју настојува да создаде што е можно пообјективни услови: сите кандидати да се испитани според исти критериуми и на сите да им е дадено еднакво време за претставување.

Така, основата за разговор беше структурирана во 6 делови: а) демографски податоци; б) знаења за корупцијата; в) искуства

---

* Автор: проф. д-р Цане Т. Мојаноски

поврзани за корупцијата; г) состојба со корупцијата; д) подготвеност и определеност за борба против корупцијата и ѓ) развој на системот за борба против корупцијата. И Писмениот прашалник е составен од следните 5 делови: а) демографски податоци; б) знаења за корупцијата; в) искуства поврзани за корупцијата; г) состојба со корупцијата и д) форми на пројавување и справување со корупцијата.

Обликот на прашањата во основа е затворен и се состои во конструирање на скали за степенот на корумпираноста, односно изборот на варијации за прашањата поврзани со стекнувањата на знаењата, искуствата поврзани со корупцијата или во презентирањето на формите за борба против корупцијата.

Во инструментите беа вградени скали за процена (од 1 до 10, односно од 1 до 12), за степенот на корумпираноста на определени професии или институции, како и понудени облици за рангирање на формите преку кои најчесто се пројавува корупцијата. На испитаникот му беше поставувано прашањето: „3**8. Оценете го нивото на корупција кај инспекциските органи** (Оценете на следниов начин: од 0 нема корупција до 10 – има најмногу корупција. Заокружете една оценка.)“. Скалата има графички облик:

**38. Оценете го нивото на корупција кај инспекциските органи**
(Оценете на следниов начин: од 0 нема корупција до 10 – има најмногу корупција. Заокружете една оценка.)

| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

Овде е применета единаесетчлена скала со цел да се обезбедат оценки кои поспецифично ќе ги изразуваат ставките на испитаниците за степенот на корумпираноста на одделни функции, институции, услуги и дејности во заедницата. Од мерните скали беа применувани и скали на рангирање, скали од Ликертов тип, дихотомни и трихотомни одговори. Одговорите од Ликертовиот тип се конструирани на тој начин што изразуваат степен на подготвеност ( на пример, за прашањето „Каква е вашата подготвеност (определеност) за борба против корупцијата“, беше нудена можноста да се избере еден одговор од типот: (1) потполно сум подготвен/а; (2) подготвен/а сум; (3) ниту сум, ниту не сум подготвен/а; (4) не сум подготвен/а; (5) потполно сум неподготвен/а; (6) не сакам да се изјаснам) .

Исто така, од испитаниците беше барано да извршат рангирање на определени појави според сложеноста на ризикот. Тие беа поставувани во облик на прашањето „Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од

корупција? (1 најмалку, 7 најмногу). Од испитаникот се бараше да дефинира ранг од 1 до 7 според следните ситуации во кои се наоѓа испитаникот (граѓанинот). Притоа, беше понуден следниот графички модел:

| **11. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?** (Рангирајте ги вака: 1 - најмалку, 7 - најмногу. Во секој ред се заокружува еден број. Заокружениот број може да се заокружи само еднаш во кој било ред.) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. во ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 2. во ситуациите кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 3. во ситуациите кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 4. во ситуациите кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 5. во ситуациите кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 6. во ситуациите кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 7. во ситуациите за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |

Од испитаникот беше барано да изврши подредување на ставовите по редослед. Одговорите на оваа група прашања наидуваа на тешкотии во рангирањето.

***Некои карактеристики на мерните скали употребени во истражувањето***

За примената на определен број на мултиваријантни постапки во обработката на податоците беше утврдуван и коефициентот на внатрешната согласност на варијаблите и оценките за мерење на степенот на корупцијата. Тоа е степенот до кој вредностите што ја

чинат скалата се исти со мерките на атрибутот што му припаѓа на субјектот, (односно до кој степен меѓусебно се поврзани). *Интерната конзистентност* претставува доследност во давањето одговори на поставени прашања, односно дали тие мерат иста единствена карактеристика. Инструментот е посигурен доколку одговорите на независните предмети корелирани меѓу себе се повисоки. За оценка на интерната конзистентност се користи **Кронбаховиот** *(Cronbach)* **алфа-коефициент**. Вредноста се движи меѓу 0 и 1, при што блискоста кон 1 означува висока сигурност на инструментот. *Не постои согласување околу тоа што е минимална прифатливост на вредноста за вредноста на алфа-коефициентот*. Постои мислење дека 0,7 е минимално прифатливото ниво за интерна конзистентна сигурност, додека друго гледиште смета дека треба да се прифаќа вредност $\alpha > 0,5$ како индикатор за добрата интерна сигурност. Како конвенција е ставот дека најниско прифатлива гранична вредност за алфа е 0,6. Постојат и построги критериуми за минимална вредност на коефициентот $\alpha$ (на пример, во клиничките истражувања), што, исто така, зависи од видот на истражувањата и областа во која се применуваат.

Зависно од природата и намената на скалата, се бараат различни нивоа на сигурност, обично не се прифаќа сигурност помала од 0,7. Кронбаховиот алфа-коефициент се менува во зависност од бројот на вредностите на скалата. Така, за мал број вредности на скалата (помалку од 10), показателите на Кронбаховиот алфа-коефициент, најчесто, се особено мали. Во такви случаи, се смета дека подобро е да се пресмета и во Извештајот да се наведе средната вредност на корелацијата меѓу секој пар од вредностите. Оптималната средна вредност на корелацијата[1] меѓу паровите на вредностите на скалата изнесува меѓу 0,2 и 0,4 (Мојаноски 2015, 41-42). Во следната табела се дадени прегледите на вредностите во **Reliability Statistics** и може да се констатира дека вредноста на Кронбаховиот алфа коефициент е повеќе од 0,8.

***Табела број 2. Кронбаховиот алфа- коефициент -***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Cronbach's Alpha | **,879** | **,860** | **,883** | **,916** | **,912** |
| N of Items | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 |

Од понудените резултати можеме да оцениме дека сите варијабли се во рамките, односно под вредноста на Кронбаховиот алфа-коефициент и сите тие придонесуваат за неговата вредност, па со право

[1] Andrew R. Willan, Andrew H. Briggs: *Statistical Analysis of Cost-Effectiveness Data (Statistics in Practice)*; John Wiley&Sons , Ltd; San Francisco; 2006; стр.158;
Briggs, S. R., & Cheek, J. M.: *The role of factor analysis in the evaluation of personality scales,* Journal of Personality, 54/(1986)., 106-148;

можеме да констатираме дека постои поврзаност меѓу споредуваните варијабли и тие не сочинуваат компоненти на единствен скор.

### ***Реализација на истражувањето***

Истражувањето се спроведе со материјална и техничка помош на Факултетот за безбедност. Истражувањето беше спроведено од 8 до 18 јануари 2013 година, на подрачјето на Република Македонија. Во собирањето на податоците беа ангажирани 83 соработници-истражувачи во 2013 година , 69 во 2014 70 соработници во 2015, 69 во 2016 и 57 соработници – истражувачи во 2017 година. За обработка на податоците беше изработен кодекс на шифри и модел за компјутерска обработка во софтверскиот пакет Excel. Обработката на податоците (шифрирање и внесување во сметачката машина - компјутерот) беше од студентите на Факултетот за безбедност. Обработката и статистичките пресметки на истражувањето е извршено во софтверскиот статистички пакет SPSS.

Истражувањето се одржуваше во период кога во општеството понагласено се водеше дебата околу случувањата во Собранието, околу донесувањето на буџетот со јасна разлика во ставовите на политичките субјекти - учесници во политичкиот живот.

### ***Примерок - испитаници***

Основно е при утврдувањето на мострата да се одбегне пристрасноста. Тоа се обезбедуваше преку примената на случајноста во изборот. Кога го употребуваме поимот „случајност“, пред сè, имаме предвид дека се работи за грижливо планирана активност, при што во статистичката маса на сите единици им се дава подеднаква можност да бидат избрани.

Во истражувањето е користен повеќеетапен примерок. Повеќеетапниот примерок е тип на стратификациски примерок. Тој се применува кога популацијата е голема, а за истражување немаме многу време и пари. На пример, сакаме да го утврдиме мислењето на граѓаните за определена акција на полицијата. По случаен избор избираме неколку места, потоа во тие места избираме определен број на населени целини, а изборот на соговорниците ќе го избереме случајно.

Во применетите истражувања, кои се преземаат на факултетите, затворските средини, организираните заедници, (полициска станица, единица, одделение) помалку се посветува внимание на проблемот на примерокот што е и разбирливо кога се знае дека ова истражување, посебно малите и акциските (во акциските истражувања имаме учесници во истражувањето), наместо примероци

во истражување, тие имаат за цел, не да се утврдуваат законите и законитостите во областа на безбедноста и асфалиалогијата (тие, обично, се резултат на фундаменталните истражувања), туку да ги направат применети во практиката. Меѓутоа, има повеќе проблеми при реализацијата во зависност од средината во која се спроведува (на факултетите нови модели на учење, нови наставни поставки итн., во затворските средини нови правила и ред во институцијата, во органите на управата нови модели на решавање на проблемите) коишто најнапред треба да бидат проверени (следени и проучувани) на помал број на испитаници, на ограничен број постапки и ограничени содржини и слично, пред да се „прошират" на сите учесници, наставните содржини, варијаблите и постапките на кои се однесува таквото истражување[2].

### *Карактеристики на примерокот*

Испитаниците беа избирани на тој начин што најнапред во секоја општина, градско или селско населено место се формираше јадро. Во секое од јадрата се вршеше посета на секое петто домаќинство во индивидуалните живеалишта, односно секое дваесетто домаќинство во колективните живеалишта. Доколку на денот на посетата никој не е присутен, или одбие да соработува тогаш на ред доаѓа следното живеалиште кое ќе биде предмет на интерес. Упатствата беа така срочени, што доколку некој и во тој случај одбие да соработува, тогаш изборот е на следното петто живеалиште.

Изборот на испитаниците беше извршен по принципот на близок роденден на член на семејството. Применето е структурирано интервју (лице в лице).

Истражувањето беше конципирано така што да ги опфати сите делови на Република Македонија и да се постигне приближен број на испитаници од сите делови, од град и од село. Имено, поради релевантноста на резултатите водено е сметка подеднакво да бидат застапени испитаници од сите региони во Република Македонија во согласност со официјалната територијална поделеност.

Во 2014 година, истражувањето е спроведено во 33 општини во Република Македонија (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Берово, Битола, Боговиње, Велес, Виница, Гостивар, Градско, Демир Хисар, Зелениково, Зрновци, Илинден, Кавадарци, Кочани, Крива Паланка, Охрид, Прилеп,

---

[2] Цане Т. Мојаноски: *Методологија на безбедносните науки – аналитички постапки*; Книга III, Скопје, 2013; стр. 254-264;

Пробиштип, Радовиш, Ранковце, Ресен, Росоман, Тетово, Чашка, Чешиново-Облешево, Куманово).

Во 2015 година, истражувањето е спроведено во 30 општини (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Кисела Вода, Центар, Чаир, Берово, Битола, Брвеница, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Демир Хисар, Зелениково, Зрновци, Илинден, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Пехчево, Прилеп, Пробиштип, Свети Николе, Струмица, Тетово, Штип, Куманово).

Во 2016 година истражувањето е спроведено во 34 општини (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Битола, Брвеница, Велес, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Илинден, Кавадарци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Кривогаштани, Крушево, Липково, Македонска Каменица, Неготино, Охрид, Пехчево, Радовиш, Ранковце, Ресен, Росоман, Свети Николе, Тетово, Чашка и Куманово)

Во 2017 година истражувањето е спроведено во 39 општини (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир, Берово, Битола, Босилово, Брвеница, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Долнени, Илинден, Јегуновце, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Кривогаштани, Маврово и Ростуша, Македонска Каменица, Охрид, Пехчево, Прилеп, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струмица, Тетово, Чашка, Чешиново-Облешево и Куманово). (Види прилог: Преглед број 15).

Регионалната структура на испитаниците покажува дека таа во основа е постигната во 7 од вкупно 8 плански региони на Република Македонија. Регионално погледнато дистрибуцијата на испитаниците изгледа вака:

***Табела број* 3. *Дистрибуција на испитаниците според планските региони во Република Македонија - %***

| | **Години кога е реализирано истражувањето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Плански региони**: | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| Скопски | 20,50 | 32,06 | 46,78 | 27,79 | 25,78 |
| Пелагониски | 13,88 | 8,75 | 11,53 | 11,74 | 14,61 |
| Североисточен | 15,70 | 20,06 | 9,61 | 16,05 | 13,14 |
| Полошки | 8,43 | 5,90 | 10,28 | 9,69 | 4,90 |
| Вардарски | 10,50 | 15,63 | 2,88 | 17,42 | 13,14 |
| Источен | 12,73 | 14,65 | 12,68 | 11,64 | 16,18 |
| Југоисточен | 13,64 | 1,47 | 5,28 | 2,74 | 8,53 |
| Југозападен | 4,63 | 1,47 | 0,96 | 2,94 | 3,73 |
| **Вкупно:** | **1210** | **1017** | **1041** | **1022** | **1020** |

Во однос на половата припадност во истражувањето е обезбеден стабилен однос меѓу испитаниците жени и испитаниците мажи. Тој соодnос се движи од 45,50 % во 2016 до 49,85 % жени во 2014 година.

***Табела број* 4. *Испитаници според половата припадност -%***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2013** | **2104** | **2015** | **2016** | **2107** |
| жени | 47,36 | 49,85 | 48,70 | 45,50 | 48,14 |
| мажи | 52,64 | 50,15 | 51,30 | 54,50 | 51,86 |
| **Вкупно:** | **1210** | **1017** | **1041** | **1022** | **1020** |

Од понудените податоци може да се констатира дека секоја година, просечно од 100 испитаници 48 биле жени ($\bar{x}$ =47,91 %; σ=1,62 и KV=3,39 % ), односно од 100 испитаници просечно 52 биле мажи ($\bar{x}$ =52,09 %; σ=1,62 и KV=3,12 %). Може да се оцени дека примерокот е репрезентативен според половата припадност на испитаниците.

Во истражувањето се опфатени испитаници на возраст од 18 до 90-годишна возраст. Во изминатите пет години биле интервјуирани 531 полнолетен граѓанин. Од нив 496 или 94,34% биле млади од 18 до 20 години. На возраст од 21 до 30 години биле 1.370 или 25,80 %, што е и најдоминантна група меѓу испитаниците во изминатите години. Слична вредност со 25,05 % или 1.330 испитаници биле на возраст од 41 до 50 години. Испитаниците на возраст од 31 до 40 години се 17,27 % или 917 испитаници, со нешто помалку од 731 испитаник или 13,77 % се на возраст од 51 до 60 години. На возраст од 18 до 60 години се 4.844 или 92,22 %. Над 61-годишна возраст се 466 или 8,78 % од испитаниците.

***Табела број* 5. *Испитаници според возраста - %***

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| до 20 години | 7,02 | 9,54 | 12,10 | 7,24 | 11,20 |
| од 21 до 30 години | 28,84 | 24,98 | 25,26 | 24,85 | 24,50 |
| од 31 до 40 години | 17,77 | 19,08 | 16,81 | 17,51 | 15,10 |
| од 41 до 50 години | 24,05 | 23,80 | 26,03 | 25,73 | 25,80 |
| од 51 до 60 години | 14,63 | 13,37 | 12,49 | 14,48 | 13,70 |
| од 61 до 70 години | 6,20 | 7,08 | 5,57 | 7,24 | 6,60 |
| од 71 до 90 години | 1,49 | 2,16 | 1,73 | 2,94 | 3,10 |
| **Вкупно:** | **1210** | **1017** | **1041** | **1022** | **1020** |

Може да се оцени дека е остварена репрезентативност според возраста. Имено, 35,87 % од испитаниците во 2013 година биле млади до 30 години. Слични тенденции во примерокот се забележани и во 2014 година кога тој соодnос е 34,51 % и во 2015 година учеството на испитаниците до 30 години е 37,37 %. Специфично е и тоа што

возрасните групи меѓу 31 и 50 години се движат околу 42 %. Така, нивниот процент во 2013 година е 41,82 %, во 2014 изнесувал 42,87 % и во 2015 година 42,84 %.

Просечната старост на вкупниот број испитаници во изминатите години е 39,32 години (39 години, 3 месеци и 26 дена ($\bar{x}$ =39,32 %; σ=14,76 и KV=37,54 %). Во 2013 година просечната старост на испитаниците е 39,01 (39 години, 1 месец и 6 дена). Во 2014 година 39,24 (39 години, 2 месеца и 28 дена), во 2015 година 38,33 (38 години, 3 месеци и 29 дена). Во следната 2016 година просечната старост на испитаниците изнесувала 40,51 години (40 години, 6 месеци и 4 дена) и во 2017 година 39,50 (односно 39 години и 6 месеци) години.

Распонот на возраста на испитаниците е од 18 до максималната возраст - 90 години во 2016 година, 88 години во 2014, 87 во 2015 и 2017 година и 78 години во 2013 година. Просечно, секоја година ($\bar{x}$ =9,42 %; σ=2,28 и KV=24,25 %) по 9,24 % испитаници биле на возраст од 18 до 20 години, 25,59 % ($\bar{x}$ =25,69 %; σ=1,78 и KV=6,95 %) биле на возраст од 21 до 30 години, 17,25 % ($\bar{x}$ =17,25 %; σ=1,46 и KV=8,45 %) на возраст од 31 до 40 години, 25,08 % ($\bar{x}$ =25,08 %; σ=1,07 и KV=4,25 %) на возраст од 41 до 50 години, 13,73 % ($\bar{x}$ = 13,73 %; σ=0,87 и KV=6,35 %) на возраст од 50 до 61 година, 6,54 % ($\bar{x}$ =6,54 %; σ=0,68 и KV=10,38 %) и 2,28 % се на возраст од 71 до 90 години ($\bar{x}$ =2,28 %; σ=0,72 и KV=31,34 %).

Карактеристиките на примерокот според припадноста на националните заедници во земјата покажува определени отстапувања во однос на бројот на испитаници од албанската етничка заедница. Таа е најизразена во 2013 година. Подобра е партиципацијата на испитаници од етничките заедници во 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година.

***Табела број* 6. *Испитаници според националната припадност - %***

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 83,22 | 74,53 | 66,86 | 68,00 | 68,33 |
| Албанци | 11,24 | 20,16 | 25,07 | 23,48 | 24,02 |
| Турци | 2,23 | 0,69 | 2,59 | 1,17 | 2,65 |
| Власи | 1,16 | 0,39 | 0,86 | 1,27 | 0,49 |
| Роми | 0,58 | 0,49 | 2,21 | 2,25 | 2,35 |
| Срби | 1,24 | 2,26 | 2,21 | 2,94 | 1,57 |
| Бошњаци | 0,08 | 1,28 | 0,10 | 0,59 | 0,49 |
| други | 0,25 | 0,20 | 0,10 | 0,29 | 0,10 |
| **Вкупно:** | **1210** | **1017** | **1041** | **1022** | **1020** |

Може да констатираме дека во 2014 година бројот на испитаниците Албанци изнесувал 20,16 %, а во 2015 година тој број

изнесува 25,07 %, 23,48 % во 2016 и 24,02 % во 2017 година, укажува дека по основата на етничка припадност е обезбедено учество на албанската заедница во примерокот на истражувањето. И кај другите етнички групи обезбедена е соодветна зачестеност во примерокот. Според тоа, може да се оцени дека примерокот е репрезентативен според обележјето етничка припадност на испитаниците.

И според религиската припадност испитаниците ги следат карактеристиките на македонското општество.

***Табела број 7. Испитаници според вероисповедта: - %***

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| православна | 75,21 | 75,52 | 67,72 | 71,14 | 67,65 |
| муслиманска | 23,88 | 22,91 | 29,59 | 27,30 | 29,80 |
| католичка | 0,25 | 0,29 | 0,86 | 0,59 | 1,67 |
| протестантска | 0,17 | 0,39 | 0,29 | 0,29 | 0,29 |
| еврејска | 0,08 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| атеисти | 0,17 | 0,79 | 1,54 | 0,59 | 0,59 |
| друга | 0,25 | 0,10 | 0,00 | 0,10 | 0,00 |
| **Вкупно** (испитаници): | **1210** | **1017** | **1041** | **1022** | **1020** |

И во однос на испитаниците според вероисповедта се забележуваат определени тенденции. Така, пониско е учеството на припадниците од муслиманската вероисповед во 2013 година со 23,88 % во 2014 година 22,91 %, 29,59 % во 2015 година, 27,30 % во 2016 и 29,80 % во 2017 година. Имено, просечно, секоја година, конкретно во изминатата година 760 испитаници ($\bar{x}$ =760 %; σ=88,85 и KV=11,69%) се декларирале како православни христијани, 283 ($\bar{x}$ =283 %; σ=30,07 и KV=10,64 %) припадници на исламската религија, и по просечно 8 ($\bar{x}$ =8,00 %; σ=5,81 и KV=76,50 %) католици и уште толку атеисти. Врз основа на изнесените податоци може да се констатира дека е обезбедена репрезентативност на примерокот според вероисповедта на испитаниците. Таа е приближна и соодветствува со пропорциите што се среќаваат во општеството. Отстапувањата кај припадниците на одделни вероисповеди, не може да предизвика посериозни девијации во дистрибуциите на податоците и во нивната соодветност со вкупниот состав на населението.

Образовната структура на населението е карактеристика која одговара на степенот на стручната наобразба на населението. Процентуалната зачестеност на испитаниците според образованието изгледа вака:

***Табела број* 8. *Испитаници според стручната подготовка: - %***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| без образование | 0,67 | 0,98 | 1,34 | 1,08 | 1,18 |
| основно образование | 8,99 | 11,31 | 5,76 | 12,92 | 9,90 |
| КВ | 4,91 | 3,93 | 6,34 | 5,09 | 7,94 |
| ССС | 52,29 | 55,06 | 50,91 | 54,79 | 55,10 |
| ВШС | 7,16 | 8,46 | 8,74 | 7,34 | 7,55 |
| ВСС | 22,65 | 16,91 | 23,73 | 16,14 | 15,88 |
| м-р на науки | 3,25 | 3,24 | 2,59 | 2,35 | 2,06 |
| д-р на науки | 0,08 | 0,10 | 0,58 | 0,29 | 0,39 |
| **Вкупно:** | **1201** | **1017** | **1041** | **1022** | **1020** |

Во изминатите пет години 55 испитаници или просечно 1,05 % ($\bar{x}$ =1,05 %; σ=0,25 и KV=24,08 %) биле без образование. Со основно образование биле 516 испитаници или просечно секоја година по 9,78 % од испитаниците ($\bar{x}$ =9,78 %; σ=2,69 и KV=27,51 %). Со двегодишно, односно тригодишно средно училиште биле 298 испитаници или просечно 5,64 % ($\bar{x}$ =5,64 %; σ=1,54 и KV=27,36 %). Испитаниците со средно образование доминираат во примерокот - во изминатите пет години биле интевјуирани 2.480 лица со средно образование или просечно ($\bar{x}$ =53,63 %; σ=1,92 и KV=3,58 %) по 53,63 % испитаници. Значи, од 100 испитани лица 54 биле со завршено средно образование. Нивниот број во 2013 година е 52,30 % во 2014 55,06 % и нешто повеќе од половината 50,91 % во 2015 54,97 % во 2016 и 55,10 % во 2017 година. Следната група испитаници се оние што завршиле вишо образование. Вкупниот број на испитаници во изминатите години е 415 лица. Просечно, секоја година ($\bar{x}$ =7,85 %; σ=0,71 и KV=8,99 %) 7,85 % од испитаниците се со завршено вишо образование. Потоа е групата со високо образование. Имено, 1.018 лица од испитаниците имале завршено високо образование. Просечно ($\bar{x}$ =19,06 %; σ=3,80 и KV=19,95 %) 19,06 % од испитаниците имаат високо образование. Оваа група во 2013 година учествува со 22,65 %, во 2013 со 16,91 % и 23,73 % во 2015 година, со 16,14 % во 2016 и 15,88 % во 2017 година. Ако кон оваа група се приклучат и магистрите (144 испитаници) и докторите на науки (15 испитаници), тогаш тој процент во 2013 година бил 26,48 %, во 2014 е 20,15 %, 2015 година 26,90 %, во 2016 18,79 % и 18,33 % во 2017 година. Ваквата дистрибуција е релевантна, односно репрезентативна, односно соодветствува со образовната структура на населението во Република Македонија.

Според работниот статус меѓу анкетираните преовладуваат испитаниците што се изјасниле како вработено лице и тоа 2.276 или просечно 51,51 % ($\bar{x}$ =51,51 %; σ=5,51 и KV=10,70 %) се определиле дека имаат статус на вработен. Со таков статус биле 47,5 % во 2013

година, 44,35 % во 2014, 58,12 % во 2015, 52,23 % во 2016 и 54,31 % во 2017 година. На второ место по бројноста од анкетираните се невработените лица со вкупен број од 1.400 анкетирани или просечно 26,32 % ($\bar{x}$ =26,32 %; σ=5,65 и KV=21,47 %). По години нивното учество е 47,55 % во 2013 година, 34,22 % во 2014, 19,69 %, во 2015, 24,46 % во 2016 и 23,63 % во 2017 година. Потоа, следуваат испитаниците чиј статус е студент, односно ученик со вкупна бројка од 719 лица или просечно секоја година по 13,53 % од испитаниците ($\bar{x}$ =13,53 %; σ=1,32 и KV=9,72 %). Од нив 14,13 % се во 2013 година, 12,78 % во 2014 , 15,15 % во 2015, 11,74 %  во 2016 и 13,82 % во 2017 година. Со статус пензионер се анкетирани 447 лица или просечно секоја година по ($\bar{x}$ =8,44 %; σ=1,24 и KV=14,74 %) 8,44 % лица.

***Табела број* 9. *Испитаници според работниот статус: -%***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| (1) вработен | 47,55 | 44,35 | 58,12 | 53,23 | 54,31 |
| (2) невработен | 29,59 | 34,22 | 19,69 | 24,46 | 23,63 |
| (3) пензионер | 8,31 | 8,65 | 7,01 | 10,37 | 7,84 |
| (4) студент/ученик | 14,13 | 12,78 | 15,18 | 11,74 | 13,82 |
| друго | 0,42 | 0,00 | 0,00 | 0,20 | 0,39 |
| **Вкупно:** | **1.203** | **1.017** | **1.041** | **1.022** | **1.020** |

Податоците упатуваат на констатацијата дека е обезбедена репрезентативност на примерокот, според работниот статус на населението. Односно, тој ги следи основните карактеристики на образовната структура на возрасното население во Република Македонија.

Од целината на изнесените податоци може да се констатира дека примерокот со извесни колебања кај регионалната зачестеност на испитаниците, кај другите обележја, како што се пол, национална, односно етничка припадност, возраст, религиозна и верска припадност и според работниот статус е обезбедена соодветна зачестеност и дека примерокот според сите основи обезбедува доволно сигурни претпоставки за изведување на заклучоци. Ако на тоа се додаде и големината на примерокот (секоја година е повеќе од 1.000 испитаници), може да се констатира дека врз основа на него можат да се изведуваат заклучоци и да се утврдуваат стратегии за натамошно постапување.

# ПРВА ГЛАВА

## БЕЛЕЗИ НА КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Корупцијата* се смета за една од трите најстари професии. Таа се наоѓа непосредно по проституцијата и шпионажата. Се смета дека тоа биле професии поврзани со начинот на заработка за живеење. Врз основа на ваквата премиса се извлекува став дека корупцијата е стара колку што е стар и човековиот род. Таа се врзува за староста на политичката и економска организација на општеството. Според овој пристап корупцијата во примитивните племиња може да се препознае во посебните привилегии на племенскиот водач и обврската одделни членови на заедницата да им даваат, или вршат определени посебни услуги, за што за возврат добивале подобра положба во хиерархијата што им обезбедувало материјални добра, положба, а понекогаш и моќ. Во тој контекст се смета дека управните служби во царствата и кралствата не биле наградувани со плата, дека службата се сметала за лична бенефиција, што подразбирало дека ним им припаѓаат приходите од даровите (пљачкосувањата и подмитувањата) што се добивале по воените походи или при решавањето на некоја сложена ризична состојба. Во таа смисла се наведуваат походите на Цезар во Галија кои немале само функција да ги покорат варварите туку и да остварат определена заработка во воената служба. Слични констатации се наведуваат и за владеењето на султанот кој на судиите им дозволувал да примаат дарови и врз таа основа да донесуваат одлуки. Во предмодерната држава, купувањето на јавните функции се сметало за нормално и оправдано, како и тоа дека изборот на службениците се вршел според потеклото или партискиот критериум. Во овие држави применуван е принципот „кадија те тужи, кадија те суди", а граѓаните се третирани како објекти врз кои се остварува власт и владение. Тие во политичка смисла на зборот биле третирани како поданици, а не како носители на суверенитетот. Во викторијанска Англија, царска Русија, Прусија или во другите уредени држави и во XIX век преовладувале таквите системи и сфаќања. Во XIX век корупцијата и непотизмот во општеството се сметани за природни и вообичаени нешта. Во таа смисла е наведуван примерот на сенаторот D. Webster (1883 година) кој во Сенатот за обвинувањата се бранел со оправданоста да стопанисува нелегално. Во таа смисла се наведува неговото писмо до директорот на банката во кое велел: „ако сакате да продолжат моите добри односи со

---

* Автор: професор д-р Цане Т. Мојаноски

Вашата банка, добро би било, како што е вообичаено, да ме потсетите на тоа". Историското искуство вели дека Банката одговорила на писмото и му испратила 32.000 долари награда. Висината на наградата за времето во кое таа е исплатена се сметала за огромен износ[3]. Јавноста ја осудувала корупцијата. Таа била сметана за помал морален прекршок од половиот, односно сексуалниот неморал. Како напредувал развојот на општеството, така сé повеќе растела јавната осуда и отпорот кон политичката корупција. Како илустративен пример е периодот на владеењето на претседателот на Соединетите Американски Држави, Грант, кому му се припишува недостатокот на контрола на корупцијата, која, особено по завршувањето на граѓанската војна, заземала несогледливи размери, особено меѓу највисоките политички функционери. Се смета дека криминалците реално влијаеле или им одело од рака да влијаат и да остваруваат контрола во Конгресот, а Tamanny Hall бил синоним за спрегата и за полулегалните бизниси, меѓу корумпираните политичари и претприемачите[4].

Во такви услови, подмитувањето, непотизмот или злоупотребата на јавната власт не се сметале за нормални и функционални активности, туку сé повеќе се сметале за општествено штетни и почнале да се забрануваат, а и правно да се санкционираат. Затоа се напуштил системот на подмитлива управа, односно се напушта системот на протекција (Англија), *spoils system* (Соединетите Американски Држави) или изборниот непотизам карактеристичен за периодот на Третата Република во Франција). Отпочнат е процес на создавање на неподмитлива и професионална управа. Системот на професионална управа не прифаќа и смета дека не е својствено за него да се врши функцијата за лични цели и потреби. На професионалната управа и е својствено да е ослободена од политичкиот волунтаризам и притисоци, во неа селекцијата на кадрите и напредувањето во службата се темели на способноста, стручноста и непристрасноста на оние што ја извршуваат функцијата, дејствуваат како јавна служба и применуваат објективни и општи правила, под хиерархијски надзор и во која се работи за точно определена плата.

Корупцијата се набљудува низ призмата на кршењето на моралните и правните норми. Определувањето на корупцијата како кршења на моралните норми укажува на тоа дека општеството ги изгубило претпоставените доблести. Значи, корупцијата, во делата на одделни автори, се набљудува како патолошка појава како неморална и

---

[3] Наведено според: Kregar, *Nastanak predatorskog kapitalizma i korupcija*, Zagreb, 1999, стр. 19.
[4] Ibidem…стр. 20-40.

штетна за политичката конституција на општеството. Така, Аристотел корупцијата ја третира како феномен со кој се расипува политичкиот поредок и таа се пројавува во разни коруптивни форми. За Макијавели корупцијата е загуба на валидноста на граѓанскиот морал и доблесноста на водечките луѓе. Корупцијата е една од причините за пропаѓањето на Римското Царство. Се смета дека корупцијта како процес извршил влијание и го помогнал, а некои сметаат дека била и главната карактеристика за губењето на моралната супериорност на Рим пред варварите и една од главните причини за неговата пропаст. Со појавата на модерното и демократско општество нагласена е системската дисфункционалност на корупцијата. Таа не само што се набљудува како морално штетна појава, туку таа се доживува и како една од причините за неефикасноста на државата.

Поимот корупција е изведен од латинскиот термин *corrupcio* кој се преведува со подмитување и поткупување, со расипаност, , односно со расипување, трулење и распаѓање како процес. Составен дел на поимот корупција се: (1) јавните овластувања; (2) нивната злоупотреба и (3) остварената добивка. Корупцијата е предмет на проучување на голем број науки. Нашиот интерес на третманот на овој поим е од општествен аспект, односно, колку и како општествените услови создаваат претпоставки за појавата и облиците на корупцијата.

Од бројните дефиниции на корупцијата, како илустрација да ја наведеме онаа на Роберт Клитгард (Robert Klitgaard) кој тврди дека со корупција можат да се определат и некои постапки во кои поединецот незаконито ќе го стави личниот интерес над општите интереси и над идеалите за кои се заколнал дека верно и беспоговорно ќе им служи. Во ова поимно определување акцент е ставен на кршењето на законот, на изневерувањето на јавниот интерес и етосот на јавната служба.

Меѓу дефинициите на корупцијата значителен консензус постои околу гледиштето на Вито Танзи (Vito Tanzi), според кој, корупцијата постои тогаш кога ќе дојде до свесно, намерно нарушување на принципот на непристрасност при одлучувањето и тоа сé со цел да се присвои некоја погодност. Тој смета дека нема основа нешто да се квалификува со корупција ако притоа не станува збор за постоење на свесно, планирано, целно насочено нарушување на принципот на непристрасност. Според него, неинформираноста или реагирањето врз основа на чувството на симпатија или антипатија е показател на недоволна стручност и професионалност, но тоа, нужно и не може да се сведе и на корумпираност. Исто така, не може да се смета за коруптивна постапката во која, покрај пристрасноста и тромавоста на администрацијата, нема плаќање на услуга, или предлог за размена на услугите (Tanzi 1998).

Корупцијата е распространет облик на однесување. Таа е општествено негативна, но е присутна. Искуства од корупција, слободно може да се каже, дека се присутни, речиси, во сите области на јавните дејности, како што се јавните набавки, судските процеси, издавањето дозволи (посебно градежни, извозно - увозни, сообраќајни, превозни и слично) и во други случаи во кои граѓанинот се наоѓа во ситуација да заврши некоја битна работа. Таа, исто така, ги опфаќа и таканаречените полујавни сфери, како што е финансирањето на политичките партии, финансирањето на спортските екипи, покровителството на културни настани и слично. Некои искуства укажуваат дека корупцијата е одомаќинета и во некои приватни сфери и односи, каде еден од учесниците, поради врските со работодавецот е во повластена, поконкретно привилегирана положба, па во таков случај ја користи својата положба за стекнување на лична корист во контактот со другите приватни лица.

Во анализата разликуваме два типа корупција: (1) првиот тип е мито кое се дава во замена за добивање дозвола која е неопходна или со закон е пропишана за легитимно да се врши определена активност и (2) вториот тип е мито како замена за повластен третман при извршувањето на определена задача или активност. Ако, на пример, се добие тендер за јавна набавка иако немате најевтина и најдобра понуда. Како коруптивна активност може да се сметаат и случаите кога има некооперативна и комплицирана администрација.

Корупцијата овде се набљудува како негативна општествена појава. Може да се каже дека корупцијата настанала тогаш кога настанала и државата како институција. За корупцијата може да се зборува уште од античко време па наваму. Таа како општествено негативна појава била дефинирана дури во римското право (Lex Julija Reputandae). Кривичното дело - корупција е дефинирано како давање, примање или барање корист со намера да се влијае на службеникот во врска со неговата работа. Аристотел, Макијавели и Монтеские констатирале дека корупцијата е знак за расипување на моралните вредности на општеството. Токму затоа, корупцијата се смета за неморална и штетна појава во општеството, затоа што носителите на општествените функции мораат да ги заговараат заедничките, а не своите, приватни интереси. Со развојот на современата држава корупцијата не може да се сфаќа само како морално штетна, туку и како причина за неефикасноста на државата. Најзначајни облици на корупција се давањето и примањето мито, непотизмот – злоупотребата на положбата (функцијата) за приватни цели. Прокламираните вредности - особено успехот по секоја цена - дејствуваат како поттик за ширење на коруптивната практика. Поимот корупција во таа смисла

означува расипаност, уцена, изопаченост, подмитливост, експлоатација на службените лица, морална расипаност.

Корупцијата е забрането однесување. Определено однесување се квалификувало како корумпирано ако со него се крши некој формален стандард или правило на однесување востановено од страна на политичката власт и кое било наменето да ги регулира постапките на јавните службеници. Определена постапка на јавниот службеник се сметала за коруптивна во оние случаи, кога таа отстапувала од формалните должности на јавната функција (со избор или именување) поради стекнување на приватни лични, семејни или пријателски, пред сѐ, статусни или парични добивки. Треба да се укаже дека сите незаконити постапки, спротивни на правото не се и нужно коруптивни, како што не се незаконити сите постапки кои потсетуваат на корупција. Овде се јавува проблемот на затворениот круг. Имено, вака определена корупцијата релативно успешно ги определува другите појавни облици на оваа појава, но во неа не се опфатени сите елементи на системската и на посредната корупција[5].

Кај социолошките пристапи на корупцијата нагласен е јавниот интерес (општото добро), при што со неа се опфатени постапките со кои се запоставува одговорноста и ја нагласува неспоивоста со јавниот (граѓански) поредок. Слабоста на ваквиот пристап е неопределеноста и нејасноста на поимот „јавен интерес". Имено, за тој поим не постои нормативно решение и јавен консензус за неговото значење. Определувањето на поимот корупција, на ваков начин и опфаќањето на определени однесувања како коруптивни на политичката власт и овозможува да ја оправда речиси секоја постапка, односно однесување и да ја дефинира како појава која не е во согласност со јавниот интерес.

Корупцијата се дефинира и врз основа на ставовите на граѓаните, односно на јавното мислење, според кои, определени постапки се определуваат како корупција затоа што тоа сфаќање е засновано и во согласност со јавното мислење. Според Heidenheimer, определена постапка се смета за коруптивна ако се преклопуваат вредносните судови на јавноста и оние на јавните службеници. Во тој случај станува збор за таканаречената црна корупција која лесно ја препознаваат и околу која немаат разлики јавните службеници и претставниците на пошироката јавност. Има постапки кои се без особено значење  и не заслужуваат прекор или каков било облик на

[5] Види пошироко: Лабовиќ, М.: Системска корупција и организираниот криминал - Нови епистемиолошки димензии и практични консеквенции од конкретните решенија на стратешката визија за длабоки структурни реформи во клучните општествени системи, со цел за значително подобрување на владеење 2017

правна санкција. Станува збор, за таканаречената бела корупција, *de minimis* корупција, која е на границата со ситни знаци на внимание и благодарност и ретко го привлекува вниманието на правосудството. За сивата корупција, која се наоѓа меѓу овие две, станува збор за определено однесување или постапка, кои јавноста или јавните службеници ги воспримаат како коруптивно и според нив правно треба да се санкционира, а државата таквото однесување, односно таквата постапка свесно или несвесно го игнорира или, пак, смета дека не станува збор за корупција.

Може да се каже дека корупцијата е постојан придружник во развојот на една државна заедница. Успешно се адаптира и егзистира во различни општествено-политички и економски системи. Таа, особено, наоѓа погодно тло во економско недоволно развиените држави, со нестабилен политички систем, каде има сериозно нарушување на човековите права и слободи[6].

Како феномен корупцијата го попречува демократскиот развој, ги загрозува основните и егзистенцијални човекови права и слободи на граѓаните, ја нарушува конкуренцијата, а со тоа го попречува и економскиот развој на една држава. Корупцијата го загрозува владеењето на правото а со тоа и директно ги загрозува демократските институции[7].

Не е тешко да се утврди дека корупцијата е една од темите кои се доминантни во секојдневниот, политичкиот и научниот дискурс. За неа се зборува, се пишува и се анализира. Таа е сé поприсутен проблем. Има тврдења, според кои, колку повеќе се зборува за корупцијата, толку повеќе се зголемуваат перцепциите за неа, што доведува до зголемени перцепции за корупцијата, односно тоа, на еден или друг начин влијае на тоа и таа во стварноста да се зголемува[8]. Сигурно дека ваквото тврдење може да се оспорува и да не му се верува, но заслужува и за да се посвети внимание на можните импликации и манипулации кои доминантните интереси ги отвораат и наметнуваат во општеството. Ваквиот став, се актуализира од аспект на социјалната психологија и законитоста која таа ја утврдила, според која, ако во едно општество постојано зборуваат дека некој или нешто се корумпирани,

---

[6] Cane Mojanoski: *Citizens perception of Corruption as a Security risk and challenge*, pp. 315-331, International scietific conference: „Macedonia an the Balkans, a hundred years after the World War I“ – Security and Euro-Atlantic Integrations; Volume I; Skopje, Facultaty of security; 2014; стр.315).

[7]Миодраг Лабовиќ: *Власта корумпира*, Скопје, Де Гама , 2006, стр.26;

[8] Nenadić, Nemanja. „Pojam i uzroci korupcije“. *Korupcija, osnovni pojmovi i mehanizmi za borbu.* Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, 2007. стр. 15.

тогаш, порано или подоцна, сето тоа ќе се заврши на тоа дека тој или тоа нешто навистина станале корумпирани.

Ако се обидуваме да ги дефинираме причините за корупцијата, тогаш би можеле да појдеме од констатацијата, според која, „корупцијата настанува таму каде што постои комбинација на можности и склоности[9].“ Во анализата на причините се поаѓа од тоа дека таква склоност постои. Тешко може да се создаде каков било облик на генерализирање, односно тврдење дека склоноста е специфична сите поединци, односно далеку е од тоа дека секој од нив стапува во корупциски односи. Корупцијата, несомнено, е човечка дејност, односно свесна интеракција меѓу најмалку двајца поединци (во зависност од дефиницијата), причините треба да се бараат во мотивацијата на поединецот. Во зависност од дефиницијата која ја прифаќаме, мотивацијата која ја бараме само кај оној што ги донесува одлуките или ја злоупотребува јавната функција или и кај другите учесници во корупцијата. Ако корупцијата ја набљудуваме како појава која е поврзана само со јавниот сектор, најпростиот одговор за причините за корупцијата лежат во постоењето на државата и правилата. Таквата оцена е неприфатлива и неточна. Кога се зборува за причините за корупцијата најотворено треба да се зборува и за причините таа да не е помалку или повеќе распространета.

Корупцијата е една од најстарите тема за кои се расправа. Се споменува дека пред повеќе од две илјади години е пишувано за моралните и политички проблеми на корупцијата во некогашното Кралство Индија, што упатува на тоа дека таа појава предизвикувала внимание и била карактеристика на социјалното и политичко окружување во оваа земја[10].

Но, темата за корупцијата кај нас и во светот, а особено во посткомунистичките земји, денес е една од ударните теми за кои особено се пишува и расправа, не само во стручната, правничката, туку сé повеќе и во лаичката и политичката јавност. Испреплетувањето на струката и политиката, науката и лаичкото, егзактното и интуитивното, на еден или друг начин влијае и доведува до тоа овој феномен и покрај тоа што за него „сите знаат сé“, да е и актуелен и интригантен, во суштина недоволно добро и прецизно обработен и анализиран.

Феноменот корупција е тешко мерлив, тој е специфичен проблем на социјалната патологија, на криминалното однесување, кај

---

[9] Jeremy Pope „Source book 2000“, Transparency International („Антикорупцијски приручник“, - превод - Транспарентност – Србија 2003),

[10] Tanzi, Vito. *Corruption Around the World: Causes, Conseljuences, Scope and Cures.* International monetary found, IMF Working paper , Washintong DC: WP/98/63, 1998, 1-39,

кој „темната бројка“ исклучително е висока и кога и да се зборува за тоа дека се зголемила или опаднала корупцијата, тешко може да се биде сигурен колку е точно тоа, дали и колку сме во право, односно колку донесените заклучоци ни се релевантни.

Проблемот на истражувањето и посебно мерењето на феноменот корупција е присутен и изразен. За нејзиното истражување, можно е да се применат различни методи, постапки и техники, но, секогаш се јавуваат дилеми и дебати, кои бараат одговор, дали со нивната примена се добива одговор и колку на тие резултати може да им се верува. Како пристап може да се анализира бројот на обвинетите и осудените за коруптивни кривични дела; бројот и висната на казните во законите; или можеби испитувањето на јавното мислење. На секоја од овие постапки може да и се упати определен број забелешки[11]. Ако се оценува законското решение за пропишаната казна и нејзиното влијание, во интерпретацијата ќе се повикаме на Чезаре Бекарија и како висината на пропишаната казна влијае таа да биде избегната како и за извесноста дека нема да може да се избегне истата. Емпириските податоци се дијаметрални. За пример ќе го земеме нормативното решение на Финска која е пример и парадигма за некорумпираност, за примање и за давање мито пропишува казна затвор од четири месеци до четири години. Друг пример е Бугарија, за која се тврди дека е покорумпирана од Финска, за истото дело предвидена е казна затвор до десет години. Значи, строгост на пропишаната казна не значи дека тоа забрането однесување ќе исчезне и ќе го нема во секојдневието. Посочените примери го илустрираат тоа. Но, проблемот лежи на друго место. Како што, на пример, е културата, правната свест, општествениот амбиент и слично.

Корупцијата се истражува и по пат на анкети или структурирани интервјуа, односно по пат на истражување на јавното мислење. Притоа, се води сметка за традиционалниот менталитет и историското искуство на испитаникот. Ако ги споредуваме ставовите меѓу различни земји треба да се има предвид дека постои „историско наследство“. На пример, Македонците кон државата (историски набљудувано), гледале како на нешто туѓо наметнато. Имате предубедување дека сме „жртва на интересите на големите сили“, или разни „теории на завера“. Во транзицијата има многу „губитници“ и „добитници“. Оние кои осиромашија, останаа без работа и оние кои во процесите на транзицијата се снашле, обогатиле, односно се приспособиле на новите услови. Овде треба да се додадат и некои од традиционалните

[11] Jovan Ćirić, „Neki metodološki problemi u istraživanju fenomena korupcije“, *Revija za kriminologiju i krivično pravo,* бр. 2/2008, стр. 31–48.

специфики изразени низ егалитаризмот како сон, склоноста на газдите и богатите поединци да не им се верува, да се сомничат во чесноста на политичарите и лицата со влијание па дури и тогаш кога за нив или за нивното поведение нема никакви опипливи докази.

Несомнено, корупцијата е и феномен на општеството за кој постои доминантно мислење за нејзиното постоење, раширеност и вграденост во системот. Расправата за корупцијата како појава во институциите е потребна за да се пронајдат облици таа да се ограничи, да се спречи и да се надмине. Притоа, важно е да се побара одговор зошто, воопшто, се јавува масовното чувство дека корупцијата постои[12]? Корупцијата е феномен во современите општества, а особено во земјите во транзиција. Тоа не значи дека порано таа не постоела, туку, станува збор за тоа дека се променети нормите и стандардите, а дотогашните норми и стандарди станале неприфатливи. Во преттранзицискиот систем постоеле многу сопирачки против личното богатење, но и против слабата концентрација на политичката моќ. Во тој период услугата не се менувала за пари, туку за влијание[13]. Всушност, мотивот не биле парите директно, туку стравот (заканата), или желбата да се има повеќе моќ, што обезбедувало напредување на општествената скала. Во новото општество се менуваат нештата. Растат аспирациите, а парите стануваат средство за нивно постигнување. Тоа е време кога истовремената експлозија на материјалните аспирации, од една страна, а ерозијата на вредностите и нормите, од друга страна, станаа сериозна, па може да се каже и опасна комбинација[14]. Кога на тоа ќе му се додадат и новите предизвици на приватизацијата, нелегалното богатење, денационализацијата, директните грабежи на јавните фондови, само ја зголемува и ја чини појасна претставата за нестабилните транзициски општества. На тоа може да се додаде и намалената ефикасност на институциите на откривање, прогон, казнување на корупцијата, тогаш, навистина, појавата на корупција и нејзината раширеност не се нешто што изненадува[15]. Притоа, во општеството се создава впечаток дека корупцијата е важна – не е моден хит затоа што е опасна – дека е показател за „успешноста“ на некого и

---

[12] Berger, P.L & Luckman: *The Social Construction of Reality*, London, Penguin Books, 1985, стр.32;

[13] Д. Цотић: *Меѓународне препоруке и национална искуства за борбу против корупције, Збориник радова „Привредни криминалитет и корупција“,* Београд, Институт за криминолошки и социолошки истраживања,2001, стр 301;

[14] J. Kregar: *Deformation of Organizational Principles*, pp. 47-61, D.V.Trang (ed)., Corruption and Democracy, Budapest COLPI, 1994,стр. 47-61;

[15] Цане Т. Мојаноски, Марина Малиш-Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска: *Мислењето на граѓаните на Република Македонија за корупцијата*, Скопје, Факултет за безбедност; 2014, стр. 17-22;

на способноста да „се снајде“[16]. Да се влезе без идеја во расправа за причините за корупцијата може да се констатира дека таа има поразувачка последица, а тоа е ерозијата на довербата во институциите и е сериозна општествена траума која ги парализира општествените институции и живеењето во заедница се доживува како сериозен општествен хендикеп, а вршењето на власта како можност за редистрибуција на националното богатство на партиските, групните и личните интереси[17].

Слабата економска состојба во државата, ниските примања на државните службеници се само дел од множеството фактори кои доведуваат до појава на корупција.

Овде е поважно корупцијата да се анализира како феномен на општеството, феномен на политичкиот систем, посебно на системот на власта. Имено, постои мислење за постоење, рашireност и вграденост на корупцијата во системот на власта, односно дека таа е елемент на односите во него. Во оваа анализа корупцијата варира како варијабла поврзана со јавната сфера, со институциите и граѓаните, во интеракциите со нив. Нé интересира и се обидуваме да одговориме на прашањето, Кои се причините, односно како се случило тоа да се смета дека корупцијата масовно постои, односно како тоа субјективните ставови, да се третираат како објективни фактички состојби[18]. Значи, не станува збор за привид туку за стварност, што може да упатува на тоа дека „тоа што постои во главите на луѓето е како осведочена стварност“ и дека тоа има јасни и определени практични и материјални последици. Овде треба да се подвлече дека корупцијата не се „открива“ затоа што таа станала толку очигледна, видлива, туку затоа што таа станува опасна, што не е само спореден елемент и попатна појава која може да се премолчи и игнорира. Корупцијата во транзициските земји, меѓу кои е и Република Македонија, е последица и комбинација на експлозијата на материјалните аспирации и ерозијата на вредностите и нормите. Кога на тоа ќе се надоврзат и искуствата со приватизацијата, нелегалното богатење, денационализацијата, ограбувањето на јавните фондови, неефикасноста на институциите на откривање, прогон, и

---

[16] Emil Dirkem: *O normalnosti zločina*, kaj Parsons & all.: *Teorije o društvu*, Beograd, Vuk Karadžić, 1969, стр. 827;

[17] Kregar, J.: *Korupcija u pravosuđu*; *www.pravo.hr/_download/repository/korupcijasudstvo.cg.doc, URL;[*пристапено на 26.05.2011], стр. 2-3;

[18] „За социолошката теорија прашањето што сега може да се постави на следниот начин гласи: Како е можно субјективните значења да станат **објективни фактички состојби**?“ P.L.Berger, T. Luckman, The Social Construction of Reality, Penguin Books, London, 1985, стр. 32.

казнување на корупцијата, тогаш појавата на корупција и на нејзината рашireност не треба да се нешта што можат да нè изненадат[19].

Операционализацијата на дефиницијата на корупцијата е вршена од повеќе автори.

- Така, групата на современи дефиниции на корупцијата, се насочени на однесувањето на поединецот и, притоа, клучно внимание се посветува на поимот злоупотреба како клучен елемент на вредносно-неутралната дефиниција на корупцијата. Сообразно на тоа, клучно прашање е: на кој начин таа злоупотреба може да се дефинира**?** McMullan вели дека корупцијата постои доколку државниот службеник прифати пари или некоја друга материјална вредност за да направи нешто што му е должност, или тоа што должноста му налага да не го прави, односно на непримерен начин да го примени легитимно дискрециското право што му припаѓа.
- Првите два елемента на оваа дефиниција, односно дефиницијата за злоупотреба не се спорни (прифаќање на материјални вредности за да се направи нешто што му е должност или тоа што должноста му налага да не го направи), но проблем настанува тогаш кога треба да се дефинираат „непримерните" начини на примена на легитимните дискрециски права – односно останува нејасно ште е примерен, а што непримерен начин на примена на таквото право.

Во овој дел од анализата ќе се задржиме на прашањата преку кои се проверуваше, какво е знаењето и од кои извори најмногу граѓанинот осознава за корупцијата и коруптивните содржини во општеството. Затоа, се задржуваме на дистрибуцијата на прашањето: **„Според мое мислење под корупција се подразбира",** во кое испитаникот можеше да избира повеќе одговори.

Резултатот укажува на тоа дека во перцепциите на граѓаните на Република Македонија, доминира свеста и убедувањето дека сите понудени облици се корупција, но, притоа, давањето и примањето мито е најчест облик на корупција, потоа следи тријадата давање, примање мито и злоупотреба на овластувањата со 13,7 %, и кога на тоа ќе се додаде и 13,6 % кои сметаат дека корупцијата е злоупотреба на овластувањата, тогаш со сигурност може да се зборува дека кај испитаниците во Република Македонија, на почетокот од 2013 година, доминира свеста дека најмногу се злоупотребуваат овластувањата и дека тие се извор на корупција и коруптивни однесувања. Таквата

[19] Види поопширно: Лабовиќ, М.: Системска корупција и... цит. дело,

тенденција се среќава и во 2014 и 2015 година. Имено, ако се погледнат заедно пропорциите на давање и примање мито, тогаш ќе се констатира дека во 2013 година со таков став биле 36,62 %, во 2014 32,54 % и во 2015 година 33,9 % од испитаниците. Потоа следат одговорите што се однесуваат на злоупотреба на овластувањата и противзаконито посредување. Пропорциите укажуваат дека во 2013 година корупцијата така ја подразбирале 20,47 % од испитаниците, во 2014 18,68 % и во 2015 година 16,33 % од испитаниците.

***Табела број* 10. *Според мое мислење под корупција се подразбира:*** *%- (можни се повеќе одговори.)*

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. давање мито | 5,47 | 5,11 | 4,03 | 6,09 | 4,69 |
| 2. примање мито | 12,92 | 10,32 | 8,74 | 10,14 | 9,37 |
| 3. злоупотреба на овластувањата | 13,67 | 10,91 | 10,18 | 14,59 | 10,87 |
| 4. противзаконито посредување | 5,39 | 5,21 | 4,13 | 4,44 | 5,62 |
| 5. нешто друго | 0,33 | 1,08 | 0,29 | 0,39 | 0,28 |
| 12. давање и примање мито | **18,23** | **17,11** | **21,13** | **18,26** | **16,12** |
| 13. давање мито и злоупотреба на овластувањата | 0,66 | 0,39 | 0,96 | 1,26 | 1,12 |
| 14. давање мито и противзаконито посредување | 0,17 | 1,38 | 0,58 | 0,58 | 0,66 |
| 23. примање мито и злоупотреба на овластувањата | 4,39 | 3,93 | 6,34 | 4,44 | 4,50 |
| 24. примање мито и злоупотреба на овластувањата | 0,50 | 0,59 | 0,77 | 0,58 | 4,40 |
| 34. злоупотреба на овластувањата и противзаконито посредување | 1,41 | 2,56 | 2,02 | 4,15 | 2,16 |
| 45. противзаконито посредување и нешто друго | 0,08 | 0,00 | 0,10 | 0,00 | 0,00 |
| 123. давање, примање мито и злоупотреба на овластувањата | **13,75** | **13,96** | **13,54** | **13,24** | **13,59** |
| 124. давање, примање мито и противзаконито посредување | 2,82 | 3,15 | 2,59 | 2,80 | 3,37 |
| 125. давање, примање мито и нешто друго | 0,08 | 0,59 | 0,10 | 0,00 | 0,00 |
| 134. давање мито, злоупотреба на овластувањата и противзаконито посредување | 0,25 | 0,29 | 0,58 | 0,48 | 0,28 |
| 234. примање мито, злоупотреба на овластувањата и противзаконито посредување | 1,08 | 1,28 | 2,02 | 0,97 | 1,69 |
| 1234. сите заедно | **18,81** | **22,12** | **21,90** | **17,58** | **21,27** |
| **Вкупно:** | **1207** | **1017** | **1041** | **1035** | **1067** |

Резултатите укажуваат дека знаењата за корупцијата се диференцирани меѓу испитаниците и дека е неопходен организиран пристап во образованието и оспособувањето на граѓаните за содржината и суштината на корупцијата и нејзините облици на манифестација.

За тоа од каде им се стекнати знаењата за корупцијата испитаниците одговараа на прашањето: „за корупцијата научив“, со понудените можности за повеќекратен избор „во семејството“, „во училиштето“, „од пријателите“, „од медиумите“, „на работното место“ и на „друго место“.

***Табела број* 11. *За корупцијата научив (осознав):- %***
(можни се повеќе одговори.)

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во семејството | 3,50 | 3,68 | 2,82 | 2,64 | 3,94 |
| 2. во училиштето | 5,66 | 6,13 | 5,35 | 7,05 | 6,50 |
| 3. од пријателите | 6,33 | 5,41 | 6,03 | 8,81 | 8,37 |
| 4. од медиумите | **39,05** | **33,91** | **26,17** | **27,50** | **25,59** |
| 5. на работното место | 4,33 | 2,55 | 4,28 | 4,89 | 4,63 |
| 6. од друго место | 0,25 | 0,20 | 0,49 | 0,29 | 0,49 |
| 12. во семејството и во училиштето | 1,00 | 0,31 | 1,26 | 1,57 | 0,79 |
| 13. во семејството и од пријателите | 0,25 | 0,92 | 0,78 | 1,27 | 0,79 |
| 14. во семејството и од медиумите | 2,25 | 0,00 | 3,40 | 3,33 | 3,54 |
| 15. во семејството и на работното место | 0,75 | 0,41 | 0,39 | 0,68 | 0,39 |
| 23. во училиштето и од пријателите | 0,67 | 0,92 | 1,26 | 1,37 | 1,87 |
| 24. во училиштето и од медиумите | 4,58 | 5,72 | 3,89 | 5,28 | 4,92 |
| 25. во училиштето и на работното место | 0,42 | 0,72 | 0,39 | 0,78 | 0,59 |
| 34. од пријателите и од медиумите | **11,32** | **11,64** | **14,88** | **10,86** | **10,24** |
| 35. од пријателите и на работното место | 0,58 | 0,92 | 1,07 | 1,37 | 0,98 |
| 45. од медиумите и на работното место | 2,83 | 4,70 | 6,03 | 5,28 | 6,89 |
| 46. од медиумите и друго место | 0,08 | 0,41 | 0,39 | 0,20 | 0,10 |
| 123. во семејството, во училиштето и од пријателите | 0,33 | 0,61 | 0,49 | 0,88 | 0,10 |
| 124. во семејството, во училиштето и од медиумите | 1,50 | 2,25 | 1,36 | 1,37 | 2,46 |
| 134. во семејството, од пријателите и од медиумите | 2,16 | 2,25 | 3,31 | 2,05 | 2,95 |
| 135. во семејството, од пријателите и на работното место | 0,17 | 0,00 | 0,10 | 0,39 | 0,10 |
| 145. во семејството, од медиумите | 0,50 | 0,41 | 0,88 | 0,98 | 0,89 |
| 234. во училиштето, од пријателите и од медиумите | 3,00 | 3,47 | 3,40 | 2,64 | 2,36 |
| 245. во училиштето и на работното место | 0,58 | 0,82 | 0,68 | 1,08 | 1,28 |
| 345. од пријателите, од медиумите и на работното место | 3,08 | 4,09 | 5,45 | 3,03 | 3,35 |
| 1234. во семејството, во училиштето, од пријателите и од медиумите | 2,08 | 2,55 | 2,33 | 1,27 | 1,87 |
| 1245. во семејството, во училиштето и на работното место | 0,17 | 0,10 | 0,49 | 0,10 | 0,10 |
| 1345. во семејството, од пријателите, од медиумите | 0,92 | 1,33 | 0,49 | 0,68 | 0,98 |
| 2345. во училиштето, од пријателите и на работното место | 0,67 | 1,12 | 0,29 | 1,08 | 0,89 |
| 12345. во семејството, во училиштето, од пријателите, од медиумите и на работното место | 0,92 | 2,25 | 0,19 | 1,08 | 1,97 |
| 123456. сите заедно | 0,08 | 0,20 | 1,65 | 0,20 | 0,10 |
| **Вкупно испитаници:** | **1201** | **979** | **1028** | **1022** | **1016** |

Од пропорциите прикажани во претходната табела може да се воочи дека медиумите се најдоминантниот извор на знаења за корупцијата. Втората група, по доминација, одговори се оние дека испитаниците за корупцијата научиле од пријателите и од медиумите, што дополнително ја илустрира одговорноста и влијанието на оваа сфера од општественото живеење кај нас. Специфично е тоа што испитаниците во значително мал број чии пропорции се движат од 5,35 % во 2015 до 7,05 % во 2016 година знаењата ги стекнале на училиште. Ваквите сознанија упатуваат дека стекнувањето на знаењата за корупцијата се резултанта на интерпретациите на медиумите, кои се критикувани за блискост со доминантните политички и бизнис-интереси и во одделни случаи, особено оние општествено сензитивните поведенија се од областа на пропагандата и манипулацијата. Но, не треба „со валканата вода да се исфрла и детето", како што ќе биде забележано во една дебата за дијалектиката, туку да се констатира дека медиумите, а во извесна смисла и пријателите, таа општествена димензија на човекот како општествено битие се непосредните извори за стекнување знаења за корупцијата. Тоа треба да упатува на фактот дека медиумите имаат особена одговорност не само да информираат, туку и да ги продлабочуваат и прошируваат знаењата на граѓаните - што е корупцијата и кои се нејзините штетни последици.

Спречувањето на корупцијата е предизвик за секоја современа држава. Таа доаѓа особено до израз во политички нестабилните системи. Во анализата како индикатори за нестабилност се третираат и појавите на непочитување на опозицијата, остар судир на партиските блокови во општеството, нарушените етнички односи, разните облици на политички триења и турбуленции. Во такви услови бележи паѓање, особено економскиот раст. Таквата состојба има за последица осиромашување на јавните службеници и слабеење на политичките, правните и економските контролни механизми на државата и општеството во целина. Има многу причини зошто доаѓа до корупција, но како поспецифични се наведуваат:

- Владата со политиката, по пат на договори, приватизации и давање под концесии, (со рекламирање со средства од буџетот, со субвенциите на земјоделците, со разни социјални трансфери и пакети) обезбедува финансиска корист на поединци и компании (го поддржува развојот на определени гранки преку намалување на царинските или даночните трошоци), а субјектите што се блиски или „одбрани" (како што е при финансирањето на станбената изградба, државата издава дозволи, одобренија за вршење професии, на пример, сметководители, ревизори, нотари, извршители, полициски службеници, за работа во

агенциите за обезбедување и слично) од Владата стекнуваат највисока корист;

- Избегнување на плаќање на даноци, особено кога даночниот систем ја дестимулира стопанската активност;
- Мали плати на државните и јавните службеници (универзитетскиот кадар е послабо платен од низок државен службеник);
- Подмитување на политичарите со цел добри изборни резултати (во периодот кога изборите се распишани дневно се „промовираат" проекти за нови работни места, се распишуваат конкурси и се отвораат нови работни места, кои ќе станат ефективни два месеца по изборите);
- Судството не ги почитува законите, туку селективно се применува во зависност од припадноста на владејачката државна и политичка структура (судската функција сè повеќе станува фамилијарна);
- Перење пари со сестрана помош на државата[20].

Веројатно, можат да се идентификуваат уште причини, но посочените можеме да ги третираме како важни. Ни се чини дека важна и опасна е политичката, односно институционалната корупција. Станува збор за разни видови злоупотреби на службената положба и углед во извршувањето на јавните функции, кои немаат карактер на чисто државни функции (народните пратеници, лидери на политички партии, раководители на општествени, односно добротворни установи или здруженија и слично), но имаат општествено влијание. Тоа е појава со која се изедначува партиската структура со државната. Значи, политичката корупција е основен и најопасен вид корупција од која потекнува и на која се потпира, но и со помош на која се шири коруптивната практика во сите сегменти на стопанскиот и со тоа и на општествениот живот. Така, се случува институциите сè повеќе да се само фасада без реален живот[21]. Затоа, може да се констатира дека корупцијата ја изопачува политиката, како свесна и планска дејност на политичките субјекти. Во корумпираното општество политичките

[20] Исмаил Зејнели: *Некои карактеристики на корупција во Република Македонија и нејзино спречување*; стр. 5-7; www.fes.org.mk/.../Ismail%20Zejneli,%20NEKOI%20KARAKTERISTIKI%20NA%20KORUPCIJA%20... [7.05.2011];

[21] Зоран Матевски: *Социолошки аспекти на организираниот криминал и корупцијата*, стр.3; www.fes.org.mk/.../Zoran%20Matevski,%20SOCIOLOSKI%20ASPEKTI%20NA%20ORGANIZIRANIOT... [31.12.2010];

институции, посебно синдикатите и другите субјекти, односно политичките партии, законодавните и судските органи се неефикасни[22]. Во таквите општества доминира извршната власт и е нагласена улогата на полицијата. Затоа, се случува министерот за полиција да е поприсутен во јавноста од министерот за образование. Анализата на причините за корупцијата поаѓа од анализата на правниот систем на земјата, од начинот на функционирање на правниот систем. Притоа, одговорот се бара за тоа колку законите се почитуваат од страна на законодавната, извршната и управната власт; дали и колку законите важат за вршителите на власта, дали постојат еднакви и „повеќе еднакви“; колкав и каков е притисокот на власта на правосудството, односно колку таа диригира со неговата работа; каква е перцепцијата на граѓаните и економските субјекти за обемот и величината на корупцијата во клучните општествени сфери, па и во правосудството; потоа, какви се перцепциите за функционирањето на правната држава и каква е легитимноста на институциите на власта мерена преку довербата на граѓаните во нив?

Во современо уредените држави корупцијата, покрај тоа што се смета за општествено штетна, претставува и причина за неефикасноста на државата. Така, за основни појавни облици на корупција се сметаат: давањето и примањето мито, непотизмот и злоупотребата на службената положба, односно функцијата на корупцијата е за стекнување на лична корист.[23] „Тоа значи дека партиската држава го блокира развојот и модернизацијата на општеството и државата. Таа сведочи за површинската демократизација, која не допира до владеењето на правото и до воспоставувањето на *институционалните граници* меѓу системите на општеството. Постоеле извесни настојувања тие да се воспостават, но тие, главно, се неуспешни, затоа што прикриените сојузи на политичките и економските елити и партиското владеење над јавниот сектор оневозможуваат да се воспостави институционална контрола која ќе ја елиминира размената на влијанија, моќта и парите; интересните спреги во триаголникот партија–држава–бизнис ги саботираат новите закони што намерно се дефицитарни и што само делумно се применуваат во практиката, или не се применуваат. Интересната поврзаност е друго име за сеопштата *политизација на*

---

[22] Stjepan Gredelj, Zoran Gavrilović, Natalija Šolić: *PROFESIJA (I) KORUPCIJA* - Aktiviranje profesionalnih udruženja u borbi za integritet profesija i protiv korupcije; Centar za monitoring i evaluaciju; Beograd 2005, стр. 34-46;

[23] Најдобри практики во борбата против корупцијата; стр. 43-49; http://www.osce.org/mk/hcnm/32235 [26.07.2011];

институциите, чија неуредност овозможува непречена размена (трговија) на моќта и парите....[24]“

„Распределбата на власта и моќта (вклучувајќи ги и службите за безбедност, делумно и институциите на правосудството и медиумските куќи) ги презема таканаречената *владејачка партија*, односно оние кои учествуваат во управувачките коалиции на национално ниво, во големите градови, покраини и во секоја општина. За разлика од „класичната“ партиска држава, чиј монопол над државата беше загарантиран со идеолошката легитимација, владејачката партија не се придржува до својата политичка идеологија туку тежнее кон отворена картелизација на заедничките интереси во присвојувањето на јавните добра, институциите и јавните служби. Оваа заинтересирана структура се оправдува со потребата за единство („соборност“) околу „државните и националните интереси“ околу кои, наводно, не смее да има разлики па, оттаму, парадоксално за повеќепартискиот систем, се заговара *исклучување на политичката конкуренција преку националното единство*. Се разбира, интересните спреги, заглавени во националистичката идеологија, го поткопуваат воспоставувањето на нормална уставно-правна држава“[25]. Всушност, тоа е провизориум[26] кој во политичките и другите науки добива квалификација на недемократски режим[27].

Глобализацијата и глобалната транзиција на сите општества во светот создаваат услови за коруптивна практика насекаде во светот. Ова не се однесува само на земјите во транзиција, па оттаму може да се заклучи дека корупцијата претставуваа глобален проблем. Спречувањето на корупцијата е предизвик на современите демократски општества[28]. Таа е своевиден начин на живеење. Дури се наметнува и впечатокот дека општеството не може да функционира без корупција. Незаконската корист, за себе или за друго лице, во современи услови се остварува со перење пари. Обично, за перење пари се смета полагање на пари на стекнатото вршење на незаконска дејност (сива економија, трговија со оружје, дрога, психотропни супстанци и др.) на сметките кај

---

[24] Vesna Pešić: *Partijska država kao uzrok korupcije u Srbiji*, стр. 2; види: pescanik.net/wp-content/PDF/partijska_drzava.pdf [пристапено на 12.10.2012];

[25] *Ibidem*... стр.2;

[26] Цане Т. Мојаноски: *Политичката партија како машина за освојување на власта*; стр.423-427; Види: Реформата на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија; Книга V, МАНУ; Скопје, 2009;

[27] Јонуз Абдулахи: *Социјалните промени и корупцијата во земјите во развој*; стр. 8; www.fes.org.mk/.../Jonuz%20Abdullahi,%20SOCIJALNITE%20PROMENI%20I%20KORUPCIJATA%20V...[11.2.2011]

[28] Josip Kregar: KORUPCIJA U PRAVOSUĐU, стр. 5-7; *www.pravo.hr/_download/repository/korupcijasudstvo.cg.doc [26.04.2011];*

банките и другите финансиски организации и институции, или вклучување на друг начин на тие пари во легалните финансиски текови кои домашните и странските правни и физички лица ги вршат поради извршување на дозволената стопанска и финансиска дејност[29]. Во криминологијата и другите општествени, а во тие рамки и во безбедносните науки, посебно асфалиалогијата, се среќаваат со проблемите на мерење на обемот на појавата на корупција. Притоа, особено е тешко да се воспостави систем на мерење. Затоа, може да се зборува, дека истражувањата повеќе зборуваат за индикатори, отколку за состојбата за корумпираноста.

За тоа, какви се перцепциите на испитаниците за тоа, кој облик на корупција доминира во општеството, го проверувавме преку барањето непосредно да се определени некои од понудените или за комбинација на најчестите облици на корупција. Од одговорите во изминатите пет години може да се воочи дека меѓу испитаниците доминира гледиштето дека најдоминантен облик е злоупотребата на положбата и овластувањата, што е во тесна врска и со градењето на оценки за степенот на присутноста на злоупотребата на положбата и овластувањата. Податоците упатуваат на тоа дека пропорциите на одговорите на испитаниците се движат во распонот од 29,16 % во 2016 до 33,00 % во 2013 година. Интерпретацијата на овие податоци треба да се набљудува контекстуално, посебно за тоа каков е општиот општествен развој на Република Македонија во последните пет години, кога, повеќе или помалку има забавен економски развој, изразена политичка криза и појави кои упатуваат на нефункционирање на правната држава. Нешто ниски пропорции, но, во распонот од нешто повеќе од една четвртина од испитаниците се и оценките за тоа дека зачестен облик на корупција кај нас е примањето мито, а на трето место се оценува дека е примањето мито кое се движи од 16,77 % во 2014 со 21,04 % во 2016 година.

И на третата позиција со распон на пропорциите меѓу 16,36 % во 2015 до 21,04 % во 2016 година се одговорите за тоа дека најзачестен облик на корупција во македонското општество е давањето мито. Сите други комбинации и облици на зачестеност на корупцијата испитаниците ги перципираат во опсег помал од една петтина, што повеќе или помалку упатува на тоа дека процесите на забавениот општествен развој, недоволната активност на граѓаните преку облиците на граѓанско организирање и директните акции, влијаат на

[29] Antun Novoselović: *Javna sigurnost i kriminalitet u lokalnoj zajednici*; Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 13, broj 2/2006, стр. 910-911.

тоа во општеството да доминираат медиумската презентација на активностите на владините структури и нагласен и афирмативен пристап во третирањето на истите.

***Табела број* 12. *Според вас, кој е најчестиот облик на корупција во нашето општество? - %***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. давање мито | 20,26 | 16,77 | 16,36 | 21,04 | 17,94 |
| 2. примање мито | 28,45 | 29,78 | 26,28 | 22,90 | 23,63 |
| 3. злоупотреба на положбата и овластувањата | **33,00** | **29,39** | **29,84** | **29,16** | **31,86** |
| 4. противзаконито посредување | 4,71 | 5,92 | 6,74 | 5,38 | 5,69 |
| 5. друго | 0,58 | 0,69 | 0,29 | 0,10 | 0,00 |
| 12. давање и примање мито | 6,20 | 6,21 | 7,80 | 6,46 | 7,35 |
| 13. давање мито и злоупотреба на положбата и овластувањата | 0,17 | 0,49 | 0,77 | 0,49 | 0,59 |
| 14. давање мито и противзаконито посредување | 0,08 | 0,30 | 0,10 | 0,20 | 0,10 |
| 23. примање мито и злоупотреба на положбата и овластувањата | 1,24 | 1,18 | 1,83 | 1,57 | 2,55 |
| 24. примање мито и противзаконито посредување | 0,25 | 0,39 | 0,29 | 0,68 | 0,39 |
| 34. злоупотреба на положбата и овластувањата | 0,17 | 0,20 | 0,77 | 0,88 | 0,98 |
| 123. давање и примање мито и злоупотреба на положбата и овластувањата | 1,57 | 2,37 | 4,33 | 5,38 | 3,14 |
| 124. давање и примање мито и противзаконито посредување | 0,33 | 0,30 | 0,67 | 1,27 | 0,49 |
| 234. давање мито; злоупотреба на положбата и овластувањата и противзаконито посредување | 0,25 | 0,10 | 0,19 | 0,20 | 0,20 |
| 1234. сите заедно | 2,73 | 5,92 | 3,75 | 4,31 | 5,10 |
| **Вкупно:** | **1209** | **1014** | **1039** | **1022** | **1020** |

Исполитизираноста на општеството и влијанието на политиката во сите сегменти на живеењето изградува систем на партиски монопол кој овозможува енормно и незаконито богатење на еден мал слој на луѓе кои посегнуваат кон сите механизми неисклучувајќи ја и корупцијата поради реализација на нивните цели.

Во тесна врска со претходната оценка на испитаниците се и оценките за тоа кои облици на корупција се присутни во одделни

делови на општеството. Имено, испитаниците на скала од „0“ - нема корупција на графичката скала го оценуваа степенот на корупција и тоа со „1“ најмалку, а со „10“ најмногу. Во следната табела се прикажани тежински показатели (пондерирана аритметичка средина $\bar{x} = \frac{(\sum x_1 \cdot f)}{\sum f}$). (Пондери се оценките од 1 до 10).

***Табела број* 13. *Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството*** - **Злоупотреба на овластување** (0=нема 10= најмногу) - **- пондерирани аритметички средини**

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.законодавна власт (Собрание) | 7,00 | 6,62 | 6,60 | 6,29 | 7,00 |
| 2.извршна власт (Влада) | 7,46 | 7,17 | 6,97 | 6,79 | 7,46 |
| 3.управна власт (министерства) - | 7,63 | 7,54 | 7,20 | 6,93 | 7,63 |
| 4.локална самоуправа (градоначалници) | **7,45** | **7,70** | **7,38** | **7,17** | **7,45** |
| 5. судови (судии) | 7,57 | 7,69 | 7,01 | 6,81 | 7,57 |
| 6. јавно обвинителство | 6,57 | 6,81 | 6,54 | 6,36 | 6,57 |
| 7. МВР – полициски службеници | 7,19 | 7,44 | 6,79 | 6,70 | 7,19 |
| 8. банки и штедилници | 4,83 | 4,23 | 4,22 | 4,34 | 4,83 |
| 9.здравство (лекари) | 5,95 | 6,15 | 6,00 | 5,71 | 5,95 |
| 10.универзитет (професори) | 5,17 | 5,59 | 6,23 | 5,83 | 5,17 |
| 11.осигурителни компании | 3,57 | 4,26 | 4,22 | 4,22 | 3,57 |
| 12. приватен сектор | 4,00 | 4,02 | 4,21 | 4,62 | 4,00 |

Што покажуваат средните вредности? Дека најфреквентни се оценките со висок степен на злоупотреба на овластувањата кај управната власт во 2013 и 2017 година и кај локалната самоуправа, односно градоначалниците во 2014, 2015 и 2016 година. Оценките за овие органи се повеќе од 7 од можна оценка 10, што повеќе или помалку упатува на тоа дека значителен број на испитаници стои на гледиштето дека злоупотребата на овластувањата е најприсутна кај овој дел од општественото живеење. Ваквите оценки треба да се набљудуваат и од аспект на упатеноста на испитаниците да задоволат определени барања, за повеќе или помалку да се упатени на овие институции или органи.

Втората по висина оценка за злоупотреба на овластувањата е упатена кон судовите (судиите) во 2013, 2014 и 2017 година, односно кон управната власт (министерствата) во 2015 и 2016 година. И оценките за оваа група институции и функции е особено висока и се движи околу 7 од можните 10. Третата позиција им припаѓа на извршната власт, судовите и управната власт. Испитаниците во 2013 и 2017 година оцениле дека извршната власт врши злоупотреба на овластувањата. Со таква оценка се испитаниците во 2014 година за

управната власт (министерствата), односно за судовите (судиите) во 2015 и 2016 година.

Во прегледот приложен во продолжение може да се воочи дека според висината на оценките на четврта позиција се локалната самоуправа (градоначалниците) во 2013 и 2017 година, извршната власт (Владата) во 2015 и 2016 година и полициските службеници во 2014 година.

***Преглед број 1. Редослед на оценки на испитаниците за злоупотребата на овластувањата***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 3.управна власт (министерства) - | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 3.управна власт (министерства) - |
| 2. | 5.судови (судии) | 5.судови (судии) | 3.управна власт (министерства) - | 3.управна власт (министерства) - | 5.судови (судии) |
| 3. | 2.извршна власт (Влада) | 3.управна власт (министерства) - | 5.судови (судии) | 5.судови (судии) | 2.извршна власт (Влада) |
| 4. | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 7.МВР – полициски службеници | 2.извршна власт (Влада) | 2.извршна власт (Влада) | 4.локална самоуправа (градоначалници) |
| 5. | 7.МВР – полициски службеници | 2.извршна власт (Влада) | 7.МВР – полициски службеници | 7.МВР – полициски службеници | 7.МВР – полициски службеници |
| 6. | 1.законодавна власт (Собрание) | 6.јавно обвинителство | 1.законодавна власт (Собрание) | 6.јавно обвинителство | 1.законодавна власт (Собрание) |
| 7. | 6.јавно обвинителство | 1.законодавна власт (Собрание) | 6.јавно обвинителство | 1.законодавна власт (Собрание) | 6.јавно обвинителство |
| 8. | 9.здравство (лекари) | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) | 10.универзитет (професори) | 9.здравство (лекари) |
| 9. | 10.универзитет (професори) | 10.универзитет (професори) | 9.здравство (лекари) | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) |
| 10. | 8.банки и штедилници | 11.осигурителни компании | 8.банки и штедилници | 12.приватен сектор | 8.банки и штедилници |
| 11. | 12.приватен сектор | 8.банки и штедилници | 11.осигурителни компании | 8.банки и штедилници | 12. приватен сектор |
| 12 | 11.осигурителни компании | 12. приватен сектор | 12.приватен сектор | 11.осигурителни компании | 11.осигурителни компании |

Може да се воочи дека постои определена консеквентност во оценките на испитаниците за тоа кои облици на корупција се најзачестени во нашето општество и оценката за злоупотребата на овластувањата на определени институции, органи и функции. Овие оценки, исто така, можат да се набљудуваат и во контекстот на општествената дебата за недоволната, а во одделни случаи за изгубената доверба во институциите. Овие оценки, исто така, можат да се набљудуваат како индикатори за тоа како функционира правната држава. И доколку се доведат во релација со другите батерии прашања, посебно со степенот на изложеност на ризик на поединецот, тогаш може да се извлече поиздиференциран став кој упатува на тоа дека современото општество кај нас е со определени процеси кои упатуваат на корупција и корупциски содржини. На ваквите појави своевидно

влијание можат да имаат и појавите на расчистување на злоупотреба на овластувањата од страна на комисиите за утврдување на работоспособноста на поединци и „тргувањето“ со инвалидските пензии, како и со начинот на исплаќање на земјоделските субвенции.

И на барањето да оценат колку противзаконитото посредување како облик на корупција е присутен кај одделни институции, органи, функции и професии, испитаниците со релативно високи оценки оценуваат дека овој облик особено е присутен.

***Табела број* 14. *Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството* - Противзаконито посредување** (0=нема 10= најмногу) **- пондерирани аритметички средини**

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.законодавна власт (Собрание) | 6,75 | 6,08 | 6,07 | 5,89 | 6,75 |
| 2.извршна власт (Влада) | 7,31 | 6,75 | 6,49 | 6,34 | 7,31 |
| 3.управна власт (министерства) - | 7,39 | 7,23 | 6,71 | 6,55 | 7,39 |
| 4.локална самоуправа (градоначалници) | **7,46** | **7,61** | **7,03** | **6,79** | **7,46** |
| 5.судови (судии) | 7,31 | 7,46 | 6,50 | 6,43 | 7,31 |
| 6.јавно обвинителство | 6,68 | 6,81 | 6,12 | 6,03 | 6,68 |
| 7.МВР – полициски службеници | 6,64 | 7,23 | 6,29 | 6,45 | 6,64 |
| 8.банки и штедилници | 5,20 | 4,58 | 4,14 | 4,37 | 5,20 |
| 9.здравство (лекари) | 5,69 | 6,06 | 5,45 | 5,37 | 5,69 |
| 10.универзитет (професори) | 5,17 | 5,53 | 5,65 | 5,36 | 5,17 |
| 11.осигурителни компании | 3,59 | 4,56 | 4,34 | 5,14 | 3,59 |
| 12. приватен сектор | 4,66 | 4,54 | 4,26 | 4,41 | 4,66 |

Од понудениот преглед може да се констатира дека во изминатите пет години испитаниците се едногласни во детектирањето дека, кај локалната самоуправа, односно градоначалниците, најзачестен облик на корупција е противзаконитото посредување. Имено, оценките се движат од 6,79 во 2016 до 7,61 во 2014 година. На втората позиција, се оценките на испитаниците дека противзаконитото посредување е најзачестено кај управната власт (министерствата). Имено, секоја година од 2013 до 2017 година испитаниците оценувале, дека противзаконитото посредување е присутно со распон на просечни оценки од 6,55 во 2016 година, до 7,39 во 2013 и 2017 година.

На третата, според висината, просечна оценка се јавуваат определени диференцијации во редоследот, но тој не е многу поразличен од оценките на испитаниците со злоупотребата на овластувањата. Според скалата на оценките, извршната власт (Владата) во 2013 и 2017 година е оценета како институција која врши противзаконито посредување, додека, пак, во 2014 и 2016 година тие

оценки се за полицајците и полициските службеници, а во 2015 година за судовите (судиите).

И во наредната група, можат да се идентификуваат оценки на испитаниците дека одделни институции, органи и носители на функции ги перципираат и оценуваат како висококорумпирани. Распоредот според годините е поразличен од претходната дистрибуција.

***Преглед број 2. Редослед на оценки на испитаниците за противзаконито посредување***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) |
| 2 | 3.управна власт (министерства) - | 5.судови (судии) | 3.управна власт (министерства) - | 3.управна власт (министерства) - | 3.управна власт (министерства) - |
| 3 | 2.извршна власт (Влада) | 3.управна власт (министерства) - | 5.судови (судии) | 7.МВР – полициски службеници | 2.извршна власт (Влада) |
| 4 | 5.судови (судии) | 7.МВР – полициски службеници | 2.извршна власт (Влада) | 5.судови (судии) | 5.судови (судии) |
| 5 | 1.законодавна власт (Собрание) | 6.јавно обвинителство | 7.МВР – полициски службеници | 2.извршна власт (Влада) | 1.законодавна власт (Собрание) |
| 6 | 6.јавно обвинителство | 2.извршна власт (Влада) | 6.јавно обвинителство | 6.јавно обвинителство | 6.јавно обвинителство |
| 7 | 7.МВР – полициски службеници | 1.законодавна власт (Собрание) | 1.законодавна власт (Собрание) | 1.законодавна власт (Собрание) | 7.МВР – полициски службеници |
| 8 | 9.здравство (лекари) | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) | 9.здравство (лекари) | 9.здравство (лекари) |
| 9 | 8.банки и штедилници | 10.универзитет (професори) | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) | 8.банки и штедилници |
| 10 | 10.универзитет (професори) | 8.банки и штедилници | 11.осигурителни компании | 11.осигурителни компании | 10.универзитет (професори) |
| 11 | 12. приватен сектор | 11.осигурителни компании | 12. приватен сектор | 12. приватен сектор | 12. приватен сектор |
| 12 | 11.осигурителни компании | 12. приватен сектор | 8.банки и штедилници | 8.банки и штедилници | 11.осигурителни компании |

Имено, може да се констатира дека четвртата позиција, според висината на просечните оценки за степенот на противзаконитото посредување како облик на корупција, во 2013, 2016 и 2017 година се оценети судовите (судиите), а во 2014 полициските службеници и во 2015 година извршната власт (Владата).

Оценките на испитаниците, треба да се набљудуваат во рамките на случувањата кои на се случуваа во македонското општество, а беа поврзани со процесите на легализација на градежните и станбените објекти, потоа со продажбата на дворните површини, но и со настани и случувања, поврзани со насилното исфрлање на пратениците од опозицијата од Собранието на Република Македонија, како и со сé поизразените облици на протести и контрапротести кои се случуваа пред институциите и просториите на опозицијата. Во овој период

особено беше нагласен медиумскиот третман на процесот на лустрација, реализацијата на проектот „Скопје 2014“, како и активности поврзани со јавното спротивставување и протестите за реобликувањето на јавни и други објекти во центарот на Скопје.

Во следната табела се прикажани оценките на испитаниците за тоа колку е распространета појавата на примање мито кај одделни делови на општеството.

***Табела број* 15. *Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството* - Примање мито -%**
(0=нема 10= најмногу) - пондерирани аритметички средини

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.законодавна власт (Собрание) | 6,35 | 5,84 | 5,80 | 5,63 | 6,08 |
| 2.извршна власт (Влада) | 7,07 | 6,35 | 6,41 | 6,37 | 6,60 |
| 3.управна власт (министерства) - | 7,50 | 7,14 | 6,82 | 6,71 | 6,90 |
| 4.локална самоуправа (градоначалници) | 7,41 | 7,26 | **7,31** | **7,05** | **7,27** |
| 5.судови (судии) | **7,77** | **7,76** | 7,05 | 6,80 | 7,07 |
| 6.јавно обвинителство | 6,65 | 6,74 | 6,52 | 6,27 | 6,58 |
| 7.МВР – полициски службеници | 6,75 | 7,53 | 6,66 | 6,69 | 6,94 |
| 8.банки и штедилници | 4,75 | 4,03 | 3,79 | 4,14 | 4,44 |
| 9.здравство (лекари) | 6,57 | 6,95 | 6,03 | 5,87 | 6,14 |
| 10.универзитет (професори) | 6,02 | 6,48 | 6,40 | 5,79 | 6,18 |
| 11.осигурителни компании | 3,84 | 4,70 | 4,20 | 4,18 | 4,55 |
| 12. приватен сектор | 7,00 | 6,62 | 6,60 | 6,29 | 7,00 |

Податоците упатуваат на тоа дека највисоко оценувани во 2013 и 2014 година се судовите (судиите), а во 2015, 2016 и 2017 година локалната самоуправа (градоначалниците). Оценките за судовите во двете години се, речиси, со иста вредност од 7,77 односно 7,76 од можните десет, што укажува дека во перцепциите на граѓаните се испреплетени бројни информации и сознанија, пред сé, од медиумите и пријателите, како и лични искуства кои упатуваат на појавите на корумпираност во овие средини. Одговорот на овие прашања, повеќе или помалку ги следи и одговорите, односно оценките за противзаконитото посредување и злоупотребата на положбата и овластувањата, што сé на сé завршува со чинот на примање мито.

Од прегледот (во продолжение) може да се воочи дека кај овие делови на општеството (судовите, односно судиите и локалната самоуправа, односно градоначалниците), меѓу испитаниците постои консеквентност. Тие се високорангирани во практикувањето на еден од облиците на корупција - примањето мито. Ваквата положба има поинаков распоред во 2013 и 2014 година, кога таквата позиција во

2013 година ја зазема управната власт (министерствата), а во 2014 година, полициските службеници.

***Преглед број* 3. *Редослед на оценките на испитаниците според облици на корупција кои се присутни во одделни делови на општеството - примање мито***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 5.судови (судии) | 5.судови (судии) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) |
| 2. | 3.управна власт (министерства) - | 7.МВР – полициски службеници | 5.судови (судии) | 5.судови (судии) | 5.судови (судии) |
| 3. | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 4.локална самоуправа (градоначалници) | 3.управна власт (министерства) - | 3.управна власт (министерства) - | 12. приватен сектор |
| 4. | 2.извршна власт (Влада) | 3.управна власт (министерства) - | 7.МВР – полициски службеници | 7.МВР – полициски службеници | 7.МВР – полициски службеници |
| 5. | 12. приватен сектор | 9.здравство (лекари) | 12. приватен сектор | 2.извршна власт (Влада) | 3.управна власт (министерства) - |
| 6. | 7.МВР – полициски службеници | 6.јавно обвинителство | 6.јавно обвинителство | 12. приватен сектор | 2.извршна власт (Влада) |
| 7. | 6.Јавно обвинителство | 12. приватен сектор | 2.извршна власт (Влада) | 6.јавно обвинителство | 6.јавно обвинителство |
| 8. | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) | 10.универзитет (професори) | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) |
| 9. | 1.законодавна власт (Собрание) | 2.извршна власт (Влада) | 9.здравство (лекари) | 10.универзитет (професори) | 9.здравство (лекари) |
| 10. | 10.универзитет (професори) | 1.законодавна власт (Собрание) | 1.законодавна власт (Собрание) | 1.законодавна власт (Собрание) | 1.законодавна власт (Собрание) |
| 11. | 8.банки и штедилници | 11.сигуритетлни компании | 11.осигурителни компании | 11.осигурителни компании | 11.осигурителни компании |
| 12. | 11.осигурителни компании | 8.банки и штедилници | 8.банки и штедилници | 8.банки и штедилници | 8.банки и штедилници |

Специфично е да се забележи дека во 2017 година, за примање мито, покрај деловите на општеството кои се врзани со вршењето на власта и управување и на кои граѓаните, според позитивните прописи, се упатени на нив да остваруваат определени права или да завршуваат определени обврски, како структура која е подложна на примање мито е и приватниот сектор, односно лепезата дејности и занимања, услуги и задачи кои се наоѓаат кај претприемачите или вршителите на јавни овластувања и услуги, како што се нотари, адвокати, агенции, сопственици на компании и слично.

Визуелната претстава на појавата на мито упатува на тоа дека во оценките на испитаниците, во петте години, пониски оценки од 5,00 се забележани кај банките и штедилниците и кај осигурителните компании. Другите делови на општеството, институции, органи, дејности и професии се оценувани како висококорумпирани, односно оценките се движат меѓу пет и осум.

Специфично е и тоа дека височината на оценките за корумпираност кај институциите, органите, функциите и професиите е

особено висока. Таа осцилира, нешто под шест кај неколку институции, но доминантно може да се констатира дека кај „законодавната власт (Собрание)“ - освен во 2014, 2015 и 2016 година, кај „извршната власт (Влада)“, „управната власт (министерства)“, „локалната самоуправа (градоначалници)“, „судовите (судиите)“, „Јавното обвинителство“, „МВР – полициските службеници“, „здравството (лекари)“ - (освен во 2016 година), „универзитет (професори)“ - (освен во 2016 година) и „приватен сектор“, оценките за степенот на корумпираност преку примање мито е со просек најмалку шест, што упатува дека општата перцепција на испитаниците е дека значителен дел од општеството е унифициран од обликот на корупција - примање мито.

***Графикон број 1. Оценете, според вас, кои облици на корупција се присутни во одделни делови на општеството*** **- Примање мито**




Едно од прашањата што предизвикува внимание е личното искуство на испитаниците да дадат мито. Одговорите на ова прашање, објективно обезбедуваат претпоставки оваа група испитаници да се споредуваат со другите. На тој начин, всушност, се добива референтна група за натамошна анализа.

***Табела број* 16. *Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ДАДЕТЕ МИТО)?*** **- %** (Заокружете еден одговор.)

| | 2013 | | 2014 | | 2015 | | 2016 | | 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| 1. да | 357 | 29,50 | 269 | 26,45 | 252 | 24,21 | 209 | 20,50 | 224 | 21,96 |
| 2. не | 674 | 55,70 | 599 | 58,90 | 652 | 62,63 | 622 | 60,90 | 606 | 59,41 |
| 3. не сакам да се изјаснам | 179 | 14,79 | 149 | 14,65 | 137 | 13,16 | 191 | 18,70 | 190 | 18,63 |
| **Вкупно:** | **1210** | **100,0** | **1017** | **100,0** | **1041** | **100,00** | **1022** | 100 | **1020** | 100,00 |

Во табелата број 16 може да се воочи дека 29,50 % од испитаниците во 2013 година имале искуство да подмитат. Во 2014 и 2015 година процентот на испитаниците што одговориле позитивно се намалил на 26,45 % во 2014 и на 24,21 % во 2015 година. Таквите тенденции продолжиле во 2016 и 2017 година, кога 20,50 %, односно 21,96 % одговориле дека биле во ситуација да дадат мито. Најелементарната анализа укажува дека во последните две години опаѓа бројот на оние што експлицитно признаваат дека биле во ситуација да дадат мито. Причините за таквите тенденции можат да бидат многубројни. Можеби и неподготвеноста да се признае такво искуство. На таквата претпоставка нé упатуваат и одговорите на следното потпрашање: во кое се бара да одговорат на кој ризик бил изложен испитаникот, односно што е тоа што дал и притоа се понудени пет модалитети, како што се: „пари во готово“, „пари на сметка“, „спонзорство“, „услуги од разна природа“ и „друго“. Дистрибуциите со одговорите и пропорциите се понудени во продолжение.

***Табела број* 17. *Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)?***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | *f* | *f* | *f* | *f* | *%* | *%* | *%* | *%* | *%* |
| 1. пари во готово | 185 | 145 | 23 | 150 | 150 | 39,70 | 41,43 | 30,26 | 57,69 | 56,39 |
| 2. пари на сметка | 42 | 39 | 19 | 20 | 29 | 9,01 | 11,14 | 25,00 | 7,69 | 10,90 |
| 3.спонзор ство | 23 | 17 | 8 | 19 | 17 | 4,94 | 4,86 | 10,53 | 7,31 | 6,39 |
| 4. услуги од разна природа | 103 | 79 | 13 | 63 | 65 | 22,10 | 22,57 | 17,11 | 24,23 | 24,44 |
| 5. друго | 113 | 70 | 13 | 8 | 5 | 24,25 | 20,00 | 17,11 | 3,08 | 1,88 |
| **Вкупно:** | **466** | **350** | **76** | **260** | **266** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Од табеларниот приказ може да констатираме дека доминира бројот на оние кои биле во ситуација да дадат мито во облик на „пари во готово“. Пропорциите на одговорите се движат од 30,26 % во 2015 до 56,39 % во 2017 година. Ако се обединат пропорциите на одговорите

„пари во готово“ и „пари на сметка“, може да се воочи дека овие два облика во 2013 година ги одговориле 48,71 % од испитаниците, во 2015 52,57 %, во 2016 55,26 %, во 2017 година 65,38 % и во 2017 година таа пропорција надминува две третини од испитаниците, односно е со вредност од 67,29 %.

Втората значајна карактеристика на оваа дистрибуција е таа што значајно учествуваат одговорите „услуги од разна природа“. Пропорциите на овие одговори се движат во распонот од 17,11 % во 2015 до 24,44 % во 2017 година. Исто така, високи вредности повеќе од една петтина од испитаниците во 2013 и 2014 година одговориле дека биле во ситуација да понудат „нешто друго“.

Како резултанта на дебатата остварена по Првиот извештај од истражувањето „Мислењето на граѓаните на Република Македонија за корупцијата“, од 2015 година, беше вклучено дополнително прашање со следната содржина: „доколку одговоривте со ДА, на кој ризик сте биле изложени (што сте дале)?“ Во продолжение ќе прикажеме дел од тие резултати.

***Табела број* 18. *Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)? – структура - 2015 година***

| | друго | услуги од разна природа | спонзорство | пари на сметка | пари во готово | **Вкупно Испитаници:** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| државен службеник | 0,00 | 21,43 | 4,76 | 0,00 | 73,81 | **42** |
| јавен службеник | 7,18 | 20 | 20,51 | 8,72 | 43,59 | **195** |
| полицаец | 6,31 | 20,27 | 3,6 | 2,25 | 67,57 | **222** |
| цариник | 30,73 | 10,94 | 5,73 | 5,21 | 47,4 | **192** |
| инспектор | 30,2 | 22,82 | 17,45 | 6,04 | 23,49 | **149** |
| универзитетски професор | 10,71 | 17,86 | 13,69 | 11,9 | 45,83 | **168** |
| средношколски професор | 27,27 | 38,79 | 10,3 | 9,09 | 14,55 | **165** |
| политичар | 33,08 | 23,31 | 5,26 | 9,77 | 28,57 | **133** |
| лекар | 9,26 | 30,37 | 4,07 | 3,7 | 52,59 | **270** |
| судија | 4,9 | 17,48 | 6,29 | 13,99 | 57,34 | **143** |
| обвинител | 11,9 | 26,19 | 11,9 | 11,9 | 38,1 | **84** |
| директор на училиште | 16,83 | 33,66 | 26,73 | 11,88 | 10,89 | **101** |
| посредник | 7,32 | 26,22 | 7,32 | 5,49 | 53,66 | **164** |

Во табелата број 18 се прикажани резултатите на прашањето ***„Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)?“*** при што може да се констатира дека најчест облик на давање мито се пари во готово, потоа, услугите од разна природа, оние што одговориле друго, потоа доаѓаат спонзорствата и најмалку се оние што одговориле дека дале пари на сметка.

Ако се погледнат дистрибуциите според интензитетот на искуствата со давање мито, во првата половина се: лекарите со 270 одговори на испитаници, потоа полицајците 222, јавните службеници 195, цариниците 192, универзитетски професори 168, средношколски професори 165 и на посредниците 164 одговори на испитаници. Втората половина ја сочинуваат: инспекциските служби, односно инспекторите со 149 одговори на испитаниците, судиите со 143, политичарите со 133, директорите на училишта со 101, обвинителите со 84, некои други со 58 и најмалку, државните службеници со 42 одговора на испитаниците. Ако се набљудуваат овие искуства со оценките за степенот на корумпираноста на одделни институции, носители на функции, дејности и професии, ќе се забележат определени отстапувања.

***Табела број* 19. *Ранг на професии, функции, институции што биле подмитувани во 2015 година - на прашањето: „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“***

| | друго | услуги од разна природа | спонзорство | пари на сметка | пари во готово |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | цариник | лекар | јавен службеник | универзитетски професор | полицаец |
| 2. | средношколски професор | средношколски професор | директор на училиште | судија | лекар |
| 3. | инспектор | полицаец | инспектор | јавен службеник | цариник |
| 4. | политичар | посредник | универзитетски професор | средношколски професор | посредник |
| 5. | лекар | јавен службеник | средношколски професор | политичар | јавен службеник |
| 6. | универзитетски професор | инспектор | посредник | директор на училиште | судија |
| 7. | директор на училиште | директор на училиште | лекар | лекар | универзитетски професор |
| 8. | полицаец | политичар | цариник | цариник | политичар |
| 9. | јавен службеник | универзитетски професор | обвинител | обвинител | инспектор |
| 10. | посредник | судија | судија | инспектор | обвинител |
| 11. | некој друг | некој друг | полицаец | посредник | државен службеник |
| 12. | обвинител | обвинител | политичар | полицаец | средношколски професор |
| 13. | судија | цариник | некој друг | некој друг | некој друг |
| 14. | државен службеник | државен службеник | државен службеник | државен службеник | директор на училиште |

Прегледот упатува на тоа дека во 2016 година испитаниците биле изложени на ризик да дадат мито и тоа највисока пропорција им припаѓа на оние испитаници што биле во ситуација да дадат пари во

готово на полицаец, пари на сметка на универзитетски професор, спонзорство на јавен службеник, други услуги на лекар, а нешто друго на цариник. Вторава положба по степенот на изложеност на ризик во 2015 година според обликот на ризикот изгледал вака: пари во готово биле давани на лекар, пари на сметка на судија, спонзорство на директор на училиште, друго и услуги од друга природа на средношколски професор.

Рангот на првите пет ситуации на ризик кај испитаниците изгледа вака: пари во готово како облик на ризик на корупција е: полицаец, лекар, цариник, посредник и јавен службеник. Рангот кај оние кои биле во ситуација да платат пари на сметка, изгледа вака: универзитетски професор, судија, јавен службеник, средношколски професор и политичар. Редоследот на ризикот кај спонзорствата изгледа вака: јавен службеник, директор на училиште, инспектор, универзитетски и средношколски професор. Услугите од разна природа како ризик на корупција го имаат следниот редослед: лекар, средношколски професор, полицаец, посредник и јавен службеник. И на крајот нешто друго е ризик што било искуство кај цариник, средношколски професор, инспектор, политичар и лекар.

Каква е структурата на одговорите на испитаниците во 2016 година:

***Табела број* 20. *Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?: - 2016 во %***

| | друго | услуги од разна природа | спонзорство | пари на сметка | пари во готово | вкупно Испитаници: |
|---|---|---|---|---|---|---|
| државен службеник (управа) | 17,35 | 25,51 | 4,08 | 14,29 | 38,78 | **98** |
| јавен службеник (општина) | 25 | 45,45 | 5,68 | 5,68 | 18,18 | **88** |
| полицаец | 14,38 | 27,5 | 8,13 | 1,25 | 48,75 | **160** |
| цариник | 18,02 | 18,02 | 5,41 | 3,6 | **54,95** | **111** |
| инспекциски служби (инспектор) | 20,83 | 31,94 | 11,11 | 8,33 | 27,78 | **72** |
| универзитетски професор | 28,57 | 27,14 | 5,71 | 5,71 | 32,86 | **70** |
| средношколски професор | 18,89 | 47,78 | 5,56 | 2,22 | 25,56 | **90** |
| политичар | 11,36 | 27,27 | 31,82 | 6,82 | 22,73 | **44** |
| лекар | 17,49 | 21,86 | 4,37 | 6,56 | 49,73 | **183** |
| судија | 27,45 | 27,45 | 7,84 | 1,96 | 35,29 | **51** |
| обвинител | 20,51 | 28,21 | 5,13 | 17,95 | 28,21 | **39** |
| директор на училиште | 25,32 | 40,51 | 7,59 | 6,33 | 20,25 | **79** |
| посредник | 9,57 | 29,79 | 7,45 | 10,64 | 42,55 | **94** |
| на некој друг | 18,97 | 39,66 | 12,07 | 6,9 | 22,41 | **58** |
| **Вкупно:** | 18,84 | 30,23 | 7,52 | 6,39 | 37,03 | **100** |

Ако го набљудуваме рангот на првите пет ситуации, за секој ризик одделно, тогаш ќе евидентираме дека во 2016 година, највисок ризик на корупција давање „пари во готово“ испитаниците имале при контактот со цариник, лекар, полицаец, посредник и државен службеник. Во ситуација да платат пари на сметка биле изложени при контакт со обвинител, државен службеник (управа), посредник, инспектор од инспекциските служби и некој друг. На ризикот „услуги од разна природа“, редоследот е ваков: средношколски професор, јавен службеник (општина), директор на училиште, некој друг и инспекциски органи (инспектор). И последната група одговори се движи на следниот начин: универзитетски професор, судија, директор на училиште, јавен службеник (општина) и инспекциски служби (инспектор).

***Табела број* 21. *Ранг на професии, функции, институции што биле подмитувани во 2016 година - „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“:***

| | **друго** | **услуги од разна природа** | **спонзорство** | **пари на сметка** | **пари во готово** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | универзитетски професор | средношколски професор | политичар | обвинител | цариник |
| 2. | судија | јавен службеник (општина) | на некој друг | државен службеник (управа) | лекар |
| 3. | директор на училиште | директор на училиште | инспекциски служби (инспектор) | посредник | полицаец |
| 4. | јавен службеник (општина) | на некој друг | полицаец | инспекциски служби (инспектор) | посредник |
| 5. | инспекциски служби (инспектор) | инспекциски служби (инспектор) | судија | на некој друг | државен службеник (управа) |
| 6. | обвинител | посредник | директор на училиште | Пплитичар | судија |
| 7. | на некој друг | обвинител | посредник | лекар | универзитетски професор |
| 8. | средношколски професор | полицаец | универзитетски професор | директор на училиште | обвинител |
| 9. | цариник | судија | јавен службеник (општина) | универзитетски професор | инспекциски служби (инспектор) |
| 10. | лекар | политичар | средношколски професор | јавен службеник (општина) | средношколски професор |
| 11. | државен службеник (управа) | универзитетски професор | цариник | цариник | политичар |
| 12. | полицаец | државен службеник (управа) | обвинител | средношколски професор | на некој друг |
| 13. | политичар | лекар | лекар | судија | директор на училиштео |
| 14. | посредник | цариник | државен службеник (управа) | полицаец | јавен службеник (општина) |

И во продолжение да погледнеме каква е структурата на одговорите на испитаниците во 2017 година во однос на одговорот на прашањето: „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“ Пропорциите на испитаниците кои одговориле дека биле во ситуација да дадат некој од понудените облици на мито, во 2017 година ги задржуваат сличните карактеристики како и од претходните две години.

***Табела број 22. „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“- 2017 година - %***

| | друго | услуги од разна природа | спонзорство | пари на сметка | пари во готово | вкупно испитаници: |
|---|---|---|---|---|---|---|
| државен службеник (управа) | 15,66 | 18,07 | 8,43 | 10,84 | 46,99 | **83** |
| јавен службеник (општина) | 25 | 23,75 | 12,5 | 13,75 | 25 | **80** |
| полицаец | 23,91 | 20,29 | 6,52 | 2,17 | 47,1 | **138** |
| цариник | 16,96 | 16,07 | 4,46 | 4,46 | 58,04 | **112** |
| инспекциски служби (инспектор) | 18,46 | 29,23 | 7,69 | 3,08 | 41,54 | **65** |
| универзитетски професор | 21,52 | 22,78 | 6,33 | 10,13 | 39,24 | **79** |
| средношколски професор | 20 | 40 | 8,89 | 10 | 21,11 | **90** |
| политичар | 9,09 | 29,55 | 9,09 | 9,09 | 43,18 | **44** |
| лекар | 25,28 | 21,35 | 2,81 | 6,18 | 44,38 | **178** |
| судија | 21,57 | 23,53 | 15,69 | 39,22 | 0 | **51** |
| обвинител | 31,11 | 20 | 11,11 | 13,33 | 24,44 | **45** |
| директор на училиште | 21,62 | 41,89 | 8,11 | 5,41 | 22,97 | **74** |
| посредник | 13,48 | 30,34 | 5,62 | 11,24 | 39,33 | **89** |
| на некој друг | 17,39 | 47,83 | 13,04 | 0 | 21,74 | **23** |
| **Вкупно:** | 20,68 | 25,54 | 7,38 | 8,86 | 37,53 | |

Ако се погледне рангот на првите пет ситуации во кои испитаникот бил во ситуација да даде мито во некој од сугерираните облици, рангот за оние кои биле изложени на ситуација да дадат пари во готово тоа го сториле на цариник, полицаец, државен службеник (управа), лекар и политичар.

Оние кои биле во ситуација да дадат мито во облик пари на сметка редоследот е кај судија, јавен службеник (општина), обвинител, посредник и државен службеник (управа). Спонзорствата најмногу биле давани на судија, на некој друг, јавен службеник (општина), обвинител и политичар. А кога станува збор за услугите од разна природа, испитаниците одговориле дека најчесто е „некој друг“, кој не е споменат во оваа група на институции, органи, функции и професии, потоа директор на училиште, средношколски професор, посредник и политичар.

И во последната група на оние кои се изјасниле дека биле изложени на ризик да дадат нешто друго, за што вообичаено не се изјаснуваат што, освен во рамките на понудените облици на мито, одговорите редоследно значат дека најмногу биле во ситуација да дадат мито во нешто друго, а тоа биле: обвинител, лекар, јавен службеник (општина), полицаец и директор на училиште.

***Преглед број* 4. *Ранг на професии, функции, институции што биле подмитувани во 2017 година - „Ако сте биле во ситуација да дадете, ШТО и КОМУ сте дале?“:***

| | друго | услуги од разна природа | спонзорство | пари на сметка | пари во готово |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | обвинител | на некој друг | судија | судија | цариник |
| 2 | лекар | директор на училиште | на некој друг | јавен службеник (општина) | полицаец |
| 3 | јавен службеник (општина) | средношколски професор | јавен службеник (општина) | обвинител | државен службеник (управа) |
| 4 | полицаец | посредник | обвинител | посредник | лекар |
| 5 | директор на училиште | политичар | политичар | државен службеник (управа) | политичар |
| 6 | судија | инспекциски служби (инспектор) | средношколски професор | универзитетски професор | инспекциски служби (инспектор) |
| 7 | универзитетски професор | јавен службеник (општина) | државен службеник (управа) | средношколски професор | посредник |
| 8 | средношколски професор | судија | директор на училиште | политичар | универзитетски професор |
| 9 | инспекциски служби (инспектор) | универзитетски професор | инспекциски служби (инспектор) | лекар | јавен службеник (општина) |
| 10 | на некој друг | лекар | полицаец | директор на училиште | обвинител |
| 11 | цариник | полицаец | универзитетски професор | цариник | директор на училиште |
| 12 | државен службеник (управа) | обвинител | посредник | инспекциски служби (инспектор) | на некој друг |
| 13 | посредник | државен службеник (управа) | цариник | полицаец | средношколски професор |
| 14 | политичар | цариник | лекар | на некој друг | судија |

Што можеме да констатираме од прегледите? Основната констатација е дека постојат разлики меѓу искуствата за корумпирање и оценките за степенот на корумпираноста на определени институции, носители на функции, дејности и професии. Второ, испитаниците не се целосно отворени и искрени во однос на соопштувањето на ставот дали имаат искуство да дадат мито. Таквите диспропорции можеби се должат на недоволната искреност, или отсуството на доверба кон истражувачот и истражувањето, но и општествениот контекст упатува на тоа дека тие немаат особена доверба кон институциите и кон организаторите на истражувањето. Но, исто така, треба да се има предвид дека прашањето не е временски лимитирано, во кој период е тоа искуство? Но, во секој случај, податоците се сериозен индикатор за

тоа кои облици на коруптивна практика постојат и кај кои професии, функции и дејности се најфреквентни.

Што покажуваат другите пропорции? Во нив може да се види каква е доминантната ориентираност на определени облици на корупција кај одделните носители на функции или професии. Најелементарната анализа покажува дека доминира обликот пари во готово, освен кај испитаниците што дале мито кај директорот на училиштето, потоа кај средношколски професор. Кај нив доминира обликот услуги од разна природа или спонзорства. Овде треба да се претпостави дека корупцијата изразена во спонзорства е поттикната од отсуството на организирана акција за помош и поддршка на активности, поврзани со учеството на меѓународни и други стручни конференции и конгреси, на издавачка дејност, индивидуални спортови, како и на тоа дека определени сектори во општеството се „неинтересни“ за субвенции и државна помош (таков случај се истражувањата во општествените науки), затоа што не се во функција на бизнис-интересите.

## Територијалната дистрибуција на подмитување

Прашањето за територијалната дистрибуција на корупцијата е едно од прашањата што нè интересира, каква е дистрибуцијата на одговорите на прашањето за изложеноста на степенот на ризик од корупција - да даде мито. На ова прашање испитаниците имаа можност да понудат потврден одговор, да одречат или да искажат дека не сакаат да се изјаснат. Предмет на интерес се оние испитаници кои биле во ситуација да се изјаснат потврдно.

***Табела број 23. Одговори на прашањето „Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (да дадете мито), според планскиот регион во 2013 – 2017 година – структура“- одговор „да“ - %***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопски | **22,13** | **29,37** | **40,87** | **22,97** | 16,96 |
| Пелагониски | 11,48 | 8,18 | 15,48 | 20,10 | **23,21** |
| Североисточен | 18,49 | 20,82 | 9,52 | 14,35 | 9,38 |
| Полошки | 8,96 | 12,27 | 13,10 | 9,57 | 2,23 |
| Вардарски | 9,52 | 15,99 | 1,98 | 19,62 | 16,96 |
| Источен | 12,32 | 13,01 | 11,90 | 11,00 | 16,52 |
| Југоисточен | 14,01 | 0,00 | 5,56 | 0,00 | 8,48 |
| Југозападен | 3,08 | 0,37 | 1,59 | 2,39 | 6,25 |
| **Вкупно испитаници:** | **357** | **269** | **252** | **209** | **224** |

На што упатуваат податоците? Структурните податоци укажуваат дека пропорцијата на испитаниците кои дале мито во 2013 година е највисока во Скопскиот плански Регион и изнесува

22,12 %, во 2014 година изнесува 29,37 %, а во 2015  40,87 %, за да опадне на 11,97 % во 2016 и на 16,96 % во 2017 година. Резултатите од табелата  укажуваат дека се најбројни потврдните одговори на испитаниците од Скопскиот, Североисточниот и Југоисточниот плански Регион во 2013 година. Слични карактеристики можат да се извлечат и за 2014 година, со таа разлика што тука на трета позиција е Вардарскиот плански Регион. И во 2014 година, доминираат испитаниците од Скопскиот плански Регион, а другите региони, како Пелагонискиот, Полошкиот и Источниот плански Регион се со приближно еднаков број испитаници.  Несомнено е дека пропорциите на одговорите на испитаниците од Скопскиот плански Регион одговараат потврдно. Таквата состојба е резултанта на податокот дека најзначајниот број на институции, органи и тела, но и економската развиеност и бизнис-интересите се концентрирани во Скопскиот плански Регион. За илустрација само ќе наведеме некои од показателите на државните органи како што е Државниот завод за статистика кој во Соопштението број/No: 3.1.17.06 од 24.11.2017 година објави.

***Табела број* 24. *Бруто-домашен производ, по региони, 2015***

| | бруто-домашен производ (во милиони денари) | бруто-домашен производ по жител (во денари) | структура на бруто-домашниот производ | бруто-домашен производ по жител МК=100 |
|---|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | **558 954** | **269 996** | **100,0** | **100,0** |
| Вардарски | 44 629 | 291 516 | 8,0 | 108,0 |
| Источен | 44 934 | 253 656 | 8,0 | 93,9 |
| Југозападен | 46 818 | 212 913 | 8,4 | 78,9 |
| Југоисточен | 54 796 | 315 717 | 9,8 | 116,9 |
| Пелагониски | 60 293 | 260 855 | 10,8 | 96,6 |
| Полошки | 38 973 | 121 824 | 7,0 | 45,1 |
| Североисточен | 28 926 | 164 161 | 5,2 | 60,8 |
| Скопски | 239 584 | 386 876 | 42,9 | 143,3 |

Извор: http://www.stat.gov.mk/pdf/2017/3.1.17.06.pdf [пристапено на 16.11.2017];

Од понудените податоци може да се констатира дека значителен дел од бруто-домашниот производ се создава во Скопскиот плански Регион 42,9 % и дека тој производ е највисок во овој Регион, и за 43,3 % повисок од просечниот во земјата.

***Преглед број 5. Редослед на одговори според планските региони во Република Македонија на прашањето „Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (да дадете мито)? “***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Скопски | Скопски | Скопски | Скопски | Пелагониски |
| 2 | Североисточен | Североисточен | Пелагониски | Пелагониски | Скопски |
| 3 | Југоисточен | Вардарски | Полошки | Вардарски | Вардарски |
| 4 | Источен | Источен | Источен | Североисточен | Источен |
| 5 | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Источен | Североисточен |
| 6 | Вардарски | Пелагониски | Југоисточен | Полошки | Југоисточен |
| 7 | Полошки | Југозападен | Вардарски | Југозападен | Југозападен |
| 8 | Југозападен | Југоисточен | Југозападен | Југоисточен | Полошки |

И за илустрација резултатите графички се претставени во графиконот број 1.

***Графикон број 2. Преглед на одговори на прашањето „Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (да дадете мито), по плански региони во периодот од 2013 до 2017 година***




И графичкиот приказ на податоците укажува дека одговорите на испитаниците по региони бележи тенденции на опаѓање што се должи и на опфатот на испитаници по региони. Притоа, податоците треба да се

набљудуваат како индикатори за просторната дисперзија на подмитувањето. Станува збор за сериозна општествена појава која во значителна мерка може да влијае на квалитетот на животот и на односите во општеството.

Од облиците на подмитување доминира митото исплатено во готово. Најинтензивни искуства за тоа постојат во Полошкиот Регион каде таа бројка е највисока во вкупното множество на испитаници кои се изјасниле  за тоа што дале.

# ВТОРА ГЛАВА

# ПЕРЦЕПЦИИ ЗА КОРУМПИРАНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Корупцијата,[*] несомнено, е и феномен на општеството за кој постои доминантно мислење за нејзиното постоење, рашireност и вграденост во системот. Според истражувањето спроведено во 2011 година, од Канцеларијата за борба против дрога и криминал при Обединетите нации (UNODC) и Европската комисија, луѓето во Македонија корупцијата ја набљудуваат како еден од најсериозните проблеми во општеството, веднаш по невработеноста и сиромаштијата (UNODC 2011)[30]. Расправата за корупцијата како појава во институциите е потребна за да се пронајдат облици таа да се ограничи, да се спречи и да се надмине. Притоа, важно е да се побара одговор зошто, воопшто, се јавува масовното чувство дека корупцијата постои[31]. Корупцијата е феномен во современите општества, а особено во земјите во транзиција. Тоа не значи дека порано таа не постоела, туку, станува збор за тоа дека се променети нормите и стандардите, а дотогашните норми и стандарди станале неприфатливи. Во преттранзицискиот систем постоеле многу сопирачки против личното богатење, но и против слабата концентрација на политичката моќ. Во тој период услугата не се менувала за пари, туку за влијание. Всушност, мотивот не биле парите директно, туку стравот (заканата), или желбата да се има повеќе моќ, што обезбедувало напредување на општествената скала. Во новото општество се менуваат нештата. Растат аспирациите, а парите стануваат средство за нивното постигнување. Тоа е време кога истовремената експлозија на материјалните аспирации, од една страна, и ерозијата на вредностите и нормите, од друга страна, станаа сериозна, па може да се каже и опасна комбинација. Кога на тоа ќе му се додадат и новите предизвици на приватизацијата, нелегалното богатење, денационализацијата, директните грабежи на јавните фондови, само ја зголемува и ја чини појасна претставата за нестабилните транзициски општества. На тоа може да се додаде и намалената ефикасност на

---

[*] Автор: проф. д-р Цане Т. Мојаноски

[30] Билјана Стојаноска: *Корупцијата во Македонија: битка со несоодветни средства,* Евродијалог бр.15 (2011), стр. 107;

[31] „Сегашното прашање за социолошката теорија, може да се постави на следниот начин: како е можно субјективните значења да постанат **објективни фактички состојби**?" P.L.Berger, T. Luckman, *The Social Construction of Reality,* Penguin Books, London, 1985, стр. 32.

институциите на откривање, прогонот, казнување на корупцијата, и тогаш, навистина, појавата на корупцијата и нејзината раширеност не се нешто што изненадува. Притоа, во општеството се создаде впечаток дека корупцијата е важна – не е моден хит затоа што е опасна – дека е показател за „успешноста“ на некого и на способноста да „се снајде“.

Од тој аспект особено е интересна и дистрибуцијата за тоа кои институции и дејности се најкорумпирани (види табела).

***Табела број* 25. *Оценки за степенот на корумпираност***

| | Сите испитаници | | | | | Тие што дале мито | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1 | 6,60 | 6,90 | 6,69 | 6,48 | 6,75 | 6,60 | 6,90 | 6,69 | 6,91 | 7,30 |
| 2 | 8,04 | 8,09 | 8,07 | 7,81 | 8,00 | 8,04 | 8,09 | 8,07 | 7,92 | 8,40 |
| 3 | 8,06 | 7,93 | 8,01 | 7,78 | 8,08 | 8,06 | 7,93 | 8,01 | 8,07 | 8,45 |
| 4 | 7,88 | 7,73 | 7,66 | 7,38 | 7,70 | 7,88 | 7,73 | 7,66 | 7,64 | 8,17 |
| 5 | 7,59 | 7,48 | 7,31 | 7,07 | 7,35 | 7,59 | 7,48 | 7,31 | 7,53 | 7,95 |
| 6 | 7,02 | 7,36 | 7,23 | 7,07 | 7,28 | 7,02 | 7,36 | 7,23 | 7,27 | 7,59 |
| 7 | 8,18 | 7,96 | 7,69 | 7,26 | 7,73 | 8,18 | 7,96 | 7,69 | 7,38 | 8,00 |
| 8 | 6,53 | 6,49 | 6,33 | 5,80 | 6,15 | 6,53 | 6,49 | 6,33 | 6,63 | 6,52 |
| 9 | 6,96 | 6,84 | 6,87 | 6,45 | 6,54 | 6,96 | 6,84 | 6,87 | 6,63 | 7,05 |
| 10 | 7,60 | 7,48 | 7,28 | 6,87 | 7,05 | 7,60 | 7,48 | 7,28 | 7,19 | 7,37 |
| 11 | 7,23 | 7,33 | 6,78 | 6,32 | 6,57 | 7,23 | 7,33 | 6,78 | 6,87 | 7,38 |
| 12 | 7,97 | 8,02 | 7,48 | 7,04 | 7,25 | 7,97 | 8,02 | 7,48 | 7,33 | 7,65 |
| 13 | 7,27 | 7,43 | 6,72 | 6,40 | 6,78 | 7,27 | 7,43 | 6,72 | 6,69 | 7,17 |
| 14 | 7,12 | 7,28 | 7,13 | 6,37 | 6,72 | 7,12 | 7,28 | 7,13 | 6,56 | 7,07 |
| 15 | 5,96 | 6,49 | 6,06 | 6,08 | 6,18 | 5,96 | 6,49 | 6,06 | 6,54 | 6,85 |
| 16 | 5,16 | 5,45 | 5,27 | 5,14 | 5,15 | 5,16 | 5,45 | 5,27 | 5,74 | 5,77 |
| 17 | 5,60 | 5,76 | 5,43 | 5,60 | 5,63 | 5,60 | 5,76 | 5,43 | 6,03 | 5,92 |

**Легенда:** 1.во секојдневните ситуации на граѓаните; 2.во политичките партии; 3. политичките лидери; 4. носителите на државните (управните) функции; 5. државните службеници; 6. полицајците и полициските службеници; 7. царината и царинските работници; 8. органите за денационализација; 9. продажбата на државното земјиште; 10. инспекциските органи ; 11. лекарите и здравствените работници; 12. судиите; 13. обвинителите; 14. универзитетските професори; 15. новинарите; 16. невладините организации; 17. приватните претприемачи

Настапи време за кое Диркем вели дека се доживува како период за кој „криминалитетот е нормален затоа што не е можно општество кое ќе е ослободено од него… затоа што во даденото општество за да се престане со вршење на дејства кои се прогласени за кривични, потребно ќе биде тие да станат чувства кои нас нè навредуваат …потребно е заедницата во целина поживо да ги чувствува нив. Но, ако ова чувство стане толку силно … повредите ќе бидат предмет на силна осуда која ќе придонесе некои од нив од прости морални грешки да станат кривични дела“[32].

[32] Emil Dirkem: *O normalnosti zločina*, kaj Talcot Parsons & all.: *Teorije o društvu*, Vuk Karadžić, Beograd, 1969, стр. 827;

Во приказот се претставени две групи на испитаници а) сите и б) оние што одговориле дека дале мито, односно имаат искуство дека дале мито. Оценките се формирани на тој начин што секој испитаник на графичка скала го оценувал степен на корупција 0 – нема корупција.

***Преглед број 6. Редослед на корумпираност од 2013 до 2017 година - сите испитаници***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | царината и царинските работници | во политичките партии | во политичките партии | во политичките партии | политичките лидери |
| 2. | политичките лидери | судиите | политичките лидери | политичките лидери | во политичките партии |
| 3. | во политичките партии | царината и царинските работници | царината и царинските работници | носителите на државните (управните) функции | царината и царинските работници |
| 4. | судиите | политичките лидери | Носителите на државните (управните) функции | царината и царинските работници | носителите на државните (управните) функции |
| 5. | носители на државните (управните) функции | носителите на државните (управните) функции | снднте | државните службеници | државните службеници |
| 6. | инспекциските органи | државните службеници | државните службеници | полицајците и полициските службеници | Полицајците и полициските службеници |
| 7. | државните службеници | инспекциските органи | инспекциските органи | судиите | судиите |
| 8. | обвинителите | обвинителите | полицајците и полициските службеници | инспекциските органи | инспекциските органи |
| 9. | лекарите и здравствените работници | полицајците и полициските службеници | универзитетските професори | во секојдневните ситуации на граѓаните | обвинителите |
| 10. | универзитетските професори | лекарите и здравствените работници | продажбата на државното земјиште | продажбата на државното земјиште | во секојдневните ситуации на граѓаните |
| 11. | полицајците и полициските службеници | универзитетските професори | лекарите и здравствените работници | обвинителите | универзитетските професори |
| 12. | продажбата на државното земјиште | во секојдневните ситуации на граѓаните | обвинителите | универзитетските професори | лекарите и здравствените работници |
| 13. | во секојдневните ситуации на граѓаните | продажбата на државното земјиште | во секојдневните ситуации на граѓаните | лЛекарите и здравствените работници | продажбата на државното земјиште |
| 14. | органите за денационализација | органите за денационализација | органите за денационализација | новинарите | новинарите |
| 15. | новинарите | новинарите | новинарите | органите за денационализација | органите за денационализација |
| 16. | приватните претприемачи | приватните претприемачи | приватните претприемачи | приватните претприемачи | приватните претприемачи |
| 17 | невладините организации | невладините организации | невладините организации | невладините организации | невладините организации |

---

Josip Kregar, *Deformation of Organizational Principles*, Види: D.V.Trang, *Corruption and Democracy*, D.v.Trang (ed), COLPI, Budimpešta, 1994, 47-61

Оценките се движат од 1 до 10, притоа, оценката 1 значи најмалку, а оценката 10 означува дека има највисока корупција. Оценките за степенот на корумпираноста се пондерирани по средни големини (пондерите се вредностите од 1 до 10). Може да се забележи дека редоследот на степенот на корумпираност кај двете испитувани популации покажуваат сличности и разлики, но дека отстапувањата не се дијаметрални.

Ако се погледне, кои се петте најневралгични институции, дејности или професии, според оценките на испитаниците, тогаш може да се констатира дека кај групата на сите испитаници таа вели, дека во 2013 година највисоко е оценета царината и царинските работници, а во 2014 и 2015 година тоа се политичките партии. На втората позиција во 2013 и 2015 година се политичките лидери, а судиите во 2014 година. На трето место во 2013 година се политичките партии, а во 2014 и 2015 година царината и царинските работници. На четвртата позиција во 2013 година се судиите, во 2014 политичките лидери и носителите на државни (управни) функции во 2015 година. Оваа група носители на функции во 2013 и 2014 година е петторангирана според оценките на граѓаните за нивото на корумпираност.

Ако се сумираат резултатите ќе се види дека во оценките на граѓаните нема промени во сетот на институции, професии и дејности што се оценуваат меѓу висококорумпираните, но видливо е дека постојат определени поместувања во редоследот.

И во редоследот на групата испитаници – кои одговориле на прашањето дека дале мито, нивниот ранг на нивото на корумпираност е сличен со вкупниот број на испитаници во однос на петте најкорумпирани институции, носители на функции, дејности и професии. Така, и според оваа група во 2013 година највисоко се рангирани се царината и царинските работници, а во 2014 и 2015 година тоа се политичките партии. На втората позиција во 2013 година се судиите, а во 2014 и 2015 година тоа се политичките лидери. На трето место во 2013 се рангирани политичките партии, во 2014 судиите, а во 2015 година тоа се носителите на државните (управни) функции. На четвртата позиција се носителите на државните (управни) функции, а во 2014 и 2015 година тоа се царината и царинските работници. На петтото место во 2013 година се рангирани политичките партии, во 2014 носителите на државните (управни) функции, а во 2015 година, се судиите.

Ваквите диференцијации укажуваат дека во основа и двете групи имаат исти или слични рангирања (перцепции) за нивото на корумпираност на институциите, носителите на функции, дејностите и професиите.

***Преглед број 7. Ранг според степенот на корумпираност во периодот од 2013до 2017 година – тие што дале мито***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | царината и царинските работници | во политичките партии | во политичките партии | политичките лидери | политичките лидери |
| **2.** | судиите | политичките лидери | политичките лидери | во политичките партии | во политичките партии |
| **3.** | политичките лидери | судиите | носителите на државните (управните) функции | носителите на државните (управните) функции | носителите на државните (управните) функции |
| **4.** | носителите на државните (управните) функции | царината и царинските работници | царината и царинските работници | државните службеници | царината и царинските работници |
| **5.** | во политичките партии | носителите на државните (управните) функции | судиите | царината и царинските работници | државните службеници |
| **6.** | инспекциските органи | инспекциските органи | државните службеници | судиите | судиите |
| **7.** | државните службеници | државните службеници | универзитетските професори | полицајците и полициските службеници | полицајците и полициските службеници |
| **8.** | лекарите и здравствените работници | лекарите и здравствените работници | инспекциските органи | инспекциските органи | лекарите и здравствените работници |
| **9.** | обвинителите | обвинителите | полицајците и полициските службеници | во секојдневните ситуации на граѓаните | инспекциските органи |
| **10.** | продажбата на државното земјиште | полицајците и полициските службеници | лекарите и здравствените работници | лекарите и здравствените работници | во секојдневните ситуации на граѓаните |
| **11.** | универзитетските професори | продажбата на државното земјиште | продажбата на државното земјиште | обвинителите | обвинителите |
| **12.** | полицајците и полициските службеници | универзитетските професори | во секојдневните ситуации на граѓаните | органите за денационализација | универзитетските професори |
| **13.** | во секојдневните ситуации на граѓаните | во секојдневните ситуации на граѓаните | обвинителите | продажбата на државното земјиште | продажбата на државното земјиште |
| **14.** | органите за денационализација | органите за денационализација | органите за денационализација | универзитетските професори | новинарите |
| **15.** | новинарите | новинарите | новинарите | новинарите | органите за денационализација |
| **16.** | приватните претприемачи | приватните претприемачи | приватните претприемачи | приватните претприемачи | приватните претприемачи |
| **17.** | невладините организации | невладините организации | невладините организации | невладините организации | невладините организации |

Може да се констатира определена слоевитост во перцепциите на испитаниците по години. Имено, во 2013 година, редоследот на оценките изгледал вака: (1) царината и царинските работници, (2) политичките лидери, (3) во политичките партии, (4) судиите и (5)

носителите на државните (управните) функции. Во 2014 година тој редослед има определени измени. Тие се прикажуваат на следниот начин: (1) во политичките партии, (2) судиите, (3) царината и царинските работници, (4) политичките лидери и (5) носителите на државните (управните) функции. И во 2015 година, редоследот го добива следниот облик: (1) во политичките партии, (2) политичките лидери, (3) царината и царинските работници, (4) носителите на државните (управните) функции, (5) судиите. Општа оценка е дека станува збор за релативно стабилна група на дејности кои се врзани за државата и обликувањето на општествениот живот, кои, според овластувањата и можноста да бидат носители на коруптивни активности, се наоѓаат во најизложената група, но и според овластувањата, механизмите за сузбивање и спречување на корупцијата може да се констатира дека станува збор за најповиканите и најодговорни органи и функции во организираното општество.

Од досегашната анализа можеме да констатираме дека корупцијата набљудувана како појава опфаќа повеќе аспекти меѓу кои и тоа дека таа се манифестира како:

1. Подмитување ( нудење или примање услуга, пари или некаков облик од корист, а која повратно има некоја противуправна одлука);

2. Изнуда (доаѓање до целта со употреба на сила или закана);

3. Измама (доаѓање до целта со доведување на друго лице во заблуда за со преземање на некое дејство да се нанесе штета себеси или на туѓ имот);

4. Злоупотреба на положбата (ставање на личните интереси пред јавните) и

5. Проневера (присвојување на имот или нешто слично за лична корист или корист на другиот) итн.

Или ако се послужиме со оценките на Мунгиу-Пипиди, експерт во борбата со корупција, на Балканот, значи и во Македонија, корупцијата е воспоставена норма, како начин за завршување на работите. Според ова гледиште, за корупција не се сметаат појавите за чие извршување не се бараат пари, како, на пример, што е замена за услуга, или причина да се побара услуга. Во таа смисла се смета за „нормално“ да се помине преку ред во болница, да се завршат работи во јавната администрација, да се добијат лиценци или дозволи, да се поднесат документи, па и да се запише на училиште или на факултет преку ред. Во таа смисла се и практиките да се интервенира кај професор за оценка или да се искористи услуга според дефинирани ценовници за закажување и извршување на л**екарски преглед или**

**операција, купување на оценки кај некои универзитетски** професори, или за избегнување на царинска давачка и слични услуги[33].

## *Ризикот од корупција во секојдневните ситуации на граѓанинот, политичарот, функционерот и службеникот*

Во истражувањето беше поставена батерија прашања за оценување според степенот на важност (од 1- најмалку до 7- најмногу) на ситуациите во кои граѓанинот е најмногу изложен на опасност на ризикот од корупција. Задачата на испитаникот беше да направи ранг на ставовите, според степенот на важноста, која им ја придава според скалата најмалку, односно најмногу.

Предмет на анализа се и две групи на прашања поврзани со рангирањето на степенот на изложеност на ризик од корупција на јавните службеници и претприемачите. Затоа, во истражувањето беше поставена батерија прашања за оценка (од 1- најмалку до 7 најмногу да оценат во кои ситуации граѓанинот е најмногу изложен на опасност на ризикот од корупција.

***Табела број 26. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | година кога е спроведено истражувањето: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. во ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 3,53 | 3,70 | 3,78 | 3,68 | 3,45 |
| 2. кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 3,34 | 3,66 | 3,59 | 3,61 | 3,67 |
| 3. во ситуациите кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 3,59 | 3,86 | 3,90 | 4,09 | 3,80 |
| 4. во ситуациите кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 3,83 | 3,97 | 4,03 | **4,47** | 4,54 |
| 5. во ситуациите кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 4,26 | 4,08 | **4,25** | 4,19 | 4,42 |
| 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 4,47 | 4,28 | 4,21 | 3,94 | **4,64** |
| 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | **4,98** | **4,45** | 4,24 | 4,03 | 4,00 |

[33] Билјана Стојаноска: *Корупцијата...* цит. дело.стр. 108;

И да ја поедноставиме анализата нив ќе ги прикажеме во следниот преглед:

***Преглед број 8. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција? - Ранг на изложеност на граѓанинот на корупција***

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| **најмногу** | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит |
| | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа |
| | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит. | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата |
| | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа. | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа. | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа. | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) |
| **најмалку** | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура. | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура. | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура. | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит. | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура. |
| | 1. во ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1. во ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 2. во ситуации Кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата |
| | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата. | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата. | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата. | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата. | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични). |

Според перцепциите на граѓаните оценките за првите три најизложени ситуации изгледаат вака: на прво место со највисок ранг се во 2013 година „во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции), во 2014 и 2015 година се „ситуациите кога бара работа (вработување) и при

напредување на  работа. Втора ситуација за изложеност на ризик во 2013 година е „кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата, во 2014 и 2015 година „во ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични)“. Трета ситуација по ранг во 2013 година е „ ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит“, а во 2014 и во 2015 година „ситуациите кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата“. И четврторангирана ситуација во 2013 година е „ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични)“, во 2014 и во 2015 година во ситуациите „кога пред органите на јавна управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата“. Понудениот преглед укажува дека  граѓаните во 2013 и 2014 година најизложени биле на корупција во остварувањето на правото на здравствено осигурување. Во 2015 година „кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата“, во 2016 година „кога бара работа (вработување) и при напредување на  работа“ и во 2017 година  „кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит“. Интересно е да се забележи дека на второ место во 2013 и 2014 година се  ситуациите „кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит“, во 2015 година ситуациите „за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции), во  2016 година ситуациите „кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата и во 2017 година во ситуациите „кога бара работа (вработување) и при напредување на  работа“.

И наједноставната анализа упатува на заклучокот дека степенот на изложеност на ризик од корупција, најчесто е поврзан со ситуациите во кои лицата се упатени на институциите каде треба да остварат некоја услуга или да задоволат некоја потреба.

Во истражувањето поврзано со ставовите на граѓаните на Република Македонија во петте години највисоко рангиран е ставот дека приватниот сектор најчесто е изложен на ризик од корупција во „ситуациите кога се применуваат двојни стандарди при обавувањето на дејности во однос на роднините и пријателите“. На второ место има осцилации од година во година.

Какви се оценките на граѓаните за изложеноста на политичарот. Беше побарано да извршат рангирање според степенот на значење на ситуациите и тоа со 1 се означуваат оние ситуации каде има најмалку изложеност и со 7 ситуациите каде таа изложеност е највисока.

***Табела број 27. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?-*** (пондерирани аритметички средини)

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | 3,03 | 3,03 | 2,95 | 3,14 | 3,33 |
| 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | 3,23 | 3,07 | 3,13 | 3,19 | 3,48 |
| 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | 3,65 | 3,68 | 3,64 | 3,79 | 3,77 |
| 4.во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | 3,35 | 3,29 | 3,31 | 3,37 | 3,48 |
| 5. при учество во комисии, особено за јавни набавки | 3,23 | 3,06 | 3,12 | 2,98 | 3,12 |

Рангирањето е извршено со примената на пондерирана аритметичка средина. Таа овозможува да е просечна оценката на индивидуалните оценки на испитаниците за ситуациите во кои политичарот е изложен, но и за степенот на неговата изложеност на корупција. Неподелена е оценката на испитаниците дека политичарот е најизложен на ризик на корупција во ситуациите кога ги придобива избирачите. Значи, во изборниот период посебно водењето на изборната кампања, која е богата со „политички фолклор“ и шарени карневалски поворки, политичарот се наоѓа во ситуација да западне во некој од облиците на корупција. Оваа оценка е посебно значајна затоа што за време на изборната кампања и по изборите остануваат бројни дилеми околу висината и начинот на покривање на трошоците од изборната кампања, начинот на ангажирање на значителни средства. „Партиските ’машини’ во основа, се потпираат врз функционирањето на густата мрежа лични односи. Егзистенцијата на партиската ’машина’, зависи од нејзината способност да ги контролира гласовите. Оваа контрола на гласовите е можна затоа што избирачите ѝ придаваат помало значење на вредноста на своите гласови отколку на она што ’машината’, може да им понуди во замена за нив. Некогаш гласовите се разменуваат за ’пријателства’, некогаш за материјални добра. ’Машината’, мора да биде во состојба да купи онолку гласови колку што ѝ се потребни. Локалните партиски шефови кои се занимаваат со овие работи, две вечери неделно им се посветуваат на своите клиенти и цело време се со избирачите – а особено интензивно неколку дена пред изборите. Тие вршат расподелба на патронатот, на услугите и им даваат заштита на оние кои тоа го заслужиле. Некогаш, овие ’лидери’, продаваат и незаконити привилегии, овозможувајќи заштита за незаконити работи, како што се коцката, проституцијата и слично. Овие

деловни аранжмани некогаш имаат облик на ’чесна уцена’ а некогаш облик на ’голо подмитување’[34]“.

***Преглед број 9. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) |
| 2. | 4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | 4.во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | 4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | 4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) |
| 3. | 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | 4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист |
| 4. | 5. при учество во комисии, особено за јавни набавки | 5. при учество во комисии, особено за јавни набавки | 5.при учество во комисии, особено за јавни набавки | 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | 1.во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) |
| 5 | 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | 5.при учество во комисии, особено за јавни набавки | 5. при учество во комисии, особено за јавни набавки |

Редоследот на ситуациите во периодот од 2013 до 2016 година е можното „користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист“, а во 2017 година испитаниците оцениле дека тоа се ситуациите кога има „политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери)“. Оваа ситуација е на третата позиција во годините од 2013 до 2016 година. Единствено поместување во редоследот се случува во 2017 година кога испитаниците оценуваат дека тоа се ситуациите на можното „користење на политичкото

[34] Мојаноски, Цане Т. *Политичката партија во изборниот процес – положба и надлежност.* Том V, во *Реформата на институциите и нејзиното значење за Република Македонија*, уредил Владо Камбовски, Борче Давитковски и Гордана Силјановска-Давкова, 407-430. Скопје: МАНУ, 2009, стр. 419-420.

влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист".

Испитаниците проценуваа каков е степенот на изложеност на политичарот во следните пет ситуации: „1. Во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари)"; „2. При политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери)"; „3. Во ситуации на избори (за придобивање на избирачите)"; „4. Во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист" и „5. При учество во комисии, особено за јавни набавки".

Од понудените пет опции, според испитаниците во сите политичарите се најизложени на корупција „во ситуациите на избори (за придобивање на избирачите)". Пондерираните аритметички средини покажуваат дека изминатите пет години граѓаните, учесници во истражувањето имаат усогласен став дека тоа се ситуациите за придобивање наклонетост на изборите. Всушност, детектираат дека присутна е изборната корупција. На второ место, во сите години е „4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист". Оценките покажуваат дека тие се нешто пониски, но се особено високи затоа што од пет можни ситуации, тие надминуваат вредност од повеќе од три и третина, до половина, што на еден или друг начин утврдува дека граѓаните имаат општа перцепција дека моќта изразена како политичко влијание е една од претпоставките за остварувањето на материјална и друга лична корист.

Врз основа на досегашното излагање можеме да оцениме дека, речиси, проценките на испитаниците се исти од година во година околу можните ситуации во кои политичарот се наоѓа во ризик од корупција. Таквите оценки упатуваат на можниот заклучок според кој политичкиот живот и искуството на испитаниците евидентирало поведенија преку кои ги идентификуваат ситуациите во кои политичарот е изложен на ризик од корупција.

Од испитаниците беше побарано да извршат рангирање на ситуациите на изложеност на ризик од корупција на носителите на државните (управни) функции. Притоа, беше понуден сет од четири ситуации. Одговорите во форма на просеци (пондерирани аритметички средини) се дадени во следната табела.

***Табела број 28. Според ваше мислење во која од следните ситуации НОСИТЕЛОТ НА ДРЖАВНА (УПРАВНА) ФУНКЦИЈА најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во управната постапка, во ситуации кога се решава за редовни управни работи; | 2,26 | 2,28 | 2,29 | 2,33 | 2,53 |
| 2. во управната постапка, во ситуации при решавање на управните спорови; | 2,57 | 2,52 | 2,54 | 2,59 | 1,89 |
| 3. при реализација на јавните набавки; | **2,99** | **2,89** | **2,89** | **2,86** | **2,84** |
| 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите. | 2,75 | 2,65 | 2,67 | 2,70 | 2,80 |

Во определувањето на редоследот на испитаниците за степенот на изложеност на носителот на државна функција на ризик од корупција од можните четири оценки доминираат оние кои укажуваат дека тие се најизложени на овој ризик при реализација на јавните набавки. Јавните набавки се активност која во медиумите предизвикуваат интерес и укажуваат на некои од состојбите. Така, во Извештајот се наведува дека „во 2016 година се склучени 605 договори за јавна набавка без објавување оглас, во вкупна вредност од 34,8 милиони евра. Вредноста на овие договори е за 20 % повисока од вредноста на договорите во 2015 година“[35].

Од понудената дистрибуција, речиси е изедначена оценката на испитаниците во петте години од истражувањето дека носители на државни и управни функции најизложени на ризик од корупција се во ситуациите поврзани со „реализација на јавните набавки“. Потоа, следат ситуациите поврзани со „службено постапување кон роднините и пријателите“. Податоците упатуваат дека во современи услови, кога постои економска стагнација, висока невработеност и во ситуациите кога државата (посебно државните органи, значи и нивните носители) се најзначајниот стопански субјект, кој преку разни проекти за чија реализација се спроведуваат тендерски постапки, објективно стануваат ситуации во кои се зголемува ризикот од појавата на корумпираност. Но, поседувањето на функциите, несомнено значи и поседување на моќ која се огледа во постапувањето при решавање на барања на роднини и пријатели, што е индикатор за нееднаквоста на граѓаните во постапките пред државните органи.

[35] Извештај од мониторингот на јавните набавки во Република Македонија - Извештај број 28 (јули декември 2016; Центар за граѓански комуникации http://www.ccc.org.mk/images/stories/i28mm.pdf [пристапено на 16.12.2017], стр.21;

***Преглед број 10. Според ваше мислење во која од следните ситуации НОСИТЕЛОТ НА ДРЖАВНА (УПРАВНА) ФУНКЦИЈА најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| ранг | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 3. при реализација на јавните набавки; | 3. при реализација на јавните набавки; | 3. при реализација на јавните набавки; | 3. при реализација на јавните набавки; | 3. при реализација на јавните набавки; |
| 2. | 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите; | 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите; | 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите; | 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите; | 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите; |
| 3. | 2. во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови; | 2. во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови; | 2. во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови; | 2. во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови; | 1. во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни работи; |
| 4. | 1. во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни работи. | 1. во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни работи. | 1. во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни работи. | 1. во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни работи. | 2. во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови. |

Втората ситуација во која носителот на државната (управната) функција е изложен на корупција се ситуациите „на службено постапување кон роднините и пријателите“. На таквите заклучоци упатуваат некои од состојбите во македонското општество, како, на пример, да го наведе податокот дека „речиси секој трет тендер е со еден понудувач. Ваквата состојба во 2016 година е последица, пред сѐ, на малата конкуренција евидентирана во првото полугодие од минатата година. Во второто полугодие е забележан раст, но, сепак, недоволен“. Или информацијата дека „во листата на договори склучени преку оваа нетранспарентна постапка се наоѓаат и 19 договори на Министерството за образование и наука за откуп на учебници за основно и средно образование и дополнителен дидактички и работен материјал за

адаптираните учебници од странство за учебната 2016/2017 година, во вкупна вредност од околу 10 милиони евра.[36]"

Во контекстот на дебатата за изложеноста на степенот на ризик од корупција беа проверувани ситуациите во кои службеникот, како носител на работни обврски, во органите може да биде изложен на ризик од корупција. Слични се оценките за степенот на изложеност на службеникот од ризик на корупција во управната постапка. На испитаниците им беа понудени четири можности да ги рангираат според редоследот на изложеност на корупција „најмногу најмалку" ситуациите дадени во следната табела.

***Табела број* 29. *Според ваше мислење во која од следните ситуации СЛУЖБЕНИКОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | година кога е спроведено истражувањето: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни ствари; | 2,24 | 2,17 | 2,28 | 2,29 | 2,54 |
| 2. во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови; | 2,56 | 2,43 | 2,52 | 2,53 | 2,63 |
| 3. при реализацијата на јавните набавки; | **2,94** | 2,85 | **2,89** | 2,77 | **2,84** |
| 4. во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите. | 2,79 | **2,92** | 2,65 | **2,82** | 2,76 |

Оценките на испитаниците во 2013, 2015 и 2017 година се дека службеникот, како носител на работни задачи во државната организација, исто така, е изложен на ризик во ситуациите „при реализацијата на јавните набавки", а во 2014 и 2016 година оцениле дека најизложени на ризик од корупција се „во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите". Може да се констатира дека во перцепцијата на граѓаните постои определен степен на согласност за изложеноста на ризик на носителите на државни и управни функции и на вработените како службеници.

Според оценките на испитаниците, најизложени на корупција се службениците „при реализација на јавните набавки". Такви оценки изградиле испитаниците во 2013, 2015 и 2017 година. Испитаниците во истражувањата спроведени во 2014 и 2016 година најсериозна закана за коруптивни активности кај службениците согледуваат во ситуациите на „службено постапување кон роднините и пријателите".

Специфично во оценувањето на ситуациите за ризик од корупција кај службениците е оценката „во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови". Имено, секоја година оваа ситуација

[36] Ibidem ... стр.4 и стр. 22;

ја рангирале на второто место, веднаш по некоја од оценките кои ги оцениле како најризични.

Од понудената содржина во Прегледот може да се констатира дека една од погодните ситуации која го зголемува ризикот од корумпирање се и ситуациите кога се настојува да се заобиколи правната процедура или да се оствари определено право надвор од утврдената процедура.

Во истражувањето беше понудена скала од седум ставови кои требаше испитаниците да ја рангираат според степенот на опасност и можностите за корупција кај приватниот сектор. Ова особено е важно затоа што македонското општество, нема позначајна традиција со претприемништвото и што зад транзициските процеси на промена на сопственоста медиумски беа третирани приватизациски процеси и беа доведувани во фокусот на борбата против корупцијата, што како владина политика и ориентација беше медиумски експонирана со постапки во кои не беше обезбедена презумцијата на невиност, со употреба на полициски сили и други активности што го сочинуваа „политичкиот фолклор" во борбата со корупцијата.

***Табела број* 30. *Според ваше мислење во која од следните ситуации ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (приватникот) најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во управната постапка, во ситуациите на исполнување на законските услови за занимавање со дејноста за која е основан; | 3,21 | 3,15 | 3,21 | 3,24 | 3,46 |
| 2. во ситуации на подмирување на обврските кон државата, а произлегуваат од дејноста (плаќање на данок, такси и слично); | 3,79 | 3,56 | 3,71 | 3,71 | 3,80 |
| 3. во ситуации на обезбедување на конкурентска предност кај обавувањето на дејностите; | 3,69 | 3,45 | 3,58 | 3,66 | 3,72 |
| 4. во ситуации на добивање на тендери; | 4,49 | 4,45 | 4,46 | 4,64 | 4,49 |
| 5. во ситуации на придобивање на клиентите (муштериите) при извршувањето на дејноста; | 3,69 | 3,59 | 3,59 | 3,57 | 3,69 |
| 6. во ситуации кога се применуваат двојни стандарди при обавувањето на дејности во однос на роднините и пријателите. | 3,53 | 3,52 | 3,35 | 3,35 | 3,57 |

На прашањето „во која од следните ситуации приватниот сектор (приватникот) најмногу е изложен на ризикот од корупција", одговорите во изминатите години се со единствена оценка „во ситуации на добивање на тендери". Оваа оценка е во тесна врска со оценките за изложеноста на ризик на корупција на носителот на државна (управна) функција, што укажува на испреплетеноста на интересите во оваа

сфера. Исто така, треба да се укаже дека испитаниците освен во 2014 година, секоја година оценувале дека ситуациите „на подмирување на обврските кон државата, а произлегуваат од дејноста (плаќање на данок, такси и слично)“, се сериозен ризик за појавата на корупција. Ако овие податоци ги поврземе со оценките за степенот на злоупотребата на овластувањата, степенот на корумпираност при посредувањето и другите батерии на оценки, тогаш логично може да се изведе констатацијата дека во оценките на испитаниците за положбата на претприемачите во односите со државните и други органи и служби, објективно постои опасност од ризик од корупција.

Третата по ранг ситуација која е особено ризична за корупција на претприемачите, според оценките на испитаниците во 2013, 2016 и 2017 година се „ситуациите на обезбедување на конкурентска предност кај обавувањето на дејностите“. Во 2014 година тоа се „ситуациите на подмирување на обврските кон државата, а произлегуваат од дејноста (плаќање на данок, такси и слично)“, а во 2015 година се „ситуации на придобивање на клиентите (муштериите) при извршувањето на дејноста“.

Досегашната расправа укажува дека испитаниците го перципираат современото општество како неотпорно на разните облици на непочитување на правните и моралните норми. Тоа особено може да се согледа преку оценките на ситуациите во кои се наоѓаат носителите на државни и јавни функции, а непосредно одлучуваат за остварувањето на правата на граѓаните утврдени со нормативните акти. Тие, исто така, индицираат на претставите за моралните капацитети, особено правната свест како потпора на моралната и обичајната норма, посебно на нормите на чесност, скромност и правичност. Потрошувачкиот менталитет, губењето на границите на доброто и пожелното, на чесното и корисното, стануваат составен дел на живеењето. Токму затоа се чини за неопходно да се истакне дека е потребно донесување на општествена програма и поведување на општествена акција во која ќе се подигнува јавната свест, ќе се гради моралниот кодекс и ќе се развива свест за доброто и солидарноста. Овде треба да укажеме дека медиумските кампањи можат да имаат ефект, но тоа е недоволно и краткотрајно. Неопходни се организирани, осмислени и на долг рок водени координирани активности за јакнење на моралот и довербата.

## ***Како да се разоткрие и спречи корупцијата?***

Во продолжение ќе претставиме две дистрибуции поврзани со оценките на испитаниците за тоа како може да се разоткрие и како може да се спречи корупцијата? На првото прашање за тоа како, според нивно мислење, може да се разоткрие корупцијата, просечните оценки со години се дадени во продолжение.

***Табела број* 31. *Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ (РАЗОТКРИЕ) корупцијата?***

| | година кога е спроведено истражувањето: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. со пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот) со познат идентитет; | 3,84 | 3,79 | 4,19 | 3,81 | 4,19 |
| 2. со анонимно пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот); | 4,29 | 4,26 | 4,49 | 4,34 | 4,49 |
| 3. со инспекциски надзор на управните органи; | 4,54 | **4,74** | 4,60 | 4,36 | 4,60 |
| 4. со работа на надлежните органи и институции што се занимаваат со борба против корупцијата; | **4,76** | 4,71 | 4,80 | **4,64** | 4,80 |
| 5. со оперативно-тактички мерки и истражни дејства на органите кои го спроведуваат законот; | 4,65 | 4,30 | **4,85** | 4,58 | **4,85** |
| 6. со посебни истражни мерки за откривање на корупцијата; | 4,73 | 4,47 | 4,75 | 4,59 | 4,75 |
| 7. со помош на медиумите. | 3,81 | 3,62 | 3,96 | 3,61 | 3,96 |

Од понудената дистрибуција можеме да констатираме дека испитаниците во 2013 и 2016 година сметале дека разоткривањето е резултанта на работа на „надлежните органи и институции што се занимаваат со борба против корупцијата“, во 2015 и 2017 година дека тоа може да се постигне „со оперативно-тактички мерки и истражни дејства на органите кои го спроведуваат законот“ и во 2014 година „со инспекциски надзор на управните органи“. Од резултатите можеме да констатираме дека испитаниците, на различни начини го перципираат начинот на разоткривањето на корупцијата. Во целина, дистрибуциите покажуваат релативно високи оценки на испитаниците за начинот на разоткривањето на корупцијата. Ако се има предвид дека оценките се во распонот од 1 до 7, речиси и нема оценка која е помала од половина од нив. Сите тие покажуваат резултат повисоки од половина на вкупната оценка, што укажува дека во структурата на одговорите испитаниците покажуваат сенс за разликите и ефикасноста на средствата за разоткривање на корупцијата.

***Табела број* 32. *Според ваше мислење како може да се СПРЕЧИ корупцијата?***

| | година кога е спроведено истражувањето: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. со развој и примена на стратегии на борба против корупцијата, со воспоставување и дејствување на антикорупциските тела и слично; | 4,73 | 4,83 | **5,87** | 4,69 | 5,17 |
| 2. со усогласување на националното законодавство со меѓународните документи посветени на сузбивање на корупцијата; | 4,52 | 4,42 | 5,05 | 4,37 | 4,85 |
| 3. со построго казнување на сторителите на кривичните дела од областа на корупцијата; | **5,76** | **5,60** | 5,04 | **5,70** | **6,00** |
| 4. со давање на поголеми овластувања на органите што го спроведуваат законот за превентивно дејствување против корупцијата; | 5,13 | 5,04 | 4,71 | 4,99 | 5,28 |
| 5. со едукација на населението; | 4,30 | 4,08 | 4,66 | 4,32 | 4,46 |
| 6. со намалување на корупцискиот ризик преку елиминирање на на ситуациите и можностите функционерите и државните службеници да се најдат во состојба да бидат корумпирани; | 4,90 | 4,62 | 4,55 | 4,54 | 4,77 |
| 7. со донесување и спроведување на антикорупциски кодекс наменет за функционерите и државните службеници; | 4,78 | 4,56 | 4,39 | 4,39 | 4,62 |
| 8. со адекватна примена на законодавството. | 5,29 | 5,13 | 4,15 | 5,06 | 5,16 |

Перцепциите на граѓаните во четирите години со исклучок на 2015 година, покажуваат издиференцирана свест дека веруваат во казнувањето и строгата казнена политика, па највисоко го рангираат ставот „со построго казнување на сторителите на кривичните дела од областа на корупцијата“. Поинаков е ставот на испитаниците каде доминантно се определуваат за спречување на корупцијата „со развој и примена на стратегии на борба против корупцијата, со воспоставување и дејствување на антикорупциските тела и слично“.

## *Корупцијата низ групите индикатори*

При барањето на одговори за корупцијата, причините за појавувањето, рашireноста, облиците на манифестација и последиците што ги има во социјалниот и друг живот на граѓаните се бараат и во факторите кои ја условуваат неа. Ова прашање е особено сложено. Тоа е предмет на расправа во бројни теоретски концепти[37]. Во натамошната

[37] Klinke, S., Mihoci, A., Härdle, W. 2012 *Exploratory factor analysis in mplus, r and SPSS*; стр. 4-6;

анализа ќе се обидеме, со анализа на батерија на прашања од анкетата, да провериме, дали можат да се групираат подрачјата на корумпираност и дали тие можат да се идентификуваат како обележја[38]? Употребата на поимот обележје е друго име за фактор. Тој, пак, асоцира на движечка сила или услов за некој процес или појава. Тој во математиката се подразбира како секој број што се множи (мултипликантот и мултипликаторот се фактори), значи и технички раководител во печатница, но и во секојдневниот говор се употребува како силна, моќна, влијателна личност што посредува во некои работи, агент; личност што донесува важни одлуки. Оттаму, дали групните оценки за степенот на корумпираност на одделни подрачја или професии може да се групираат во групи и оттаму да се извлекуваат заклучоци дека станува збор за појави кои ги мултиплицираат состојбите? Одговорот на овие дилеми се бара преку анализа на податоците. Имено, основата за разговор содржи батерија од 19 прашања со молба, на графичка скала, да го оценат степенот на корупција. На граѓанинот му беше поставувано прашање: „**38. Оценете го нивото на корупција кај инспекциските органи** (Оценете на следниов начин: од 0 - нема до 10 - најмногу. Заокружете една оценка.)“

Овде варира група од 17 ставови со чија помош се оценува степенот на корупција кај определени институции во земјата. На почетокот со помош на аналитичката алатка - Кромбаховиот алфа-коефициент, се утврдува валидноста на инструментот на мерење на ставовите на граѓаните[39]. Во следната табела се прикажани вредностите на Кромбаховиот алфа-коефициент. Од табелата Reliability Statistics може да се констатира дека вредноста на Кромбаховиот алфа-коефициент во 2013 година е 0,864, во 2014 е 0,860 и во 2015 е 0,883. Вредноста на овие три коефициенти е висока (секој одделно покажува висока вредност) и според практиката во истражувањето на ставовите се смета дека е доволен показател да се констатира дека постои поврзаност меѓу споредуваните варијабли и дека тие сочинуваат компоненти на единствен скор[40].

---

http://www.stat.auckland.ac.nz/~iase/publications/icots8/ICOTS8_4F4_KLINKE.pdf, URL, [пристапено на 22.06.2012]

[38] Walter-Roberts P. F. 2012. *Determining the Валиден ity and reliability of the cultural awareness and beliefs inventory*: (A.Dissertation); pp.78-86; http://repository.tamu.edu/bitstream/handle/1969.1/6013/etd-tamu-2007A-EDCI-WalterR.pdf?sequence=1, URL [пристапено на 22.6.2012], стр. 78-80;

[39] Bonacin, D., Smajlović, N.,2007 *Faktorska analiza nekih kinematičkih parametara završnih faza bacanja koplja*; Acta Kinesiologica 1; pp. 58-63;

[40] Цане Т. Мојаноски, Марина Малиш-Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска: *Мислењето на граѓаните на Република Македонија за корупцијата*, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, стр.63;

Во анализата се користени прашањата во кои од испитаниците се бара: „Оценете го нивото на корупција: 19. во секојдневните ситуации на граѓаните , 20. во политичките партии; 21. кај политичките лидери; 22. кај носителите на државните (управните) функции; 23. кај државните службеници; 24. кај полицајците и полициските службеници; 25. кај царината и царинските работници; 26. кај органите за денационализација; 27. кај продажбата на државното земјиште; 28. кај инспекциските органи; 29. кај лекарите и здравствените работници; 30. кај судиите; 31. кај обвинителите; 32. кај универзитетските професори; 33. кај новинарите; 34. кај невладините организации и 35. кај приватните претприемачи (сопственици)“.

Добиените податоци во истражувањето се обработени компјутерски во статистичкиот пакет SPSS, при што за сите варијабли се пресметани основните статистички показатели: аритметичка средина (Mean), стандардна девијација (Std.Dev.), минимален резултат (Min.), максимален резултат (Max.), коефициент на варијабилност (Variance), симетричност (Skewness) и заобленост (Kurtosis). Нормалноста на дистрибуцијата е тестирана со Колмогоров – Смирнов Z тест.

Поврзаноста на применетите варијабли е утврдена со Пирсоновиот коефициент на корелација (R). За утврдување на оправданоста на примената на факторската анализа е пресметан Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy (KMO) кој во 2013 година изнесува 0,883, во 2014 0,862 и во 2015 година 0,882. Бидејќи станува збор за високи вредности може да се констатира дека може да се примени аналитичката постапка - факторска анализа и да се погледне степенот на заситеност на определени варијабли[41]. Слични индикации можат да се констатираат и кај Bartlett's Test of Sphericity test чија вредност е 653,858 во 2013 и 2015 година и 5.813,713 во 2014 година.

***Табела број* 33. *KMO and Bartlett's Test 2013-2017 година***

| | | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | | **0,88** | **0,86** | **0,88** | **0,93** | **0,92** |
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 6533,86 | 5813,71 | 8307,30 | 8307,30 | 8627,72 |
| | df | 136 | 136 | 136 | 136 | 136 |
| | Sig. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |

Вредноста на овој тест е значајна, затоа што тој значително е повисок од вредноста на *p* (p=0,001). Во пресметката таа вредност на *p*

[41] Лаловић Д. 2005. *Корелационо-факторска истраживања вербалне способности*; стр. 8-11; Зборник Института за педагошка истраживања; Београд; Година XXXVII; No. 1; стр.8-11;

износува Sig.0,000 за секоја година одделно. Затоа, **може да се констатира дека** пресметката на **факторската анализа е оправдана**, односно може да се примени како аналитичка постапка[42].

За оправданоста на таквиот став укажува графичката аналитичка постапка (поради просторот нив ги приложуваме во прилог) – Scree plot[43].

***Слика број 1 Scree plot - сите испитаници***

| 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
|  |  |  |



| 2016 | 2017 |
|---|---|
|  |  |



За факторизација на матрицата на интеркорелации и утврдувањето на латентните структури во истражуваниот простор применет е Хотелинговиот метод на главните компоненти (H), за утврдување на бројот за значајните главни компоненти применет е Каисер-Гутмановиот критериум, а за трансформација на значајните главни компоненти (во ортогоналната и косата ротација) се добиваат наједноставни структури со примена на ортогоналната Варимакс ротација.

Во натамошната постапка матрицата на интеркорелации е факторизирана со помош на Хотелинговиот метод на главни компоненти, а бројот на значајните главни компоненти е утврден во согласност со Каисер-Гутмановите критериуми. Од истражувачките

[42]Цане Т. Мојаноски: Методологија на безбедносните науки – аналитички постапки, Книга III; Скопје, 2013, стр. 567;
[43]*Ibidem...* стр. 67;

резултати во 2013 година (табела број 6) може да се констатира дека системот на ставови формира четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **58,36** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на применетиот систем и учествува со 35,271 %, втората главна компонента со 9,576 %, третата главна компонента со 7,303 % и четврта главна компонента со 6,215 %.

***Табела број 34. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2013 година - Total Variance Explained***

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % |
| 1 | 6,00 | 35,27 | 35,27 | 6,00 | 35,27 | 35,27 | 2,96 | 17,41 | 17,41 |
| 2 | 1,63 | 9,58 | 44,85 | 1,63 | 9,58 | 44,85 | 2,47 | 14,54 | 31,95 |
| 3 | 1,24 | 7,30 | 52,15 | 1,24 | 7,30 | 52,15 | 2,40 | 14,14 | 46,09 |
| 4 | 1,06 | 6,22 | **58,37** | 1,06 | 6,22 | 58,37 | 2,09 | 12,28 | 58,37 |
| 5 | 0,86 | 5,06 | 63,43 | | | | | | |
| 6 | 0,76 | 4,48 | 67,91 | | | | | | |
| 17 | 0,27 | 1,60 | 100,00 | | | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Од истражувачките резултати во 2014 година (следната табела) може да се констатира дека системот на ставови формира четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **58,36** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на применетиот систем и учествува со 35,27 %, втората главна компонента со 9,58 %, третата главна компонента со 7,30 % и четвртата главна компонента со 6,22 %.

***Табела број 35. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2014 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained***

| | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % |
| 1 | 5,47 | 32,17 | 32,17 | 5,47 | 32,17 | 32,17 | 2,88 | 16,94 | 16,94 |
| 2 | 1,89 | 11,14 | 43,30 | 1,89 | 11,14 | 43,30 | 2,48 | 14,59 | 31,53 |
| 3 | 1,26 | 7,43 | 50,73 | 1,26 | 7,43 | 50,73 | 2,26 | 13,32 | 44,85 |
| 4 | 1,16 | 6,81 | **57,54** | **1,16** | **6,81** | **57,54** | **2,16** | **12,69** | **57,54** |
| 17 | 0,30 | 1,74 | 100,00 | | | | | | |

И кај истражувачките резултати во 2015 година (следна табела) може да се констатира дека системот на ставови формира четири

значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **59,71** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на применетиот систем и учествува со 36,10 %, втората главна компонента со 9,26 %, третата главна компонента со 8,03 % и четврта главна компонента со 6,29 %.

***Табела број* 36. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2015 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained 2015***

| Component | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % |
| 1 | 6,14 | 36,10 | 36,10 | 3,18 | 18,68 | 18,68 |
| 2 | 1,58 | 9,30 | 45,39 | 2,66 | 15,62 | 34,31 |
| 3 | 1,37 | 8,03 | 53,42 | 2,18 | 12,82 | 47,12 |
| 4 | 1,07 | 6,29 | **59,71** | **2,14** | **12,59** | **59,71** |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Истражувачките резултати во 2016 година (следната табела) укажуваат дека ротацијата на ставовите филтрира четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **63,62** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на применетиот систем и учествува со 43,70 %, втората главна компонента со 8,49 %, третата главна компонента со 6,27 % и четвртата главна компонента со 5,16 %.

***Табела број* 37. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2016 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained 2016***

**Total Variance Explained**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % |
| 1 | 7,43 | 43,70 | 43,70 | 7,43 | 43,70 | 43,70 | 3,03 | 17,83 | 17,83 |
| 2 | 1,44 | 8,49 | 52,19 | 1,44 | 8,49 | 52,19 | 2,77 | 16,29 | 34,12 |
| 3 | 1,07 | 6,27 | 58,46 | 1,07 | 6,27 | 58,46 | 2,56 | 15,06 | 49,18 |
| 4 | 0,88 | 5,16 | **63,62** | 0,88 | 5,16 | **63,62** | **2,46** | **14,45** | **63,62** |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

И во 2017 година (следна табела) како и во претходните четири години оваа група ставови покажува заситеност на четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **63,94** %. Највисока заситеност со 42,78 % е забележано кај првата главна компонента, таа и го објаснува најголемиот процент на

применетиот систем, втората главна компонента со 9,70 %, третата главна компонента со 6,50 % и четвртата главна компонента со 5,91 %.

***Табела број* 38. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2017 година - Total Variance Explained - Total Variance Explained 2017***

| | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Component | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % |
| 1 | 7,27 | 42,78 | 42,78 | 7,27 | 42,78 | 42,78 | 3,26 | 19,15 | 19,15 |
| 2 | 1,65 | 9,70 | 52,48 | 1,65 | 9,70 | 52,48 | 2,73 | 16,07 | 35,22 |
| 3 | 1,11 | 6,55 | 59,03 | 1,11 | 6,55 | 59,03 | 2,55 | 15,00 | 50,22 |
| 4 | 1,01 | 5,91 | **64,94** | 1,01 | 5,91 | **64,94** | 2,50 | 14,72 | 64,94 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

Врз основа на ортогоналната ротација на податоците може да се забележи стабилност и непроменливост на екстрахираните латентни фактори независно од применетата постапка за редукција, при што, по косата ротација на варијаблите, добиени се нешто почисти фактори.

***Табела број* 39. *Варимакс ротација на оценките за степенот на корумпираност на одделни подрачја во Република Македонија во 2013-2017 година - Rotated Component Matrix*[a] *- сите испитаници***

| | **2013** | | | | **2014** | | | | **2015** | | | | **2016** | | | | **2017** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Component | | | | Component | | | | Component | | | | Component | | | | Component | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 19 | **,60** | | | | | **,53** | | | **,51** | | | | **,57** | | ,36 | | **,59** | | | |
| 20 | **,80** | | | | | **,86** | | | **,83** | | | | **,83** | | | | **,86** | | | |
| 21 | **,79** | | | | | **,81** | | | **,82** | | | | **,8** | | | | **,83** | | | |
| 22 | **,65** | | | | ,37 | **,62** | | | **,75** | | | ,31 | **,61** | ,53 | | | **,75** | ,33 | | |
| 23 | **,61** | ,32 | | | ,47 | **,41** | | | **,65** | | | ,31 | ,46 | **,64** | | | ,58 | ,39 | | |
| 24 | ,36 | **,64** | | | **,6** | | ,32 | | ,38 | ,41 | | | | **,80** | | | ,31 | **,57** | | |
| 25 | ,35 | **,57** | | | **,7** | | ,30 | | | ,43 | | **,52** | | **,69** | | | ,31 | **,57** | | ,37 |
| 26 | | **,72** | | | **,74** | | | ,34 | | | | **,72** | | ,39 | ,32 | **,6** | | **,77** | | |
| 27 | | **,70** | | | **,69** | | | ,40 | | | | **,79** | | | | **,77** | | **,78** | | |
| 28 | | **,53** | ,43 | | **,62** | | ,31 | | | ,48 | | **,55** | | ,34 | | **,69** | | ,53 | | **,57** |
| 29 | | | **,58** | | | | **,61** | | | **,65** | | | | ,5 | | ,37 | | ,30 | ,39 | **,53** |
| 30 | | | **,84** | | | | **,76** | | | **,77** | | | ,53 | | | ,53 | | | | **,84** |
| 31 | | | **,75** | | | | **,71** | | | **,70** | | | ,46 | | ,38 | ,47 | ,30 | | | **,74** |
| 32 | | | **,47** | ,35 | | | **,55** | ,31 | | **,57** | ,34 | | | ,44 | ,51 | | | | ,49 | ,38 |
| 33 | | | | ,67 | | | | **,74** | | | **,71** | | | | **,73** | | | | **,71** | |
| 34 | | | | **,82** | | | | **,83** | | | **,81** | | | | **,79** | | | | **,82** | |
| 35 | | | | **,76** | | | | **,67** | | | **,76** | | | | **,71** | | | | **,78** | |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization. a. Rotation converged in 6 iterations.
**Легенда**: 19. во секојдневните ситуации на граѓаните; 20. во политичките партии; 21. кај политичките лидери; 22. кај носителите на државните (управните) функции; 23. кај државните службеници; 24. кај полицајците и полициските службеници; 25. кај царината и царинските работници; 26. кај органите за денационализација; 27. кај продажбата на државното земјиште; 28. кај инспекциските органи; 29. кај лекарите и здравствените работници; 30. кај судиите; 31. кај обвинителите; 32. кај универзитетските професори;33. кај новинарите; 34. кај невладините организации;35. кај приватните претприемачи (сопственици)

Врз основа на добиените коефициенти, значајни се сатурациите кон првата група индикатори, се варира околу варијаблите со оценките

за степенот на корупција „19. во секојдневните ситуации на граѓаните“ со коефициент од **0,60** кој е најнизок во оваа група (одделни автори сметаат дека коефициентите под 0,6 не треба да се анализираат). Слична е состојбата и во 2015 година, со коефициент 0,57 и во 2017 година 0,57. Потоа следи оценката „20. во политичките партии“ со висок коефициент на сатурација од **0,80** во 2013, 0,82 во 2015, 0,83 во 2016 и 0,86 во 2017 година. Следната варијабла која се однесува на „21. политичките лидери“ ги има следните **0,79** во 2013 година, 0,82 во 2015, 0,80 во 2016 и 0,83 во 2017 година и уше два релативно пониски коефициента се однесуваат на корумпираноста „22. кај носителите на државните (управните) функции“ **0,65** во 2013 година, 0,75 во 2015, 0,61 во 2016 и 0,75 во 2017 година и „23. кај државните службеници“ со коефициент на сатурација од **0,61** во 2013 година, 0,68 во 2015 и 0,58 во 2017 година.

Оваа група фактори се екстрахирани како втор фактор по заситеност во 2014 година и ги има следните вредности: сатурациите „19. во секојдневните ситуации на граѓаните“, со коефициент **0,53**, потоа следи во „20. во политичките партии“ со коефициент **0,86**, „21. кај политичките лидери“ со коефициент **0,81** и „22. кај носителите на државните (управните) функции“ со коефициент **0,62**.

Врз основа на овие ставови може да се констатира дека станува збор за сет на ставови кои нивото на корупција ги фокусира кај **институциите и носителите на определени функции.** Таквата ситуација можеби е последица на општата претстава за отсуството на позначајна контрола, но и на наметнатата дебата во општеството за вклученоста (или недоволната ефикасност во борбата) во корупцијата и коруптивните активности. Медиумските претставувања за „придонесот“ во развојот на земјата и дебатата за „големите“ корупциски скандали, очигледно влијаеле кај граѓаните да се изградат претстави за определен степен на корумпираност на институциите и носителите на функции.

*Посебно групирање* имаат позитивните сатурации кои се движат „24. кај полицајците и полициските службеници од **0,64** во 2013 и **0,60** во 2014 и 0,80 во 2016 и 0,57 во 2017 година, а додека во 2015 година, воопшто, не го екстрахира во оваа група. Потоа следуваат „25. царината и царинските работници“ со коефициент на сатурација од **0,57**, во 2013 година, **0,70** во 2014 и **0,52** во 2015 година, 0,69 во 2016 и 0,57 во 2017 година. Високи коефициенти на сатурација се забележани во оценките за корумпираноста кај „26. органите за денационализација“ **0,72** во 2013 година, **0,74** во 2014 и **0,72** во 2015 година, 0,60 во 2016 и 0,77 во 2017 година. Потоа, следуваат сатурации што се однесуваат на оценките за корумпираност при „27. продажбата на државното земјиште“ **0,70** во

2013 година, **0,69** во 2014 и **0,79** во 2015 година, 0,77 во 2016 и 0,78 во 2017 година. И на крајот со најмали коефициенти на сатурација се оценките за „28. инспекциските органи“ со коефициент од **0,53** во 2013 година, **0,62** во 2014 и **0,55** во 2015 година, 0,69 во 2016 и 0,57 во 2017 година. Оваа група индикатори може се нарече и како **корумпираност на јавниот сектор, односно јавните услуги**. Треба да спомeнеме дека во Варимакс ротациите оваа група варијабли во 2013 и 2017 година се јавува како втор фактор според заситеноста на компонентите, а во 2014 како прв најзаситен фактор, во 2015 година како трет фактор и во 2016 година како четврт фактор по заситеност на показателите. Несомнено е дека општата перцепција на граѓаните за функционирањето на определени државни органи или служби, кои се задолжени за задоволување на потребите на граѓаните, не ги даваат очекуваните ефекти. Затоа, може да се каже дека оваа група варијабли упатува, конкретно е индикатор, кој укажува на потребата од натамошно проучување на положбата и ефикасноста на органите и службите кои треба да обезбедат квалитетна услуга. Овде треба да се има предвид, како и кај претходната дистрибуција, дека станува збор за една аналитичка постапка преку која се екстрахираат определен број на показатели, кои повеќе или помалку укажуваат на латентните содржини и влијание на определени варијабли, односно претстави кај граѓанството за степенот на нивната корумпираност. Точноста на таквите тврдења треба да се доведе во определена корелација со податоците од други извори, како што се истражувањата, надзорите, судските случаи и други показатели со чија помош ќе може да се утврди колку овие перцепции се резултанта на искуството на испитаниците или се под притисок на медиумските и други информации кои се пласираат во јавноста.

*Следната* група индикатори има определени проекции кон варијаблите за оценките на корупцијата на судиите, обвинителите, лекарите и универзитетските професори. Сатурациите се движат „ 30. кај судиите“ од **0,84** во 2013 година, **0,76** во 2014 и **0,77** во 2015 и 0,84 во 2017 година. Сатурациите на оваа варијабла се ниски во 2016 година и изнесуваат 0,53. Слични се коефициентите и „31. кај обвинителите“, со **0,75** во 2013 година, **0,71** во 2014 и **0,70** во 2015 и **0,74** година. Следат две области од јавните услуги кои имаат нешто пониски коефициенти. Тоа се „29. лекарите и здравствените работници“ со коефициент на сатурација од **0,58** во 2013 година, **0,61** во 2014, **0,65** во 2015 и **0,53** во 2017 година. И на самиот крај од оваа група се „32. универзитетските професори“ со коефициент од **0,466** во 2013 година**,** **0,547** во 2014 и **0,568** во 2015 година.

Оваа група индикатори може да се нарече (со еден работен наслов) **корупција** на **заштитните органи**, (корупција кај или на заштитните органи)? Овде треба да подвлечеме дека поимот заштитни органи е многу поширок од перцепциите на граѓаните. И ако ги исклучиме оценките за здравствените и универзитетските работници ќе забележиме дека групирањето се врши околу анализираниот сет варијабли. Специфично е тоа што според нивото на заситеност овие варијабли во 2013 и 2014 година се групираат како трет фактор, а во 2015, 2016 и 2017 година како четврт фактор.

И на крај *последната* група индикатори со позитивни сатурации кои „34. кај невладините организации“ се движат од **0,82** во 2013 година, **0,83** во 2014 и **0,80** во 2015, **0,79** во 2016 и година. Потоа следуваат „33. новинарите со коефициент од **0,67** во 2013 година, **0,74** во 2014, **0,71** во 2015 година, **0,73** во 2016 и **0,71** во 2017 година. И на крајот се „35. приватните претприемачи (сопственици)“ со коефициент на сатурација од **0,76** во 2013 година, **0,66** во 2014, **0,76** во 2015, **0,71** во 2016 и **0,78** во 2017 година. Оваа група индикатори се дефинира како **фактор на цивилната структура**.

***Табела број* 40. *Трансформирани компоненти***

**Component Transformation Matrix 2013**

| Component | 1 функции | 2 услуги | 3 заштитна | 4 цивилна |
|---|---|---|---|---|
| 1.функци | ,58 | **,53** | **,51** | ,33 |
| 2. услуги | -,44 | -,07 | -,01 | **,89** |
| 3.заштитна | **,66** | -,38 | -,57 | ,30 |
| 4. цивилна | ,12 | **-,75** | **,65** | ,004 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix 2014**

| Component | 1 услуги | 2 функции | 3 заштитна | 4 цивилна |
|---|---|---|---|---|
| 1. услуги | ,63 | ,49 | **,50** | ,34 |
| 2.функции | ,12 | (,55) | (,16) | **,81** |
| 3.заштитна | (,49) | **,66** | (,35) | ,45 |
| 4. цивилна | (**,60**) | (,13) | **,78** | ,15 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix 2015**

| Component | 1 функции | 2 заштитна | 3 цивилна | 4 услуги |
|---|---|---|---|---|
| 1. функции | ,61 | **,54** | ,37 | ,45 |
| 2.заштитна | (,43) | (,09) | **,90** | (,04) |
| 3.цивилна | **(,66)** | **,63** | (,24) | ,34 |
| 4. услуги | ,08 | **,56** | ,06 | (,82) |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix 2016**

| Component | 1функции | 2 заштитна | 3 цивилна | 4 услуги |
|---|---|---|---|---|
| 1.функци | ,54 | **,52** | ,44 | ,49 |
| 2.заштитна | -,49 | -,26 | **,82** | ,07 |
| 3.цивилна | **,66** | **-,73** | ,17 | -,12 |
| 4. услуги | ,18 | **,38** | ,29 | -,86 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix 2017**

| Component | 1 функции | 2 заштитна | 3 цивилна | 4 услуги |
|---|---|---|---|---|
| 1.функции | ,57 | **,52** | ,42 | ,48 |
| 2. заштитна | -,55 | -,03 | **,83** | -,03 |
| 3.цивилна | **,61** | **-,50** | ,37 | **-,50** |
| 4.услуги | ,01 | **-,69** | ,01 | ,72 |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method:

Имајќи ги предвид изложените резултати добиени од изолираните фактори (табела број 40), може да се утврди дека меѓу

факторите два и четири постои статистички значајна позитивна корелација на високо ниво од 0,89 и таа (корумпираност на јавниот сектор и јавните услуги) е поврзана со корупцијата на цивилната структура, односно според степенот на сатурација со невладиниот сектор и приватните претприемачи, потоа висока е корелацијата меѓу четвртиот и вториот фактор чија вредност е негативна и на високо ниво од 0,75, па следи односот меѓу третиот и четвртиот фактор со висока позитивна корелација од 0,64, следната статистички позитивна корелација е меѓу првиот, вториот и третиот фактор која се движи на ниво на значајност од 0,59, 0,53 и 0,51 што значи дека овие фактори значајно придонесуваат во дефинираната структура на нивоата на корумпираност, односно корумпираниот простор во земјата. Нешто послаби резултати на средно ниво на значајност се односите меѓу првиот, вториот и третиот фактор. Нивните вредности се 0,58, потоа 0,53, односно 0,51 и нешто послабо влијание е односот со четвртиот фактор од 0,34. Најслабо влијание е воспоставено меѓу четвртиот и првиот фактор со вредност од 0,004. Овој коефициент, како и коефициентот меѓу првиот и четвртиот фактор (0,12) е на ниско ниво на статистичка значајност и е позитивен.

Во 2014 година, интеракциите се особено значајни меѓу групата индикатори која индицира за корумпираноста на носителите на функции и групата индикатори определени како цивилна сфера и бележи висок коефициент од 0,81. Сличен однос покажува и коефициентот на корелација од 0,78 меѓу групата индикатори дефинирани како заштитни органи и цивилната сфера. Според висината на коефициентите значајни се интеракциите меѓу групата индикатори дефинирани како корупција кај носителите на функции и заштитните органи со коефициент на корелација од 0,66. Следната група интеракции се меѓу групата индикатори која индицира корупција во цивилната сфера и јавните услуги, со коефициент од (0,60), следуваат интеракциите меѓу групата на индикатори заштитни органи и групата јавни услуги со коефициент од 0,50. Коефициентите покажуваат висок интензитет на врски и се позитивни, што укажува на податокот дека промената во едната група индикатори предизвикува промена и кај другата група со која се остваруваат интеракциите.

Ако се анализираат компонентите од матрицата со трансформации на факторите во 2015, 2016 и 2017 година може да се констатира дека најинтензитетна е релацијата меѓу корупцијата кај заштитните органи и цивилната сфера, иако оваа втората не е оценувана со високи оценки. Имено, таа во 2015 година има коефициент 0,90, во 2016 коефициент 0,82 и во 2017 година 0,83. Доминацијата на оваа интеракција упатува на натамошно согледување на интеракциите меѓу

субјектите групирани во овие групи индикатори. Во таа смисла се и релациите меѓу групата индикатори дефинирани како цивилна и групата на функции, носители на одговорни должности, за потоа да следи релацијата меѓу цивилната сфера и заштитните органи со коефициент од 0,63 во 2015, -0,73 во 2016 и -0,50 во 2017 година како и меѓу јавните услуги и заштитните органи со коефициент од 0,56 во 2014 година.

Податоците покажуваат дека поврзаноста меѓу факторите е статистички значајна и укажува на самостојност и ортогоналност на изолираните фактори. Затоа, може да се констатира дека и решенијата добиени со помош на косата *Облимин* трансформација значајно не се разликуваат од оние добиени со ортогоналната *Варимакс* ротација. Затоа, во изведување на оваа анализа користевме единствено редукција на факторите на основа на *Варимаксова* ротација[44].

***Преглед број 11. Редоследот на факторите според истражувачките резултати во периодот 2013-2017 година***

| | *2013* | *2014* | *2015* | *2016* | *2017* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | институции и носителите на функции | јавните услуги | институции и носителите на функции | институции и носителите на функции | институции и носителите на функции |
| 2 | јавните услуги | институции и носителите на функции | заштитните органи | заштитните органи | заштитните органи |
| 3 | заштитните органи | заштитните органи | цивилната структура | цивилната структура | цивилната структура |
| 4 | цивилната структура | цивилната структура | јавните услуги | јавните услуги | јавните услуги |

Врз основа на претходниот преглед може да се констатира дека редоследот на факторите според истражувачките резултати е следниот:

***Преглед број* 12. *Редоследот на факторите според истражувачките резултати во периодот 2013-2017 година***

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. функции | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 2. услуги | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 |
| 3. заштитна | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 |
| 4. цивилна | 4 | 4 | 2 | 2 | 2 |

[44] Faulend, M.& Šošić, V.: *Jeli neslužbeno gospodarstvo izvor korupcije*? Zagreb, Hrvatska narodna banka; 1999, стр. 8-9;

Иако не се докрај отворени сите прашања, како и тоа дека станува збор за перцепции на граѓаните, со сигурност може да се претпостави дека ваквите резултати се индикатор кој може да е во функција на дебатата за функционирање на државните органи, барањето решенија за непосредна и конкретна акција која е во функција на доброто владеење и утврдувањето на политики што ќе бидат во чекор со практиката на земјите чии институции се стабилни и свртени кон човекот и неговата слобода[45].

### *Показатели на корупцијата според испитаниците што имаат искуство - дале - не дале мито*

Овде се варира со група од 17 ставови со чија помош се оценува степенот на корупција кај определени институции во земјата. На почетокот со помош на аналитичката алатка - Кромбахов алфа-коефицент се утрдува валидноста на инструментот на мерење на ставовите на граѓаните (Bonacin&Smajlović 2007). Во следната табела се прикажани вредностите на Кромбаховиот алфа- коефициентот. Од табелата ReliabilityStatistics може да се констатира дека вредноста на Кромбаховиот алфа- коефициент во 2013 година е 0,874, во 2014 е 0,861 и во 2015 година е 0,902. Вредноста на овие три коефициенти е висока(секој одделно покажува висока вредност) и според практиката во истражувањето на ставовите се смета дека е доволен показател да се констатира дека постои поврзаност меѓу споредуваните варијабли и дека тие сочинуваат компоненти на единствен скор (Мојаноски at all. 2014: 63).

***Табела број* 41. Cronbach'sAlpha*– испитаници кои: не дале мито***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Cronbach'sAlpha | **0,87** | **0,86** | **0,90** | **0,92** | **0,92** |
| N ofItems | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 |
| | | *дале мито* | | | |
| Cronbach'sAlpha | **0,87** | **0,84** | **0,84** | **0,91** | **0,88** |
| N ofItems | 17 | 17 | 17 | 17 | 17 |

И кај испитаниците - дале мито - може да се констатира дека вредностите на Кромбаховиот алфа- коефициент се високи и дека висока и секоја вредност одделно укажува дека постои поврзаност меѓу

[45] Вејсељ Љатифи: *Прашања околу откривањето и борбата против корупцијата*;ww.fes.org.mk/.../Veselj%20Latifi,%20Prasanja%20okolu%20otkrivanjeto%20i%20borbata%20protiv%20kor... [пристапено на 11.2.2011];

споредуваните варијабли и дека тие сочинуваат компоненти на единствен скор. Може да констатираме дека овој скор на варијабли и во двете групи може натаму да се анализира и дека инструментот е компактен во мерењето на ставовите и кај двете групи испитаници.

Во анализата се користени прашањата во кои од испитаниците се бара: „Оценете го нивото на корупција: 19. во секојдневните ситуации на граѓаните , 20. во политичките партии; 21. кај политичките лидери; 22. кај носителите на државните (управните) функции; 23. кај државните службеници; 24. кај полицајците и полициските службеници; 25. кај царината и царинските работници; 26. кај органите за денационализација; 27. кај продажбата на државното земјиште; 28. кај инспекциските органи; 29. кај лекарите и здравствените работници; 30. кај судиите; 31. кај обвинителите; 32. кај универзитетските професори; 33. кај новинарите; 34. кај невладините организациии 35. кај приватните претприемачи (сопственици)“.

Добиените податоци во истражувањето се обработени компјутерски во статистичкиот пакет SPSS, при што за сите варијабли се пресметани основните статистички показатели: аритметичка средина (Mean), стандардна девијација (Std.Dev.), минимален резултат (Min.), максимален резултат (Max.), коефициент на варијабилност (Variance), симетричност (Skewness) и заобленост (Kurtosis). Нормалноста на дистрибуцијата е тестирана со Kolmogorov – Smirnov Z тест.

***Табела број* 42. KMO and Bartlett's Test – испитаници *кои не дале мито***

| | | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | | **0,86** | **0,81** | **0,80** | **0,93** | **0,92** |
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 2033,65 | 1473,52 | 1428,60 | 6853,26 | 7311,82 |
| | df | 136 | 136 | 136 | 136 | 136 |
| | Sig. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |

Поврзаност на применетите варијабли е утврдена со Пирсоновиот коефициент на корелација (R). За утврдување на оправданоста на примената на факторската анализа е пресметан Kaiser-Meyer-OlkinMeasureofSamplingAdequacy (KMO) кој кај групата испитаници што **не дал**е мито изнесува 0,86 во 2013 година, 0,81 во 2014 и 0,80 во 2015, 0,93 во 2016 и 0,92 во 2017 година.

Слични се и показателите и кај групата испитаници што дале мито. Имено, овој коефициент е 0,86 во 2013 година, 0,84 во 2014, 0,90 во 2015 година, 0,88 во 2016 и 0,86 во 2017 година. Бидејќи станува збор за високи вредности и кај двете групи испитаници, се констатира

дека може да се примени аналитичката постапка факторска анализа и да се утврди степенот на заситеност  на определени варијабли.

***Табела број* 43. *KMO and Bartlett's Test 2013-2017 година - испитаници кои дале мито***

| | | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Kaiser-Meyer-Olkin Measure of Sampling Adequacy. | | **0,86** | **0,84** | **0,90** | **0,88** | **0,86** |
| Bartlett's Test of Sphericity | Approx. Chi-Square | 4217,89 | 3641,36 | 4217,89 | 1667,43 | 1410,89 |
| | df | 136 | 136 | 136 | 136 | 136 |
| | Sig. | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 |

Слични индикации, кај испитаниците кои одговориле дека не дале мито, можат да се констатираат и кај Bartlett's Testof Sphericity test чија вредност е 2.033,65  во 2013 година, 1.473,52  во 2014, 1.428,60 во 2015, 68,53 во 2016 и 7.311,82  во 2017 година.  Слични вредности се забележуваат и кај групата испитаници **што дале мито**. Така, овој коефициент во 2013 година изнесува 4.217,89, во 2014 3.641,36, 4.217,89 во 2015, 1.667,43 во 2016 и 1.410,89 во 2017 година. Вредноста на овој тест е значајна, затоа што тој значително е повисок од вредноста на *p* (p=0,001). Во пресметката таа вредност на *p* изнесува Sig.0,000 за секоја година одделно. Затоа **може да се констатира дека** пресметката на **факторската анализа е оправдана**, односно може да се примени како аналитичка постапка[46].

За оправданоста на таквиот став укажува графичката аналитичка постапка – ScreePlot (Мојаноски 2015: 640). Имено, според овој Тест на одронот (Sree Plot), може да се констатира дека и кај двете групи испитаници: а) што не дале мито и б) што дале мито, се диференцираат по четири групи фактори во 2013, 2015,  2016 и 2017 година.

[46] Цане Т. Мојаноски: *Методологија*.... цит. дело. стр.476;

***Слика број 2. Skree plot – Број на фактори според години и групи на испитаници - што дале и не дале мито***

| **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|

а) ***не дале мито***

**2013**




**2014**




**2015**




**2016**




**2017**




***б) дале мито***

**2013**




**2014**




**2015**




**2016**




**2017**



За факторизацијата на матрицата на интеркорелациите и утврдувањето на латентните структури во истражуваниот простор применет е Hoteling-овиот метод на главните компоненти (H), за утврдување на бројот за значајните главни компоненти е применет Kaiser-Gutman-овиот критериум, а за трансформација на значајните главни компоненти (во ортогоналната и косата ротација) и се добиваат наједноставни структури со примена на Varimax ротацијата.

***Табела број 44. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2013 година – Total Variance Explained испитаници кои НЕ ДАЛЕ мито***

| Component | InitialEigenvalues | | | ExtractionSumsofSquaredLoadings | | | RotationSumsofSquaredLoadings[a] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total |
| 1 | 5,86 | 34,50 | 34,50 | 5,86 | 34,50 | 34,50 | 2,95 |
| 2 | 1,63 | 9,60 | 44,10 | 1,63 | 9,60 | 44,10 | 2,60 |
| 3 | 1,35 | 7,96 | 52,05 | 1,35 | 7,96 | 52,05 | 2,34 |
| 4 | 1,14 | 6,70 | **58,75** | 1,14 | 6,70 | 58,75 | 2,10 |
| 5 | 0,90 | 5,28 | 64,03 | | | | |
| 16 | 0,29 | 1,71 | 98,68 | | | | |
| 17 | 0,22 | 1,32 | 100,00 | | | | |

ExtractionMethod: PrincipalComponentAnalysis.

a. Whencomponentsarecorrelated, sumsofsquaredloadingscannotbeaddedtoobtain a totalvariance.

Во натамошната постапка матрицата на интеркорелации е факторизирана со помош на Хотелинговиот метод на главни компоненти, а бројот на значајните главни компоненти е утврден во согласност со Kaiser-Guttman-овите критериуми. Од истражувачките резултати во 2013 година за испитаниците кои **не дале мито** може да се констатира дека системот на ставови формира четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **58,75** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на ставови за степенот на корупцијата и учествува со 34,50 %, втората главна компонента со 9,60 %, третата главна компонента со 7,79 % и четврта главна компонента со 6,70 %.

***Табела број* 45. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2013 година - TotalVarianceExplained – испитаници кои ДАЛЕ мито***

| | InitialEigenvalues | | | ExtractionSumsofSquaredLoadings | | | RotationSumsofSquaredLoadings[a] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Component | Total | % ofVariance | Кумулативен % | Total | % ofVariance | Кумулативен % | Total |
| 1 | 5,67 | 33,38 | 33,38 | 5,67 | 33,38 | 33,38 | 3,04 |
| 2 | 1,79 | 10,52 | 43,90 | 1,79 | 10,52 | 43,90 | 2,64 |
| 3 | 1,25 | 7,35 | 51,25 | 1,25 | 7,35 | 51,25 | 2,27 |
| 4 | 1,01 | 5,93 | **57,18** | 1,01 | 5,93 | 57,18 | 1,78 |
| 5 | 0,91 | 5,37 | 62,55 | | | | |
| 16 | 0,31 | 1,84 | 98,35 | | | | |
| 17 | 0,28 | 1,65 | 100,00 | | | | |

ExtractionMethod: PrincipalComponentAnalysis.
a. Whencomponentsarecorrelated, sumsofsquaredloadingscannotbeaddedtoobtain a totalvariance.

И за испитаниците кои **дале мито** може да се констатира дека се формирани четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **57,18** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент ставови за степенот на корумпираност и учествува со 33,39 %, втората главна компонента со 10,52 %, третата главна компонента со 7,35 % и четвртата главна компонента со 5,93 %.

***Табела број* 46. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2014 година - Total Variance Explained* -Total Variance Explained – НЕ ДАЛЕ мито**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sumsof Squared Loadings | | | Rotation Sumsof Squared Loadings | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % ofVariance | Кумулативен % | Total | % ofVariance | Кумулативен % | Total | % ofVariance | Кумулативен % |
| 1 | 5,46 | 32,09 | 32,09 | 5,46 | 32,09 | 32,09 | 2,85 | 5,46 | 32,09 |
| 2 | 1,95 | 11,45 | 43,54 | 1,95 | 11,45 | 43,54 | 2,55 | 1,95 | 11,45 |
| 3 | 1,28 | 7,54 | 51,08 | 1,28 | 7,54 | 51,08 | 2,29 | 1,28 | 7,54 |
| 4 | 1,23 | 7,22 | **58,30** | 1,23 | 7,22 | 58,30 | 2,22 | 1,23 | 7,22 |
| 5 | 0,99 | 5,82 | 64,12 | | | | | 0,99 | 5,82 |
| 16 | 0,32 | 1,91 | 98,61 | | | | | 0,32 | 1,91 |
| 17 | 0,24 | 1,39 | 100,00 | | | | | 0,24 | 1,39 |

ExtractionMethod: PrincipalComponentAnalysis.
a. Whencomponentsarecorrelated, sumsofsquaredloadingscannotbeaddedtoobtain a totalvariance.

И резултатите во 2014 година за испитаниците што **не дале** мито формираат четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **58,30** %. Првата главна компонента го објаснува

најголемиот процент на применетиот систем и учествува со 32,09 %, втората главна компонента со 11,45 %, третата главна компонента со 7,54 % и четврта главна компонента со 7,22 %.

***Табела број* 47. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во* 2014 година Total Variance Explained – испитаници кои ДАЛЕ МИТО**

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sumsof Squared Loadings | | | Rotation Sumsof Squared Loadings[a] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % ofVariance | Кумулатив ен % | Total | % ofVariance | Кумулатив ен % | Total |
| 1 | 5,02 | 29,53 | 29,53 | 5,02 | 29,53 | 29,53 | 2,94 |
| 2 | 1,92 | 11,27 | 40,80 | 1,92 | 11,27 | 40,80 | 2,49 |
| 3 | 1,41 | 8,27 | 49,06 | 1,41 | 8,27 | 49,06 | 2,25 |
| 4 | 1,14 | 6,68 | **55,74** | 1,14 | 6,68 | 55,74 | 1,79 |
| 5 | 1,02 | 6,03 | 61,77 | | | | |
| 16 | 0,30 | 1,74 | 98,42 | | | | |
| 17 | 0,27 | 1,59 | 100,00 | | | | |

Extraction Method: PrincipalComponentAnalysis.
a. Whencomponentsarecorrelated, sumsofsquared loadings cannot beaddedtoobtain a total variance.

Слични резултати покажуваат и ротациите на ставовите за групата испитаници што дале мито. Имено, според резултатите во табелата број 7 може да се констатира дека екстрахирани се пет фактори со заситеност од 55,77 %. Највисок степен на заситеност покажува првиот фактор од 29,58 %, потоа следи втората група варијабли со 11,29 %, третата со 8,27 % и четвртата со 6,68 %.

***Табела број* 48. *Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2015 година TotalVarianceExplained – испитаници кои НЕ ДАЛЕ мито***

| Component | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sumsof Squared Loadings | | | Rotation Sumsof Squared Loadings[a] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Total | % ofVariance | Кумулатив ен % | Total | % ofVariance | Кумулативен % | Total |
| 1 | 6,77 | 39,84 | 39,84 | 6,77 | 39,84 | 39,84 | 3,07 |
| 2 | 1,51 | 8,89 | 48,73 | 1,51 | 8,89 | 48,73 | 2,99 |
| 3 | 1,26 | 7,39 | 56,12 | 1,26 | 7,39 | 56,12 | 2,37 |
| 4 | 1,10 | 6,47 | **62,59** | 1,10 | 6,47 | 62,59 | 2,20 |
| 5 | 0,96 | 5,67 | 68,26 | | | | |
| 16 | 0,25 | 1,45 | 98,62 | | | | |
| 17 | 0,24 | 1,38 | 100,00 | | | | |

ExtractionMethod: PrincipalComponentAnalysis.
a. Whencomponentsarecorrelated, sumsofsquaredloadingscannotbeaddedtoobtain a totalvariance.

За истражувачките резултати во 2015 година за групата испитаници коишто **не дале мито** може да се констатира дека системот на ставови формира четири значајни главни компоненти со процент на вкупно објаснета варијанса од **62,59** %. Првата главна компонента го објаснува најголемиот процент на применетиот систем и учествува со 39,843 %, втората главна компонента со 8,289 %, третата главна компонента со 7,39 % и четврта главна компонента со 6,47 %.

***Табела број 49. Карактеристични корени (Lambda) и процент на вкупно објаснетата варијанса во 2015 година Total Variance Explained испитаници кои ДАЛЕ мито***

| | Initial Eigenvalues | | | Extraction Sums of Squared Loadings | | | Rotation Sums of Squared Loadings[a] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Component | Total | % ofVariance | Кумулативен % | Total | % of Variance | Кумулативен % | Total |
| 1 | 5,11 | 30,07 | 30,07 | 5,11 | 30,07 | 30,07 | 2,99 |
| 2 | 1,85 | 10,86 | 40,93 | 1,85 | 10,86 | 40,93 | 2,37 |
| 3 | 1,47 | 8,67 | 49,60 | 1,47 | 8,67 | 49,60 | 2,17 |
| 4 | 1,18 | 6,91 | **56,51** | 1,18 | 6,91 | 56,51 | 2,09 |
| 5 | 1,07 | 6,28 | 62,80 | | | | |
| 16 | 0,26 | 1,53 | 98,71 | | | | |
| 17 | 0,22 | 1,29 | 100,00 | | | | |

Extraction Method: Principal Component Analysis.

a. When components are correlated, sums of squared loadings cannot beaddedtoobtain a totalvariance.

Во претходната табела се дадени екстракциите на факторите за групата испитаници што **дале мито** во 2015 година. Од неа може да утврдиме дека се идентификувани пет групи фактори со вкупна објаснета варијанса од **56,51 %**. Првата компонента ја објаснува варијансата со 30,07 %, втората со 10,86 %, третата со 8,67 % и четвртата со 6,91 %.

Врз основа на ортогоналната ротација на податоците може да се забележи стабилност и непроменливост на екстрахираните латентни фактори независно од применетата постапка за редукција, при што, по косата ротација на варијаблите, се добиени нешто почисти фактори. Податоците прикажани во табелата број 49 и табелата број 50 укажуваат дека во сите ротации и кај двете групи испитаници (1. што не дале и 2. што дале мито можат да се идентификуваат четири групи ставови, кои според нивото на сатурацијата различно се распоредени во групите во годините што се предмет на интерес. Во првата група се ставовите за степенот на корупција во „20. политичките партии“, „21.

кај политичките лидери“, „22. кај носителите на државните (управните) функции“ и кај „23. државните службеници“. *Во оваа група* само во 2013 година, кај испитаниците што не дале мито се придружува и ставот „19. секојдневните ситуации на граѓаните“. Оваа група на варијабли се именува како фактор на корумпираност на **организации и носители на определени функции**. Таквата ситуација можеби е последица на општата претстава за отсуството на позначајна контрола, но и на наметнатата дебата во општеството за вклученоста (или недоволната ефикасност во борбата) во корупцијата и коруптивните активности. Медиумските претставувања за „придонесот“ во развојот на земјата и дебатата за „големите“ корупциски скандали, очигледно влијаеле кај граѓаните да се изградат претстави за определен степен на корумпираност на институциите и носителите на функции. *Втората група* варијабли ја сочинуваат ставовите според степенот на корумпираност кај: „24. полицајците и полициските службеници“, „25. царината и царинските работници“, „26. органите за денационализација“, „27. продажбата на државното земјиште“ и „28. инспекциските органи“. Определени диференцијации се настанати при факторизацијата во 2015 година, кај ставовите на испитаниците што дале мито. Имено, во оваа група се оценките за степенот на корумпираност кај „26. органите за денационализација“, „27. продажбата на државното земјиште“, „28. инспекциските органи“, „30. судиите“ и „31. обвинителите“. Оваа група ставови се именува како **фактор на корумпираност на јавниот сектор, односно јавните услуги**. *Третата група* варијабли ја сочинуваат ставовите за степенот на корумпираност кај: „9. лекарите и здравствените работници“, „30. судиите“, „31. обвинителите“ и во одделни години и кај „32. универзитетските професори“. Кај испитаниците што дале мито во 2015 година оваа група ја сочинуваат ставовите за степенот на корумпираност кај: „24. полицајците и полициските службеници“, „25. царината и царинските работници“, „29. лекарите и здравствените работници“ и „32. универзитетските професори“. Оваа група варијабли се именува со фактор **корупција на заштитните органи**. И *четвртата група* на ставови се оценките за степенот на корумпираноста кај: „33. новинарите“, „34. невладините организации“ и „35. приватните претприемачи (сопственици)“. Оваа група варијабли се нарекува **фактор на цивилната структура**.

***Табела број 50. Варимакс ротација на оценките за степенот на корумпираност на одделни подрачја во Република Македонија во 2013-2017 година - Rotated Component Matrixa - не дале мито***

| | 2013 | | | | 2014 | | | | 2015 | | | | 2016 | | | | 2017 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Component | | | | Component | | | | Component | | | | Component | | | | Component | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 19 | **,63** | | | | | ,5 | | | | ,5 | ,37 | | **,67** | | | ,39 | **,61** | | | |
| 20 | **,80** | | | | | **,88** | | | | **,83** | | | **,84** | | | | **,87** | | | |
| 21 | **,80** | | | | | **,85** | | | | **,81** | | | **,79** | ,37 | | | **,85** | | | |
| 22 | **,62** | | | | ,37 | **,60** | | | ,39 | **,72** | | | **,59** | **,55** | | | **,78** | | | |
| 23 | **,59** | ,35 | | | ,45 | ,42 | ,30 | | ,43 | **,65** | | | ,44 | **,59** | | | **,61** | ,35 | | |
| 24 | ,39 | **,63** | | | **,65** | | | | **,59** | ,34 | | | | **,71** | | | ,38 | ,39 | | ,4 |
| 25 | | **,64** | | | **,72** | | ,31 | | **,75** | | | | | **,78** | | | ,37 | ,46 | | ,46 |
| 26 | | **,78** | | | **,71** | | | ,38 | **,68** | | | | | ,50 | ,37 | ,44 | | | | **,78** |
| 27 | | **,71** | | | **,63** | | | ,46 | **,66** | | | | | ,35 | | **,57** | | | | **,81** |
| 28 | | **,51** | ,46 | | **,66** | | | | **,64** | | | ,40 | | ,53 | | **,51** | | **,61** | | ,5 |
| 29 | | | **,53** | | | | **,59** | | ,49 | | ,31 | ,41 | | | | **,79** | | **,56** | ,40 | |
| 30 | | | **,87** | | | | **,79** | | | | | **,85** | ,52 | ,35 | | | | **,82** | | |
| 31 | | | **,79** | | | | **,7** | | | | | **,81** | ,46 | ,34 | ,51 | | | **,7** | | |
| 32 | ,36 | | | ,39 | | | **,59** | | | | ,43 | ,43 | | | **,52** | ,42 | | **,51** | ,51 | |
| 33 | | | | **,67** | | | | **,74** | | | **,68** | | | | **,72** | | | | **,73** | |
| 34 | | | | **,81** | | | | **,84** | | | **,81** | | | | **,82** | | | | **,82** | |
| 35 | | | | **,77** | | | | **,67** | | | **,79** | | | | **,70** | | | | **,78** | |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization. a. Rotation converged in 6 iterations.
**Легенда**: 19. во секојдневните ситуации на граѓаните; 20. во политичките партии; 21. кај политичките лидери; 22. кај носителите на државните (управните) функции; 23. кај државните службеници; 24. кај полицајците и полициските службеници; 25. кај царината и царинските работници; 26. кај органите за денационализација; 27. кај продажбата на државното земјиште; 28. кај инспекциските органи; 29. кај лекарите и здравствените работници; 30. кај судиите; 31. кај обвинителите; 32. кај универзитетските професори;33. кај новинарите; 34. кај невладините организации;35. кај приватните претприемачи (сопственици)

Во продолжение податоците за тие што одговориле дека дале мито.

***Табела број 51. Варимакс ротација на оценките за степенот на корумпираност на одделни подрачја во Република Македонија во 2013-2017 година - Rotated Component Matrixa - испитаници кои дале мито***

| | 2013 | | | | 2014 | | | | 2015 | | | | 2016 | | | | 2017 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Component | | | | Component | | | | Component | | | | Component | | | | Component | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 19 | ,48 | ,40 | | | | ,45 | | ,40 | ,45 | | ,42 | | | | **,60** | | | ,45 | | ,40 |
| 20 | **,79** | | | | | **,78** | | | **,83** | | | | | **,82** | | | | **,79** | | |
| 21 | **,75** | | | | | **,79** | | | **,79** | | | | | **,78** | | | | **,77** | | |
| 22 | **,66** | | | | ,31 | **,72** | | | **,77** | | | | **,57** | ,54 | | | ,42 | **,66** | | |
| 23 | **,67** | | | | ,52 | **,50** | | | **,64** | | ,40 | | **,66** | ,33 | | | ,44 | **,53** | | |
| 24 | ,31 | | | **,63** | **,59** | | | ,34 | | | **,70** | | **,82** | | | | **,72** | | | |
| 25 | ,56 | | | **,40** | **,72** | | | | | ,32 | **,63** | | **,79** | | | | **,70** | | | |
| 26 | | ,31 | ,38 | **,56** | **,72** | | ,36 | | | **,62** | | | ,38 | | | ,66 | **,69** | | | |
| 27 | | | | **,62** | **,67** | | ,43 | | | **,56** | | | | | | **,77** | ,65 | | | |
| 28 | ,38 | ,42 | | | **,54** | | | ,30 | | **,66** | | | | | | **,69** | ,50 | | ,60 | |
| 29 | | **,65** | | | | | | ,31 | | ,36 | **,56** | | ,63 | | | ,32 | ,32 | | **,57** | |
| 30 | | **,78** | | ,31 | ,37 | | | **,67** | | **,60** | ,31 | | | **,65** | | **,52** | | ,33 | **,77** | |
| 31 | | **,69** | | | ,43 | | | **,65** | | **,70** | | | | ,50 | | **,52** | | | **,78** | |
| 32 | | **,64** | | | | | ,36 | **,58** | | | **,56** | | ,60 | | | | ,49 | | | ,39 |
| 33 | | | **,68** | | | | **,70** | | | | | **,78** | | | **,67** | | | | | **,63** |
| 34 | | | **,86** | | | | **,83** | | | | | **,83** | | | **,83** | | | | | **,83** |
| 35 | | | **,77** | | | | **,67** | | | | ,31 | **,69** | | | **,65** | | | | | **,75** |

Extraction Method: Principal Component Analysis. Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization. a. Rotation converged in 6 iterations.
**Легенда**: 19. во секојдневните ситуации на граѓаните; 20. во политичките партии; 21. кај политичките лидери; 22. кај носителите на државните (управните) функции; 23. кај државните службеници; 24. кај полицајците и полициските службеници; 25. кај царината и царинските работници; 26. кај органите за денационализација; 27. кај продажбата на државното земјиште; 28. кај инспекциските органи; 29. кај лекарите и здравствените работници; 30. кај судиите; 31. кај обвинителите; 32. кај универзитетските професори;33. кај новинарите; 34. кај невладините организации;35. Кај приватните претприемачи (сопственици)

Несомнено е дека општата перцепција на граѓаните за функционирањето на определени државни органи или служби кои се задолжени за задоволување на потребите на граѓаните не ги даваат очекуваните ефекти. Затоа, може да се каже дека оваа група варијабли упатува, конкретно е индикатор, кој укажува на потребата од натамошно проучување на положбата и ефикасноста на органите и службите кои треба да обезбедат квалитетна услуга. Овде треба да се има предвид, како и кај претходната дистрибуција, дека станува збор за една аналитичка постапка преку која се екстрахираат определен број на показатели, кои повеќе или помалку укажуваат на латентните содржини и влијание на определени варијабли, односно претстави кај граѓанството за степенот на нивната корумпираност. Точноста на таквите тврдења треба да се доведе во определена корелација со податоците од други извори, како што се истражувањата, надзорите, судските случаи и други показатели со чија помош ќе може да се утврди колку овие перцепции се резултанта на искуството на испитаниците или се под притисок на медиумските и други информации кои се пласираа во јавноста.

***Табела број 52. Матрици на трансформација на компонентите по групи и години***

***НЕ ДАЛЕ МИТО***

**Component Transformation Matrix 2013**

| Component | 1 функции | 2 услуги | 3 заштитна | 4 цивилна |
|---|---|---|---|---|
| 1. функции | ,58 | **,55** | **,49** | ,35 |
| 2. услуги | **-,50** | -,06 | ,05 | **,86** |
| 3. заштитна | **,64** | -,47 | -,48 | ,36 |
| 4. цивилна | -,061 | **,68** | **-,72** | ,05 |

ExtractionMethod: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix 2014**

| Component | 1услуги | 2 функции | 3 заштитна | 4цивилна |
|---|---|---|---|---|
| 1. услуги | ,61 | **,50** | **,50** | ,35 |
| 2. функции | ,19 | -,57 | -,13 | **,80** |
| 3. заштитна | **-,62** | **,59** | -,16 | ,47 |
| 4. цивилна | -,48 | -,26 | **,84** | ,02 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix 2015**

| Component | 1услуги | 2функции | 3 цивилна | 4 заштитна |
|---|---|---|---|---|
| 1. услуги | ,59 | **,55** | ,42 | ,43 |
| 2. функции | -,20 | **-,62** | **,78** | ,60 |
| 3. цивилна | -,36 | **,53** | ,46 | **-,62** |
| 4. заштитна | -,72 | ,20 | **,80** | **,66** |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

***ДАЛЕ МИТО***

**ComponentTransformationMatrix -2013**

| Component | 1 функции | 2 заштитна | 3 цивилна | 4 услуги |
|---|---|---|---|---|
| 1. функции | ,62 | **,56** | ,37 | **,40** |
| 2. заштитна | -,47 | ,02 | **,87** | -,10 |
| 3. цивилна | **,56** | **-,76** | ,31 | -,08 |
| 4. услуги | -,27 | -,32 | -,04 | ,91 |

ExtractionMethod: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix - 2014**

| Component | 1 услуги | 2 функции | 3 цивилна | 4 заштитна |
|---|---|---|---|---|
| 1. услуги | ,66 | **,53** | ,36 | ,40 |
| 2. функции | ,00 | -,44 | **,87** | -,20 |
| 3. цивилна | -,60 | **,71** | ,31 | -,22 |
| 4. заштитна | -,45 | -,17 | ,12 | ,87 |

ExtractionMethod: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix - 2015**

| Component | 1функции | 2 заштитна | 3 услуги | 4 цивилна |
|---|---|---|---|---|
| 1. функции | ,65 | ,51 | ,49 | ,28 |
| 2. заштитна | -,04 | -,21 | -,27 | **,94** |
| 3. услуги | **-,72** | **,64** | ,19 | ,16 |
| 4. цивилна | -,24 | -,53 | **,81** | ,11 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix - не дале мито 2016**

| Component | 1функции | 2 услуги | 3цивилна | 4 заштитна |
|---|---|---|---|---|
| 1. функции | ,55 | **,55** | ,46 | ,43 |
| 2. услуги | -,51 | -,27 | **,80** | ,16 |
| 3. цивилна | **,66** | **-,66** | ,25 | -,26 |
| 4. заштитна | ,02 | -,43 | -,30 | ,85 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix - дале мито 2016**

| Component | 1 услуги | 2 функци | 3 цивилн | 4 заштитн |
|---|---|---|---|---|
| 1. услуги | 0,56 | 0,50 | 0,45 | 0,49 |
| 2. функции | **-0,80** | 0,18 | 0,51 | 0,25 |
| 3.цивилна | 0,22 | -0,64 | **0,69** | -0,23 |
| 4. заштитна | 0,02 | 0,55 | 0,23 | -0,80 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix - не дале мито 2017**

| Component | 1 функции | 2 заштитна | 3 цивилна | 4 услуги |
|---|---|---|---|---|
| 1.функции | ,59 | ,54 | ,42 | ,44 |
| 2. заштитна | **-,61** | ,05 | **,79** | ,00 |
| 3. цивилна | **,54** | -,52 | ,44 | -,50 |
| 4. услуги | ,01 | **-,66** | ,05 | **,75** |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

**Component Transformation Matrix - дале мито 2017**

| Component | 1 услуги | 2 функции | 3 цивилна | 4 заштитна |
|---|---|---|---|---|
| 1.услуги | ,61 | **,53** | ,46 | ,38 |
| 2. функции | -,13 | -,14 | -,40 | ,90 |
| 3. цивилна | **-,78** | **,44** | ,41 | ,14 |
| 4. заштитна | -,01 | **-,71** | **,67** | ,19 |

Extraction Method: Principal Component Analysis.
Rotation Method: Varimax with Kaiser Normalization.

Имајќи ги предвид изложените резултати добиени од изолираните фактори, кај одговорите на испитаниците што не дале мито, може да се утврди дека меѓу факторите два и четири постои статистички значајна позитивна корелација на високо ниво од 0,86 во 2013 година; 0,80 во 2014; 0,78 во 2015;0,66 во 2016 и 0,44 во 2017 година и таа (корумпираност на функциите и цивилната сфера, услуги) е поврзана со корупцијата на цивилната структура, односно според степенот на сатурацијата со невладиниот сектор и приватните претприемачи. Исто така, во 2013 година е висока корелацијата меѓу вториот и четвртиот фактор чија вредност е на високо ниво од 0,68, па следи односот меѓу третиот и првиот фактор со висока позитивна корелација од 0,49, следната статистички позитивна корелација е меѓу првиот и третиот фактор со коефициент од 0,64. Во 2014 година највисоки интеракции се забележани меѓу индикаторите дефинирани како заштитни органи (суд, обвинителство и полициски службеници) и цивилната сфера (претприемачи, новинари и невладини организации) со коефициент 0,84. Висок е коефициентот на корелација меѓу групите индикатори функции (политички партии, лидери, државни функционери) и цивилната сфера (приватниот сектор, новинари и невладини организации) во коефициент на корелација од 0,80. Во 2015 година е продолжена таквата тенденција. Највисок интензитет имаат групите индикатори: заштитна и цивилна со вредност од 0,80. А потоа следат групите индикатори:  функции и цивилна сфера со вредност од 0,78. Во 2016 година највисоки интеракции се забележани меѓу групите

индикатори услуги и заштитни со коефициент од 0,80. И во 2017 година најфреквентни се релациите меѓу групите индикатори наречени заштитни органи и цивилната сфера со коефициент на корелација од 0,79. Понудените коефициенти несомнено укажуваат на интеракциите што се воспоставуваат меѓу определени општествени структури и дека таа испреплетеност на корупциските врски создава основа за градење на корупциската мапа на нашето современо општество.

Слична е ситуацијата и кај испитаниците што одговориле дека дале мито. Така во 2013 година, највисок коефициент на поврзаност од 0,87 е екстрахиран меѓу факторите заштитна (значи кај судиите и обвинителите) и цивилна сфера (претприемачите, новинарите и невладиниот сектор), потоа следи меѓу цивилната сфера и функциите, односно политичките партии, лидери, носителите на државни функции) со вредност 0,40. Во 2014 година кај првата група испитаници (што дале мито) највисок коефициент е екстрахиран меѓу факторите носители на функции и цивилната сфера (претприемачи, новинари и невладини организации) со коефициент од 0,87. Таков висок коефициент од 0,80 постои и меѓу овие фактори и во одговорите на испитаниците што дале мито. И во 2015 година можат да се забележат слични тенденции. Имено, меѓу овие две групи, кај испитаниците што не дале мито е екстрахиран коефициент од 0,78, додека, пак, кај испитаниците што дале мито тој коефициент е висок меѓу факторите цивилна сфера и заштитни органи и изнесува 0,94. Во 2016 година кај оваа група високи се интеракциите меѓу групите заштитни органи и цивилна сфера со коефициент од 0,69. И во 2015 година, меѓу испитаниците што дале мито, високи се интеракциите меѓу групите индикатори дефинирани како заштитни органи и цивилна сфера со коефициент на корелација од 0,67.

Овде треба да укажеме дека во екстракцијата на факторите постои определено отстапување. Според тоа, може да се констатира дека во перцепциите на граѓаните висок степен на интензитет на корупција постои меѓу носителите на определени функции и претприемачите, новинарите и невладините организации.

Иако понудените податоци, повеќе или помалку можат да се третираат како индикатори за интензитетот на односите меѓу одделни сектори во општествената организација, тие, сепак, упатуваат на некои од можните извори, кои на еден или друг начин подолго време се извори за корупцијата. Оваа група индикатори може да индицира дека коруптивните врски и односи се воспоставуваат меѓу одделни субјекти, кои според својата нормативна положба се носители на моќта и се претпоставка за општествениот развиток. Но, тие може и да се

индикатори каде треба да се насочи општествената акција во барањето на одговорите за сложените општествени прашања.

Податоците покажуваат дека поврзаноста меѓу факторите е статистички значајна и укажува на самостојност и ортогоналност на изолираните фактори. Затоа во изведување на оваа анализа користевме единствено редукција на факторите на основа на Varimax- ова ротација.

***Преглед број 13. Редоследот на факторите според истражувачките резултати по години и групи***

| *2013* | *2014* | *2015* | *2016* | *2017* |
|---|---|---|---|---|
| ***Што НЕ ДАЛЕ мито*** | | | | |
| ***Корупција, односно корумпираност кај/на:*** | | | | |
| *организациите и носителите на определени функции* | *јавниот сектор, односно, јавните услуги* | *организациите и носителите на определени функции* | *организациите и носителите на определени функции* | *организациите и носителите на определени функции* |
| *јавниот сектор, односно јавните услуги* | *организациите и носителите на определени функции* | *заштитните органи* | *јавниот сектор, односно јавните услуги* | *заштитните органи* |
| *заштитните органи* | *заштитните органи* | *3) цивилната структура* | *цивилната структура* | *цивилната структура* |
| *цивилната структура* | *4) цивилната структура* | *4) корумпираност на јавниот сектор, односно јавните услуги* | *заштитните органи* | *јавниот сектор, односно јавните услуги* |
| ***Што ДАЛЕ мито*** | | | | |
| *организациите и носителите на определени функции* | *јавниот сектор односно јавните услуги* | *организациите и носителите на определени функции* | *јавниот сектор односно јавните услуги* | *јавниот сектор односно јавните услуги* |
| *заштитните органи* | *организациите и носителите на определени функции* | *заштитните органи* | *организациите и носителите на определени функции* | *организациите и носителите на определени функции* |
| *цивилната структура* | *цивилната структура* | *јавниот сектор односно јавните услуги* | *цивилната структура* | *цивилната структура* |
| *јавниот сектор односно јавните услуги* | *заштитните органи* | *цивилната структура* | *заштитните органи* | *заштитните органи* |

Прегледот број 13 укажува дека редоследот на факторите од година во година по групи се разликува што укажува на сложеноста на општествените односи во Република Македонија. Тие се последица на сет од фактори кои влијаат на перцепциите на граѓаните, како што се дека таа е земја со транзициска економија, со слаб економски сектор, со нагласен партиски монопол, со партиска контрола на институционалната структура и со појава на практикување на

државните институции како ефикасно средство за редистрибуција на ресурсите. Имајќи ги предвид општите состојби може да се оцени зошто постои висок интензитет на врски меѓу цивилната структура (претприемачите, новинарите и невладиниот сектор) и носителите на јавни функции и политичките организации. Објективно треба да се очекува оваа сфера да е носител на антикорупциските акции и содржини.

Иако не се докрај отворени сите прашања, како и тоа дека станува збор за перцепции на граѓаните, со сигурност може да се претпостави дека ваквите резултати се индикатор кој може да е во функција на дебатата за функционирањето на државните органи, барањето решенија за непосредна и конкретна акција која е во функција на доброто владеење и утврдувањето на политики што ќе се во чекор со практиката на земјите чии институции се стабилни и свртени кон човекот и неговата слобода[47].

## ***Корупцијата низ коментарите на испитаниците***

Составен дел на инструментот за истражување беше и прашањето: „**Доколку ве замолиме да нè советувате, кои мерки и активности за борба против корупцијата би ни ги препорачале**?“ На ова прашање во 2013 година одговориле 33 испитаници, 498 во 2014, 353 во 2015, 330 во 2016 и 379 испитаници во 2017 година. Поради богатството на идеите што можат да се прочитаат во продолжение од Извештајот ќе прикажеме дел од размислувањата и ставовите на испитаниците.

Залагањата одат на линија за да се спречи корупцијата „би требало да се зголеми едукацијата кај граѓаните“, „да се спроведат построги законодавни мерки во борбата со корупцијата“, „да не се подложуваат и самите граѓани во такви ситуации“, „ еднаш и засекогаш да се стави крај на коруптивните работи“. Исто така, се смета дека треба „граѓаните што повеќе да бидат известени преку медиумите за корупцијата“, „обичниот граѓанин да е сигурен дека живее во безбедно место, каде што владее законот и институциите да работат како што треба и граѓаните да веруваат дека парата не може сè да решава“. Според нив „граѓаните треба да имаат пристап до информациите, за да се намали бројот на корупцијата тие треба да ги знаат последиците и законите. Законот „треба да биде со казнување на тие лица кои се

---

[47] Вејсељ Љатифи: *Прашања* ...цит. дело. стр.3;

корумпирани“, како и тоа дека „треба да се посвети внимание за слободата на печатот“.

Се советуваат да се преземат „превентивни мерки“, „видеонадзор“, „скриени камери“, „надзор врз управите“, со „поблаги казни за корумпираните, но сите да бидат казнети“, „повеќе информираност на граѓаните преку медиумите“, „подобра селекција на кадрите во јавниот сектор“ како и „поттикнување на свеста кај граѓаните“, особено потребата од „почитување на законите, почитување на работното место кое го извршува, во никој случај службеникот да не прима мито. За да се спречи ова треба да има инспекциски надзор кој ќе ги надгледува на нивното работно место“.

Во таа смисла им се советува дека „граѓаните треба да имаат повеќе сознанија“, „да ги знаат последиците“, „да се почитува законот“, „да не даваме и да не земаме мито“, да се информираат „граѓаните за последиците ако примаат мито“, да се промени „менталитетот, свеста на граѓаните и општествениот начин на живеење, да се почитуваат законите, и тие да важат подеднакво за сите“. Во советите се нагласува дека треба да биде поттикната „свесноста кај граѓаните“ и да се врши „селекција на позрели кадри“.

Посебна група на совети е таа дека треба „да се воведат ригорозни казни, за сите што извршуваат корупција, законите да важат за сите, без разлика за кого и да се работи. Секој што присуствува на чинот на корупција или видел корупција да пријави, да има почести инспекции и сè да се работи по закон, а најмногу би посветиле внимание на здравството и на вработувањата бидејќи тука има најмногу да се едуцира населението“. Во таа смисла се констатира дека „државата треба да преземе мерки и тоа конкретни и директни, со функционирање на законите во кои се предвидени казните и тоа на најстрог начин“, како што се „строги казни за оние што ја извршуваат корупцијата“.

Во советите „за да се намали бројот на корупцијата државата треба да обезбеди повеќе работни места за граѓаните, и истите да го почитуваат законот и правилата кои ги извршуваат“, да се обезбедат „поголеми плати за да нема потреба од корупција“, потоа со „казнување со пари или со затвор за тие што даваат мито, казнување со пари, губење на работното место или забрана за вршење на дејноста на определено време за тие што примаат мито и ја злоупотребуваат работната функција“. Затоа, сметаат дека е потребно „построго законодавство во делот на корупцијата, казнување на сторителите без разлика на функцијата, промена на менталитетот на општеството и економски развој на земјата, вработување“.

Еден број од испитаниците советува дека треба „контролирање на институциите и министерствата од страна на државни службеници и казнување на тие лица кои ја злоупотребуваат работната функција“, а во тие рамки еден испитаник констатира дека „корупцијата е во главата на државата, а ние ја бараме во нозете“.

Се оценува дека ефикасната борба против корупцијата ќе има резултати ако „сите што се вработени да бидат добро платени, значи да имаат да кажеме добра месечна претплата за да не мислат на нешто што е коруптивно“, „треба да има прилив на повеќе инвестиции од различни европски места но и од државата, со отворање на фабрики ќе се намалува бројот на невработеноста а со тоа и корупцијата“, „да се зголемат платите, да има повеќе вработувања и да се зголемува интегритетот на органите и институциите, да се именуваат соодветни и професионални кадри во управувањето на институциите“.

Во 2014 година, граѓаните изјавиле дека е потребно „вршење на поголеми проверки, зајакнати контроли, построги санкции“, потоа следат „избегнување на ситуации за давање и примање на мито и поголеми казни за сторителите на ова кривично дело“. Се советува „органите коишто се борат против корупцијата да бидат повеќе платени и контролата над нив да ја врши народот, а не власта“. Се бара „поголема самостојност на органите што го спроведуваат законот и на институциите што се занимаваат со борба против корупцијата“. Се инсистира на „построги казни за сторителите на коруптивните дела и конфискација на имотот“, за „банкарско следење на парите за промет“, „секоја корупциска зделка со означени банкноти“, „финансиско следење на сите политичари“, и „отстранување од работното место“. Еден испитаник констатира дека „митото и корупцијата никогаш нема да се спречат, но доколку се преземаат соодветни построги мерки ќе се намалат“. Во таа смисла се и заложбите дека е потребно „поголемо почитување на законот и построги казни“, „постојан надзор и контрола врз приватниот сектор за работните услови“, како и „построги санкции и зголемени затворски казни“, со постојано „зајакнување на репресивните мерки и зголемени затворски казни“.

Еден истражувач смета дека „ако постои поголема контрола над работниците, и уште поголема санкција, луѓето помалку ќе се осмелуваат да вршат ваков тип на кривично дело. Инаку, тука особено влијание има културата и свеста кај народот, бидејќи јас тргнувам од себе. Кога сум во странство не се осмелувам да правам корупција, а кога сум тука во Република Македонија!?“. За друг истражувач треба „без страв да се пријават сите примачи на мито од страна на граѓаните, да му се укине вршењето на дејноста на оној што ќе прими мито, да се зголемат платите на сите вработени во институциите“. Во таа смисла

една испитаничка вели: „би ве советувала казнените мерки против корупцијата да бидат построги за да имаат поголемо влијание врз граѓаните и државната управа“. Потоа, „би ви ги препорачала сите мерки и активности за борба против корупцијата што веќе ги имате наведено, а државните органи се должни да ги почитуваат“. Излезот се гледа и во основањето на „повеќе институции за борба против корупцијата, поголеми казнени мерки за оние кои примаат мито, бидејќи оние кои даваат мито се принудени од спротивната страна“, потоа, „би отворил отворен конкурс за инспектори против корупција и на секој кој носи разоткривање на криминал би му ја продолжувал работата, оној инспектор што нема ефект во работењето ќе го отпуштам и на негово место ќе ставам нов“.

Во препораките што се упатени до истражувачите може да се забележи „би сакала да ги препорачам следниве мерки: полицијата да дејствува во сите населени места, сите да се казнуваат, да се зголеми заштитата, и да има драстични мерки за корупцијата“, „бидејќи власта е најмногу корумпирана и другите политички партии, треба да се наметнат закони со строги казни кои, најпрво, ќе важат за нив, потоа и за другите“, како и „борбата против корупцијата во државата е предвреме предадена битка, без голема желба, ресурси еднакви на нула. Неколку корумпирани личности и институции се борат против корупцијата. Државата функционира на принципот- „давај и ќе добиеш МИТО“.... И по Тито.. Мито“.

Во советите до нас како истражувачи може да се прочита и заложбата за „високи казни и доживотен затвор за високите државни службеници особено во Владата, Собранието и министерствата да бидат набљудувани и контролирани почесто. За време на избори политичките партии помалку да ги корумпираат граѓаните и истите да бидат контролирани“, за што „Владата презема доста репресивни и превентивни мерки кои помагаат при решавањето на проблемот со корупцијата и обезбедување на здраво и валидно општество, само треба да се почитуваат дадените мерки и би било идеално да се живее во вакво општество“.

Потоа се одговара: „во врска со ова прашање не би ви дал многу совети кои мерки и активности за борба против корупцијата би ги употребувале, можам само да кажам да ги применувате законите кои веќе се изгласани и донесени да се применуваат онакви како што се и да не им се прави селекција на истите“, или се констатира дека „во Република Македонија сè е партиски, и додека постои тоа, што и да сакате да направите корупцијата нема да се искорени. Затоа што и вработувањата и некои слични работи што се случуваат врз основа на партиска определба претставуваат еден вид корупција?!“

Во 2015 година граѓаните сметаа дека за „да се намали бројот на корупција и да не се подложуваат и самите граѓани во такви ситуации, треба да се стави крај на коруптивните работи еднаш и засекогаш “. Тоа да се прави со „построго казнување на сторителите на кривични дела од областа на корупцијата“. „Ако некој се фати на дело за корупција засекогаш да се тргне од тоа работно место. Истиот да ги врати средствата што незаконски ги присвоил и да одлежи соодветна казна за стореното дело“. Потоа се оценува „ако сѐ повеќе во општеството има употреба на корупција би требало да се забранат таквите употреби и да постојат големи парични казни и строги казни“, односно „антикорупциската комисија и судството да бидат независни тела и да не зависат од моменталната власт. Казнени мерки треба да се преземат и за нив ако не работат според правилникот“. Еден испитаник вели: „би препорачал доколку би можело да се спроведе некое друго општествено уредување нешто помеѓу комунизам и еден вид на демократија (бидејќи ваквото општествено уредување на Република Македонија се покажа како доста неуспешно)“, како и „би препорачал спроведување на правилна кадровска политика поради поправилно функционирање на институциите задолжени за откривање на корупцијата“, односно „би препорачал поголема казна за сторителите што ќе се пронајдат, за примање мито, давање мито и злоупотреба на службената должност“.

Граѓанин - „би сугерирал - вработување на квалификувани кадри во полицијата и, најпрво, чистење на корупцијата во нивните редови!... Па потоа со ред“. Според нив „борбата против корупцијата би можела да го постигне својот ефект со примена на построги мерки врз давателите и примателите на корупција“. Има и залагања за „ваучерска приватизација на јавниот сектор освен полицијата, армијата и судството. Што помала држава, толку помалку корупција. Укинување на ограничувањето на финансирањето на политичари и политички партии. Одделување на законодавната од извршната власт и воспоставување на правна држава, односно сите граѓани да се еднакви пред законот. Укинување на имунитетот на пратениците и вршителите на јавните функции“.

Во иницијативите на граѓаните се и залагањата за „видеонадзор во канцелариите на сите државни службеници, лекари и слично“, потоа „видеонадзор, особено на државните службеници, лекари, професори и следење на телефонските и електронските комуникации на сомнителни лица“, како и „високи казни за оние кои се сторители на корупција“.

Испитаник смета дека „власта да краде што помалку и да ги спречат и санкционираат тие што вршат корупција, односно

институциите кои се надлежни за тоа да си ја сфатат работата посериозно“. Во таа смисла се предлага „ по еднаш во неделата да има инспекција која ќе оди на терен, но да не прима мито.

Исто така се предлага „во секоја државна институција и во секоја канцеларија да се стават камери“, како и „водење на финансиски истраги и поефикасно функционирање на надлежните органи“ и во таа смисла да се води „војна против корупцијата“.

Граѓанин смета дека има потреба „да биде озаконето дека доколку некое лице преку корупција се стекне со богатство истото да биде одземено со конфискација на имотот“, „да им се даде поголема слобода на граѓаните, односно да бидат повеќе слободни и да не се плашат да пријават кривично дело, а надлежните органи да работат правилно по законите и да ги почитуваат без отстапување“, како и „да има поголеми подготовки на граѓаните за корупцијата, да се организираат бесплатни часови за мерки и активности на корупцијата“.

Некои испитаници сметаат дека треба „да има соодветен кадар во министерството за безбедност“, „политичките партии да се едногласни“. За решавање на корупцијата се предлага „да има штандови во секој град каде што граѓаните ќе можат анонимно во печатена форма да доставуваат определени сознанија, информации за постоење или вршење на кривични дела поврзани со корупцијата или слични облици на корупција, бидејќи, денеска, сè поголем е стравот кај граѓаните да се одлучат да пријават определени прекршоци, кривични дела или, пак, нивните сторители“. Во таа смисла тие сметаат дека треба „да ја намалите, најпрво, корупцијата и нејзиното високо ниво, а потоа меѓу граѓаните да не се дава и да не се прима мито“, како и „да не се даваат многу големи овластувања на инспекциските служби. Да се применат санкции за сите служби кои не покажуваат интерес кон борбата против корупцијата“, односно „да не се прима мито, да си ја извршува зададената задача (на која и да е функција) да се преземаат соодветни мерки во здравството, полицијата и владата“. Во таа смисла се укажува „да не се селектираат кривичните одговорности на наши - ваши (партии, роднини, власт), да постои совест и одговорност во вршењето на должностите“ и „да престанат да го ограбуваат народот, да се работи по законот и да се почитува“, односно „да се воведат построги мерки и закони за водење на успешна борба против корупцијата“.

Во идеите за тоа како треба да се справи со корупцијата предлагани се „посебни органи кои ќе ги следат тајно сите вработени (и во приватен и во јавен сектор) и ако откријат каков било облик на корупција да бидат ригорозно казнети за да биде тоа пример што ќе се

случи со сите кои ќе посегнат на каков било начин кон корупција", друг испитаник смета дека треба да „постојат повеќе инспекциски служби" чија задача би била да „ги проверуваат ваквите корумпирани лица", „да се воведат единици чија цел би им била спречување на корупцијата", како и тоа „инспекциските органи да постапуваат во согласност со законот и да нема привилегии за лица и фирми кои се на страната на власта туку да има ист третман за сите". Решението се гледа во тоа „да се донесе закон со кој ќе се уреди, сите кои се инволвирани во коруптивни работи кривично да одговараат и да бидат санкционирани со најмалку 5(пет) години затвор, без парична казна а материјалната добивка да им биде конфискувана од страна на надлежните органи".

Во таа смисла се оценува дека државните служби треба да се платени добро за „да бидат задоволни од она што го имаат и да не бараат од оние кои работат за нив", за „зголемување на финансиските примања на државните службеници и вработените кои го сочинуваат костурот на државата", да се зголемат „затворските казни и на примачот и на давателот на мито, јавно да се кажуваат личните податоци на лицата кои ја злоупотребиле службената должност, а во крајна линија да се воведат екстремни казни".

За друг да поентира со став „ако сите органи работат професионално и ако платите ни се на задоволително ниво тогаш нема да има корупција". Во таа смисла се смета за неопходно да се воведат „огромни казни за оние кои вршат корупција и, пред сé, власта ако врши корупција и тие да се казнуваат дури и построго". „Секој работник што е вработен во кој било сектор во државата да работи во согласност со законот, доколку некој не ги почитува и не ги применува одлуките да биде строго казнет со суспендирање. Исто така, да се спроведат и поголеми казни за сторителите на кривичните дела - перење пари, примање и давање мито и слично", како и тоа „земањето мито да се третира како тешко кривично дело", а „извршителите на корупција да бидат казнети со затвор". Дојдено е дури до такви предлози „да се зголеми транспарентноста во работењето на приватниот и јавниот сектор".

Еден број испитаници се залагаат дека е потребно „поголемо надгледување кај лицата каде што поголем процент односно, поголеми се можностите да бидат корумпирани, да се преземат поголеми мерки за препознавање на корумпираните лица кои бараат и даваат мито и полицијата со нејзините истражни мерки да бидат поактивни и поподготвени против корупцијата".

За тоа како општеството да се справи со корупцијата внимание заслужуваат определен број на совети на испитаниците според кои треба „да се воведат големи казни на високите функционери кои ги

штитат обичните граѓани и ги охрабруваат да учествуваат во корупција“, „да се воведат поригорозни мерки во борба против корупцијата“, „да се воведат построги казни“, „да се засилат репресивните мерки“, „да зачестат контролите и истите да не примаат мито“, „да се зголемат казните за корупцијата“, „за нудење и примање мито“, „да се намали барањето мито за да се заврши некоја услуга“, „да се одземе имотот и на тој што дава и на тој што прима мито“, „да се подигне свеста на граѓаните да не примаат и да не даваат мито“. Има и совети од типот „лицата што корумпираат кривично да се гонат“, како и тоа „лицето да биде отпуштено од работното место. Лицето да нема право да се вработи во државна институција. Лицето да биде објавено во службен весник и во медиумите“.

Еден број испитаници сметаат дека корупцијата може да се спречи со помош на „информираност,едукација на населението, мерки за намалување на сиромаштијата, непартиско вработување, примена на законите и правото, хумано и одговорно здравство кое нема да има потреба да се мотивира со корупција“, за што е неопходно „департизираност на севкупниот систем во државата, прием на политика врз основа на стручност, изострена казнена политика“, потоа „јавни и транспарентни тендери и набавки, независни ревизорски и инспекциски служби, ригорозни казни за директори на јавни претпријатија, градоначалници и министри кои ќе ја злоупотребат службената должност“, „да се разгледаат сите анонимни пријави за корупција, да не се занемарат“, „да се смени власта, да се зголемат казнените санкции со можна најстрога казна, да се воведат поголеми казнени мерки за сторителите - парични казни и кривични пријави и да се ставаат камери во сите простории кај надлежните, да не се дозволи корупцијата да влијае на вашиот живот“, како и „да се спроведе попис на имотната состојба на секое лице кое е носител на политичка, државна или јавна функција на денот на неговото назначување за носител на функцијата и по завршувањето на функцијата“.

И на крајот за тоа дека корупцијата е неизбежна. Така, еден број испитаници констатираат дека „корупција имало и ќе има. Таа никогаш нема да се искорени и залудно е тоа што се трудите. Корупцијата може да ја снема само под услов: да се примени законот од Република Северна Кореја и кај нас во Македонија“. Според нив „корупцијата ја има во самите државни органи и институции и затоа, најпрво, треба да се почне искоренување на корупцијата во самите нив“, како и констатацијата дека „корупцијата ја има секаде и тешко може да се искорени“. „Корупцијата постоела и ќе постои и не може да се искорени со никакви мерки“, дека „корупцијата ќе ја нема доколку има поголема рамноправност и ценење на работата“, како и предлогот дека

„Македонија како правна држава има комисија за борба и спречување на корупција. Доколку истата би дејствувала правилно, односно би ги спроведувала сите мерки и казни за кои се залага, тоа би било сосема доволно“, сé до констатацијата „луѓето да се освестат за штетите од корупцијата преку електронските медиуми“.

На прашањето „доколку Ве замолиме да не советувате, кои мерки и активности за борба против корупцијата би ни ги препорачале“, во 2017 година испитаниците понудиле значителен број на сугестии, при што како илустрација се наведуваат покарактеристичните. Во таа смисла се предлага „граѓаните да не молчат и да ги пријавуваат ситуациите кога се изложени на ризик од корупција“, „да се заштитат сите граѓани кои ќе пријават дело на корупција, службите да вршат почеста контрола и казните да бидат поголеми“.

И советите на испитаниците во 2017 година беа со барање „да бидат воведени огромни казни за оние кои вршат корупција и, пред сé, претставниците на власта ако вршат корупција и тие да се казнуваат дури и построго“, „да бидат донесени построги казни и критериуми за корумпираните и да има поголема контрола од страна на институциите задолжени за тоа“, како и тоа да „биде озаконето дека доколку некое лице преку корупција се стекне со богатство истото да биде одземено со конфискација на имотот“, со барање „да им се даде поголема слобода на граѓаните, односно да бидат повеќе слободни и да не се плашат да пријават коруптивно дело,а надлежните органи да работат правилно по законите и да ги почитуваат без отстапување“, се до барање „да има појаки контроли и мерки“.Да нема милост за корумпираните лица“, „да нема милост за лицата кои корумпираат“, „да постои поголема едукација кај населението во врска со корупцијата и кога би дошло до такво коруптивно дело да бидат спремни да го пријават или сведочат против таквото дело без страв“, „да се ангажираат повеќе лица во борба против корупцијата“, „да се воведат повисоки санкции со цел повеќе да се почитуваат законите“, „да се вработува посоодветен кадар во надлежните органи“, „да се врши поголема контрола врз лицата коишто работат во инспекциските органи“, „да се врши поголема контрола врз работата на институциите“, „да се даде поголемо овластување на органите кои се занимаваат со борбата против корупција и поригорозни казни“, „да се даде приоритет на младите интелектуалци кои имаат амбиција да опстане општеството и младите да имаат високи примања да не бидат подлегнати на корупција. Со доследно почитување на законот“, како и „да се донесат закони и тие да важат , а не само да се донесуваат на хартија “

За тоа како може да се спречи корупцијата еден број испитаници советуваат дека тоа треба да се чини со „анонимно пријавување на кривични дела поврзани со корупција“, со „антикорупциската комисија и судството да бидат независни тела и да не зависат од моменталната власт. Да постојат казнени мерки и за нив ако не работат според правилник“, со „бескомпромисна борба против корупцијата со сите начини“, со „луѓе, специјалисти за корупција, од подалечни земји а не од Балканот. Би организирала повеќе семинари за обичните граѓани да се едуцираат затоа што сметам дека колку што се криви политичарите, од областа итн., исто така, криви се и граѓаните. Би запослила повеќе странски службеници, специјалисти за разрешување на корупцијата“. „Би препорачала поголема казна за сторителите што ќе се пронајдат, за примање мито, давање мито и злоупотреба на службената должност“, „видеонадзор во канцелариите на сите државни службеници, лекари и слично“, односно „видеонадзор, особено на државните службеници, лекари, професори и следење на телефонските и електронските комуникации на сомнителни лица“.

Во таа смисла се предлага „во Министерството за внатрешни работи и инспекциските органи против корупција да се вработуваат лица со соодветно образование, построго да се казнуваат сторителите“, „во сите органи кои помагаат при намалување на корупцијата да се вработуваат лица со соодветно образование“, „воведување во секоја институција на посебен оддел кој ќе ја следи корупцијата и степенот на застапеност“, „воведување построги казни за сторителите на овие дела, а воедно и спроведување и почитување на истите, а не нивно заобиколување“, „вработените во институциите да си ја работат работата без да паднат под влијание на политичките партии“. „Вработувањето да не е преку политички партии“, „да не се вработуваат службеници со роднински, пријателски и партиски врски. Во полицијата да се вработуваат соодветни кадри“, „да не се злоупотребуваат овластувањата, примена на законодавството, правилна работа на судовите“, „да не се прима мито, да постои повеќе ангажираност и внимание кон граѓаните“, „да не се селектираат кривичните одговорности на наши - ваши (партии, роднини, власт)“.

Во однос на казнената политика, „да се казнуваат сторителите со најсторги казни и поголеми контроли и надзор од институциите“, „да се конфискуваат имотите кои се стекнати нелегално“, „да се креира посебна институција која би ги надгледувала институциите за борба против корупција, со цел да се провери дали и самите тие даваат или примаат мито“, „да се награди оној што ќе извести за корупција и да има високи плати за да не се зема мито“, „да се најдат најприспособливи начини за да се сузбие и открие корупцијата и

сторителите“, „да се направат измени во законите и истите да важат исто за сите“, „да се осамостојат законодавните органи, да не бидат под влијание на другите органи, секоја институција самостојно да си работи, па така, ќе биде ефикасно откривањето и спречувањето на корупцијата“, „да се остават институциите да работат, да не бидат под притисок и ќе има поголем успех во борба против корупцијата“, „да се подобрат антикорупциските тела, да си работат правилно, да нема роднини и пријатели, по можност сите политичари што крадат да бидат затворени“ како и тоа „доколку биде фатен дека прима мито да следува затворска казна од 10 години“.

Испитаник смета дека „секое корупциско дело, секое нелегално работење за кое ќе се чуе или дознае да се пријави за да може органите исправно да функционираат“, што претпоставува и тоа дека „секој граѓанин навремено да ги завршува своите обврски (вадење лична карта, пасош) и да ги почитува законите (да не вози пијан или со брзина над дозволената) бидејќи во тие ситуации доаѓа до давање или примање мито“, „секоја фатена корумпирана личност, од која причина го направила тоа, да биде искрена, и според тоа да и следуваат казнените мерки“, односно неопходни се „сериозни репресивни мерки па потоа преземање на превентивни мерки“. За таа цел е неопходен „систем кој ќе биде лесно достапен за граѓаните да пријават корупција со можност да изберат дали да биде пријавено анонимно или со лични податоци“, за што е потребно „сите надлежни и вработени во институциите да работат како што треба, во спротивно да бидат избркани од работа“, односно „сите што ќе бидат фатени да не си ја вршат работата како што треба да се суспендираат од работа“, а „службите за безбедност повеќе да се обучат како да откриваат вакви типови на криминал“, посебно, „службите за борба против корупцијата подобро да ја вршат својата работа“, како и тоа тие „подобро да работат и со повеќе контрола и построги казни“, сé до констатацијата според која „сметам дека треба да се подобрат државните институции и нивната ефикасност како и зголемување и подобрување на нивната работа и контрола од страна на државни органи“.

Еден број испитаници предлагаат „доколку секој работник што е вработен во кој било сектор во државата да работи во согласност со законот доколку некој не ги почитува и применува одлуките да биде строго казнен со мерката - суспендирање. Исто така, да се спроведат и поголеми казни за сторителите на кривичните дела - перење пари, примање и давање мито и слично“. И според нив „државната комисија и институциите засилено да си ја вршат својата работа и сторителите построго да бидат казнувани “, потоа „државните органи да излегуваат во пресрет на граѓаните, да не потпаѓаат под политички влијанија и

лица на функции. Повисоки плати на вработените во институциите за да бидат позадоволни и да не примаат и бараат мито“, како тоа „државните органи и сите наведени не можат да преземат нешто по што тие се корумпирани најмногу од другите“, односно „да се подобрат институциите за гонење и откривање на корупцијата“.

Во настојувањата да се разрешат корупциските состојби еден број испитаници препорачуваат дека е неопходно „поголема контрола врз државните службеници (лекари, полициски службеници, министри, пратеници) и нивното работење од страна на органите надлежни за борба против корупцијата кои се подложни или се мета на корупцијата“, како и „поголема контрола и да се отстрануваат од работа“, односно „поголема контрола и поголеми казни врз луѓето кои имаат врска со корупција“, а во тој контекст и „поголема контрола на инспекциските органи“, посебно на „органите надлежни за борба и спречување на корупцијата, адекватна примена на законодавството како и контрола и надзор врз надлежните органи кои се борат против корупцијата“.

Во таа смисла се советите за „поголеми овластувања на органите за безбедност за вршење на контрола врз работата на другите служби во државната управа“, „поголеми плати на вработените“, „помалку невработеност“, „поголемо внимание на превентивните мерки затоа што подобро е да се спречи отколку да се лечи“. Како и „подигање на свеста на граѓаните и службениците преку силен невладин сектор - здруженија на граѓани. Јавно разоткривање и морална осуда на сите кои вршат корутивни активности. Заштита и унапредување на независното новинарство“, „подобра организираност во полицијата“, „подобра подготвеност на инспекциските служби, СЈО, полицијата, УЈП за справување со ваквите ситуации“.

Справувањето со корупцијата се набљудува и низ заложбите за „професионализација на службите за превенција и санкционирање на корупцијата, воведување на систем на кариеризам и позитивна дискриминација на службениците вклучени во системот против корупција и најважно од се е департизација на истите служби“, со „професионални личности на вистински места, повисоки плати и повисок стандард, со анонимно анкетирање на луѓе кои имале потреба да користат институции кои можат да ги злоупотребуваат граѓаните“, односно со „професионално работење, строги казни“.

Ова се дел од сугестиите што испитаниците ги сугерираа на истражувачкиот тим во настојувањето да идентификуваат на кој начин може да се справиме со сложеноста на корупцијата и корутивните процеси во нашето општество. Истражувачките резултати во целина и коментарите на испитаниците упатуваат на тоа дека во општеството,

преземените активности на надлежните органи и институции, посебно на надлежните за спречување на корупцијата не успеваат да се справат со неа, дека во вкупниот општествен процес постои испреплетеност на односите и можат да се идентификуваат определени подрачја каде постојат индиции за поврзаност меѓу одделни институции, органи и функции и определени подрачја, како што е цивилната сфера, во која можат да се идентификуваат глобалните правци на корупциското поведение. Тоа во општествената стварност се изразува преку индикаторот отсуство на институционален капацитет за извршување на нормативно утврдените положби, но и за отсуството на интегритет и одговорност во вршењето на јавните овластувања и задачи. Затоа, врз основа на досегашната анализа неопходно е да се укаже дека е потребно да се воспостават облици за поефикасна соработка меѓу носителите на борбата за корупција, да се зголеми општествената, пред сè, цивилната контрола над нив и да отпочне процес на кадровско проветрување во институциите надлежни за откривање, спречување и разрешување на корупцијата. Во таа смисла треба да се практикува државните органи, како што е, на пример, и Државната комисија за спречување на корупцијата повеќе да се свртат кон академската заедница, да поттикне и стимулира истражувачки, за да може да ги дефинира стратешките цели и да разработи акциски планови. Токму затоа треба да се подвлече дека потпирањето само на стручните истражувачки пристапи и на субјекти одржани од европски и други извори на финансирање, го стеснува просторот и недоволно обезбедува трансфер на знаењата и практично знаењето и информациите не стануваат основа за утврдување начини за решавање на проблемите. Тоа, пак, резултира со недоволно обмислени, планирани и систематски водени акции и активности. За таа цел потребна е една поширока мрежа на поврзани институции кои ќе вршат размена на податоци и ќе реализираат заеднички проекти, со цел успешно спречување на корупцијата.

# ТРЕТА ГЛАВА

# КОРУПЦИЈАТА РЕАЛНА ЗАКАНА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

Секојдневно* во средствата за јавно информирање, во извештаите на Министерството за внатрешни работи и во јавноста воопшто, присутен е заклучокот за степенот на корупцијата на одредени општествени структури, особено во јавните институции е изразито висок. Притоа, вообичаено не се изнесуваат статистички показатели на таквата состојба, воопшто и да не се прави одредена анализа на истите. Наместо длабинска и суштинска анализа најчестата ориентација е на „теорија на случајот“ преку опишување а сето тоа за јавноста, а особено по можност за сензационални атрактивни корупциски случаи.

Корупцијата како општествено-негативна појава е стара колку што е старо и самото општество. Парите никогаш не биле доволни кај огромното мнозинство на светското население, така што голем број луѓе прибегнуваат кон корумпирано и криминално однесување за да ги остварат огромните апетити. Се јавува диспропорционалност меѓу можностите за реално задоволување на човековите потреби и неограничените желби. За остварување на таквите желби човекот се впушта во недозволени активности каде основен метод на дејствување е по пат на корупција да  го остварат она што не можат на друг начин.

Корупцијата е длабоко инфилтрирана во институциите, со што ја намалува нивната моќ за нејзино справување. Корупцијата не би била толку стара, ни толку тешка за искоренување да не е тесно поврзана со човечката природа. По својата природа човечкото суштество го карактеризира алчноста и егоизмот „колку повеќе има толку повеќе сака да има“. За да бидеме алчни и егоистични доволно е да ги следиме своите инстинкти. Но да бидеме почитувани, позитивни, морални потребно е помал или поголем напор во совладување на своите инстинкти. Живеејќи во општествена заедница, човекот е изложен на предизвиците и малку се оние кои ќе признаат дека на сè би можеле да се спротивстават, со исклучок на своите инстинкти.

Ако се тргне од длабоките корени на корупцијата во човековите антрополошки фундаменти, ќе се увиди силата и

---

* Автор: вонреден проф. Марјан Николовски

адаптибилноста на корупцијата која е многу тешко да се искорени. Истата доаѓа до израз во нестабилни држави, земјите во транзиција, каде во континуитет има променливост на правни и морални норми.

Корупцијата претставува девијантно реализирање на јавната служба за лични и семејни цели, за целите на приватниот клан или, пак, на некоја група на интереси и како таква е неспоива со системот на професионална администрација (ослободени од политички волунтаризам) во кој изборот и унапредувањето на кадрите на јавната администрација се прави врз основа на професионалните способности и без пристрасност на службените лица.[48]

***Под <u>корупција</u> се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг.*** [49][50]

Корупцијата како современа „инфективна болест" посебно ги загрозува „кревките организми" на државите во транзиција, како последица на повеќе фактори, како што се:

- економските промени,
- приватизацијата,
- слабеењето на одговорноста,
- недостатокот на демократска традиција и
- недостатокот на ефикасен систем на реципрочна контрола по линијата: држава-политика-граѓанско општество.

Корупцијата како општествено зло претставува нехумана, нецивилизирачка и патолошка појава на јавната администрација што резултира од преувеличените функции на државата и од нејзината повеќедимензионална моќ.

Корупцијата не е прост криминал, каде што криминалот и криминалните групи ќе ги избркаме некаде по улиците. Корупцијата, според природата на работите, се појавува и реализира преку власта, независно од која страна започнува иницијативата.[51]

---

[48] Крегар Ј., „Корупција", Правен факултет, Загреб (Цитирано според: Heidenheimer, A., Johnston, M., Le Vine, V., Political Corruption, Transaction Publishers, London, 1997)

[49] Закон за ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА – ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ „Службен весник на Република Македонија", бр. 28/02, 46/04, 126/06, Одлука на Уставен суд од 10.1.2007,

[50] /08, и 161/08), член 1-а

[51] Лабовиќ, М., Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 2004

Интерната корупција ја карактеризираат  активности на подредените службеници (мито, давање подароци) за да се постигне некоја корист кај надредениот службеник.

Индивидуалната корупција значи дејност на поединецот во коруптивната практика. Таа дејност е дискретна, пред сè,  поради тоа што се случува исклучително меѓу две лица. За таквиот чин вината е кај двата учесника, како во случајот на давање, така и во случајот на примање мито. Овој вид корупција е најраширен.

Од перспектива на општествената штета најопасна е институционалната корупција. Таа условува многу последици меѓу кои го разорува вредносниот систем и го забрзува неговото распаѓање. Институционалната корупција ја следат слични процеси во политиката и на подрачјето на водењето на државата. Влијанието на овој облик на корупција на јавното мислење и јавната свест е големо поради тоа што предизвикува страв и неизвесност и пад на моралот кај мнозинството граѓани.

Во демократските држави сè повеќе е очигледен фактот дека корупцијата не е само една штетна и неморална активност, туку претставува една од главните причини за парализирањето и нефункционирањето на државата и нејзините институции.

Во рамките на меѓународното законодавство во врска со законското ограничување на поимот на корупцијата, треба да се спомне: Европската граѓанска конвенција за корупција на Советот на Европа, што корупцијата ја ограничува на ваков начин: „…под „корупција“ се подразбира: барање или понуда, давање или примање, индиректно или директно, на една недозволена активност или на некоја друга недозволена корист или ветување за ваква недозволена корист што го попречува нормалното извршување на некоја одредена функција или однесување на корисникот на недозволената активност или на ваквата ветена корист“.[52]

Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации, корупцијата ја дефинира, набројувајќи ги нејзините елементи, и тоа: „митото може да ги опфати следниве елементи: а)понудување, ветување или давање на какво било плаќање, подароци или друга корист, директно или индиректно, од страна на која било приватна или јавна корпорација, вклучувајќи ги и транснационалните

[52] Европска граѓанска конвенција за корупција на Советот на Европа, член 2 (изготвена во Стразбур на 4.11.1999 година, на англиски и француски јазик со тоа што генералниот секретар на Советот на Европа ќе испрати по еден потврден примерок до секоја членка на Советот на Европа и на секоја држава што ќе биде поканета за приклучување на оваа Конвенција).

корпорации или лице на една држава, на кое било јавно официјално лице или избран претставник на друга земја, со цел истиот да изврши или да се воздржи од извршување на службени должности во врска со одредена меѓународна трансакција и б) давање, барање, присуство, директно или индиректно, од страна на некое официјално лице или избран претставник на една држава, било на некое плаќање, подарок или друга корист, поради извршување на должностите на таквото службено лице или претставник што се поврзани со некоја одредена деловна меѓународна трансакција“. [53]

Општо е прифатено поширокото сфаќање за корупцијата „злоупотреба на јавната функција за приватни цели“,злоупотреба која се манифестира низ разни форми, вклучувајќи неколку елементи, како што се: подмитување, проневера, измами, злоупотреба на моќта, судир на интереси, фаворизирање и непотизам, како форма на фаворизирање. [54]

Во законодавството на Република Македонија предвидени се 23 кривични дела поврзани со корупцијата, прекршочно се санкционираат непотизмот и политичката патронажа, но како „бела корупција“, односно несанкционирана сè уште е коруптивното поведение како што е кронизмот[55]. Со оглед на фактот што кронизмот никаде не е санкциониран, овој облик на корупција спаѓа во таканаречената „бела корупција“, за разлика од непотизмот и политичката патронажа кои спаѓаат во делот на сивата корупција.

## Појавни облици на корупцијата во Република Македонија

Корупцијата останува проблем за сите земји ширум светот. Социјално-економскиот развој, институционалниот и политичкиот амбиент, или преовладувањето на социјалните и културолошките норми се сите оние елементи кои може да се обликуваат во многу различни начини, но корупцијата сè уште останува зло од кое ниту една земја вистински не може да биде изземена и често претставува ранлива област за земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ја и Република Македонија. Граѓаните на Република Македонија ја согледуваат

[53] UN General Resolution A/C 3/51/I 3, 26 September 1996: Action against corruption, tocka 3: a) I b)

[54] Buscagia, D. Van Dijk J: Controlling Organized Crime and Corruption in the Public sector, Forum on Crime and Society, vol.1 and 2, December, 2003, pp 3-4

[55] Кронизам – претставува коруптивно однесување, коешто не е кривично ниту прекршочно санкционирано, а се однесува на вработување и унапредување на блиски пријатели во државна и јавна администрација

корупцијата како најважен проблем со кој се соочува нивната земја после невработеноста и сиромаштијата/нискиот животен стандард.

Основна карактеристика на корупцијата во Република Македонија, на глобален план е нејзиното „високо ниво, како и недоволната ефикасност за нејзино спречување, како на превентивен така и на репресивен план“.[56] Во прилог на ова е и тврдењето дека „корумпираноста и криминализацијата на власта го блокира развојот на општеството и изградбата на граѓанска, демократска и правна држава, со сите негативни реперкусии врз човековите слободи и права, до степен, на кој се поставува прашањето: дали оваа појава воопшто може да се спречи со примена на казнено-правна репресија (а круцијално прашање е кој ќе не заштити од нашите чувари)“.[57]

Како сторители на овој облик на корупција се јавуваат лица во својство на вработени и раководители во јавни претпријатија, директори и раководни лица на јавни претпријатија и државни установи, директори и управители на акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност, претседатели и членови на комисии, судии и заменици јавни правобранители, градоначалници, раководители и вработени во високообразовни институции, како и поранешни министри, директори и управители на приватни претпријатија и вработени во министерства, царински работници, стечајни управници, адвокати и нотари, претседатели и членови на управни одбори, вработени во судството и катастар и друго.[58]

Еден од најзастапените видови на корупција во Република Македонија, секако, дека претставува поткупот на јавните службеници. Поткупот на јавните службеници доаѓа во повеќе форми и големини и, секако, е од различни причини во најразлични контексти. Пари или подароци, на пример, може да бидат експлицитно побарани од јавните службеници за завршување одредена работа или да им биде понудено од страна на граѓаните, сé со цел за да се забрза работата или, едноставно, да се изрази благодарност за завршената услуга. Најчесто, митото се плаќа во готово, потоа во форма на храна и пијалаци, размена на услуга и некои скапоцености. Голем дел од поткупот е во форма која може да се протолкува како размена - или експлицитна или имплицитна

[56] Маневски, М. „Корупцијата во Република Македонија, превентивни и казнени мерки за спречување“, Скопје, 2005, стр.29

[57] Камбовски, В. „Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија“, интегрален текст, Скопје, 2011, стр. 1069-1071

[58] Податоците се преземени од извештаите на Министерството за внатрешни работи, објавени на веб-страницата:http://www.mvr.жgov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=8011&mid=1094&tabId=201&tabindex=0.

- меѓу двете страни во која секоја и дава и прима нешто за замена. Но, треба да се нагласи дека во повеќе случаи двете страни не се во иста положба, една од нив (јавниот службеник) обично е во појака позиција во преговорите.

Во контактите со јавните службеници кои резултираат со исплата на пари или подароци, исплатата или се нуди од страна на самите граѓани или, пак, исплатата се прави по барање на јавниот службеник. Барањето на мито се прави експлицитно од страна на јавниот службеник, или, пак, тоа се прави имплицитно, преку трета страна – посредник. Исто така, тајмингот на плаќањето поткуп, исто така, може да фрли светло на мотивацијата зад која се наоѓа, особено со оглед на тоа дали е направен за да се олесни одредена услуга или, едноставно, „благодарам“ за успешно завршената постапка. Во секоја постапка митото се користи за различни намени. Луѓето даваат мито во врска со вадење нова лична карта или пасош се со цел да ја забрзаат постапката за издавање, намалување на официјалната такса, да добијат информации или да добијат подобар третман.[59]

Исто како што поткупот може да се користи за различни цели во различни варијанти и различни контексти, не значи дека сите сектори на јавната администрација во Поранешната Југословенска Република Македонија се погодени од корупцијата во иста мерка. Постојат одредени типови на јавни службеници кои бараат мито почесто од другите, а постојат одредени постапки и ситуации во кои корисниците на јавните услуги сè повеќе се склони да понудат мито на јавните службеници сè со цел да се премостат бирократските процедури и побрзо да се заврши постапката. Според искуството на граѓаните кои платиле барем еден поткуп, јавните службеници кои најчесто примаат мито во Република Македонија се доктори, потоа полициски службеници, службеници во катастар, наставници и професори, медицински сестри, царински службеници, судии/обвинители и општински службеници. Други јавни службеници кои добиваат помал процент на мито се службениците во Министерството за внатрешни работи (регистрација на автомобили/издавање возачка дозвола) и службеници во јавните комунални претпријатија.

Покрај овој вид на корупција во нашата држава најчест вид на корупција постои **при вработување во јавната администрација, потоа при купување гласови на избори, при користење на здравствени услуги и слично**. Може да се каже дека Република

[59] Извештај UNODC и ДЗС, „Корупцијата во ПЈРМ-Подмитувањето искусено од населението„ Скопје, 2011 стр.17

Македонија е зафатена со синдромот на општество корумпирано во сите сфери на општеството (т.н. систематска корупција). Покрај политичко-економските спреги во процесот на приватизација, јавните набавки, корупцијата во најистурените сегменти во државната управа (полиција, царина, инспекции), таа еднакво е присутна и во здравството, образованието, градежништвото, транспортот, комуникациите итн. [60]

## *Анализа на резултатите од истражувањето*

Едно од првичните прашања опфатени во прашалникот е дали граѓаните имаат воопшто некои сознанија за корупцијата и начините на добивање на сознанија за истата.

Во врска со добиените податоци за **начинот на информирање за корупцијата**, најголем процент се изјасниле дека за корупцијата се информирале преку медиумите, односно 260 испитаници или 25,49 % од вкупниот број на испитаници, еден од начините за информирање за корупцијата се и пријателите со 85 испитаници, или 8,33 %, односно комбинацијата медиуми и пријатели учествува со 345 испитаници или 33,82 %, потоа следуваат во училиште со 66 испитаници или 6,4 7%, потоа на работно место со 47 испитаници или 4,61 %, од семејството 40 или 3,92 % итн. Она што е карактеристично како одговор на ова прашање е **далеку поголемиот процент на испитаници кои се изјасниле дека за корупцијата се информирале преку медиумите**. Повеќето од една четвртина од анкетираните граѓани се изјасниле дека за корупцијата се информирале преку медиумите, што како процент е за 3-4 пати поголем од другите начини на информирање за корупцијата.

***Табела број 53. Начин на информирање за корупцијата***

| | *f* | *%* |
|---|---|---|
| во семејството; | 40 | 3,92 |
| во училиштето; | 66 | 6,47 |
| од пријателите; | 85 | 8,33 |
| од медиумите; | 260 | 25,49 |
| на работното место; | 47 | 4,61 |
| од друго место | 5 | 0,49 |
| од пријатели и медиуми | 345 | 33,82 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100% |

[60] Лабовиќ, М., Николовски, М., „Организиран криминал и корупција“ Скопје 2010, стр. 222

Графичкиот приказ, за начинот на информирањето на граѓаните на Република Македонија за корупцијата, изгледа на следниов начин:

***Графикон број 3. За корупцијата научив***




Од анализата на табелата за начинот на информирање за корупцијата, може да се заклучи дека повеќе од една четвртина испитаници за корупцијата се информирале и научиле од средствата за јавно информирање. **За разлика од 2014** година, каде 332 граѓани се информирале за корупцијата преку средствата за јавно информирање во **2015 г**одина тој број се зголемил на нови 79 граѓани, што укажува на моќта и влијанието на медиумите кое од година во година се зголемува и истите имаат сè поголемо влијание во креирањето на јавното мислење кај граѓаните за општествените појави, па и за корупцијата за една од поприсутните општествено-негативни појави. Во однос, пак, на другите начини на информирање процентот за информираност од медиумите е далеку повеќекратно поголем, како што се: образовните институции, семејството, деловните субјекти, на работното место и слично. Се поставува прашањето за објективноста на медиумите и нивната подложеност на влијание од страна на политичките партии, поединци, организирани криминални групи и слично. Доколку процентот на необјективност на медиумите е поголем, поголема е и можноста по пат на корупција да се влијае од страна на поединци или групи за сфаќање на корупцијата во пошироката јавност на начин кој е во прилог на нарачателите и финансиерите на прилозите за корупцијата, кои се

емитуваат во средствата за јавно информирање. Необјективното и пристрасно новинарство оди повторно во прилог на остварување на интересите на криминалните организации кои се користат со корупција како еден од модалитетите за остварување на своите цели.

Овие податоци за огромната улога на медиумите во креирање на јавното мислење за корупцијата се од особена важност кога станува збор за градење на демократски систем каде медиумите ќе имаат улога на објективно информирање без никакви влијанија од кои било структури. На тој начин граѓаните ќе имаат објективни информации и ќе градат реални претстави за случувањата во државата а со тоа и за корупцијата како еден сегмент од многуте општествено-негативни појави.

Односот на медиумите и општеството е повеќеслоен и сложен. Без слободни, независни и критички медиуми незамисливо е да се развива демократијата. Новинарите изразуваат и укажуваат, отворено и критички, на сите неправилности во развојот на општеството со цел истите да се коригираат. Во развојот на општеството во континуитет се менувале потенцијалните ризици и опасности. Како еволуирало општеството еволуирале и општествено-негативните појави кои го загрозуваат општеството. Основна задача на седмата сила е да ги истражува појавите поврзани со опасностите по општествениот развој и објективно да ги информира граѓаните како би се имало реална слика за причините и факторите кои доведуваат до појава и развој на општествено-негативните појави. Медиумите се мошне значаен сојузник во навремено детектирање на негативните појави и истакнување на поединци или групи кои ги поддржуваат и прикриваат истите. На тој начин медиумите ќе овозможат детектирање на лицата кои се коруптивни и кои ги злоупотребуваат своите службени овластувања за приватни интереси, на кој начин оневозможуваат државните институции да функционираат и преземаат навремени мерки за превенирање и справување со корупцијата. Проблемот се јавува кога медиумите објективно ќе изнесат одредени информации за инволвираност на поединци од власта кои се инволвирани во негативните појави. Никој, а особено владејачката гарнитура не сака да биде критикувана од медиумите, затоа што на тој начин се создава реална слика за инволвираност на поединци од владејачката гарнитура во негативните појави со што се креира јавното мислење кое може да има влијание кај поширокото гласачко тело на наредните избори за соборување на криминогените политички структури.

Медиумите, на некој начин, ја извршуваат функцијата на стража која го предупредува општеството на најавуваните опасности.

Според Ласвел медиумите имаат задача да објаснуваат и толкуваат информации со цел општеството да ја разбере онаа што е со нив содржана. Значи, медиумите не вршат само едноставно пренесување на информациите туку и ги објаснуваат, како припадниците на општеството ги сфаќаат за што тие зборуваат. Може да се каже дека медиумите имаат улога на коректор на власта во зависност од нивната имуност на влијанието на власта врз нив во прилог на објективно прикажување на реалноста. На тој начин се гледа и нивната вистинска улога во креирањето на објективната вистина за појавите во општеството меѓу кои и општествено-негативните појави кои го разоруваат системот на општеството како што е и корупцијата. Доколку поединци од институциите се инволвирани во општествено-негативните појави, а, од друга страна, имаат влијание врз медиумите, во тој случај преку медиумите можат да влијаат врз необјективното информирање, односно креирање на јавното мислење коешто е необјективно и во прилог на прикривање на нивната криминална активност.

### *Меѓусебното влијание на медиумите и општеството*

Односите во едно општество ги одредуваат и односите на медиумите и општеството. Медиумите не може да ги набљудуваме ниту надвор од општеството, ниту, пак, над општеството. Какви ќе бидат медиумите зависи од самото општество или со други зборови „какво ни е општеството такви ни се и медиумите“.

Медиумите во секое општество се познати како седма сила, истите се со многу голема сила и можат да влијаат на општеството и на поединецот. Самото општество треба да овозможи услови на новинарите да можат да дејствуваат професионално, самостојно и независно, а остварувањето на влијанието на таквото известување не е повеќе на новинарите туку и на другите делови на јавноста и цивилното општество. Новинарите не смеат да бидат во функција на судии, обвинители, полицајци, тие само треба да си ја извршуваат својата новинарска работа со која треба објективно да укажуваат на она што се случува, а другото е на другите општествени инструменти.

Денес е познато дека јавното комуницирање е дел од културната индустрија и дејствува спрема законитостите на пазарот, но и нивните производи (весници, интернет, ТВ, радио, книги,

филмови и слично) се клучни за креирање на впечатоци, доживувања и чувства кои ни оневозможуваат разбирање на светот. [61]

Што очекува јавноста - граѓаните од медиумите:[62]

- Информирање на граѓаните како тие би можеле да дејствуваат;
- Истакнување на одговорноста на граѓаните за корупцијата;
- Запознавање на граѓаните со последиците од корупцијата;
- Контролирање на владините програми за справување со корупцијата;
- Превентивно дејствување: создавање на опкружување во кое корупцијата не е добредојдена.

Според истиот автор една од основните карактеристики на современите медиуми треба да биде *транспарентноста* - Медиумите мораат да бидат транспарентни и „слободни“ од корупцијата. Сопственоста на медиумите, методите на собирање на информации и новинарската етичност мораат да бидат подложни на увид на јавноста, ако се очекува да им се верува на нивните извештаи за корупцијата во општеството.

На прашањето - „***Според моето мислење под корупција се подразбира***“ понудени се неколку можни одговори за сфаќањето на поимот корупција. Меѓу понудените одговори се: давање мито, примање мито, злоупотреба на овластувањата, противзаконито посредување, нешто друго. Најголем дел од анкетираните 226 или 22,16 % се изјасниле дека под поимот корупција ги подразбираат сите понудени поими заедно, односно: примање и давање мито, злоупотреба на овластувањата и противзаконито посредување, 116 или 11,37 % под корупција подразбираат злоупотреба на овластувањата, 100 или 9,80 % примање мито. 60 лица од испитаниците или 5,88 % се изјасниле дека под корупција се подразбира противзаконито посредување. Добиените резултати за сфаќање на поимот корупција, графички можеме да ги прикажеме на следниов начин:

[61] Peter Golding & Graham Murdock, „Culture, Comunications and Political Economy“, објавено во Масмедија и Mass Media and Society, 2012
[62] Rosemary Armao, 2010, Center for International Media Assistance

***Табела број 54. Што подразбираме под корупција***

| | *f* | % |
|---|---|---|
| (1) давање мито | 50 | 4,90 |
| (2) примање мито | 100 | 9,80 |
| (3) злоупотреба на овластувањата; | 116 | 11,37 |
| (4) противзаконско посредување | 60 | 5,88 |
| (5) нешто друго | 3 | 0,29 |
| давање и примање мито | 171 | 16,76 |
| примање, давање мито, злоупотреба | 145 | 14,22 |
| примање, давање мито, злоупотреба, посредување | 226 | 22,16 |
| друго | 149 | 14,60 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 |

***Преглед број 14. Што се подразбира под корупција***




Најголем број од анкетираните испитаници се изјасниле дека **примањето и давањето мито** се најчестите облици на корупцијата, потоа следува давање мито, примање мито и злоупотреба на овластувањата. Резултатите од истражувањето укажуваат дека меѓу граѓаните на Република Македонија доминира свеста дека најмногу се злоупотребуваат овластувањата и дека тие се извор на корупцијата и коруптивното однесување.

Ако се направи анализа на резултатите од истражувањето на конкретното прашање во изминатите неколку години, може да се констатира следното:

на почетокот од **2013** година, доминира свеста дека најмногу се злоупотребуваат овластувањата и дека тие се извор на корупција и коруптивни однесувања. Таквата тенденција се среќава и во **2014, 2015, 2016 и 2017** година. Имено, ако се погледнат заедно пропорциите на давање и примање мито, тогаш ќе се констатира дека во 2013 година со таков став биле 36,62 %, во 2014 32,54 %, во 2015 година 33,9 %, 2016 - 31,20 % и 2017 година 26,07 % од испитаниците. Потоа следат одговорите што се однесуваат на злоупотреба на овластувањата и противзаконитото посредување.

Постојат одредени јавни службеници кои бараат мито почесто од другите, а постојат одредени постапки и ситуации во кои корисниците на јавните услуги сè повеќе се склони да понудат мито на јавните службеници сè со цел да се премостат бирократските процедури и побрзо да се заврши постапката. Јасен е индикаторот дека одредени институции во целост не ја извршуваат својата функција во делот на спречување на корупцијата.

Ако тука се додаде и претходно споменатиот индикатор за огромното влијание на медиумите во креирањето на ставовите за корупцијата, можат да се увидат и причините за недоволната ефикасност во справувањето со корупцијата, како и рангирањето на Република Македонија во групата на држави со индекс под 50 (конкретно 43) и се наоѓа во групата на држави што се со сè уште високо ниво на корупција.

Доминира свеста дека најмногу се злоупотребуваат овластувањата и дека тие злоупотреби се најголемиот извор на корупцијата и коруптивното однесување. Во системите каде имаме контролирани медиуми, на граѓаните им е јасно дека злоупотребата на положбата и овластувањата, всушност, е најприсутниот облик на корупција. А тоа, пак, од своја страна претставува сериозен индикатор дека одредени облици на контрола на државните институции се отсутни, односно дека законските механизми не ја остваруваат контролната функција.

Резултатите од истражувањето одат во прилог на потврда на тезата дека вршењето на власта или извршувањето на определени управни работи сè повеќе се доживува или практикува како лична сопственост. Таквите ставови на граѓаните треба да се анализираат подлабоко, односно да се бараат корените во наследството поврзано

со разбирањето на власта и нејзиното вршење. Всушност, византиско-османлиското наследство нè упатува на тоа, дека носителите на власта (не само поединците, туку и партиите, на пример,) се однесуваат така како тие да се институции, а не дека тие се носители, конкретно вршители на функција. Затоа, ако отворено се изрази став за нешто или за некоја постапка, дека таа постапка не е утврдена во согласност со законот, тогаш имате јавна стигматизација и атак дека сте против таа и таа институција и дека вие ги омаловажувате нивните резултати. На тоа треба да се додаде дека во услови на контролирани медиуми (можноста регулаторното тело без поголем увид да врши притисок за структурата на програмата, интерпретацијата на роднинските врски на сопствениците и носителите на политичката власт, или државното тело за електронски комуникации без какво било објаснување одзема фреквенции), на граѓанинот му е јасно дека злоупотребата на положбата и овластувањата, всушност, е најприсутниот облик на корупција.

На прашањето: „***Според ваше мислење во кои од следните ситуации најмногу граѓанинот е изложен на ризик на корупција?***“ Рангирањето на ситуациите според степенот на важноста е вршено на следниот начин: со 1 најмалку, а со 7 најмногу. Рангот на изложеноста на корупција изгледа вака:

***Табела број 55. Според ваше мислење во која од следните ситуации ГРАЃАНИНОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| Години | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 3,530 | 3,700 | 3,780 | 4,613 | 4,885 |
| 2. кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 3,340 | 3,660 | 3,590 | 4,134 | 4,403 |
| 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 3,590 | 3,860 | 3,900 | 4,133 | 4,456 |
| 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 3,830 | 3,970 | 4,030 | 4,904 | 4,718 |
| 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 4,260 | 4,080 | 4,250 | 4,257 | 4,472 |
| 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 4,470 | 4,280 | 4,210 | 3,603 | 3,784 |
| 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 4,980 | 4,450 | 4,240 | 3,718 | 3,862 |

Најизложен на ризик на корупција е граѓанинот во ситуациите „кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични). Имено, според перцепцијата на граѓаните од максимална оценка 7,00 просечната оценка изнесува 4,88. Според мислењето на граѓаните високата стапка на невработеност влијае на зголемување на ризикот од корупција при вработување или унапредување на работното место. Истиот ризик е рангиран со оценка 4,71, тоа укажува дека значителен дел од испитаниците овој ризик го рангирале на високите места на изложеност на опасност од корупција. Република Македонија е во групата на држави со висок процент на невработеност. Многу е поголема побарувачката за нови работни места отколку што е понудата за вработување во јавниот и приватниот сектор. Пред сè, граѓаните покажуваат поголем интерес за обезбедување на работно место во државните и јавните институции, каде и се поголеми ризиците од коруптивно однесување на претставниците на институциите кои имаат можност да влијаат во изборот на новите вработувања. Граѓаните за да го решат најелементарното прашање, а тоа е вработувањето, односно егзистенцијата, најчесто се одлучуваат и да понудат мито за да дојдат до ново работно место. Лошата економска состојба и невработеноста, вишокот на работната сила дејствува како фактор за појава и развој на корупцијата. Јавната администрација е најголемиот работодавец во Република Македонија и тоа се поврзува со сигурни работни места. Процесот на вработување, иако е регулиран со цел да се обезбеди транспарентност, на службениците за избор на кандидатите им остава простор за одредена дискреција. Во согласност со националните начела, правила и практики, вработувањето треба да биде врз основа на способност и искуство, но често пати како клучни фактори при изборот се појавуваат непотизмот, кронизмот, па дури и подмитувањето.

Вработувањето во јавниот сектор е привлечно не само поради природата на самата работа, туку и поради предностите што се карактеристични за работата во јавната администрација, како што е сигурноста на работното место, социјалниот статус и соодветниот надоместок. Во оваа смисла, Република Македонија не е исклучок и, според резултатите од истражувањето, околу 20 % од граѓаните или членови на нивните домаќинства конкурирале за работа, а од нив 18 % добиле работа во јавниот сектор во последните три години пред истражувањето. Од оние што успеале, 6 % признаваат дека платиле, дале подарок или направиле некаква услуга за да бидат примени на работа. Податоците покажуваат дека постапките за вработување во

јавниот сектор во Република Македонија се недоволно транспарентни, барем според мислењето на кандидатите што не биле избрани: според истото истражување, три четвртини од оние што не биле вработени сметаат дека некој друг бил вработен како резултат на непотизам, кронизам или подмитување.

Околу 20 % од граѓаните на Република Македонија или членови на нивните домаќинства аплицирале за работно место во јавниот сектор во последните 3 години пред спроведувањето на анкетата, но од тие коишто се вработиле, 6 % признаваат дека платиле пари, дале подарок или услуга во замена за работното место. Меѓу оние кои не успеале, постои широка перцепција дека факторите како протекции, непотизам или поткуп одиграле одлучувачка улога при процесот на вработување, додека само 7 % веруваат дека изборот е направен врз основа на заслуги.[63]

Следната оценка е нешто пониска и изнесува 4,45 и се однесува на ситуациите кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура. Со оценка 4,72 е оценета во ситуациите кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата, додека „кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата“ е оценета со 4,40, ситуациите кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит со оценка 3,78 и со најниска оценка од 3,86 се оценети ситуациите кога граѓанинот има потреба „за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции)“.

Ако направиме една паралела на одговорите на ова прашање во изминатите 5 години, може да се заклучи дека ситуациите кога се бара работа (вработување) и напредување на работа во сите години е на врвот меѓу првите две места освен 2013 година кога е на 4. место. Што како податок зборува со какви тешкотии се соочуваат граѓаните при нивното вработување или унапредување на работното место, а еден од начините да ја остварат таа цел е корупцијата како побрз и посигурен начин за реализација на целата.

Во истражувањето нѐ интересираа оценките за степенот на изложеност на корупција на политичарот. Притоа, беа забележани пет ситуации, и од граѓанинот беше побарано да ги рангира според

---

[63] Корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/corruption/Corruption_Report_fYR_Macedonia_Macedonian_web.pdf , стр.9

степенот на изложеност на корупција на политичарот. Дистрибуцијата на одговорите е дадена во следната табела.

**Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?** (Рангирајте ги вака: 1 - најмалку, 5 - најмногу. Во секој ред се заокружува еден број. Заокружениот број може да се заокружи само еднаш во кој било ред.)

***Табела број 56. Ранг на оценки во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | |
|---|---|
| 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | **3,33** |
| 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | **3,48** |
| 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | **3,76** |
| 4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | **3,47** |
| 5. при учество во комисии, особено за јавни набавки | **3,12** |

Ако се погледне редоследот на степенот според изложеноста на ризикот од корупција, ќе се констатира дека политичарот најчесто е изложен на корупција „во ситуации на избори (за придобивање на избирачите). На скала од 1- најмалку до 5 - најмногу ситуацијата при избори (за придобивање на гласачи) е оценета со 3,76.

Највисок ризик на корупција и коруптивни активности има за време на изборите. Зошто граѓаните високо ја рангираа изборната корупција? Одговорот може да се бара, пред сè, во воспоставената практика дека предизборниот процес е период кога „сè е дозволено“, односно кога корумпирањето се смета за дел од кампањата и грижата за бирачите (граѓаните). Така, од медиумите сме информирани дека во тој период има зголемена грижа за социјалните случаи и за лицата со посебни потреби, за одделни социјални категории или професии, па сè до ситуацијата за време на изборите државните органи да реализираат определени обврски, како што е, на пример, исплата на субвенции и слично. На изборите од 2009 година, податоците покажуваат дека во просек 5 % од граѓаните на последните локални избори и 5 % на последните парламентарни или претседателски избори им било посочено да гласаат за одреден кандидат или политичка партија во замена за конкретна понуда на пари, добра или корист. [64]

[64] Ибид стр. 9-10

На второ место со оценка од 3,48 од страна на граѓаните се оценети ситуациите при политички договарања со носители на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери).

На трето место се рангирани ситуациите на можно користење на политички влијанија за остварување на материјална и друга лична корист.

На четврто или претпоследно место со оценка 3,33 се оценети ситуациите на политичките договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари), додека на последното место со оценка 3,12 се оценети ситуациите при учество во комисии, особено за јавни набавки. Ако се направи анализа на реализирани кривични пријави од областа на организираниот криминал и корупцијата може да се констатира дека најголем процент од истите е поврзан со кривични дела во делот на организираниот економско-финансиски криминал со кој најмногу се оштетува државниот буџет на Република Македонија. Најголемиот процент, пак, во делот на економско-финансискиот криминал е поврзан со јавните набавки, ситуации каде и најмногу се оштетува буџетот на Република Македонија.

Анализа на прашањето за ситуациите во кои политичарот е најмногу изложен на корупција во анализираниот петгодишен пери од 2013-2017 година би изгледала на следниот начин:

***Табела број 57.*** **Според ваше мислење во која од следните ситуации ПОЛИТИЧАРОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?**

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во ситуации на политички договарања (коалициски договори и слично) со другите партии (политичари) | 3,03 | 3,03 | 2,95 | 3,14 | 3,33 |
| 2. при политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери) | 3,23 | 3,07 | 3,13 | 3,19 | 3,48 |
| 3. во ситуации на избори (за придобивање на избирачите) | 3,65 | 3,68 | 3,64 | 3,79 | 3,77 |
| 4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист | 3,35 | 3,29 | 3,31 | 3,36 | 3,48 |
| 5. при учество во комисии, особено за јавни набавки | 3,23 | 3,06 | 3,12 | 2,98 | 3,12 |

Ситуацијата на избори (за придобивање на гласачите) во сите анализирани 5 години е рангирана на високото прво место. Граѓаните сметаат дека политичката корупција е најизразена во ситуации на купување, односно корумпирање на избирачите и нивно придобивање за гласање на одредена политичка опција. Во анализираниот петгодишен период граѓаните во континуитет беа изложени на прити*соци од страна на политичките партии за нивно придобив*ање и користење на нивните гласови за нивно доаѓање на *политичката сцена. Истиот период е исполнет со организирани пове*ќе предвремени парламентарни избори.

На прашањето „***Во која од следните ситуации носителот на државна функција е најмногу изложен на ризик од корупција***", дадени се 4 можни ситуации во кои носителот на државната функција најмногу е изложен на ризик од корупција и тоа:

1. Во управната постапка, во ситуациите кога се решава за редовни управни работи;
2. Во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови;
3. При реализација на јавните набавки;
4. Во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите.

Граѓаните сметаат дека службениците најмногу се корумпирани, односно ја злоупотребуваат својата позиција при јавните набавки со оценка 2,84 во ранг од 1 до 4.

На корупција најмногу се изложени оние државни службеници кои имаат овластувања да влијаат во добивање на тендери за набавка на стоки со поголеми вредности (доверување на изграба на објекти, набавка на автомобили, компјутерска техника во поголем обем и слично).

На високото второ место се ситуациите на службено постапување кон роднини и пријатели со оценка 2,76. Иако е висока корупцијата кога станува збор за вработување или унапредување на блиски пријатели, од страна на претставниците на јавните и државните институции, сè уште тој облик на корупција познат како „кронизам" е непознат за нашето казнено законодавство, односно не е предвидено кривично ниту, пак, прекршочно санкционирање, за што би требало во наредниот период да се покренат постапки за соодветно негово санкционирање, на тој начин би се придонело во делот на спречување на коруптивно однесување на јавните

службеници кога станува збор за нивен однос во вработување или унапредување на пријателски врски.

Во сите анализирани 5 години од 2013 до 2017 година ситуациите на службено постапување кон роднини и пријатели е рангирано на самиот врв за корумпираност на службениците.

***Табела број 58. Според ваше мислење во која од следните ситуации СЛУЖБЕНИКОТ најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во управната постапка, во ситуации кога се решава за редовни управни ствари | 2,24 | 2,17 | 2,28 | 2,29 | 2,54 |
| 2. во управната постапка, во ситуации при решавање на управните спорови | 2,56 | 2,43 | 2,52 | 2,53 | 2,63 |
| 3. при реализацијата на јавните набавки | 2,94 | 2,85 | 2,89 | 2,77 | 2,84 |
| 4. во ситуации на службено постапување кон родините и пријателите | 2,79 | 2,92 | 2,65 | 2,82 | 2,76 |

Со оглед на фактот дека Република Македонија од самиот почеток, односно од нејзината самостојност во делот на економскиот систем се определи за пазарното стопанство и приватната сопственост како доминантен облик на сопственост, поставена е и група на прашања кои се однесуваат на ситуациите во кои приватниот сектор најмногу е изложен на корупција. Во прашалникот е поставено и прашањето **„Според ваше мислење во која од следните ситуации ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (приватникот) најмногу е изложен на ризикот од корупција“?**

(Рангирајте ги вака: 1 - најмалку, 6 - најмногу. Во секој ред се заокружува еден број. Заокружениот број може да се заокружи само еднаш во кој било ред.)

***Табела број 59. Ранг на ситуациите за изложеност на корупција на приватниот сектор***

| | |
|---|---|
| 1. во управната постапка, во ситуации на исполнување на законските услови за занимавање со дејноста за која е основан | **3,46** |
| 2. во ситуации на подмирување на обврските кон државата, а произлегуваат од дејноста (плаќање на данок, такси и слично) | **3,80** |
| 3. во ситуации на обезбедување на конкурентска предност кај вршењето на дејностите | **3,72** |
| 4. во ситуации на добивање на тендери | **4,49** |
| 5. во ситуации на придобивање на клиентите (муштериите) при извршувањето на дејноста | **3,69** |
| 6. во ситуации кога се применуваат двојни стандарди при вршењето на дејностите во однос на роднините и пријателите | **3,57** |

Граѓаните укажуваат дека приватниот сектор најмногу е изложен на корупција во ситуации при доделување на тендери. Направена е скала од 1 до 6, ситуациите при доделување на тендери како можност за корупција се оценети со 4,49, потоа следуваат ситуациите при подмирување на обврските кон државата, а произлегуваат од дејноста (плаќање на данок, такси и слично) со просек од 3,80, ситуациите на обезбедување на конкурентска предност кај вршењето на дејности се оценети со просек од 3,71, ситуациите на придобивање на клиентите (муштериите) при извршување на дејност се оценети со 3,69, потоа следуваат ситуации кога се применуваат двојни стандарди при вршењето на дејности во однос на роднините и пријателите со просек 3,57, со најнизок просек од 3,46 се оценети ситуациите во управна постапка, во ситуациите на исполнување на законските услови за занимавање со дејноста за која е основан.

***Табела број 60. Според ваше мислење во која од следните ситуации ПРИВАТНИОТ СЕКТОР (приватникот) најмногу е изложен на ризикот од корупција?***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. во управната постапка, во ситуации на исполнување на законските услови за занимавање со дејноста за која е основан | 3,21 | 3,15 | 3,21 | 3,24 | 3,46 |
| 2. во ситуации на подмирување на обврските кон државата, а произлегуваат од дејноста (плаќање на данок, такси и слично) | 3,79 | 3,56 | 3,71 | 3,71 | 3,80 |
| 3. во ситуациите на обезбедување на конкурентска предност кај обавувањето на дејностите | 3,69 | 3,45 | 3,58 | 3,66 | 3,72 |
| 4. во ситуации на добивање на тендери | 4,49 | 4,45 | 4,46 | 4,64 | 4,49 |
| 5. во ситуации на придобивање на клиентите (муштериите) при извршувањето на дејноста | 3,69 | 3,59 | 3,59 | 3,57 | 3,69 |
| 6. во ситуации кога се применуваат двојни стандарди при обавувањето на дејности во однос на роднините и пријателите | 3,53 | 3,52 | 3,35 | 3,35 | 3,57 |

Од анализа на табелата може да се заклучи дека во сите 5 анализирани години приватниот сектор најмногу е изложен на ризик од корупција во ситуации на добивање на тендери. Иста е состојбата и со одговор на претходното прашање за висок процент на корумпираност на претставниците на јавните и државните институции. Граѓаните сметаат дека корупцијата е високо позиционирана во двата сектора (приватниот и државниот) кога станува збор за ситуации на добивање и местење на тендери. Претставниците на институциите кои ги

распишуваат тендерите се заинтересирани за коруптивни активности по пат на примање на мито да влијаат во местење на тендерски постапки во прилог на определена приватна компанија, која, пак, од своја страна е заинтересирана за давање на мито за добивање на тендерот и обезбедување на поголеми финансиски добивки за сметка на државниот буџет на Република Македонија.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА

# ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАЧИНОТ НА РАЗОТКРИВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Со оглед на влијанието на корупцијата на општествената стабилност* и развој, неопходно е институциите на јавната власт да се ангажираат и да ја подобрат борбата со корупцијата, пред сè , со своите внатрешни сили. На таков начин истите институции ќе ја вратат довербата кај граѓаните, што на некој начин и претставува крајна цел на секоја институција која се залага да биде правна, и која се залага со примена на меѓународни и европски стандарди, да создаде подобар и побезбеден живот на своите граѓани. Со процесот на демократизацијата, дадена е можност на сите граѓани, низ заштита на идентитетот, да ги пријавуваат случаите на корупција и нивните извршители до надлежните државни институции. На тој начин сите сегменти од цивилното општество се вклучуваат во разоткривање и спречување на корупцијата, се овозможува трајна транспарентност во борба со корупцијата, што веќе во практика и се чувствуваат првичните резултати. Од наведеното може да се констатира дека корупцијата нема да се толерира. За таа цел, се дава целосна определеност за спречување на корупција во институциите на јавната власт, на сите нивоа. Со изграден систем на општествениот интегритет, пред сè, се влијае на намалување на постојниот степен на корупцијата, и постигнување определено ниво на антикорупциска култура меѓу вработените во институциите на јавната власт, кои според резултатите од истражувањето се и најмногу корумпирани.

Спротивставувањето на корупцијата мора да се одвива во рамките на криминалната политика, односно во политиката на спротивставување на криминалитетот, која подразбира организирана, планирана сеопфатна активност на надлежните органи и другите општествени субјекти во спречување и откривање на корупциските кривични дела.[65]

Современите тенденции на полето на сузбивање на корупцијата се насочуваат спрема превенцијата. Еден од можните модели на справување со криминалитетот се базира на ситуациски мерки на американскиот криминолог Ronald Klark, кој во својата

---

* Автор: вонреден професор д-р Марјан Николовски

[65] Бошковиќ, М. „Организовани криминалитет и корупција“ Бања Лука, Висока школа унутрашњих послова, 2004, стр. 256

типологија на превентивни мерки се фокусира на намалување на можностите и создавање на неповолни состојби за извршување на корупциски кривични дела. Покрај основните мерки кои бараат вложување на повеќе напори за извршување на кривични дела, зголемување на ризикот и намалување на профитот остварен со криминална активност, најновите мерки се однесуваат на „спречување на непознавање на правата и обврските“ (професионализација, добро познавање на законските обврски кои ја регулираат одредената општествена дејност, морално осудување на девијантноста, прецизно дефинирани декларации и постапки, поттикнување на примерното однесување и активности). [66]

Повеќето домашни и странски теоретичари кои се занимаваат со истражување на тој феномен, во својот пристап разликуваат два основни облика на справување со корупцијата односно примена на превентивни и репресивни мерки. Постои неусогласување меѓу теоретичарите и практичарите кога станува збор за примена на едниот или другиот пристап во борбата со корупцијата. Едните од нив даваат предност на превентивните мерки а другите на репресивните мерки.

Теоретичарите и практичарите приврзаници на примената на репресивните методи не ја отфрлаат превенцијата, но истакнуваат дека репресијата е нешто што донесува подобри резултати кои се неопходни во справување со корупцијата.

Приврзаниците на превентивните облици на дејствување на општеството и државата во спречување на корупцијата, предност даваат на поширокото дејствување на сите општествени фактори во спречување на појавата и отстранување на причините на можностите за појава на корупцијата. Репресијата не ја исклучуваат, но истата ја гледаат, единствено, како нужно зло во случаи кога превентивната „борба“ на општеството не ги дава очекуваните резултати. И во таквите случаи - кога како секундарни мерки се применуваат репресивните мерки, приврзаниците на ваквиот начин на борба со корупцијата ги фаворизираат поблагите облици на репресија. Според нивните сфаќања општеството и државата се должни да ги пропишат законите и да се грижат за нивното спроведување на соодветен начин, и во случај до колку дојде до деформации било во случаи на донесување, било во фаза на примена, каде причината е корупцијата,

[66] Clarke, R.V. (2000). Situational Crime Prevention, Criminology and Social Values. U: Von Hirsch, A., Garland, D. i Wakefield, A. (ur.), Ethical and Social Perspectives on Situational Crime Prevention. Oxford: Hart Publishing

дел од одговорноста је носи и општеството а не само поединецот во организација на општеството и државата.

Привrзаниците на третиот пристап, кој можеме да го наречеме мешовит, даваат подеднакво значење на репресивните и на превентивните методи во борбата со корупцијата, и предлагаат нивна комбинирана примена, на кој начин, единствено, би можело, според мислењето на приврзаниците на овие методи, да се постигнат задоволителни резултати во борбата со корупцијата. Истите се залагаат за конкретно спроведување на законодавните и други мерки кои во развиените држави постигнале добри резултати, што впрочем и може да се види според објавените извештаи на Transparency international.

Кога станува збор за начините на разоткривање на корупциските кривични дела, имајќи ги предвид нивните карактеристики, отежнителните околности во нивното откривање и докажување, неопходно е потребно изработка на целосна стратегија која треба да ги содржи основните правци и методи во спречување на корупцијата. За да се оствари таквото нешто најважна е улогата на државата, која мора да оствари политички консензус со јасно изразена политичка желба и давање на зелено светло на надлежните институции за безрезервно спротивставување на корупцијата во рамките на законските надлежности, без оглед за кои лица станува збор, какво е нивното влијание и на кои позиции се наоѓаат истите.

Кога зборуваме за намалување на нивото на корупцијата во Република Македонија, акцентот се става на превенцијата, односно на спречувањето на извршување на кривични дела од областа на корупцијата. Искуствата со подмитување обично не се пријавуваат на властите, но жртвите ги делат своите искуства со луѓето кои ги познаваат. Огромен е процентот од граѓаните со вакво искуство кои за тоа дискутирале со семејството или пријателите, но таквите дискусии не отишле подалеку од групата на роднини и пријатели и само делумен број од нив разговарале за поткупот со поединци или групи кои потоа ќе можат да им помогнат, како што се невладините организации и новинари.

Меѓу другите прашања поставено е и прашањето: ***Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ корупцијата?*** **(**Рангирањето на одговорите е од 1 до 7). Со 1 се означува одговорот кој најмалку влијае на спречување на корупцијата, додека со 7 се означува одговорот кој најмногу влијае на спречување на корупцијата). Од анализата на резултатите, може да се заклучи дека, според мислењето на граѓаните, за успешно спречување на корупцијата значајна улога имаат органите и институциите чија

основна надлежност е справување со корупцијата. Најдобар начин за откривање на корупцијата се постигнува со оперативно-тактички мерки и истражни дејства на органите кои го спроведуваат законот за што е добиена оценка 4,84.

Според мислењето на граѓаните мошне значајна улога во откривањето на корупциските кривични дела има работата на надлежните органи и институции што се занимаваат со борбата против корупцијата. Истите се рангирани на скалата од 1 до 7 на второ место со оценка 4,80.

На трето место во откривање на корупциски кривични дела според мислењето на граѓаните е со примена на посебните истражни мерки. Денес е незамисливо откривање на софистицирани кривични дела од областа на корупцијата со примена на класични криминалистички методи и средства, од тој аспект од особено значење се измените во Законот за кривична постапка кои беа донесени во 2010 година, а од објективни причини нивната примена беше пролонгирана до декември 2012 година, кога официјално и започнаа да се применуваат измените на Законот за кривична постапка. Таквите измени секако дека водеа во правец на овозможување на примена на нови посебни истражни мерки кои не беа познати со стариот Закон за кривична постапка, а кои одеа во прилог на расветлување на конвенционалните и неконвенционалните облици на корупција. Кога станува збор за примена на ПИМ, во последните години сведоци сме на нивна злоупотреба особено на првата посебна истражна мерка а тоа е Контролата на телефонот и другите електронски комуникации. Од тој аспект од особено значење е спречувањето на нивните злоупотреби во разноразни политички и криминални цели и изнаоѓање на механизми за нивното насочување на вистинската намена а тоа е откривање на сериозните кривични дела, како што се корупциските кривични дела.

Не е помалку значајно откривањето на корупцијата со инспекциски надзор на управните органи со оценка 4,6. На петто место се оценети со анонимно пријавување на корупциски акти (дела) од страна на поединецот со оценка од 4,48, на шесто или претпоследно место е со пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот) со познат идентитет со оценка 4,18 и на последно или седмо место во правец на откривање на кривичните дела од областа на корупцијата со помош на медиумите со најниска оценка од 3,56.

Се поставува прашањето за објективно новинарство во земјите со висока корупција. Доколку власта и институциите се инволвирани во контролирање на медиумите, (а подоцна ќе видиме за огромниот

процент на корумпираност на политичарите и јавните службеници), тоа значи и слабеење на моќта на медиумите во корупциски кривични дела во кои се инволвирани поединци - моќници од политиката или од високите позиции во државните институции. Тоа значи дека една од причините за намалување на ефикасноста во борбата со корупцијата е огромното влијание на државниот апарат врз објективноста на медиумите кои се силна алатка во иницирање и расветлување на кривичните дела од областа на корупцијата.

Реално е да се постави прашањето зошто е минорна улогата на медиумите во откривањето на корупциските кривични дела? Колку можеме да зборуваме за објективни, независни медиуми во функција на откривање на вистината? Карактеристика на развиените парламентарни демократии е што улогата на медиумите е во функција на коректор на власта, односно информирање за сите неправилности во функционирањето на институциите, како и за расветлување на корупциските кривични дела.

Во наредната табела дадени се 7 можни одговори за начините на откривање на корупцијата. Со 1 е означен најмалку применуваниот начин, а со 7 најмногу применуваниот начин на откривање на корупцијата. Во истата табела прикажан е и просекот на можните одговори од 1 до 7.

Табеларно тоа изгледа вака:

***Табела број 61. Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ (РАЗОТКРИЕ) корупцијата?***

(Рангирајте ги вака: 1 - најмалку, 7 - најмногу. Во секој ред се заокружува еден број. Бројот може да се заокружи само еднаш во кој било ред.) најмалку – најмногу – просек

| | Просек |
|---|---|
| 1. со пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот) со познат идентитет | **4,18** |
| 2. со анонимно пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот) | **4,48** |
| 3. со инспекциски надзор на управните органи | **4,60** |
| 4. со работа на надлежните органи и институции што се занимаваат со борба против корупцијата | **4,80** |
| 5. со оперативно-тактички мерки и истражни дејства на органите кои го спроведуваат законот | **4,84** |
| 6. со посебни истражни мерки за откривање на корупцијата | **4,74** |
| 7. со помош на медиумите | **3,96** |

Голем дел од кривичните пријави за кривични дела од областа на корупцијата во подоцнежната фаза се отфрлаат како неосновани, како недостаток на докази или, пак, се врши нивно преформулирање. Органите на прогонот имаат огромни тешкотии во делот на доказната постапка. Особено е битно како граѓаните размислуваат за докажување на овој вид на кривични дела.

За да зборуваме за поголема ефикасност во препознавање, спречување и докажување на корупцијата, потребно е во борбата со корупцијата да бидат вклучени не само државните органи и институции туку и граѓаните. Од особено значење е граѓаните да знаат да ги препознаат облиците на корупцијата, бидејќи истите не се само со закон дефинирани појави. За нас се битни и појавите на непотизмот, конфликт на интереси, преферирање на круг на луѓе, неформални мрежи и други облици кои не можат да се санкционираат со закон и институционално, туку превентивно ги осудуваме и со други акции.

Ако направиме анализа на мислењето на граѓаните за начинот на откривање на корупцијата за последните 5 години, резултатите можеме да ги видиме на следнава табела:

***Табела број 62. Според ваше мислење како може да се ОТКРИЕ (РАЗОТКРИЕ) корупцијата?***

| **Начин на откривање на корупцијата во последните 5 години:** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. со пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот) со познат идентитет | 3,84 | 3,79 | 4,19 | 3,81 | 4,19 |
| 2. со анонимно пријавување на корупциските акти (дела) од страна на поединецот (граѓанинот) | 4,29 | 4,26 | 4,49 | 4,34 | 4,49 |
| 3. со инспекциски надзор на управните органи | 4,54 | 4,74 | 4,60 | 4,36 | 4,60 |
| 4. со работа на надлежните органи и институции што се занимаваат со борба против корупцијата | 4,76 | 4,71 | 4,80 | 4,64 | 4,80 |
| 5. со оперативно-тактички мерки и истражни дејства на органите кои го спроведуваат законот | 4,65 | 4,30 | 4,85 | 4,58 | 4,85 |
| 6. со посебни истражни мерки за откривање на корупцијата | 4,73 | 4,47 | 4,75 | 4,59 | 4,75 |
| 7. со помош на медиумите | 3,81 | 3,62 | 3,96 | 3,61 | 3,96 |

Од анализата на табелата може да се заклучи дека во сите 5 анализирани години, најмала е улогата на медиумите во расветлувањето на корупциските кривични дела почнувајќи од 2013 година со оценка 3,81, 2014 - 3,62, 2015 - 3,96, 2016 - 3,61 и 2017 година со оценка 3,96. Во континуитет во сите 5 години граѓаните сметаат дека улогата на медиумите е минорна или воопшто ја нема

вистинската улога на иницирање на првични сознанија во откривање на корупциските кривични дела. Се поставува прашањето за моќта и улогата на извршителите на корупциските кривични дела во системот, воопшто, и особено нивното влијание врз медиумите. На самиот почеток укажавме дека медиумите имаат огромно влијание врз информирањето на граѓаните за случувањата во општеството а со самото тоа и добивањето на првичните сознанија за корупцијата, што и не е случај кога станува збор за нивното влијание во делот на откривањето на корупцијата. Според повеќе меѓународни истражувања за слободата на говорот, на независноста на медиумите, Република Македонија секогаш е оценувана со низок процент на слобода на медиумите. **Во тој контекст треба да се бара и одговорот на прашањето колкава е моќта на медиумите во информирањето, креирањето на јавното мислење и улогата во детектирањето и откривањето на општествено-негативните појави каде некаде на врвот на пиедесталот е и корупцијата.**

Во спроведеното истражување поставено е и прашањето: *Според ваше мислење како може да се ДОКАЖЕ корупцијата?*

Направена е анализа на петте можни состојби кои се најмногу применувани и има најголем успех со нивна примена во доказната постапка за коруптивните кривични дела. По извршеното рангирање на можните одговори, направена е скала од 1 - најмалку до 5 - најмногу применувани постапки. Анализата на одговорите е дадена во следната табела:

***Табела број 63. Според ваше мислење како може да се ДОКАЖЕ корупцијата?***

(Рангирајте ги вака: 1 - најмалку, 5 - најмногу. Во секој ред се заокружува еден број. Бројот може да се заокружи само еднаш во кој било ред.)

| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. со сведочење на поединецот (граѓанинот) | 2,750 | 2,810 | 2,630 | 2,901 | 3,205 |
| 2. со собирање на материјални докази | 3,570 | 3,590 | 3,490 | 3,540 | 3,739 |
| 3. со собирање на индиректни материјални и нематеријални докази | 3,040 | 2,910 | 3,080 | 2,996 | 3,268 |
| 4. со организирање на заседи (фаќање на дело) | 3,780 | 3,720 | 3,830 | 3,781 | 3,893 |
| 5. со посебни истражни мерки | 3,390 | 3,180 | 3,340 | 3,302 | 3,471 |

Понудени се 5 можни одговори. Со 1 е означена најмалку применуваната мерка, додека со 5 се означува најмногу применуваната мерка. Според одговорите на граѓаните најмалку

применуваната мерка е со сведочење на поединецот (граѓанинот со просек 3,20 (од вкупно 5), претпоследно е рангирано со собирање на индиректни материјални и нематеријални докази со оценка 3,26. Со примена на посебните истражни мерки е рангирано на трето место со просек од 3,47. Граѓаните сметаат дека најдобар начин за докажување на корупциските кривични дела е фаќање на дело со организирање на заседи од страна на надлежните органи.

Најголемиот дел од анкетираните граѓани, речиси 50 % се изјасниле дека не би прифатиле да сведочат како сведок - поединец во еден судски процес кога станува збор за корупциски кривични дела. Високиот процент на граѓаните кои се изјасниле дека во една судска постапка не би се осмелиле да се појават како сведоци и дека им е побарано мито, укажува на недовербата на граѓаните во институциите кои се надлежни за справување со корупцијата, што укажува на потребата за едукација на граѓаните за подучување за опасностите од корупцијата, од една страна, како и измени во законската регулатива во правец на заштита на сведоците во судските постапки за корупциски кривични дела.

Тешкотиите во методиката на расветлувањето на корупциските кривични дела доаѓаат и оттаму што граѓанинот нема интерес да го пријави делото. Доколку тој го пријави делото нема да може да ја добие услугата која му е ветена со одреден надоместок, а, исто така, плашејќи се за последиците кои можат да го очекуваат во наредниот период, со оглед на фактот што се пријавуваат луѓе кои имаат одреден статус и моќ на влијание во институциите. Разоткривањето со помош на сведочење на поединецот - граѓанинот е оценето со оценка 3,20. Во практиката тоа и се потврдува дека голем дел од поднесените кривични пријави за кривични дела од областа на корупцијата или се отфрлаат токму поради недостаток на докази или, пак, се врши нивно преквалификување во кривични дела од понизок ранг. Според граѓаните, поради успешно справување и докажување на корупцијата потребно е фаќање на дело, за одговорот со организирање на заседи (фаќање на дело) се изјасниле со оценка 3,89 што е и највисоко рангирана оценка од највисоката 5.

Врз основа на целокупната анализа, фактите укажуваат на висок степен на корумпираност во Република Македонија. За намалување на тој висок процент потребен е посериозен пристап и поголем ангажман на повеќе државни институции кои меѓусебно би соработувале и координирале. Секако, дека тука големо значење треба да се укаже на граѓанскиот сектор и невладините организации кога станува збор за превентивни мерки во справување со

корупцијата. За одбележување е мислењето на граѓаните за спречување на тој тип на кривични дела.

Поставено е и прашањето: *Според ваше мислење како може да се СПРЕЧИ корупцијата?*

***Табела број 64. Според ваше мислење како може да се СПРЕЧИ корупцијата?***

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. со развој и примена на стратегии на борба против корупцијата, со воспоставување и дејствување на антикорупциските тела и слично | 4,73 | 4,83 | 5,87 | 4,69 | 5,17 |
| 2. со усогласување на националното законодавство со меѓународните документи посветени на сузбивање на корупцијата | 4,52 | 4,42 | 5,05 | 4,37 | 4,85 |
| 3. со построго казнување на сторителите на кривичните дела од областа на корупцијата | 5,76 | 5,60 | 5,04 | 5,70 | 6,00 |
| 4. со давање на поголеми овластувања на органите што го спроведуваат законот за превентивни дејства против корупцијата | 5,13 | 5,04 | 4,71 | 4,99 | 5,28 |
| 5. со едукација на населението | 4,30 | 4,08 | 4,66 | 4,32 | 4,46 |
| 6. со намалување на коруптивниот ризик преку елиминирање на ситуациите и можностите функционерите и државните службеници да се најдат во состојба да бидат корумпирани. | 4,90 | 4,62 | 4,55 | 4,54 | 4,77 |
| 7. со донесување и спроведување на антикорупциски кодекс наменет за функционерите и државните службеници | 4,78 | 4,56 | 4,39 | 4,39 | 4,62 |
| 8. со адекватна примена на законодавството | 5,29 | 5,13 | 4,15 | 5,06 | 5,16 |

Од наша страна понудени се 8 можни одговори. Со 1 се оценува најмалку а со 8 најмногу ефикасниот начин во спречување на корупцијата. Поголем дел од граѓаните се изјасниле дека најголем успех во справување со корупцијата ќе има построгото казнување на сторителите со оценка 6,00, (од можната 8 - највисока). Висока оценка на можноста за справување со корупцијата е со давање на поголеми овластувања на органите што го спроведуваат законот преку превентивното дејствување против корупцијата со оценка од 5,28, развојот и примената на стратегии на борба против корупцијата, со воспоставување и дејствување на антикорупциски тела е оценето со оценка 7,7, со адекватна примена на законодавството со оценка 5,15, потоа следува мерката со усогласување на националното законодавство со меѓународните документи посветени на сузбивање на корупцијата со оценка 4,85, мерката намалување на корупцискиот ризик преку елиминирање на ситуациите и можностите функционерите и државните службеници да се најдат во состојба да бидат корумпирани е на четврто место со оценка од 4,46, донесувањето и спроведувањето на антикорупциски кодекс, наменет

за функционерите и државните службеници, е оценет со 4,61, на последно или осмо место се оценети мерките на давање на поголеми овластувања на органите што го спроведуваат законот за превентивно постапување против корупцијата со оценка 5,28.

Нашето национално законодавство не заостанува во имплементирање на меѓународната законска регулатива која се однесува на справувањето со корупцијата. Во согласност со таа меѓународна законска регулатива донесени се измени во постојниот Кривичен законик како и посебната законска регулатива за справување со корупција, која во континуитет се менува и дополнува во согласност со новонастанатата состојба со корупцијата.

Во Република Македонија, по примерот на повеќето држави во транзиција, усвоено е посебно антикорупциско законодавство (Законот за спречување на корупцијата од 2002 година) и извршени се соодветни измени кај делата против службената должност во Кривичниот законик, со кој домашната регулатива е усогласена со меѓународните обврски на државата. Особено важна новина, што кореспондира со обврските предвидени во Конвенцијата од Палермо и конвенциите за спречување на корупцијата на Советот на Европа е статуирањето на казнената одговорност на правните лица и посебен систем на санкции (членовите 28-а, 96-а) со измените на Кривичниот закон на Република Македонија од 2004 година.

И покрај следењето, прифаќањето и имплементирањето на меѓународната законска регулатива, која се однесува на корупциските кривични дела, преовладува мислењето дека имаме селективно спроведување на законите, односно неадекватна примена на законите што само по себе укажува на нецелосно извршување на функциите на органите кои најдиректно се повикани во справување со оваа општествено негативна појава. Таквите констатации можеме да ги извлечеме врз основа, меѓу другото, и на одговорите на граѓаните на прашањето: Како може да се спречи корупцијата во Република Македонија, каде најголем дел се изјасниле единствено со адекватна примена на законите со оценка 6,31од вкупната оценка 8.
Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации [67] предвидува дека сите држави се обврзани да ја спречат корупцијата и дека е потребна неопходност од меѓусебна соработка. Од особено значење е формирање на специјализирани единици во разните институции, но особено е значајно во органите за спроведување на законот, во органите за кривично гонење, јавните обвинителства, Министерство за финансии

[67] Конвенција на Организација на Обединетите нации против корупцијата, усвоена на 9.12.2003 година во Мерида, Мексико

итн. Нивната задача е да преземат посебни процедури, применувајќи посебни мерки во борбата за спречување на корупцијата како феномен во рамките на сферата на нивните активности.

Врз основа на резултатите од истражувањето и теоретското разработување на овој феномен, потребно е да се извлечат реални заклучоци од анализираниот емпириски материјал и јавно да се истакнат слабите точки на државните институции кои се подложни на корупција, како би можело и соодветно да се интервенира за намалување на ризиците од корупцијата во тие институции.

# ПЕТТТА ГЛАВА

# КОРУПЦИЈАТА И ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

### *Извештај*

За истражувачкиот* период во 2016 година во врска со ситуацијата за давање мито 20,45 % од вкупниот број на испитаници се изјасниле дека биле изложени на ризик од корупција и дале мито, 60,86 % се изјасниле дека не биле во ситуација да дадат мито и еден дел од испитаниците – 18,69 % не сакале да се изјаснат. Може да се заклучи дека една четвртина од вкупниот број на испитаници дале мито, а земајќи го предвид и фактот дека 18,69 % не сакаат да се изјаснат, се смета дека оваа бројка навистина претставува значаен показател за појавата на корупција во земјава.

***Табела број 65. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ДАДЕТЕ МИТО)? (Заокружете еден одговор.)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| да | 209 | 20,45 | 20,45 | 20,45 |
| не | 622 | 60,86 | 60,86 | 81,31 |
| не сакам да се изјаснам | 191 | 18,69 | 18,69 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1022 | 100,00 | 100,00 | |

***Табела број 66. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ДАДЕТЕ МИТО)? (Заокружете еден одговор.)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| да | 224 | 21,96 | 21,96 | 21,96 |
| не | 606 | 59,41 | 59,41 | 81,37 |
| не сакам да се изјаснам | 190 | 18,63 | 18,63 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

* Автор: проф д-р Марина Малиш-Саздовска

Во рамките на истражувањето на корупцијата, очекуван е резултатот дека кај граѓаните ќе се појави страв од искрено одговарање на прашањата поради специфичноста на појавата, а особено поради фактот дека и лицата кои даваат мито, исто така, се кривично одговорни како и примателите на мито.

Слични се резултатите и за истражувачкиот период за 2017 година, со многу мали разлики во одговорите кои се секогаш околу 60 проценти испитаници кои тврдат дека не биле во ситуација да дадат мито, околу 20 % кои биле во ситуација да дадат мито и другите кои не се изјаснуваат по ова прашање.

***Табела број 67. Доколку одговоривте со ДА на кој ризик сте биле изложени (ШТО СТЕ ДАЛЕ)?***

| | *f* | *%* |
|---|---|---|
| не сум дал; | 52 | 17,33 |
| пари во готово; | 130 | 43,33 |
| пари на сметка; | 18 | 6,00 |
| спонзорство; | 16 | 5,33 |
| услуги од разна природа; | 62 | 20,67 |
| нешто друго; | 5 | 1,67 |
| 12 | 5 | 1,67 |
| 13 | 2 | 0,67 |
| 14 | 5 | 1,67 |
| 23 | 3 | 1,00 |
| 34 | 1 | 0,33 |
| 1234 | 1 | 0,33 |
| Вкупно: | 300 | 100,00 |

За 2016 година, како одговор на прашањето што дале испитаниците како мито, одговорите се дека 43,33 % дале пари во готово, 6 % депонирале пари на сметка, за спонзорство 5,33 % и за услуги од разна природа одговориле 20,67 % од испитаниците.

За 2017 година, овие проценти се распределени на следниов начин: 16,16 % дале пари во готово, 3,13 % депонирале пари на сметка, за спонзорство 1,83 % и за услуги од разна природа одговориле 7 % од испитаниците.

Од споредбената анализа на овие податоци можеме да заклучиме дека во различни години, на различни начини се врши реализацијата на давањето на мито и нема стандардна вообичаена практика, туку начините се разнообразни секоја година и застапени во различен процент.

Доколку се направи анализа на извештајниот период може да се добијат податоците претставени на следниов дијаграм:

***Графикон број 4. Дијаграм: Начини на корупција за 2013-2017 година***




Од податоците презентирани во дијаграм 1 може да се заклучи дека процентот на застапеност на корупцијата е различен според начинот на сторување и различен за различни временски периоди. Она што е заедничко за сите години на истражување е редоследот на застапеноста на различните начини на сторување на корупција. Имено, корупцијата најчесто се врши преку давање на пари во готово, потоа следат услуги од разна природа, давање пари на сметка и најмалку застапено е спонзорството.

Овие податоци се корисни за спречувањето на појавата на корупција, конкретно за дејствувањето на надлежните органи кои применуваат криминалистичко-оперативни мерки за сузбивање на ова кривично дело. Така, имајќи податоци за *modus operandi* за сторување на делото, треба да се применат и соодветни оперативно-тактички мерки и истражни дејства за откривање, докажување и разјаснување на

кривично дело корупција. Доколку станува збор за давање пари во готово можно е применување на криминалистичко техничката мерка - клопка при директен контакт со лицето примател на митото, доколку се ставаат пари на сметка тогаш ќе се применат мерки за примена на софтверски решенија за следење на текот на парите, доколку се во прашање спонзорство и други услуги ќе се применат и други мерки. Може да се заклучи дека методиката за сузбивање на ова кривично дело и постапувањето на надлежните органи директно ќе зависи од начинот на извршување на делото, и реализацијата на оперативно-тактичките мерки и истражните дејства ќе зависат од вештините и знаењето што сторителот на делото ќе ги примени при сторување на делото.

***Табела број 68.*** **Државен службеник (управа)**

| | | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|---|
| Валиден | не сум дал; | 937 | 91,86 | 91,86 | 91,86 |
| | друго; | 13 | 1,27 | 1,27 | 93,14 |
| | услуги од разна природа; | 15 | 1,47 | 1,47 | 94,61 |
| | спонзорство; | 7 | 0,69 | 0,69 | 95,29 |
| | пари на сметка; | 9 | 0,88 | 0,88 | 96,18 |
| | пари во готово; | 39 | 3,82 | 3,82 | 100,00 |
| | **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во врска со давање мито на државен службеник од управа 1,47 % од испитаниците одговориле дека дале услуги од разна природа и 3,82 % депонирале пари во готово, додека 91,86 % се изјасниле дека не дале мито на државен службеник.

За 2016 година, резултатите се следни: 2,45 % од испитаниците одговориле дека дале услуги од разна природа и 3,72 % дале пари во готово, додека 90,41 % се изјасниле дека не дале мито на државен службеник. Од споредбената анализа за последните две години на истражувачкиот период може да се заклучи дека дистрибуцијата на резултатите е слична, без големи отстапувања.

***Табела број 69. Јавен службеник (општина)***

| | | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|---|
| Валиден | не сум дал; | 940 | 92,16 | 92,16 | 92,16 |
| | друго; | 20 | 1,96 | 1,96 | 94,12 |
| | услуги од разна природа; | 19 | 1,86 | 1,86 | 95,98 |
| | спонзорство; | 10 | 0,98 | 0,98 | 96,96 |
| | пари на сметка; | 11 | 1,08 | 1,08 | 98,04 |
| | пари во готово. | 20 | 1,96 | 1,96 | 100,00 |
| | **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

За 2017 година, на јавни службеници од општинско ниво испитаниците им дале услуги од разна природа 1,86 %, за спонзорство 0,98 %, депонирале пари на сметка 1,08 %, дале пари во готово 1,96 % и друго 1,96 %, додека 92,16 % не дале мито на јавен службеник. Податоците за 2016 година се: давање услуги од разна природа 3,91 %, спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 0,49 %, дале пари во готово 1,57 % и друго 2,15 %, додека 91,39% не дале мито на јавен службеник. И за овој двегодишен период се забележува слична бројка на лица кои дале мито, а различни начини на подмитување од страна на испитаниците, застапени се во различни проценти по години.

***Табела број 70. Полицаец***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал; | 882 | 86,47 | 86,47 | 86,47 |
| друго; | 33 | 3,24 | 3,24 | 89,71 |
| услуги од разна природа; | 28 | 2,75 | 2,75 | 92,45 |
| спонзорство; | 9 | 0,88 | 0,88 | 93,33 |
| пари на сметка; | 3 | 0,29 | 0,29 | 93,63 |
| пари во готово. | 65 | 6,37 | 6,37 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во 2017 година на припадник на полицијата како мито се даваат пари во готово 6,37 %, потоа услуги од разна природа 2,75 %, друго 3,24 %, додека за спонзорство е во 0,88 % случаи и депонирале пари на сметка 0,29 %. Податоците за 2016 година се следни: дале пари во готово 7,63 %, потоа услуги од разна природа 4,31 %, друго 2,25 %,

додека за спонзорство е во 1,27 % случаи и депонирале пари на сметка 0,20 %. Во последниот двегодишен период се забележува слична дистрибуција на начините на давање на мито на полицаец кој во најголемиот број на случаи е преку давање на пари во готово.

***Табела број 71. Цариник***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал; | 908 | 89,02 | 89,02 | 89,02 |
| Друго; | 19 | 1,86 | 1,86 | 90,88 |
| услуги од разна природа; | 18 | 1,76 | 1,76 | 92,65 |
| спонзорство; | 5 | 0,49 | 0,49 | 93,14 |
| пари на сметка; | 5 | 0,49 | 0,49 | 93,63 |
| пари во готово; | 65 | 6,37 | 6,37 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

На припадник на царинските служби, во текот на 2017 година од вкупниот број на испитаниците 89,02 % се изјасниле дека не дале мито, а 6,37 % дале мито во форма на пари во готово, 1,86 % во друго, услуги од разна природа дале 1,76 %, за спонзорство 0,49 % и депонирале пари на сметка 0,49 %. За периодот во 2016 година за цариниците се добиени следниве резултати: од вкупниот број на испитаници 89,14 % се изјасниле дека не дале мито, а 5,97 % дале мито во форма на пари во готово, 1,96 % во друго, услуги од разна природа дале 1,96 %, за спонзорство 0,59 % и депонирале пари на сметка 0,39 %.

Споредувајќи ги добиените резултати и за полицијата и за царината може да се забележи сличност во начинот на давање мито, имено, во најголем број случаи митото се дава во пари во готово. Ова е последица, веројатно, на личниот контакт што граѓаните го имаат со полицајците и цариниците при полициските и граничните царински контроли, и реализација на *modus operandi* на давање мито како пари во готово. При ваквите контроли за да се избегне одредено поведение од страна на лицата кои се проверуваат при полициски или царински контроли се дава мито. Оваа констатација треба да се провери со дополнителни истражувања, а се базира врз основа на начинот на постапувањето на полицијата и царината и можноста припадниците на овие служби да стапат во контакт со граѓаните, и притоа да остварат можност на давање односно за примање мито.

***Табела број 72. Инспекциски служби (инспектор)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 955 | 93,63 | 93,63 | 93,63 |
| друго | 12 | 1,18 | 1,18 | 94,80 |
| услуги од разна природа | 19 | 1,86 | 1,86 | 96,67 |
| спонзорство | 5 | 0,49 | 0,49 | 97,16 |
| пари на сметка | 2 | 0,20 | 0,20 | 97,35 |
| пари во готово | 27 | 2,65 | 2,65 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

За 2017 година за инспекциските служби добиени се следниве резултати: мито дале вкупно 6,38 % од испитаниците, и тоа услуги од разна природа 1,86 %, за спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 0,20 %, дале пари во готово 2,65 %, и друго 1,18 %, додека за 2016 година мито дале вкупно 7,05 % од испитаниците, и тоа услуги од разна природа 2,25 %, за спонзорство 0,78 %, депонирале пари на сметка 0,59 %, дале пари во готово 1,96 %, и друго 1,47 %,.

***Табела број 73. Универзитетски професор***

| | *f* | % | Валиден % | Кумулативен % |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 941 | 92,25 | 92,25 | 92,25 |
| друго | 17 | 1,67 | 1,67 | 93,92 |
| услуги од разна природа | 18 | 1,76 | 1,76 | 95,69 |
| спонзорство | 5 | 0,49 | 0,49 | 96,18 |
| пари на сметка | 8 | 0,78 | 0,78 | 96,96 |
| пари во готово | 31 | 3,04 | 3,04 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во врска со давањето мито на универзитетски професори резултатите за 2017 година се следни: услуги од разна природа 1,76 %, за спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 0,78 %, пари во готово 3,04 %, и друго 1,67 %. За 2016 година добиени се следниве податоци: услуги од разна природа 1,86 %, за спонзорство 0,39 %, депонирале пари на сметка 0,39 %, дале пари во готово 2,25 %, и друго 1,96 %.

***Табела број 74. Средношколски професор***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 930 | 91,18 | 91,18 | 91,18 |
| друго | 18 | 1,76 | 1,76 | 92,94 |
| услуги од разна природа | 36 | 3,53 | 3,53 | 96,47 |
| спонзорство | 8 | 0,78 | 0,78 | 97,25 |
| пари на сметка | 9 | 0,88 | 0,88 | 98,14 |
| пари во готово | 19 | 1,86 | 1,86 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во врска со давањето мито на средношколски професори резултатите се следни: за услуги од разна природа се изјасниле 3,53 %, за спонзорство 0,78 %, депонирале пари на сметка 0,88 %, пари во готово 1,86 %, и друго 1,76 %. Кај средношколските професори, за разлика од другите професии, се забележува дека најчесто митото е нематеријално, односно се вршат одредени услуги за возврат на одредена услуга од страна на професорите. Слични резултати се добиени и за 2016 година и тоа: за услуги од разна природа се изјасниле 4,21 %, за спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 0,20 %, дале пари во готово 2,25 %, и друго 1,66 %.

***Табела број 75. Политичар***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 976 | 95,69 | 95,69 | 95,69 |
| друго | 4 | 0,39 | 0,39 | 96,08 |
| услуги од разна природа | 13 | 1,27 | 1,27 | 97,35 |
| спонзорство | 4 | 0,39 | 0,39 | 97,75 |
| пари на сметка | 4 | 0,39 | 0,39 | 98,14 |
| пари во готово | 19 | 1,86 | 1,86 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Кај политичарите, во 2017 година, состојбата со примање мито е следна: за услуги од разна природа се изјасниле 1,27 %, за спонзорство 0,39 %, депонирале пари на сметка 0,39 %, дале пари во готово 1,86 %, и друго 0,39 %. За 2016 година добиени се следниве резултати: за услуги од разна природа се изјасниле 1,17  %, за спонзорство 1,37 %, депонирале пари на сметка 0,29 %, дале пари во готово 0,98 %, и друго 0,49 %.

***Табела број 76. Лекар***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 842 | 82,55 | 82,55 | 82,55 |
| друго | 45 | 4,41 | 4,41 | 86,96 |
| услуги од разна природа | 38 | 3,73 | 3,73 | 90,69 |
| спонзорство | 5 | 0,49 | 0,49 | 91,18 |
| пари на сметка | 11 | 1,08 | 1,08 | 92,25 |
| пари во готово | 79 | 7,75 | 7,75 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Кај лекарите начинот на примање на мито се изразува преку следниве проценти: за услуги од разна природа се изјасниле 3,73 %, за спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 1,08 %, дале пари во готово 7,75 %, и друго 4,41 %. Од истражувачките резултати за 2017 година може да се заклучи дека кај лекарите во најголем дел митото се реализира преку давање на пари во готово и на друг начин. За 2016 година добиени се следниве резултати: услуги од разна природа се изјасниле 3,91 %, за спонзорство 0,78 %, депонирале пари на сметка 1,17 %, дале пари во готово 8,90 %, и друго 3,13 %.

***Табела број 77. Судија***

| | | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|---|
| Валиден | не сум дал | 969 | 95,00 | 95,00 | 95,00 |
| | друго | 11 | 1,08 | 1,08 | 96,08 |
| | услуги од разна природа | 12 | 1,18 | 1,18 | 97,25 |
| | спонзорство | 8 | 0,78 | 0,78 | 98,04 |
| | пари во готово | 20 | 1,96 | 1,96 | 100,00 |
| | **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Кај судиите за 2017 година начинот на подмитување е следен: за услуги од разна природа се изјасниле 1,18 %, за спонзорство 0,78 %, дале пари во готово 1,96 %, и друго 1,08 %. И кај судиите како и кај другите професии најчест начин на давање мито е преку примање на пари во готово. За 2016 година, резултатите се следни: за услуги од разна природа се изјасниле 1,39 %, за спонзорство 0,39 %, дале пари во готово 1,76 %, и друго 1,37 %.

*Табела број 78. Обвинител*

| | f | % | Валиден % | Кумулативен % |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 975 | 95,59 | 95,59 | 95,59 |
| друго | 14 | 1,37 | 1,37 | 96,96 |
| услуги од разна природа | 9 | 0,88 | 0,88 | 97,84 |
| спонзорство | 5 | 0,49 | 0,49 | 98,33 |
| пари на сметка | 6 | 0,59 | 0,59 | 98,92 |
| пари во готово | 11 | 1,08 | 1,08 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Кај обвинителите за 2017 година ситуацијата на давање, односно примање мито е следна: за услуги од разна природа се изјасниле 0,88 %, спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 0,59 %, дале пари во готово 1,08 %, и друго 1,37 %, додека, пак, за 2016 година се добиени следниве резултати: за услуги од разна природа се изјасниле 1,08 %, за спонзорство 0,20 %, депонирале пари на сметка 0,569 %, дале пари во готово 1,08 %, и друго 0,78 %.

*Табела број 79. Директор на училиште*

| | f | % | Валиден % | Кумулативен % |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 946 | 92,75 | 92,75 | 92,75 |
| друго | 16 | 1,57 | 1,57 | 94,31 |
| услуги од разна природа | 31 | 3,04 | 3,04 | 97,35 |
| спонзорство | 6 | 0,59 | 0,59 | 97,94 |
| пари на сметка | 4 | 0,39 | 0,39 | 98,33 |
| пари во готово | 17 | 1,67 | 1,67 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во случаи на подмитување на директори на училишта за 2017 година ситуацијата е следна: за услуги од разна природа се изјасниле 3,04 %, спонзорство 0,59 %, депонирале пари на сметка 0,39 %, дале пари во готово 1,67 %, и друго 1,57 %. Во овие случаи се забележува одредена специфичност, и тоа дека најчест начин на подмитување кај директорите на училиштата, за разлика од другите професии, каде што е застапено давање на пари во готово, овде најчесто се вршењето на услуги од разна природа. Слична е ситуацијата и со средношколските професори што упатува на констатацијата дека во образовниот систем, особено на средношколско ниво, давањето, односно примањето мито е преку вршење на одредени услуги.

***Табела број 80. Посредник***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 931 | 91,27 | 91,27 | 91,27 |
| друго | 12 | 1,18 | 1,18 | 92,45 |
| услуги од разна природа | 27 | 2,65 | 2,65 | 95,10 |
| спонзорство | 5 | 0,49 | 0,49 | 95,59 |
| пари на сметка | 10 | 0,98 | 0,98 | 96,57 |
| пари во готово | 35 | 3,43 | 3,43 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

За извештајниот период од 2017 година, посредници во случаи на давање мито има, и тоа: за услуги од разна природа се изјасниле 2,65 %, спонзорство 0,49 %, депонирале пари на сметка 0,98 %, дале пари во готово 3,43 %, и друго 1,18 %, од што се заклучува дека и кај посредниците за примање, односно давање мито најчест случај на материјална корист се реализира преку давање пари во готово. За 2016 година резултатите се следни: за услуги од разна природа се изјасниле 2,74 %, за спонзорство 0,68 %, депонирале пари на сметка 0,98 %, дале пари во готово 3,91 %, и друго 0,88 %.

***Табела број 81. На друг, кому?***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| не сум дал | 997 | 97,75 | 97,75 | 97,75 |
| друго | 4 | 0,39 | 0,39 | 98,14 |
| услуги од разна природа | 11 | 1,08 | 1,08 | 99,22 |
| спонзорство | 3 | 0,29 | 0,29 | 99,51 |
| пари во готово | 5 | 0,49 | 0,49 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во 2017 година за други лица кои не беа опфатени со претходните прашања, распределбата на давањето мито е на следниов начин: за услуги од разна природа се изјасниле 1,08 %, за спонзорство 0,29 %, дале пари во готово 0,49 %, и друго 0,39 %, додека за 2016 година резултатите се: за услуги од разна природа се изјасниле 2,74 %, за спонзорство 0,68 %, дале пари во готово 03,91 %, и друго 0,88 %.

Доколку се анализираат податоците за процентот на примање мито од страна на сите горенаведени професии и занимања, и доколку се сумираат сите начини за примање мито, се добиваат следниве

резултати на проценти од вкупниот број на испитаници кои дале мито на одредени лица, и тоа:

***Табела број 82. Проценти на лица кои примиле мито според припадност на професија, од вкупниот број на испитаници***

| Професии | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| државен службеник | 28,66 % | 9,59 % |
| јавен службеник (општина) | 7,84 % | 8,61 % |
| полицаец | 13,53 % | 15,66 % |
| цариник | 10,98 % | 10,86 % |
| инспекциски служби | 6,37 % | 7,05 % |
| универзитетски професор | 7,75 % | 6,85 % |
| средношколски професор | 8,82 % | 8,81 % |
| политичар | 4,31 % | 4,31 % |
| лекар | 17,45 % | 17,91 % |
| судија | 5 % | 4,99 % |
| обвинител | 4,41 % | 3,82 % |
| директор на училиште | 7,25 % | 7,73 % |
| посредник | 8,73 % | 9,2 % |
| друго | 2,25 % | 0 |

Според податоците од табелата може да се заклучи дека за 2017 година најмногу мито примаат државните службеници, со 28,66 %, потоа следат лекарите со 17,45 %, на трето место се полицајците со 13,58 %, цариниците се застапени со 10,98 %, по што следат средношколските професори со 8,82 % и посредниците со 8,73 % итн.

За 2016 година може да се заклучи дека најзастапени за примање мито се лекарите со 17,91 %, следат полицајците со 15,66 %, потоа цариниците со 10,86 % и драстично е намалена бројката на мито кај државните службеници од 9,59 %.

***Графикон број 1. Степен на корупција кај одредени професии 2015-2017***




Како резултат на анализата на горенаведените податоци за корумпираност на одредени професии може да заклучиме дека позастапени се професиите на лекарите, полицајците и цариниците, а значајно место имаат и универзитетските и средношколските професори (поради одредени измени во анкетниот прашалник не бевме во можност да ги прошириме податоците и за 2013-2014 година). Од дијаграмот може да се изведе генерален заклучок дека има тренд на намалување на корупцијата воопшто кај сите видови на професии. Одредени мали разлики се забележуваат кај професорите, имено, корупцијата била позастапена кај универзитетските професори, но потоа таа се намалува и станува позастапена кај средношколските професори. Трендот на намалување на корупцијата е значаен феномен кој треба независно да се истражува со цел утврдување на факторите кои придонесуваат за намалување на корупцијата, воопшто, во нашата земја.

***Табела број 83. Дали досега сте биле во ситуација (или имате лично искуство) во која сте биле изложени на ризик од корупција (ДА ПРИМИТЕ МИТО)? (Заокружете еден одговор.)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| (1) да | 93 | 9,12 | 9,12 | 9,12 |
| (2) не | 766 | 75,10 | 75,10 | 84,22 |
| (3) не сакам да се изјаснам | 161 | 15,78 | 15,78 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Резултатите од истражувањето за 2017 година, кои се однесуваат на искуството на испитаниците да примат мито, може да се презентираат со следниве податоци: 9,12 % од испитаниците биле во ситуација да примат мито; 75,10 % не биле и 15,78 % не сакаат да се изјаснат, додека за 2016 година резултатите се следни: 12,13 % од испитаниците биле во ситуација да примат мито; 73,78 % не биле и 14,09 % не сакаат да се изјаснат.

***Табела број 84. Дали досега сте имале лично искуство (ситуација) во кое сте биле изложени на ризик од корупција (ЗЛОУПОТРЕБА НА ДОЛЖНОСТА, СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА, ВЛАСТ)? (Заокружете еден одговор.)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| (1) да | 103 | 10,10 | 10,10 | 10,10 |
| (2) не | 755 | 74,02 | 74,02 | 84,12 |
| (3) не сакам да се изјаснам | 162 | 15,88 | 15,88 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Појавата на корупција е поврзана со кривичната одговорност и на давателот и на примателот на мито и оттука реакцијата на испитаниците кои не сакаат да се изјаснат во врска со ова прашање е очекувана . Така, бројката од 15,78 % и 14,09 % кои не се изјаснуваат за ситуацијата на примање мито е очекувана реакција, но, сепак, таа укажува дека постојат индиции дека и кај оваа популација има можност за поврзаност со корупција. Најголем број на испитаниците 75,10 % и 73,78 % немаат лично искуство со корупцијата, што значи дека истата не е присутна во голема мерка.

За личното искуство на испитаниците во врска со злоупотреба на должноста, службената положба или власта, за 2017 година одговорите се следни: 10,10 % имаат лично искуство, 74,02 % немаат и 15,88 % не

сакаат да се изјаснат, додека за 2016 година резултатите се: 11,94 % имаат лично искуство, 71,23 % немаат и 16,83 % не сакаат да се изјаснат.

***Табела број 85. Дали досега сте имале лично искуство (ситуација) во кое сте биле изложени на ризик од корупција (ПРОТИВЗАКОНИТО ПОСРЕДУВАЊЕ)? (Заокружете еден одговор.)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| (1) да | 91 | 8,92 | 8,92 | 8,92 |
| (2) не | 769 | 75,39 | 75,39 | 84,31 |
| (3) не сакам да се изјаснам | 160 | 15,69 | 15,69 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во однос на посредувањето при давање мито, за 2017 година, испитаниците се изјасниле дека од вкупниот број испитаници, 8,92 % имале лично искуство за противзаконито посредување, додека 75,39 % немале такво искуство, а 15,69 % не се изјасниле, а за 2016 година: 10,08 % имале лично искуство за противзаконито посредување, додека 74,66 % немале такво искуство, а 15,26 % не се изјасниле. Од горенаведените одговори може да се заклучи дека сличен е процентот на застапеност и на примање мито и на злоупотреба на службена положба и на посредување и тоа изнесува околу 10 % од вкупниот број на испитаници.

***Табела број 86. Дали досега сте имале лично искуство (ситуација) во кое како државен службеник на органите на државната управа (институција) во која сте вработени да сте биле изложени на ризик од корупција? (Заокружете еден одговор.)***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| (1) да | 87 | 8,53 | 8,53 | 8,53 |
| (2) не | 775 | 75,98 | 75,98 | 84,51 |
| (3) не сакам да се изјаснам | 158 | 15,49 | 15,49 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

За 2017 година во врска со искуството на вработените лица и нивните можности за ризик од корупција, 8,53 % од испитаниците, биле во ситуација да бидат корумпирани. Имено, како државни

службеници во органите на државната управа, во која се вработени овие испитаници, биле изложени на ризик од корупција, додека, пак, 15,49 % не сакаат да се изјаснат по ова прашање. Тоа повторно укажува на фактот дека еден одреден број на испитаници не сакаат да даваат одговор на прашањата во врска со нивното искуство во врска со корупцијата, поради страв или несигурност кој постои кај овие испитаници. За 2016 година добиени се следниве резултати: 11,06 % биле изложени на ризик од корупција, 74,85 % не биле изложени и 14,09 % не сакаат да се изјаснат.

***Табела број 87. Според вас, кој е најчестиот облик на корупција во нашето општество?***

| | *f* | *%* | *Валиден %* | *Кумулативен %* |
|---|---|---|---|---|
| (1) давање мито | 183 | 17,94 | 17,94 | 17,94 |
| (2) примање мито | 241 | 23,63 | 23,63 | 41,57 |
| (3) злоупотреба на положбата и овластувањата | 325 | 31,86 | 31,86 | 73,43 |
| (4) противзаконито посредување | 58 | 5,69 | 5,69 | 79,12 |
| 12 | 75 | 7,35 | 7,35 | 86,47 |
| 13 | 6 | 0,59 | 0,59 | 87,06 |
| 14 | 1 | 0,10 | 0,10 | 87,16 |
| 23 | 26 | 2,55 | 2,55 | 89,71 |
| 24 | 3 | 0,29 | 0,29 | 90,00 |
| 26 | 1 | 0,10 | 0,10 | 90,10 |
| 34 | 10 | 0,98 | 0,98 | 91,08 |
| 123 | 32 | 3,14 | 3,14 | 94,22 |
| 124 | 5 | 0,49 | 0,49 | 94,71 |
| 234 | 2 | 0,20 | 0,20 | 94,90 |
| 1234 | 52 | 5,10 | 5,10 | 100,00 |
| **Вкупно:** | 1020 | 100,00 | 100,00 | |

Во делот на мислењето на испитаниците во врска со облиците на корупција во Република Македонија за 2017 година, 17,94 % се изјасниле дека давањето мито е најзастапен облик на корупција, 22,63 % сметаат дека тоа е примањето мито, 31,86 % сметаат дека тоа е злоупотребата на положбата и овластувањата, 6,69 % сметаат дека тоа е противзаконитото посредување. За 2016 година резултатите се следни: давање мито 21,04 %, примање мито 22,90 %, 29,16 % е злоупотребата на положбата и овластувањата и 5,38 % сметаат дека тоа е противзаконито посредување.

Групата на прашања која следи во анкетниот прашалник се однесува на состојбата со корупцијата и проблемите кои најмногу ги засегаат граѓаните во Република Македонија, и тоа се наведуваат: меѓуетничките односи, невработеноста, сиромаштијата, високите цени, ниските плати, корупцијата, нефункционирањето на институциите и некои други проблеми. Испитаниците избираат една оценка и вршат рангирање од 1 до 9, а процентите на застапените одговори се презентирани во следнава табела:

***Табела број 88. Рангирање на состојбите кои ги засегаат граѓаните за 2017 година (во %)***

| | меѓуетнички односи | невработеност | сиромаштија | високи цени | ниски плати | корупција | нефункционирање на институци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| нема | 4,51 | 0,10 | 0,10 | 0,10 | 0,20 | 0,29 | 0,49 |
| 1 | 8,14 | 0,78 | 8,88 | 0,69 | 0,39 | 0,49 | 0,98 |
| 2 | 8,24 | 1,08 | 0,78 | 0,98 | 0,59 | 1,67 | 3,33 |
| 3 | 9,41 | 2,16 | 2,16 | 2,25 | 1,57 | 4,12 | 5,20 |
| 4 | 11,18 | 2,75 | 1,57 | 4,02 | 2,16 | 7,94 | 6,37 |
| 5 | **11,76** | 5,39 | 4,51 | 8,04 | 5,98 | 13,63 | 11,96 |
| 6 | 8,33 | 6,37 | 5,00 | 11,67 | 7,25 | 14,51 | 10,29 |
| 7 | 9,12 | 9,71 | 10,29 | 13,33 | 11,27 | 11,08 | 8,73 |
| 8 | 9,22 | 13,43 | 15,78 | 12,55 | 13,24 | 13,43 | 12,45 |
| 9 | 8,82 | 20,10 | 21,67 | 16,37 | 17,84 | 12,75 | 14,12 |
| нај многу | 11,27 | **38,14** | **37,25** | **29,51** | **39,51** | **20,10** | **26,08** |
| **Вкупно:** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

***Графикон број* 5. *Ставови на граѓаните за рангирање на проблемите изразени во % за 2017 година***




Од презентираните податоци за 2017 година кои се однесуваат на рангирањето на проблемите кои ги засегаат граѓаните во Република Македонија може да се заклучи дека мултиетничките односи не се застапени високо на скалата на проблемите, туку дека економските прашања се прашања кои во најголема мера ги засегаат граѓаните. Имено, рангирањето се врши на следниов начин: на прво место се ниските плати, на второ место е невработеноста, на трето е сиромаштијата, следат високите цени и нефункционалноста на институциите, додека на пониско ниво на загриженост се корупцијата и меѓуетничките односи. Според слободното оценување на авторот можеме да констатираме дека очекувано беше дека економските фактори се најзначајни за ставовите на граѓаните, но неочекувано етничките односи не се високо рангирани. Ова е поради фактот што тензиите на меѓуетничките односи често се прикажуваат како еден од главните фактори за нестабилност на државата, што во овој случај не се потврди, напротив мислењето на граѓаните за нив е на најниско ниво во однос на другите проблеми во земјата.

Резултатите од истражувачкиот период за 2016 година, ќе бидат прикажани на следниов дијаграм:

***Графикон број* 6. *Ставови на граѓаните за рангирање на проблемите изразени во % за 2016 година***




Од дијаграмот може да се заклучи дека и во 2016 година рангирањето на проблемите кои ги засегаат граѓаните е изразено на сличен начин. Имено, на прво место како проблем се јавува невработеноста, на второ место ниските плати, на трето сиромаштијата, следат високите цени, нефукционалноста на институциите, корупцијата и меѓуетничките односи. Значи, економските проблеми се највисоко рангирани проблеми кои ги засегаат граѓаните на Република Македонија, додека корупцијата и меѓуетничките односи се најниско рангирани.

Во наредната група на прашања според анкетниот прашалник, испитаниците го оценувале нивото на корупција според скалата: нема корупција и од 1 до 10. Во следната табела ќе ги претставиме оценките на корупцијата кои добиле највисокорангирање и процент на застапеност.

*Табела број 89. Ниво на корупција за 2017 година*

| ниво на корупција | оценка | застапеност во % |
|---|---|---|
| секојдневни ситуации кај граѓаните | 8 | 19,80 |
| политички партии | 10 | 31,37 |
| политички лидери | 10 | 34,02 |
| носители на државни функции | 10 | 23,14 |
| државни службеници | 8 | 18,33 |
| полицајци | 10 | 23,43 |
| цариници | 10 | 28,82 |
| органи за денационализација | 7 | 16,76 |
| при продажба на државно земјиште | 10 | 14,90 |
| инспекциски органи | 8 | 19,31 |
| здравствени работници | 10 | 19,51 |
| судии | 10 | 23.04 |
| обвинители | 8 | 18,53 |
| универзитетски професори | 10 | 16,76 |
| новинари | 5 | 14,02 |
| невладини организации | 5 | 14,41 |
| приватни претприемачи | 5 | 16,37 |

Од табелата може да се заклучи дека од 17 професии и одредени органи, во најголем број случаи граѓаните со оцена 10 ја оценуваат корупцијата, сметајќи дека е најзастапена во тие ситуации. Така со 10 се оценети корупцијата кај: политичките партии, носителите на државни функции, полицијата, царината, при продажба на државното земјиште, лекарите, судиите и универзитетските професори, со оцена 8 се оценети: секојдневните ситуации кај граѓаните, корупцијата кај државните службеници, инспекциските органи и кај обвинителите, а со седум се оценети органите за денационализација. Со најниска оценка 5 и најниско ниво на корумпираност според мислењето на граѓаните се оценети: новинарите, невладините организации и приватните претприемачи.

Во врска со прашањето „Дали во последниов период сте биле (сте имале контакт) со институции носители на функции или должности?“ понудени се четири можности за одговор во различни временски периоди и тоа: овој месец; пред 3 месеци; пред 6 месеци и пред една година.

За 2015 година добиените податоци се претставени во следнава табела:

***Табела број 90. Реализирани контакти со институции и носители на функции за 2015 година***

| | овој месец | пред 3 месеци | пред 6 месеци | пред една година |
|---|---|---|---|---|
| политички лидер | 4,9 | 5,5 | 7,2 | 9,0 |
| избрано лице | 5,3 | 7,4 | 8,8 | 11,8 |
| градоначалник | 11,8 | 13,5 | 16,8 | 18,9 |
| локална администрација | 20,4 | 22,8 | 20,4 | 23 |
| носител на државна функција | 17,7 | 16,1 | 17,4 | 18 |
| државен службеник | 36,2 | 35,9 | 31,8 | 32,4 |
| полицаец | 36,4 | 38,7 | 37,2 | 38,8 |
| царина | 10,7 | 11,4 | 15,9 | 18,1 |
| даночна управа | 10,6 | 12,2 | 10,4 | 12,9 |
| инспекција | 14,2 | 13,9 | 13,1 | 15 |
| лекар | **51,3** | **53,8** | **49,3** | **52,2** |
| судија | 8,3 | 8,1 | 9,1 | 11,4 |
| обвинител | 8,0 | 6,3 | 7,2 | 8,7 |
| универзитетски професор | 25 | 24,7 | 25,5 | 25,15 |
| средношколски професор | 19,8 | 20,6 | 20,2 | 23,4 |
| директор на училиште | 15,8 | 15,8 | 17 | 19 |
| новинар | 9,2 | 8,9 | 9,6 | 11,2 |
| невладини организации | 10 | 10,4 | 11,3 | 12,7 |
| приватни претприемачи | 44,5 | 42,9 | 43,0 | 43,1 |

Врз основа на горенаведените податоци за 2015 година може да се заклучи дека испитаниците најчесто остварувале контакти со лекарите, и тоа 51 % во просек за испитаниот период, следни на листата се приватните претприемачи чиј просек изнесува 43,3 % и на трето место се полицајците со просек на контакти 37,7 % за испитаниот период. Имајќи предвид дека полицајците и лекарите, секако, се наоѓаат на врвот на листата на примање на мито, добиените резултати

за нив се очекувани. За разлика од нив резултатите за приватните претприемачи изненадуваат, иако има голем број на контакти со претприемачите тие не се рангирани високо на листата на корумпирани.

***Табела број 91. Реализирани контакти со институции и носители на функции за 2016 година***

| | овој месец | пред 3 месеци | пред 6 месеци | пред една година |
|---|---|---|---|---|
| политички лидер | 2,9 | 4,9 | 6,1 | 7,4 |
| избрано лице | 2.8 | 4,7 | 6,5 | 8,8 |
| градоначалник | 11,6 | 14,7 | 17,9 | 19,6 |
| локална администрација | 17,9 | 22,2 | 22,1 | 23,5 |
| носител на државна функција | 12,2 | 14,8 | 17,4 | 17,2 |
| државен службеник | 28,6 | 33 | 32,8 | 33,9 |
| полицаец | 33 | 36,2 | 37,5 | 38,9 |
| царина | 8,7 | 11,3 | 14,9 | 17,5 |
| даночна управа | 7,0 | 9,5 | 10,6 | 12,5 |
| инспекција | 8,4 | 11,8 | 13,2 | 12,6 |
| лекар | **43,7** | **50,5** | **43,6** | / |
| судија | 4,2 | 5,5 | 7,0 | 8,8 |
| обвинител | 3,7 | 3,3 | 5,5 | 6,7 |
| универзитетски професор | 19,1 | 20 | 21,8 | 23,5 |
| средношколски професор | 16,8 | 19,9 | 20,9 | 26,4 |
| директор на училиште | 11,4 | 14 | 14,9 | 17,4 |
| новинар | 6,3 | 8,4 | 8,6 | 11,4 |
| невладини организации | 9 | 11,1 | 12,9 | 12,3 |
| приватни претприемачи | 40,1 | 42,5 | 42 | 40,7 |

Презентираните податоци во табелата повторно го укажуваат истиот резултат како и за 2015 година, имено, на листата за најчесто контактирани се: лекарите, приватните претприемачи и полицајците. Се поставува прашање, кое треба да биде предмет на посебно истражување

и елаборација, зошто професиите кои се позастапени како, на пример, царината, универзитетските и средношколските професори имаат помалку контакти со испитаниците, а се високо на листата на корумпирани лица.

На ова прашање испитаниците дале свое мислење и при анкетирањето во 2017 година, а добиените резултати ќе ги сумираме во следната табела:

***Табела број 92. Реализирани контакти со институции и носители на функции за 2017 година***

| | овој месец | пред 3 месеци | пред 6 месеци | пред една година |
|---|---|---|---|---|
| политички лидер | 3,4 | 5,9 | 3,7 | 5,7 |
| избрано лице | 4,7 | 7 | 4,2 | 5,5 |
| градоначалник | 11 | 11,4 | 10,3 | 13,1 |
| локална администрација | 14 | 16,2 | 16,6 | 17 |
| носител на државна функција | 9,2 | 10,9 | 11,8 | 13,4 |
| државен службеник | 21,9 | 23,5 | 22,2 | 23,1 |
| полицаец | 27,9 | 29,7 | 30,3 | 29,3 |
| царина | 10,1 | 8,4 | 10,8 | 14,5 |
| даночна управа | 7 | 8,5 | 8,8 | 9,6 |
| инспекција | 8,8 | 9,7 | 9,9 | 11,1 |
| лекар | **36,4** | **39,5** | **37,6** | **42,5** |
| судија | 3,9 | 5,6 | 5,2 | 7,7 |
| обвинител | 4 | 4,2 | 4,4 | 5,8 |
| универзитетски професор | 15,2 | 15,3 | 17,1 | 18,4 |
| средношколски професор | 13,6 | 17,4 | 17 | 23,2 |
| директор на училиште | 12,1 | 11,7 | 12,7 | 15,8 |
| новинар | 6,7 | 5,9 | 6,3 | 7,6 |
| невладини организации | 7,6 | 7,8 | 7,6 | 11,4 |
| приватни претприемачи | 31,3 | 31,7 | 31,1 | 32,5 |

Анализата на добиените податоци укажува на слични резултати како и во изминатите две години, освен што се забележува и намалува бројот на контакти со лицата, така, на пример, ако во 2015 година просечната бројка на контакти со лекарите била 51 %, за 2017 година таа изнесува 39 %. Слични резултати се добиени и за другите лица.

Заклучни согледувања

Истражувањето реализирано од страна на истражувачки тим на Факултетот за безбедност - Скопје претставува повеќегодишен проект за истражување на актуелните состојби со корупцијата во Република Македонија. Истражувачкиот период го опфаќа периодот од пет години, кој започнува во 2013 година заклучно со 2017 година.

Основен заклучок кој се наметнува од истражувањето е дека корупцијата е присутна во нашето општество и тоа на повеќе нивоа. Имено, граѓаните ги препознаваат појавите на давање и примање мито, злоупотребата на службената положба и другите казниви дејанија како корумптивни дејанија кои имаат сериозни последици врз демократскиот развој на земјава во целина, а, секако, и влијание врз економскиот систем на земјата.

Како заклучок се наметнува констатацијата дека во континуитет се застапени неколку професии, кои со мали промени, според мислењето на граѓаните, се најзастапени во постапката на давање, односно на примање мито. Имено, тука спаѓаат: лекарите, полицајците, цариниците, професорите, а другите професии се застапени во помал процент. Исто така, може да се заклучи дека граѓаните го препознаваат битието на кривичното дело, и како појавни облици на корупцијата ги препознаваат давањето и примањето мито, злоупотребата на службената положба и овластувањата, како и противзаконитото посредување.

Она што изненадува од позитивен аспект е трендот на намалување на корупцијата во текот на извештајниот период. Тоа се отсликува со намалување на степенот на корупција за одреден процент. Причините за оваа појава треба да се бараат во поширок општествен контекст, и потоа да се изведат заклучоци зошто имаме појава на намалување на корупцијата во Република Македонија.

Исто така, значајно место при изведувањето на заклучни согледувања, кои произлегуваат од истражувачките резултати, имаат и ставовите на граѓаните за појавите и состојбите во земјава кои претставуваат нивен проблем во секојдневието. Така, проблемите кои ги засегаат граѓаните претежно се од областа на економијата, и тоа: невработеноста, сиромаштијата, ниските плати, високите цени и слично. Значи, со сигурност може да се констатира дека материјалниот

статус и стандард на граѓаните не е на задоволително ниво и дека егзистенцијалните прашања и проблеми се нивниот најголем проблем. На следно место доаѓаат корупцијата и меѓуетничките односи, кои спротивно на убедувањето дека се важни прашања, сепак, тие се на второ место по проблемите од економската сфера, кои претставуваат најгорлив проблем во земјата според мислењето на испитаниците.

# ШЕСТА ГЛАВА

# КОРУПЦИЈАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА

***Петтата*** ***<u>глава</u>*** од Прашалникот[*] опфаќа 8 прашања посветени на ***<u>подготвеноста и определеноста за борба против корупцијата</u>***. Прво, од испитаниците беше побарано да се определат за една од понудените опции (потполно сум подготвен; подготвен сум; ниту сум, ниту не сум подготвен, ниту не сум подготвен; потполно сум неподготвен; не сакам да се изјаснам), при што со направениот избор тие укажаа на нивната подготвеност (определеност) за борба против корупцијата. Потоа, повторно преку избор на една од понудените опции (потполно сум подготвен; подготвен сум; ниту сум, ниту не сум подготвен; не сум подготвен; потполно сум неподготвен; не сакам да се изјаснам), од испитаниците беше побарано да ја оценат подготвеноста (определеноста) за борба против корупцијата на повеќе релевантни фактори.

Како што е погоре укажано, испитаниците при одговорот на првото прашање од Петтата глава или ***<u>Прашањето број 51</u>***, ја оценуваа нивната подготвеност (определеност) за борба против корупцијата.

***<u>Табела број 93. Оценка за лична подготвеност (определеност) за борбата против корупцијата</u>***

| | **Оценка за лична подготвеност (определеност) за борбата против корупцијата** | **Прашање број 51** | |
|---|---|---|---|
| | Одговор | Валиден % | |
| | | **2016** | **2017** |
| 1. | потполно сум подготвен | 18,00 | 15,59 |
| 2. | подготвен сум | 34,54 | 34,61 |
| 3. | ниту сум, ниту не сум подготвен | 22,41 | 25,10 |
| 4. | не сум подготвен | 12,43 | 12,45 |
| 5. | потполно сум неподготвен | 3,72 | 3,53 |
| 6. | не сакам да се изјаснам | 8,90 | 8,73 |

Ако понудените ставови од табелата број 93, се класифицираат на позитивен (потполно сум подготвен; подготвен сум), негативен (не сум подготвен; потполно сум неподготвен) и неутрален став (ниту сум, ниту

[*] Автор: вонреден професор д-р Катерина Крстевска

не сум подготвен), може да се увиди дека и во 2016 и во 2017 година, кај испитаниците преовладува позитивниот став. Односно, во 2016 година за првите две опции се одлучиле 52,54 % од испитаниците, односно 50,20 % во 2017 година. Карактеристично за двете години е тоа што речиси ист број на испитаници (16,15 % во 2016 и 15,98 % во 2017 година) се одлучиле за опциите со негативна конотација (не сум подготвен; потполно сум неподготвен). Воедно, ист заклучок може да се донесе и за испитаниците кои не сакале да се изјаснат (8,90 % во 2016 и 8,73 % во 2017 година). Што се однесува до испитаниците кои ниту се, ниту не се подготвени, нивниот број е за 2,69 % поголем во 2017 (25,10 %) во однос на 2016 година (22,41 %).

Табелата која следи (табела број 94) ги содржи одговорите на испитаниците за подготвеноста (определеноста) на политичките партии (***Прашање број 52***) и политичките лидери (***Прашање број 53***), за борбата против корупцијата.

***Табела број 94. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата***

| Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата | | Прашање број 52 Политички партии | | Прашање број 53 Политички лидери | |
|---|---|---|---|---|---|
| Одговор | | Валиден % | | Валиден % | |
| | | **2016** | **2017** | **2016** | **2017** |
| 1. | потполно сум подготвен | 5,58 | 3,33 | 4,21 | 2,35 |
| 2. | подготвен сум | 15,85 | 17,35 | 15,46 | 17,75 |
| 3. | ниту сум, ниту не сум подготвен | 27,69 | 28,92 | 26,71 | 28,43 |
| 4. | не сум подготвен | 24,95 | 25,88 | 27,01 | 29,12 |
| 5. | потполно сум неподготвен | 18,10 | 16,08 | 17,81 | 14,90 |
| 6, | не сакам да се изјаснам | 7,83 | 8,43 | 8,81 | 7,45 |

Специфично за двете категории е тоа што испитаниците имаат негативно мислење, односно најголемиот број испитаници се одлучиле за четвртата и петтата опција. Така, 43,05 % од испитаниците во 2016 година, оцениле дека политичките партии не се подготвени (24,95 %), односно потполно се неподготвени (18,10 %) за борбата против корупцијата. Во 2017 во однос на 2016 година разликата е за 1,09 % испитаници помалку или 41,96 % оцениле дека политичките партии не се подготвени (25,88 %), односно потполно се неподготвени (16,08 %). Ист, негативен став имаат испитаниците и кон политичките лидери (44,82 % во 2016; 44,02 % во 2017 година).

Исклучително мал број на испитаници или 21,43 % ги оцениле позитивно политичките партии во 2016 година, при што 5,58 % од

испитаниците се одлучиле за првата опција (потполно сум подготвен), а 15,85 % за втората опција (подготвен сум за борбата против корупцијата). Состојбата се повторува и во 2017 година, кога 20,68 % од испитаниците се одлучиле за овие две опции (3,33 % за опцијата потполно сум подготвен и 17,35 % за опцијата подготвен сум). Оттука, разликата помеѓу испитаниците кои имале негативен став и испитаниците кои имале позитивен став кон политичките партии е многу голема, или 23,39 %.

Повторно, и при оценувањето на политичките лидери, мал број испитаници имале позитивен став одбирајќи ги првите две опции (19,67 % во 2016 и 20,10 % во 2017 година), што повлекува висока разлика од 25,15 % во 2016 и 23,92 % во 2017 година помеѓу испитаниците со негативен став и испитаниците со позитивен став.

Во однос на третата опција (ниту сум, ниту не сум подготвен), испитаниците слично ги оценуваат политичките партии и политичките лидери, а истото се однесува и на испитаниците кои не сакале да се изјаснат за ова прашање.

Дали македонските органи/институции се подготвени (определени) за борба против корупцијата беше предмет на интерес на ***Прашањето број 54***, ***Прашањето број 55*** и ***Прашањето број 56***, конкретно испитаниците даваа свое видување за државните (управните) органи, институциите за борбата против корупцијата и Државната комисија за спречување на корупцијата.

***Табела број 95. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... -за борбата против корупцијата***

| | | **Прашање број 54** | | **Прашање број 55** | | **Прашање број 56** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Државни (управни) Органи** | | **Институции за борбата против корупцијата** | | **Државна комисија за спречување на корупцијата** | |
| Одговор | | Валиден % | | Валиден % | | Валиден % | |
| | | **2016** | **2017** | **2016** | **2017** | **2016** | **2017** |
| 1. | потполно сум подготвен | 3,42 | 2,16 | 4,40 | 4,71 | 6,46 | 6,47 |
| 2. | подготвен сум | 23,68 | 27,06 | 27,79 | 31,76 | 29,26 | 32,75 |
| 3. | ниту сум, ниту не сум подготвен | 33,46 | 30,88 | 32,09 | 29,22 | 30,43 | 28,53 |
| 4. | не сум подготвен | 21,23 | 23,73 | 19,57 | 20,69 | 16,44 | 18,14 |
| 5. | потполно сум неподготвен | 10,86 | 11,08 | 9,78 | 7,94 | 10,27 | 8,14 |
| 6. | не сакам да се изјаснам | 7,34 | 5,10 | 6,36 | 5,69 | 7,14 | 5,98 |

Ако се споредат ставовите на испитаниците претставени во табелата број 95, може да се воочи дека за првата опција (потполно сум подготвен) се одлучиле најмалку испитаници (исклучок е 2017 година кога за Државната комисија за спречување на корупцијата не сакале да се изјаснат 5,98 % од испитаниците). Позитивниот став на испитаниците доаѓа до израз при изборот на втората опција (подготвен сум), додека повеќе од 28 % од испитаниците имале неутрален став со изборот на третата опција (ниту сум, ниту не сум подготвен).

Во суштина, најголем дел од испитаниците во 2016 година, имале неутрален став за државните (управните) органи бидејќи 33,46 % ја одбрале третата опција. По нив следуваат испитаниците со негативен став (32,09 %) одлучувајќи се за четвртата (21,23 %) и петтата опција (10,86 %), испитаниците со позитивен став (27,10 %) одлучувајќи се за првата (3,42 %) и втората опција (23,68 %), а последни се испитаниците кои не сакале да се изјаснат (7,34 %). Ако исклучително нискиот број на испитаници, кои се одлучиле за првата опција (2,16 %) се додаде на бројот на испитаници кои се одлучиле за втората опција (27,06 %), тогаш позитивно мислење за државните (управните) органи во 2017 година имале 29,22 % од испитаниците. Тоа подразбира дека има промена во 2017 година во однос на 2016, бидејќи испитаниците со негативен став (34,81 %) доминираат во однос на испитаниците со неутрален став (30,88 %), испитаниците со позитивен став (27,06 %), и испитаниците кои не сакале да се изјаснат (5,10 %).

Откако ги оценија државните (управните) органи, од испитаниците беше побарано да ги оценат и институциите за борбата против корупцијата. Повторно, најмалку испитаници се одлучиле за првата опција, и тоа 4,40 % во 2016 и 4,71 % во 2017 година. Карактеристично за 2016 година е тоа што речиси ист број на испитаници имале позитивен став или 32,19 % (распределено на 4,40 % за потполно сум подготвен и 27,79 % за подготвен сум), и неутрален став или 32,09 %, додека, пак, негативен став имале 29,35 % од испитаниците (распределено на 19,57 % за не сум подготвен и 9,78 % потполно сум неподготвен). Од податоците дадени во табелата број 95 може да се нотираат разлики помеѓу 2017 и 2016 година, бидејќи испитаниците позитивно ги оцениле овие институции. Така, 36,47 % од испитаниците позитивно се изјасниле бирајќи ја првата опција (4,71 % - потполно сум подготвен) и втората опција (31,76 % - подготвен сум). Потоа се испитаниците кои ја одбрале третата опција (29,22 % - ниту сум, ниту не сум подготвен), а трети се испитаниците кои негативно се изјасниле бирајќи ја четвртата опција и петтата опција, или негативен став имале 28,63 % од испитаниците. Ако се земат предвид испитаниците кои не сакале да се изјаснат, тогаш нивниот број во 2016

е поголем во однос на 2017 година за само 0,67 % (6,36 % во 2016 и 5,69 % во 2017 година).

Последната институција опфатена во табелата број 95 е Државната комисија за спречување на корупцијата, за која оценка не сакале да дадат 7,14 % од испитаниците во 2016, и 5,98 % во 2017 година. Во 2016 година кај 35,72 % од испитаниците преовладува позитивниот став за подготвеноста на оваа Комисија за борба против корупцијата затоа што дури 29,26 % оцениле дека Комисијата е подготвена, а само 6,46 % дека потполно е подготвена. Позитивниот став кај испитаниците продолжува и во следната година со пораст од 3,50 %, конкретно 39,22 % од испитаниците се изјасниле дека Комисијата потполно е подготвена (6,47 %), односно е подготвена за борба против корупцијата (32,75 %). Дека Комисијата ниту е, ниту не е подготвена оцениле 30,43 % од испитаниците во 2016 и 28,53 % во 2017 година. Негативна оценка и во двете години на Комисијата и дале речиси ист број на испитаници (26,71 % во 2016 и 26,28 % во 2017 година).

По дадената оценка за подготвеноста (определеноста) на македонските органи/институции за борба против корупцијата, испитаниците го оценуваа и приватниот сектор преку одговор на ***Прашањето број 57***.

***Табела број 96. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата***

| **Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата** | | **Прашање број 57 – Приватен сектор** | |
|---|---|---|---|
| Одговор | | Валиден % | |
| | | **2016** | **2017** |
| 1. | потполно сум подготвен | 4,60 | 4,02 |
| 2. | подготвен сум | 23,48 | 25,29 |
| 3. | ниту сум, ниту не сум подготвен | 33,07 | 32,25 |
| 4. | не сум подготвен | 22,02 | 22,25 |
| 5. | потполно сум неподготвен | 10,27 | 10,69 |
| 6. | не сакам да се изјаснам | 6,56 | 5,49 |

Доколку одговорите на испитаниците опфатени во табелата број 97, се разгледуваат самостојно, тогаш приватниот сектор ниту е, ниту не е подготвен за борба против корупцијата затоа што и за двете години третата понудена опција била избрана од најголем број на испитаници (33,07 % во 2016 и 32,25 % во 2017 година). Од друга страна, пак, ако се групираат другите опции, тогаш во 2016 година позитивен став преку

избор на првата (4,60 %) и втората опција (23,48 %) имале 28,08 % од испитаниците, а негативен став преку избор на четвртата (22,02 %) и петтата опција (10,27 %) имале 32,29 % од испитаниците, односно испитаниците кои имаат негативен став се за 4,21 % повеќе од оние со позитивен став. Испитаниците на ист начин го оценуваат приватниот сектор и во 2017 година, така што позитивен став преку избор на првата (4,02 %) и втората опција (25,29 %) имале 29,31 % од испитаниците, а негативен став преку избор на четвртата (22,25 %) и петтата опција (10,69 %) имале 32,94 % од испитаниците, односно испитаниците кои имаат негативен став се за 3,63 % повеќе. И за приватниот сектор дел од испитаниците не сакале да се изјаснат одбирајќи ја шестата опција (6,56 % во 2016 и 5,49 % во 2017 година).

Како последно прашање во рамките на Петтата глава, на испитаниците им беше поставено ***<u>Прашањето број 58</u>***, преку чии одговори даваа оценка за подготвеноста (определеноста) на медиумите за борба против корупцијата.

***Табела број 97. Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата <u>против корупцијата</u>***

| **Оценка за подготвеноста (определеноста) на ... за борбата против корупцијата** | | **Прашање број 58** | |
|---|---|---|---|
| | | **Медиуми** | |
| Одговор | | Валиден % | |
| | | **2016** | **2017** |
| 1. | потполно сум подготвен | 8,02 | 8,53 |
| 2. | подготвен сум | 22,99 | 22,55 |
| 3. | ниту сум, ниту не сум подготвен | 29,94 | 28,04 |
| 4. | не сум подготвен | 19,57 | 23,33 |
| 5. | потполно сум неподготвен | 13,99 | 11,27 |
| 6. | не сакам да се изјаснам | 5,48 | 6,27 |

За разлика од оценката дадена за претходните релевантни фактори, кај медиумите може да се забележи дека повеќе од 8 % од испитаниците се одлучиле за првата понудена опција, односно дека тие се потполно подготвени за борба против корупцијата што не е случај кај другите оценувани фактори, или 8,02 % во 2016 и 8,53 % во 2017 година. Додека, пак, 5,48 % во 2016 и 6,27 % од испитаниците во 2017 година не сакале да се изјаснат. Во однос на другите опции, 22,99 % од испитаниците се одлучиле за втората опција, така што медиумите позитивно биле оценети од 31,01 % од испитаниците (прва и втора опција), што е за 2,55 % помалку од 33,56 % од испитаниците кои дале негативна оценка (19,57 % за четвртата и 13,99 % за петтата опција).

3,52 % е разликата помеѓу негативната и позитивната оценка дадена во 2017 година од страна на испитаниците, конкретно медиумите биле негативно оценети од страна на 34,60 % од испитаниците (23,33 % за четврта и 11,27 % за петтата опција), а позитивно биле оценети од страна на 31,08 % од испитаниците (8,53 % за првата и 22,55 % за втората опција).

*

*     *

Каков би можел да биде придонесот на репресивните мерки, односно превентивните мерки, во борбата против корупцијата, или како да се развие системот за борба против корупцијата, се дилеми опфатени од страна на последната глава од Прашалникот. ***Шестата глава*** се состои од две прашања, во рамките на кои испитаниците преку избор на „ДА“ или „НЕ“ го даваа своето видување за понудените опции, а истовремено можеа да понудат и сопствено решение преку одговор на прашањето „нешто друго, што?“

Првото прашање од оваа Глава се однесува на репресивните мерки, односно испитаниците преку избор на „ДА“ или „НЕ“ во рамките на ***Прашањето број 59*** го оценуваа придонесот на репресивните мерки во борбата против корупцијата.

***Табела број 98. Каков би можел да е придонесот на репресивните во борбата против корупцијата?***

| **Каков би можел да е придонесот на ... во борбата против корупцијата?** | | **Прашање број 59** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Репресивни мерки** | | | |
| | | **2016** | | **2017** | |
| | | **ДА** | **НЕ** | **ДА** | **НЕ** |
| 1. | може да придонесе за усовршување и развој на специјализираното антикорупциско законодавство | 72,31 | 27,69 | 77,75 | 22,25 |
| 2. | да доведе до оспособување и развој на специјализираните единици и тела (полицијата, обвинителството, судството) за борба против корупцијата | 75,24 | 24,76 | 76,37 | 23,63 |
| 3. | да доведе до обезбедување на редовен систематски законодавен и управен надзор над работата на специјализираните антикоруптивни единици и тела и мерење на нивната ефикасност | 72,80 | 27,20 | 74,12 | 25,88 |
| 4. | нешто друго, што? | | | | |

Од табелата број 98 може да се види дека, испитаниците сметаат дека репресивните мерки во голема мера можат да придонесат во борбата против корупцијата, со тоа што во 2017 година бројот на испитаници кои имале вакво мислење пораснал за неколку проценти во однос на 2016 година. Од трите понудени опции, третата опција (да доведе до обезбедување на редовен систематски законодавен и управен надзор над работата на специјализираните антикоруптивни единици и тела и мерење на нивната ефикасност) е рангирана на трето место и во 2016 (72,80 %) и во 2017 година (74,12 %) според бројот на испитаници кои дале потврден одговор. Другите две опции ротираат, односно втората опција со 75,24 % во 2016 година е рангирана на прво место(да доведе до оспособување и развој на специјализираните единици и тела - полицијата, обвинителството, судството - за борба против корупцијата), а на второ место е рангирана прватa опција со 72,31 % (може да придонесе за усовршување и развој на специјализираното антикоруптивно законодавство), и обратно првата опција со 77,75 % во 2017 година е рангирана на прво место, а на второ место е рангирана втората опција со 76,37 %. Во суштина, просекот на испитаници кои потврдно се изјасниле за трите опции во 2016 е 73,45 % (за „НЕ“ се одлучиле 26,55 %), а во 2017 година е 76,08 % (за „НЕ“ се одлучиле 23,92 %), односно пораснал за 2,63 %.

Дел од испитаниците дадоа и свои предлози за придонесот на репресивните мерки во борбата против корупцијата преку одговор на „нешто друго, што“ во рамките на Прашањето број 59. Како нивни предлози може да се издвојат следниве:

- ✓ „Воведување и коригирање на казните со повисоки од моменталните“
- ✓ „Зголемување на казните и ефикасност и ефективност на полицијата и други органи“
- ✓ „Почитување на законите“
- ✓ „Јавна егзекуција на криминалците“, и др.

Второто прашање од Шестата глава се однесува на превентивните мерки и нивниот придонес во борбата против корупцијата, со тоа што ***Прашањето број 60*** содржи 6 понудени опции на кои испитаниците даваат позитивен или негативен одговор преку избор на „ДА“ или „НЕ“.

***Табела број 99. Според Ваше мислење, каков би можел да е придонесот на превентивните мерки во борба против корупцијата?***

| **Според Ваше мислење, каков би можел да е придонесот на превентивните мерки во борба против корупцијата??** | | **Прашање број. 60** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Превентивни мерки** | | | |
| | | **2016** | | **2017** | |
| | | **ДА** | **НЕ** | **ДА** | **НЕ** |
| 1. | со усовршување и развој на општото законодавство за елиминирање или сведување на минимум на коруптивните можности и разлики | 73,78 | 26,22 | 76,47 | 23,53 |
| 2 . | со усвојување и доследно спроведување на кадровската политика (избор, вработување, напредување) во однос на функционерите и државните службеници што го зголемува интегритетот на органите и институциите | 71,72 | 28,28 | 73,73 | 26,27 |
| 3 . | со развој на системот на специјализирана антикорупциска едукација | 71,14 | 28,86 | 73,82 | 26,18 |
| 4 . | со развој на системот за информирање и достапност на информациите за коруптивните дела и мерките и активностите во борбата против корупцијата | 73,29 | 26,71 | 76,76 | 23,24 |
| 5. | со реализација на заштита од корупција на секој орган и институција | 73,19 | 26,81 | 77,84 | 22,16 |
| 6 . | со усвојување и реализација на етичкиот кодекс на функционерите и државните службеници | 65,07 | 34,93 | 70,20 | 29,80 |
| 7. | нешто друго, што? | | | | |

Со исклучок на шестата понудена опција во 2016 година, сите други превентивни мерки биле оценети од страна на испитаниците со повеќе од 70 % и во 2016 и во 2017 година. Оттука, просекот на испитаници кои потврдно се изјасниле за шесте опции во 2016 е 71,37 % (за „НЕ“ се одлучиле 28,63 %), а во 2017 година е 74,80 % (за „НЕ“ се одлучиле 25,20 %), односно пораснал за 3,43 %.

Околу 73 % од испитаниците во 2016 година за три од понудените опции имале позитивен став. Се работи за првата (73,78 % - со усовршување и развој на општото законодавство за елиминирање или сведување на минимум на коруптивните можности и разлики), четвртата (73,29 % - со развој на системот за информирање и достапност на информациите за коруптивните дела и мерките и активностите во борбата против корупцијата) и петтата опција (73,19 % - со реализација на заштита од корупција на секој орган и

институција). Потоа следат опциите за кои позитивно се изјасниле околу 71 % од испитаниците, односно втората (71,72 % - со усвојување и доследно спроведување на кадровската политика - избор, вработување, напредување - во однос на функционерите и државните службеници што го зголемува интегритетот на органите и институциите) и третата опција (71,14 % - со развој на системот на специјализирана антикорупциска едукација). И, како што беше претходно напомната, последна е шестата опција (со усвојување и реализација на етичкиот кодекс на функционерите и државните службеници) за која потврден одговор дале 65,07 % од испитаниците.

Опциите кои во 2016 беа позитивно оценети од страна на околу 73 % од испитаниците, во 2017 година добиле поголем број на приврзаници помеѓу испитаниците затоа што нивниот позитивен став е повеќе од 76 %. Притоа, на прво место е рангирана петтата опција со 77,84 %, на второ место е рангирана четвртата опција со 76,76 %, на трето место е рангирана првата опција со 76,74 %, на четврто место е рангирана третата опција со 73,82 %, на петто место е рангирана втората опција со 73,73 %, а на шесто место е рангирана последната шеста опција со 70,20 %.

Покрај понудените опции, како и кај репресивните мерки, на испитаниците им беше овозможено и самите да предложат превентивни мерки кои би придонеле во борбата против корупцијата, при што како поинтересни може да се посочат следниве:

- „Органите да излегуваат во пресрет на граѓаните не само на лица на функција"
- „Подигање на јавната свест кај носителите на функција"
- „Добро воспитување на децата од мали"
- „Кампања за посочување на негативностите од корупцијата врз сите нас"
- „Намалување на казните"
- „Повисок стандард"
- „Промена на законската регулатива"
- „Редовно контролирање на органите", и др.

За крај, со поставување на ***<u>Прашањето број 61</u>***, од испитаниците беше побарано да препорачаат мерки и активности за борба против корупцијата. Интересно е дека испитаниците беа особено расположени за давање на препораки, меѓу кои покрај зајакнување на контролата, менување на регулативата и нејзина примена, заострување на казнената политика преку воведување и изрекување на повисоки санкции, применување на превентивни мерки, како повпечатливи може да се издвојат следниве (пренесени во изворна форма):

- Да постојат повеќе инспекциски служби кои ќе ги проверуваат ваквите корумпирани лица
- Да се воведат единици на кои целта ќе им биде спречување на корупцијата
- Во секоја институција воведување посебен оддел кој ќе ја следи корупцијата и степенот на застапеност
- Да постојат посебни органи кои тајно ќе ги следат сите вработени (и во приватен и во јавен сектор) и ако откријат каков било облик на корупција да бидат ригорозно казнети за тоа да биде пример што ќе се случи со сите кои ќе посегнат на каков било начин кон корупција
- Државните служби да бидат задоволни од она што го имаат и да не бараат од оние кои работат за нив
- Да се зголеми едукацијата на населението
- Одржување на повеќе предавања во врска со корупцијата, воведување дополнителни предавања во училиштата во врска со корупцијата
- Контрола врз професорите во земање мито за добивање оценка и положување испит. Контрола врз студентите во студентските домови кои престојуваат без да плаќаат
- На телевизија и интернет да се презентираат повеќе информации со експерти за запознавања во врска со корупцијата
- Апелирање преку медиумите за корупцијата
- Јавно да се објавуваат случаите на корупција за да се предупредат граѓаните
- Ако некого подмитиш доколку тој те пријави и пријавата се докаже оној кој го дал митото да му се блокираат сите сметки и да се одземе целокупниот имот
- Ако сите органи работат како што треба и платите ни се добри нема да има корупција
- Да се зголемат платите и да се зголеми свеста кај луѓето и контролните механизми
- Зголемување на стандардот на граѓаните
- Да се покачат платите и пензиите, да се намалат цените
- Воведување на поголем ред во државата
- Да се смени власта можеби би било подобро
- Без разлика што и да се преземе, корупцијата отсекогаш постоела и ќе постои
- Во оваа корумпирана држава и со вакви корумпирани функционери нема никогаш ниту да се намали ниту да исчезне корупцијата

- Еден ден можеби корупцијата сама од себе ќе исчезне, иако не верувам
- Корупцијата може да ја снема само под услов: да се примени законот од Република Северна Кореја и кај нас во Македонија
- Власта да пристапи малку посериозно за да не пропадне државата
- Ова општество е максимално корумпирано! Неопходно е целосна промена
- Поголема свест кај политичарите
- Најпрво, фер и демократски избори
- Влез во НАТО и Европската Унија
- Потребно е отворање на нови работни места
- Неопходно е вработување на исклучителни професионалци
- Да се прекинат партиските вработувања
- Потребни се реформи во образованието, а со тоа и во кадровската селекција, бидејќи денес секој еден може да заврши факултет, и да се вработи на позиција кај што може да биде корумпиран, што би рекол народот и способни и неспособни се на раководна позиција
- Секој државен службеник да даде посебна заклетва дека нема да прима мито
- Граѓаните да не молчат и да ги пријавуваат ситуациите кога се изложени на ризик од корупција
- Да постојат награди за поединците кои ќе пријават корупција
- Поголема заштита на пријавувачите на корупција и најстроги казни за оние кои корумпираат и ја злоупотребуваат функцијата на која се наоѓаат
- Отворање на бесплатна телефонска линија каде што граѓаните ќе можат да ги пријавуваат корупттивните дела со заштита на идентитетот на пријавувачот
- Повеќе да се слуша гласот на народот, да се ислушаат внимателно граѓаните што пријавуваат корупција
- Да бидат воведени огромни казни за оние кои вршат корупција и, пред сè, власта ако врши корупција и тие да се казнуваат дури и построго
- Со замена на целата антикорупциска комисија, и другите тела поврзани со борбата против корупцијата, како и со радикализирање и рамноправно казнување на корупционерите, со што би се намалил имунитетот на одредени лица како корупционери и до подобро функционирање на системот како целина
- Да има повеќе контроли и инспекции

- Видеонадзор во канцелариите на сите државни службеници, лекари и слично
- Да има правда
- Да има ред и мир во државата, законот да се спроведува за сите еднакво и да нема корупција
- Да не им се дава преголеми овластувања на носителите на јавни функции
- Да престанат неморалните постапувања на граѓаните чија цел е да спасат некого а на друга страна прават неправда врз друго лице
- Да престане да се практикува мерката „повикај пријател“ со цел да се избегнуваат одредени казни кои се добиваат како последица на корупција
- Да се воведат големи казни на високите функционери кои ги штитат обичните граѓани и ги охрабруваат да учествуваат во корупција
- Да се спроведат што построги мерки – за да има поголем успех
- Да се изгласа казнената мерката - доживотен затвор за лицето коешто ќе даде или прими мито
- Да се одземе имотот и на тој што дава и на тој што прима мито
- Да се разгледаат сите анонимни пријави за корупција, да не се занемарат
- Да се спроведе попис на имотната состојба на секое лице носител на политичка, државна или јавна функција на денот на неговото назначување за носител на функцијата и после завршувањето на функцијата
- За овој народ, барем за оние постари генерации не помага никаква превентивна мерка во сузбивање на корупцијата, потребна е строго само репресија и казнување
- Законите да се применуваат подеднакво за сите
- Запознавање на граѓаните со резултатите од ваквите истражувања за нивно поблиско запознавање со реалната слика за корупцијата во Македонија
- Анонимно анкетирање на луѓе кои имале потреба да користат институции кои можат да ги злоупотребуваат граѓаните
- Не помага ништо
- Не постојат мерки и активности што би ја спречиле корупцијата во нашата држава
- Нема спас, корупцијата постоела и ќе постои
- Ништо не помага, корупцијата е големо зло кое не исчезнува, таа е секојдневна состојба во модерно општество

- Би донела луѓе од странство не од Балкан специјалисти за корупција. Би организирала повеќе семинари за обичните граѓани да се едуцираат затоа што сметам дека колку што се криви политичарите, власта итн., исто толку се криви и граѓаните. Би вработила повеќе странски службеници, специјалисти за разрешување на корупцијата.
- Да се даде приоритет на младите интелектуалци кои имаат амбиција да опстане општеството и младите да имаат високи лични доходи да не бидат подлегнати на корупција
- Да не примаш лично мито и да не даваш
- Ако работите чесно и поштено, нема ниту да давате ниту да добивате
- Секој граѓанин навремено да ги завршува своите обврски (вадење лична карта, пасош) и да ги почитува законите (да не вози под дејство на алкохол или со брзина над дозволеното) бидејќи во тие ситуации доаѓа до давање или примање мито

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Истражувањето реализирано од страна на истражувачки тим на Факултетот за безбедност - Скопје претставува повеќегодишен проект за истражување на актуелните состојби со корупцијата во Република Македонија. Истражувачкиот период го опфаќа периодот од пет години, кој започнува во 2013 и завршува заклучно со 2017 година.

Основен заклучок кој се наметнува од истражувањето е дека корупцијата е присутна во нашето општество и тоа на повеќе нивоа. Имено, граѓаните ги препознаваат појавите на давање и примање мито, злоупотребата на службената положба и другите казниви дејанија како коруптивни дејанија кои имаат сериозни последици врз демократскиот развој на земјава во целина, а, секако, и влијание врз економскиот систем на земјата.

Спречувањето на корупцијата е предизвик за секоја современа држава. Таа доаѓа особено до израз во политички нестабилните системи. Во анализата како индикатори за нестабилност се третираат и појавите на непочитување на опозицијата, остар судир на партиските блокови во општеството, нарушените етнички односи, разните облици на политички триења и турбуленции. Во такви услови, особено економскиот раст бележи паѓање. Таквата состојба има за последица осиромашување на јавните службеници и слабеење на политичките, правните и економските контролни механизми на државата и општеството во целина. Има многу причини зошто доаѓа до корупција, но како поспецифични се наведуваат:

- Владата со политиката, по пат на договори, приватизации и давање под концесии, (со рекламирање со средства од буџетот, со субвенции на земјоделците, со разни социјални трансфери и пакети) обезбедува финансиска корист на поединци и компании (го поддржува развојот на определени гранки преку намалување на царинските или даночните трошоци), а субјектите што се блиски или „одбрани“ (како што е при финансирањето на станбената изградба, државата издава дозволи, одобренија за вршење професии, на пример, сметководители, ревизори, нотари, извршители, полициски службеници, за работа во агенциите за обезбедување и слично) од Владата стекнуваат највисока корист;
- избегнување на плаќање даноци, особено кога даночниот систем ја дестимулира стопанската активност;

- мали плати на државните и јавните службеници (универзитетскиот кадар е послабо платен од низок државен службеник);
- подмитување на политичарите со цел добри изборни резултати (во периодот кога изборите се распишани дневно се „промовираат“ проекти за нови работни места, се распишуваат конкурси и се отвораат нови работни места, кои ќе станат ефективни два месеца по изборите);
- судството не ги почитува законите, туку селективно се применува во зависност од припадноста на владејачката државна и политичка структура (судската функција сè повеќе станува фамилијарна);
- перење пари со сестрана помош на државата.

Најфреквентни се оценките со висок степен на злоупотреба на овластувањата кај управната власт во 2013 и 2017 година, и кај локалната самоуправа, односно градоначалниците во 2014, 2015 и 2016 година. Оценките за овие органи се над 7 од можна оценка 10, што повеќе или помалку упатува на тоа дека значителен број на испитаници стои на гледиштето дека злоупотребата на овластувањата е најприсутно кај овој дел од општественото живеење. Ваквите оценки треба да се набљудуваат и од аспект на упатеноста на испитаниците да задоволат определени барања, повеќе или помалку се упатени на овие институции или органи.

Втората по висина оценка за злоупотреба на овластувањата е упатена кон судовите (судиите) во 2013, 2014 и 2017 година, односно кон управната власт (министерствата) во 2015 и 2016 година. И оценките за оваа група институции и функции е особено висока и се движи околу 7 од можните 10. Третата позиција им припаѓа на извршната власт, судовите и управната власт. Испитаниците во 2013 и 2017 година, оцениле дека извршната власт врши злоупотреба на овластувањата. Со таква оценка се испитаниците во 2014 година за управната власт (министерствата), односно за судовите (судиите) во 2015 и 2016 година.

Во истражувањето се констатира дека во изминатите пет години испитаниците се едногласни во детектирањето дека, кај локалната самоуправа, односно градоначалниците, најзачестен облик на корупција е противзаконитото посредување. Имено, оценките се движат од 6,79 во 2016 до 7,61 во 2014 година. На втората позиција, се оценките на испитаниците дека противзаконитото посредување е најзачестено кај управната власт (министерствата). Имено, секоја година од 2013 до 2017 година, испитаниците оценувале со распон на просечни оценки од

6,55 во 2016 година, до 7,39 во 2013 и 2017 година, за противзаконитото посредување.

На третата позиција, злоупотребата на овластувањата, според скалата на оценките е лоцирана кај извршната власт (Владата) во 2013 и 2017 година. Имено, таа е оценета како институција која врши противзаконито посредување, во 2014 и 2016 година, такви оценки се изречени и за полицајците и полициските службеници, а во 2015 година за судовите (судиите).

Оценките на испитаниците за распространетата појава на примање мито кај одделни делови на општеството највисоко оценувани во 2013 и 2014 година, се упатени кон судовите (судиите), а во 2015, 2016 и 2017 година кон локалната самоуправа, односно градоначалниците. Оценките за судовите во двете години се речиси со иста вредност од 7,77, односно 7,76 од можните 10, што укажува дека во перцепциите на граѓаните се испреплетени бројни информации и сознанија, пред сè, од медиумите и пријателите, како и лични искуства кои упатуваат на појавите на корумпираност во овие средини. Одговорот на овие прашања, повеќе или помалку ги следи и одговорите, односно оценките за противзаконитото посредување и злоупотребата на положбата и овластувањата, што сè на сè завршува со чинот на примање мито. Од податоците може да се воочи дека кај судовите, односно судиите и локалната самоуправа, односно градоначалниците, меѓу испитаниците постои консеквентност. Тие се високорангирани во практикувањето на еден од облиците на корупцијата - примањето мито. Ваквата положба има поинаков распоред во 2013 и 2014 година, кога таквата позиција во 2013 година ја зазема управната власт (министерствата), а во 2014 година полициските службеници.

Специфично е и тоа дека висината на оценките за корумпираност кај институциите, органите, функциите и професиите е особено висока. Таа осцилира, нешто под 6 кај неколку институции, но доминантно може да се констатира дека кај „законодавната власт (Собрание)“ - освен во 2014, 2015 и 2016 година, кај „извршната власт (Влада)“, „управната власт (министерства)“, „локалната самоуправа (градоначалници)“, „судовите (судиите)“, „јавното обвинителство“, „МВР – полициски службеници“, „здравство (лекари)“ - (освен во 2016 година), „универзитет (професори)“ - (освен во 2016 година) и „приватен сектор“, оценките за степенот на корумпираност преку примање мито е со просек најмалку 6, што упатува дека општата перцепција на испитаниците во значителен дел од општеството е инфицирана од обликот на корупција - примање мито.

Од анализата на истражувачките резултати се констатира дека доминира бројот на оние кои биле во ситуација да дадат мито во облик „пари во готово“. Пропорциите на одговорите се движат од 30,26 % во 2015 до 56,39 % во 2017 година. Ако се обединат пропорциите на одговорите „пари во готово“ и „пари на сметка“, може да се воочи дека овие два облика во 2013 година ги одговориле 48,71 % од испитаниците, во 2014 52,57 %, во 2015 55,26 %, во 2016 година 65,38 % и во 2017 таа пропорција надминува две третини од испитаниците, односно е со вредност од 67,29 %.

Втората значајна карактеристика на оваа појава е таа што значајно учествуваат одговорите „услуги од разна природа“. Пропорциите на овие одговори се движат во распонот од 17,11 % во 2015 до 24,44 % во 2017 година. Исто така, високи вредности повеќе од една петтина од испитаниците во 2013 и 2014 година одговориле дека биле во ситуација да понудат „нешто друго“.

Ако се погледне рангот на првите пет ситуации во кои испитаникот бил во ситуација да даде мито во некој од сугерираните облици, како што е рангот за оние кои биле изложени на ситуација да дадат пари во готово, тие одговориле дека дале мито на цариник, полицаец, државен службеник (управа), лекар и политичар.

Оние кои биле во ситуација да дадат мито во облик пари на сметка редоследот на одговорите кому дале гласи: на судија, јавен службеник (општина), обвинител, посредник и државен службеник (управа). Спонзорствата биле најмногу давани на судија, на некој друг, јавен службеник (општина), обвинител и политичар. А кога станува збор за услугите од разна природа, испитаниците одговориле дека најчесто тие ги давале на некој друг, кој не е споменат во оваа група на институции, органи, функции и професии, потоа директор на училиште, средношколски професор, посредник и политичар.

И во последната група на оние кои се изјасниле дека биле изложени на ризик да дадат мито, понудено како варијанта „нешто друго“, за што вообичаено не се изјаснуваат што, освен во рамките на понудените облици на мито, одговорите редоследно значат дека најмногу биле во ситуација да дадат мито во нешто друго, на обвинител, лекар, јавен службеник (општина), полицаец и директор на училиште.

Основната констатација е дека постојат разлики меѓу искуствата за корумпирање и оценките за степенот на корумпираноста на определени институции, носители на функции, дејности и професии. Второ, испитаниците не се целосно отворени и искрени во однос на соопштувањето на ставот дали имаат искуство да дадат мито. Таквите диспропорции можеби се должат на недоволната искреност, или

отсуството на доверба кон истражувачот и истражувањето, но и општествениот контекст упатува на тоа дека тие немаат особена доверба кон институциите и кон организаторите на истражувањето. Но, исто така, треба да се има предвид дека прашањето не е временски лимитирано, во кој период е тоа искуство? Но, во секој случај, податоците се сериозен индикатор за тоа кои облици на коруптивна практика постојат и кај кои професии, функции и дејности се најфреквентни.

Анализата на оценките за степенот на корумпираноста на определени, институции, функции, носители на одговорности и професии кај двете испитувани популации (оние што „дале“ и што „не дале мито“ покажуваат сличности и разлики, но дека отстапувањата не се дијаметрални. Ако се погледне, кои се петте најневралгични институции, дејности или професии, според оценките на испитаниците, тогаш може да се констатира дека кај групата на сите испитаници таа вели, дека во 2013 година највисоко е оценета царината и царинските работници, а во 2014 и 2015 година тоа се политичките партии. На втората позиција во 2013 и 2015 година се политичките лидери, а судиите во 2014 година. На трето место во 2013 година се политичките партии, а во 2014 и 2015 година царината и царинските работници. На четвртата позиција во 2013 година се судиите, во 2014 политичките лидери и носителите на државни (управни) функции во 2015 година. Оваа група носители на функции во 2013 и 2014 година е рангирана на петто место според оценките на граѓаните за нивото на корумпираност, односно на петтата позиција во 2015 година се судиите.

Ако се сумираат резултатите ќе се види дека во оценките на граѓаните нема промени во сетот на институции, професии и дејности што се оценуваат меѓу високо корумпираните, но видливо е дека постојат определени поместувања во редоследот.

И во редоследот на групата испитаници – кои одговориле на прашањето дека дале мито, нивниот ранг на нивото на корумпираност е сличен со вкупниот број на испитаници во однос на петте најкорумпирани институции, носители на функции, дејности и професии. Така, и според оваа група во 2013 година се царината и царинските работници, а во 2014 и 2015 година тоа се политичките партии. На втората позиција во 2013 година се судиите, а во 2014 и 2015 година тоа се политичките лидери. На трето место во 2013 се рангирани политичките партии, во 2014 судиите, а во 2015 година носителите на државните (управни) функции. На четвртата позиција во 2013 година се носителите на државните (управни) функции, а во 2014 и 2015 година се царината и царинските работници. На петтото место

во 2013 година се рангирани политичките партии, во 2014 носителите на државните (управни) функции, а во 2015 година се судиите.

Ваквите диференцијации укажуваат дека во основа и двете групи имаат исти или слични рангирања (перцепции) за нивото на корумпираност на институциите, носителите на функции, дејностите и професиите.

Може да се констатира определена слоевитост во перцепциите на испитаниците по години. Имено, во 2013 година редоследот на оценките изгледал вака: (1) царината и царинските работници, (2) политичките лидери, (3) политичките партии, (4) судиите и (5) носителите на државните (управните) функции. Во 2014 година тој редослед има определени измени. Тие се прикажуваат на следниот начин: (1) политичките партии, (2) судиите, (3) царината и царинските работници, (4) политичките лидери и (5) носителите на државните (управните) функции. И во 2015 година редоследот го добива следниот облик: (1) политичките партии, (2) политичките лидери, (3) царината и царинските работници, (4) носителите на државните (управните) функции, (5) судиите. Општата оценка е дека станува збор за релативно стабилна група на дејности кои се врзани за државата и обликувањето на општествениот живот, кои, според овластувањата и можноста можат да бидат носители на коруптивни активности, се наоѓаат во најизложената група, но и според овластувањата, механизмите за сузбивање и спречување на корупцијата може да се констатира дека станува збор за најповиканите и најодговорни органи и функции во организираното општество.

Од анализата се констатира дека корупцијата набљудувана како појава опфаќа повеќе аспекти меѓу кои и тоа дека таа се манифестира како:

1. подмитување (нудење или примање услуга, пари или некаков облик од корист, а која повратно има некоја противправна одлука);

2. изнуда (доаѓање до целта со употреба на сила или закана);

3. измама (доаѓање до целта со доведување на друго лице во заблуда со преземање на некое дејство да се нанесе штета себеси или на туѓ имот);

4. злоупотреба на положбата (ставање на личните интереси пред јавните) и

5. проневера (присвојување на имот или нешто слично за лична корист или корист на другиот) итн.

Перцепциите на испитаниците се сериозни индикатори кои упатуваат на дополнителни активности на надлежните државни органи и на другите субјекти на граѓанското општество да иницираат и

спроведат активности за елиминирање на причините за појавите на коруптивно поведение и активности.

Значаен индикатор за причините за корупција се и перцепциите за ситуациите во кои граѓанинот и одделни носители на должности или работни задачи се изложени на ризик од корупција. Според перцепциите на граѓаните оценките за првите три најизложени ситуации во кои граѓанинот се наоѓа во ризик да корумпира изгледаат вака: на прво место со највисок ранг во 2013 година се „во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции), во 2014 и 2015 година се „ситуациите кога се бара работа (вработување) и при напредување на работа. Втора ситуација за изложеност на ризик во 2013 година е „кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата, во 2014 и 2015 година „во ситуациите кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични)". Трета ситуација по ранг во 2013 година е „ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит", а во 2014 и 2015 година „ситуациите кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата". И четврторангирана ситуација во 2013 година е „ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични)", во 2014 и во 2015 година во ситуациите „кога пред органите на јавна управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата". Понудениот преглед укажува дека граѓаните во 2013 и 2014 година биле најизложени на ризик од корупција во остварувањето на правото на здравствено осигурување. Во 2015 година „кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата", во 2016 година „кога бара работа (вработување) и при напредување на работа" и во 2017 година „кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит". Интересно е да се забележи дека на второ место во 2013 и 2014 година се ситуациите „кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит", во 2015 година ситуациите „за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции), во 2016 година ситуациите „кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата и во 2017 година во ситуациите „кога бара работа (вработување) и при напредување на работа". И наједноставната анализа упатува на заклучокот дека степенот на изложеност на ризик од корупција кај граѓанинот, најчесто е поврзан со ситуациите во кои тие се упатени на институциите каде треба да остварат некоја услуга или да задоволат некоја потреба.

Во врска со изложеноста на ризик од корупција на политичарот, според редоследот на ситуациите од 2013 до 2016 година најдоминантно е можното „користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист", а во 2017 година испитаниците оцениле дека се тоа ситуациите кога има „политички договарања со носителите на јавните функции (пратеници, членови на Влада и други функционери)". Оваа ситуација е на третата позиција во годините од 2013 до 2016 година. Единствено поместување во редоследот се случува во 2017 година кога испитаниците оценуваат дека тоа се ситуациите на можното „користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист".

Од понудените пет опции, според испитаниците во сите политичарите се најизложени на корупција „во ситуациите на избори (за придобивање на избирачите)". Пондерираните аритметички средини покажуваат дека изминатите пет години граѓаните - учесници во истражувањето имаат усогласен став дека тоа се ситуации за придобивање наклонетост на изборите. Всушност, детектираат дека е присутна изборна корупција. На второ место, во сите години е „4. во ситуации на можно користење на политичкото влијание (на моќта) за остварување на материјална и друга лична корист". Оценките покажуваат дека тие се нешто пониски, но се особено високи затоа што од пет можни ситуации, тие надминуваат вредност од повеќе од три и третина, до половина, што на еден или друг начин се утврдува дека граѓаните имаат општа перцепција дека моќта изразена како политичко влијание е една од претпоставките за остварувањето на материјална и друга лична корист.

Врз основа на истражувањето се оценува дека речиси се исти проценките на испитаниците од година во година околу можните ситуации во кои политичарот се наоѓа во ризик од корупција. Таквите оценки упатуваат на можниот заклучок според кој политичкиот живот и искуството на испитаниците евидентирало поведенија преку кои ги идентификуваат ситуациите во кои политичарот е изложен на ризик од корупција.

Слични се оценките за степенот на изложеност на службеникот од ризик на корупција во управната постапка. Оценките на испитаниците во 2013, 2015 и 2017 година се дека службеникот, како носител на работни задачи во државната организација, исто така, е изложен на ризик во ситуациите „при реализација на јавните набавки", а во 2014 и 2016 година оцениле дека најизложени на ризик од корупција се „во ситуации на службено постапување кон роднините и пријателите". Може да се констатира дека во перцепцијата на граѓаните

постои определен степен на согласност за изложеноста на ризик на носителите на државни и управни функции и на вработените како службеници. Најизложени на корупција се службениците, според оценките на испитаниците, „при реализацијата на јавните набавки“. Такви оценки изградиле испитаниците во 2013, 2015 и 2017 година. Испитаниците во истражувањата спроведени во 2014 и 2016 година најсериозна закана за коруптивни активности согледуваат кај службениците во ситуациите на „службено постапување кон роднините и пријателите“. Специфично во оценувањето на ситуациите за ризик од корупција кај службениците е оценката „во управната постапка, во ситуациите при решавање на управните спорови“. Имено, секоја година оваа ситуација ја рангирале на второто место, веднаш по некоја од оценките кои ги оцениле како најризични.

Од анализата се констатира дека една од погодните ситуации која го зголемува ризикот од корумпирање се и ситуациите кога се настојува да се заобиколи правната процедура или да се оствари определено право надвор од утврдената процедура. Анализата укажува на тоа дека испитаниците го перципираат современото општество како неотпорно на разните облици на непочитување на правните и моралните норми. Тоа се согледува преку оценките на ситуациите во кои се наоѓаат носителите на државни и јавни функции, а непосредно одлучуваат за остварувањето на правата на граѓаните утврдени со нормативните акти. Тие, исто така, индицираат на претставите за моралните капацитети, особено правната свест како потпора на моралната и обичајната норма, посебно на нормите на чесност, скромност и правичност. Потрошувачкиот менталитет, губењето на границите на доброто и пожелното, на чесното и корисното, стануваат составен дел на живеењето. Токму затоа се чини за неопходно да се истакне дека е неопходно од донесување на општествена програма и поведување на општествена акција во која ќе се подигнува јавната свест, ќе се гради моралниот кодекс и ќе се развива свест за доброто и солидарноста. Овде треба да укажеме дека медиумските кампањи можат да имаат ефект, но тоа е недоволно и краткотрајно. Неопходни се организирани, осмислени и на долг рок водени координирани активности за јакнење на моралот и довербата. Врз основа на овие ставови може да се констатира дека станува збор за сет на ставови кои нивото на корупција ги фокусира кај институциите и носителите на определени функции**.** Таквата ситуација можеби е последица на општата претстава за отсуството на позначајна контрола, но и на наметнатата дебата во општеството за вклученоста (или недоволната ефикасност во борбата) во корупцијата и коруптивните активности. Медиумските претставувања за „придонесот“ во развојот на земјата и

дебатата за „големите“ корупциски скандали, очигледно влијаеле кај граѓаните да се изградат претстави за определен степен на корумпираност на институциите и носителите на функции.

Посебно групирање имаат позитивните сатурации кои се движат „24. кај полицајците и полициските службеници од 0,64 во 2013 и 0,60 во 2014 и 0,80 во 2016 и 0,57 во 2017 година, а додека во 2015 година воопшто не го екстрахира во оваа група. Потоа следуваат „25. царината и царинските работници“ со коефициент на сатурација од 0,57, во 2013 година, 0,70 во 2014 и 0,52 во 2015, 0,69 во 2016 и 0,57 во 2017 година. Високи коефициенти на сатурација се забележани во оценките за корумпираноста кај „26. органите за денационализација“ 0,72 во 2013 година, 0,74 во 2014 и 0,72 во 2015 година 060 во 2016 и 0,77 во 2017 година. Потоа следуваат сатурации што се однесуваат на оценките за корумпираност при „27. продажбата на државното земјиште“ 0,70 во 2013 година, 0,69 во 2014 и 0,79 во 2015 , 077 во 2016 и 0,78 во 2017 година. И на крајот со најмали коефициенти на сатурација се оценките за „28. инспекциските органи“ со коефициент од 0,53 во 2013 година, 0,62 во 2014 и 0,55 во 2015, 069 во 2016 и 0,57 во 2017 година. Оваа група индикатори може се нарече и како корумпираност на јавниот сектор, односно јавните услуги. Треба да спомнеме дека во Варимакс ротациите оваа група варијабли во 2013 и 2017 година се јавува како втор фактор според заситеноста на компонентите, во 2014 како прв најзаситен фактор, во 2015 како трет фактор и во 2016 година како четврт фактор по заситеност на показателите. Несомнено е дека општата перцепција на граѓаните за функционирањето на определени државни органи или служби, кои се задолжени за задоволување на потребите на граѓаните, не ги даваат очекуваните ефекти. Затоа, може да се каже дека оваа група варијабли упатува, поточно е индикатор, кој укажува на потребата од натамошно проучување на положбата и ефикасноста на органите и службите кои треба да обезбедат квалитетна услуга. Овде треба да се има предвид, како и кај претходната дистрибуција, дека станува збор за една аналитичка постапка преку која се екстрахираат определен број на показатели, кои повеќе или помалку укажуваат на латентните содржини и влијание на определени варијабли, односно претстави кај граѓанството за степенот на нивната корумпираност. Точноста на таквите тврдења треба да се доведе во определена корелација со податоците од други извори, како што се истражувањата, надзорите, судските случаи и други показатели со чија помош ќе може да се утврди колку овие перцепции се резултанта на искуството на испитаниците или се под притисок на медиумските и други информации кои се пласираат во јавноста.

Следната група индикатори има определени проекции кон варијаблите за оценките на корупцијата на судиите, обвинителите, лекарите и универзитетските професори. Сатурациите се движат „ 30. кај судиите“ од 0,84 во 2013 година, 0,76 во 2014, 0,77 во 2015 и 0,84 во 2017 година. Сатурациите на оваа варијабла се ниски во 2016 година и изнесуваат 0,53. Слични се коефициентите и „31. кај обвинителите“, со 0,75 во 2013 година, 0,71 во 2014 и 0,70 во 2015 и 0,74 во 2017 година. Следуваат две области од јавните услуги кои имаат нешто пониски коефициенти. Тоа се „29. лекарите и здравствените работници“ со коефициент на сатурација од 0,58 во 2013 година, 0,61 во 2014 и 0,65 во 2015 и 0,53 во 2017 година. И на самиот крај од оваа група се „32. универзитетските професори“ со коефициент од 0,466 во 2013 година, 0,547 во 2014 и 0,568 во 2015 година. Оваа група индикатори може да се нарече (со еден работен наслов) корупција на заштитните органи, (корупција кај или на заштитните органи). Овде треба да подвлечеме дека поимот заштитни органи е многу поширок од перцепциите на граѓаните. И ако ги исклучиме оценките за здравствените и универзитетските работници може да се констатира дека групирањето се врши околу анализираниот сет варијабли. Специфично е тоа што според нивото на заситеност овие варијабли во 2013 и 2014 година се групираат како трет фактор, а во 2015, 2016 и 2017 година како четврт фактор.

И на крај, последната група индикатори со позитивни сатурации се кај оценките за степенот на корумпираност кај: „34. кај невладините организации“ се движат од 0,82 во 2013 година, 0,83 во 2014 и 0,80 во 2015, 0,79 во 2016 година. Потоа следуваат „33. новинарите со коефициент од 0,67 во 2013 година, 0,74 во 2014, 0,71 во 2015 година, 0,73 во 2016 и 0,71 во 2017 година. И на крајот се „35. приватните претприемачи (сопственици)“ со коефициенти на сатурација од 0,76 во 2013 година, 0,66 во 2014, 0,76 во 2015, 071 во 2016 и 0,78 во 2017 година. Оваа група индикатори се дефинира како фактор на цивилната структура.

Имајќи ги предвид изложените резултати добиени од изолираните фактори утврдено е дека меѓу факторите два и четири постои статистички значајна позитивна корелација на високо ниво од 0,89 и таа (корумпираност на јавниот сектор и јавните услуги) е поврзана со корупцијата на цивилната структура, односно според степенот на сатурацијата со невладиниот сектор и приватните претприемачи, потоа висока е корелацијата меѓу четвртиот и вториот фактор чија вредност е негативна и на високо ниво од 0,75, па следува односот меѓу третиот и четвртиот фактор со висока позитивна корелација од 0,64, следната статистички позитивна корелација е меѓу

првиот, вториот и третиот фактор која се движи на ниво на значајност од 0,59, 0,53 и 0,51 што значи дека овие фактори значајно придонесуваат во дефинираната структура на нивоата на корумпираност, односно корумпираниот простор во земјата. Нешто послаби резултати на средно ниво на значајност се односите меѓу првиот, вториот и третиот фактор. Нивните вредности се 0,58, потоа 0,53, односно 0,51 и нешто послабо влијание е односот со четвртиот фактор од 0,34. Најслабо влијание е воспоставено меѓу четвртиот и првиот фактор со вредност од 0,004. Овој коефициент, како и коефициентот меѓу првиот и четвртиот фактор (0,12) е на ниско ниво на статистичка значајност и е позитивен. Во 2014 година интеракциите се особено значајни меѓу групата индикатори која индицира за корумпираноста на носителите на функции и групата индикатори определени како цивилна сфера и бележи висок коефициент од 0,81. Сличен однос покажува и коефициентот на корелација од 0,78 меѓу групата индикатори дефинирани како заштитни органи и цивилната сфера. Според висината на коефициентите значајни се интеракциите меѓу групата индикатори дефинирани како корупција кај носителите на функции и заштитните органи со коефициент на корелација од 0,66. Следната група интеракции се меѓу групата индикатори корупција во цивилната сфера и јавните услуги, со коефициент од (0,60), следуваат интеракциите меѓу групата на индикатори заштитни органи и групата јавни услуги со коефициент од 0,50. Коефициентите покажуваат висок интензитет на врски кои се позитивни, што укажува на податокот дека промената во едната група индикатори предизвикува промена и кај другата група со која се остваруваат интеракциите.

Ако се анализираат компонентите од матрицата со трансформации на факторите во 2015, 2016 и 2017 година е констатирано дека најинтензитетна е релацијата меѓу корупцијата кај заштитните органи и цивилната сфера, иако оваа втората не е оценувана со високи оценки. Имено, таа во 2015 година има коефициент 0,90, во 2016, 0,82 и 0,83 во 2017 година. Доминацијата на оваа интеракција упатува на натамошно согледување на интеракциите меѓу субјектите групирани во овие групи индикатори. Во таа смисла се и релациите меѓу групата индикатори дефинирани како цивилна и групата на функции, носители на одговорни должности, за потоа да следи релацијата меѓу цивилната сфера и заштитните органи со коефициент од 0,63 во 2015, -0,73 во 2016 и -0,50 во 2017 година како и меѓу јавните услуги и заштитните органи со коефициент од 0,56 во 2014 година.

Имајќи ги предвид изложените резултати добиени од изолираните фактори, кај одговорите на испитаниците што не дале мито, може да се утврди дека меѓу факторите два и четири постои

статистички значајна позитивна корелација на високо ниво од 0,86 во 2013, 0,80 во 2014, 0,78 во 2015, -066 во 2016 и 0,44 во 2017 година и таа (корумпираност на функциите и цивилната сфера, услуги) е поврзана со корупцијата на цивилната структура, односно според степенот на сатурацијата со невладиниот сектор и приватните претприемачи. Исто така, во 2013 година висока е корелацијата меѓу вториот и четвртиот фактор чија вредност е на високо ниво од 0,68, па следува односот меѓу третиот и првиот фактор со висока позитивна корелација од 0,49, следната статистички позитивна корелација е меѓу првиот и третиот фактор со коефициент од 0,64. Во 2014 година највисоки интеракции се забележани меѓу индикаторите дефинирани како заштитни органи (суд, обвинителство, полициски службеници) и цивилната сфера (претприемачи, новинари и невладини организации) со коефициент 0,84. Висок е коефициентот на корелација меѓу групите индикатори функции (политички партии, лидери, државни функционери) и цивилната сфера (приватниот сектор, новинари и невладини организации) со коефициент на корелација од 0,80. Во 2015 година продолжена е таквата тенденција. Највисок интензитет имаат групите индикатори: заштитна и цивилна сфера со вредност од 0,80. А потоа следуваат групите индикатори: функции и цивилна сфера со вредност од 0,78. Во 2016 година највисоки интеракции се забележани меѓу групите индикатори услуги и заштитни органи со коефициент од 0,80. И во 2017 година најфреквентни се релациите меѓу групите индикатори наречени заштитни органи и цивилната сфера со коефициент на корелација од 0,79. Понудените коефициенти несомнено укажуваат на интеракциите што се воспоставуваат меѓу определени општествени структури и дека таа испреплетеност на корупциските врски создава основа за градење на корупциската мапа на нашето современо општество.

Слична е ситуацијата и кај испитаниците што одговориле дека дале мито. Така во 2013 година, највисок коефициент на поврзаност од 0,87 е екстрахиран меѓу факторите заштитна (значи кај судиите и обвинителите) и цивилна сфера (претприемачите, новинарите и невладиниот сектор), потоа следува меѓу цивилната сфера и функциите, односно политичките партии, лидери, носителите на државни функции) со вредност од 0,40. Во 2014 година кај првата група испитаници (што дале мито) највисок коефициент е екстрахиран меѓу факторите носители на функции и цивилната сфера (претприемачи, новинари и невладини организации) со коефициент од 0,87. Таков висок коефициент од 0,80 постои и меѓу овие фактори и во одговорите на испитаниците што дале мито. И во 2015 година можат да се забележат слични тенденции. Имено, меѓу овие две групи, кај испитаниците што

не дале мито е екстрахиран коефициент од 0,78, додека, пак, кај испитаниците што дале мито тој коефициент е висок меѓу факторите цивилна сфера и заштитни органи и изнесува 0,94. Во 2016 година, кај оваа група високи се интеракциите меѓу групите заштитни органи и цивилна сфера со коефициент од 0,69. И во 2015 година меѓу испитаниците што дале мило, високи се интеракциите меѓу групите индикатори дефинирани како заштитни органи и цивилна сфера со коефициент на корелација од 0,67.

Овде треба да укажеме дека во екстракцијата на факторите постои определено отстапување. Според тоа, може да се констатира дека во перцепциите на граѓаните висок степен на интензитет на корупција постои меѓу носителите на определени функции и претприемачите, новинарите и невладините организации.

Иако понудените податоци, повеќе или помалку треба да се третираат како индикатори за интензитетот на односите меѓу одделни сектори во општествената организација, сепак, тие упатуваат на некои од можните извори, кои на еден или друг начин подолго време се извори на корупцијата. Оваа група индикатори индицира дека коруптивните врски и односи се воспоставуваат меѓу одделни субјекти, кои според својата нормативна положба се носители на моќта и се претпоставка за општествениот развиток. Но, тие може и да се индикатори каде треба да се насочи општествената акција во барањето на одговорите за сложените општествени прашања.

Од истражувачките резултати се констатира дека редоследот на факторите од година во година по групи се разликува, што укажува на сложеноста на општествените односи во Република Македонија. Тие се последица на сет од фактори кои влијаат на перцепциите на граѓаните, како што се, на пример, и тие, дека таа е земја со транзициска економија, со слаб економски сектор, со нагласен партиски монопол, со партиска контрола на институционалната структура и со појава на практикување на државните институции како ефикасно средство за редистрибуција на ресурсите. Имајќи ги предвид општите состојби може да се оцени зошто постои висок интензитет на врски меѓу цивилната структура (претприемачите, новинарите и невладиниот сектор) и носителите на јавни функции и политичките организации. Објективно, треба да се очекува оваа сфера да е носител на антикорупциските акции и содржини. Иако докрај не се отворени сите прашања, како и тоа дека станува збор за перцепции на граѓаните, се претпоставува дека резултатите се индикатор кој може да е во функција на дебатата за функционирањето на државните органи, барањето решенија за непосредна и конкретна акција која ќе е во функција на доброто владеење и утврдувањето на политики што ќе се во чекор со

практиката на земјите чии институции се стабилни и свртени кон човекот и неговата слобода.

Анализата на резултатите од истражувањето за корупцијата во Република Македонија укажа и на следните констатации:

-за истражувачкиот период од 2016 до 2017 година граѓаните биле во ситуација да дадат мито 20,45 % односно 21,96 %. Тоа било реализирано најчесто со давање пари во готово, додека другите начини се помалку застапени: депонирање пари на сметка, давање спонзорство и услуги од разна природа;

-рангирањето на професиите кои примиле мито за 2017 година: најмногу примаат мито државните службеници, со 28,66 %, потоа следуваат лекарите со 17,45 %, на трето место се полицајците со 13,58 %, цариниците се застапени со 10,98 %, по што следуваат средношколските професори со 8,82 % и посредниците со 8,73 %, а за 2016 година најзастапени за примање мито се лекарите со 17,91 %, следуваат полицајците со 15,66 %, потоа цариниците со 10,86 % и драстично намалената бројка на мито кај државните службеници од 9,59 %;

-во врска со облиците на корупција за 2017 година граѓаните сметаат дека најзастапен вид е злоупотребата на положбата и овластувањата, на второ место е примањето мито, на трето место е давањето мито и на последно место е противзаконитото посредување;

-рангирањето на проблемите кои ги засегаат граѓаните за 2017 година: на прво место се ниските плати, на второ невработеноста, на трето сиромаштијата, следуваат високите цени и нефункционалноста на институциите, додека на пониско ниво на загриженост се корупцијата и меѓуетничките односи. Додека за 2016 година на прво место како проблем се јавува невработеноста, на второ ниските плати, на трето сиромаштијата, следуваат високите цени, нефункционалноста на институциите, корупцијата и меѓуетничките односи. Оттука може да се изведе и генерален заклучок дека економските проблеми се највисоко рангирани проблеми кои ги засегаат граѓаните на Република Македонија, додека корупцијата и меѓуетничките односи се најниско рангирани;

-граѓаните беа анкетирани да го определат и нивото на корупција кај одредени професии и истото да го рангираат на скала од 1 до 10. За 2017 година највисоката оценка 10 е определена за: политичките партии, носителите на државни функции, полицијата, царината, при продажба на државното земјиште, лекарите, судиите и универзитетските професори;

-најконтактирани професии за 2016 и 2017 година се припадници на: лекарите, приватните претприемачи и полицајците.

- Повеќе од 50 % од испитаниците во 2016 и 2017 година оцениле дека се потполно подготвени, односно дека се подготвени за борба против корупцијата.
- Од друга страна, испитаниците имаат негативно мислење за политичките партии и политичките лидери, затоа што најголемиот број од нив се одлучиле за понудените опции „не се подготвени“ и „потполно се неподготвени“ за борба против корупцијата.
- Испитаниците во 2016 и 2017 година при рангирањето на македонските органи/институции и нивната подготвеност за борба против корупцијата, предност и дале на Државната комисија за спречување на корупцијата, по која доаѓаат другите институции за борба против корупцијата и државните (управните) органи.
- Доколку одговорите на испитаниците се разгледуваат самостојно, тогаш приватниот сектор ниту е, ниту не е подготвен за борба против корупцијата затоа што и за двете години оваа понудена опција била избрана од најголем број на испитаници.
- „Ниту се, ниту не се подготвени за борба против корупцијата“ е став кој доминира кај испитаниците кога ги вреднувале медиумите.
- Испитаниците сметаат дека репресивните мерки во голема мера можат да придонесат во борбата против корупцијата, со тоа што во 2017 бројот на испитаници кои имале вакво мислење пораснал за неколку проценти во однос на 2016 година.
- Од друга страна, не треба да се занемарат превентивните мерки кои биле оценети од страна на испитаниците со повеќе од 70 % и во 2016 и во 2017 година (исклучок е шестата понудена опција во 2016).
- Одговорите на испитаниците може да се оценат како особено креативни од аспект на предлагање на репресивни и превентивни мерки, како и при препорачување на мерки и активности за борба против корупцијата.
- Истражувачките резултати во целина и коментарите на испитаниците упатуваат на тоа дека во општеството, преземените активности на надлежните органи и институции, посебно на надлежните органи за спречување на корупцијата не успеваат да се справат со неа, дека во вкупниот општествен процес постои испреплетеност на односите, потоа можат да се идентификуваат определени подрачја каде постојат индиции за поврзаност меѓу одделни институции, органи и функции и определени подрачја каде можат да се идентификуваат глобалните правци на корупциското поведение. Тоа во општествената стварност се изразува преку индикаторот отсуство на институционален капацитет за извршување на нормативно утврдените положби, но и за отсуството на интегритет и одговорност во вршењето на јавните овластувања и задачи. Затоа, врз основа на анализата се

укажува на неопходноста од воспоставување облици за поефикасна соработка меѓу носителите на борбата за корупција, за зголемување на општествената, пред сè, цивилната контрола над нив и потребата од воспоставување на процес на кадровско проветрување во институциите надлежни за откривање, спречување и разрешување на корупцијата. Во таа смисла се предлага, да се практикува државните органи, како што е, на пример, и Државната комисија за спречување на корупцијата повеќе да се свртат кон академската заедница, да поттикне и стимулира научни истражувања, за да може да ги дефинира стратешките цели и да разработи акциски планови. Потпирањето само на стручните истражувачки пристапи и на субјекти поддржани од европски и други извори на финансирање, го стеснува просторот и недоволно обезбедува трансфер на знаењата и практично знаењето и информациите не стануваат основа за утврдување начини за решавање на проблемите. За таа цел потребна е една поширока мрежа на поврзани институции кои ќе вршат размена на податоци и ќе реализираат заеднички проекти со цел успешно спречување на корупцијата.

# Одбрана литература


- **Aburish, Said K**. *„Coruption and Coming Fall of the House of Saud“* Bloomsbury Publishing. Pic.
- **Alan Doig,** *„Corruption and Misconduct in Contemporary British Politics“*, Penguin Books Ltd, Penguin Books, 1984.
- **Alatas, Syed Hussein**, *„Corruption and the Destiny of Asia“, Addison Wesley Higher Education* (a Pearson Education company), Addison-Wesley, 2000.
- **Ангелески, Методија** *„Глобална криминалистичка методика за борба против организираниот криминал“,* Едиција: Организиран криминал, Проект на програмата Tempus и Kards, Скопје, 2002.
- **Aras, Slađana**: *„Korupcija“. Pravnik* 41, бр. 1 (84) (2007): 25-60.
- **Audit Commission**, *„Fraud and Corruption Audit Manual“,* The Audit Commission, Audit Commission, 1997.
- **Antun Novoselović**: *Javna sigurnost i kriminalitet u lokalnoj zajednici*; Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 13, broj 2/2006.
- **Baggins, David Sadofsky**, *„Drug Hate and the Corruption of American Justice“*, Preger Publishers, 1998.
- **Bonacin, D., Smajlović, N**.,: *Faktorska analiza nekih kinematičkih parametara završnih faza bacanja koplja*; Acta Kinesiologica 1; 2007; стр. 58-63.
- **Berger, P.L & Luckman, T.** : *The Social Construction of Reality*, London, Penguin Books; 1985.
- **Berger, Peter** L., и **Thomas Luckmann**: *Socijalna konstrukcija zbilje - rasprava o sociologiji znanja.* Превел Srđan Dvornik. Zagreb: Naprijed, 1992.
- **Chitkara, M.G**., *„Consumerism, Crime and Corruption“*, Ashish Publishing House 2000.
- **Цотиќ, Д**. (2001), *Меѓународне препоруке и национална искуства за борбу против корупције, Збориник радова Привредни криминалитет и корупција,* Институт за криминолошки и социолошки истраживања, Београд.
- **Dirkem, Emil**: *O normalnosti zločina*, kaj Talcot Parsons & all.: *Teorije o društvu*, Vuk Karadžić, Beograd, 1969, стр. 827.
- **Dixon, David**, *„A Culture of Corruption“*, ve LegalThe Federation Press, 1999.
- **Доневски**, Божин. *Класификација на научни полиња, подрачја и области (дисциплини) на истражување.* Скопје - Битола: Tempus-Phare, CME - 03118 – 97, 2001.
- **Elliott, Kimberly Ann**, *„Corruption and the Global Economy“*, The Institute for International Economics, 1997.
- **Fiorentini, Gianluca, Zamagni, Stefano** (both of University of Bologna, Italy), *„The Economics of Corruption and Illegal Markets“*, Edvard Elgar Publishing Limited, Edward Elgar.

- **Gaffney, Mason, PhD, Harrison, Fred, MSc**, „*The Corruption of Economics“, Shepheard* - Walwyn (Publishers) Ltd, Shepheard - Walwyn, 1995.
- **Golding Peter** & Graham Murdock, „Culture, Comunications and Political Economy“, објавено во Масмедија и Mass Media and Society.
- **Камбовски, В**., **Наумовски, П.** *Корупција - најголемо општествено зло и закана за правната држава,* Скопје 2002.
- **Klinke, S., Mihoci, A., Härdle, W**.: *Exploratory factor analysis in mplus, rand SPSS*; 2012; http://www.stat.auckland.ac.nz/~iase/publications/icots8/ICOTS8_4F4_KLINKE.pdf, [пристапено на 22.6.2012].
- **Korać, V.P**. *Korupciske veze organizovanih kriminalnih grupa i organizacija - kriminalistička analiza,* MUP R.Srbije, Beograd, br.2 2003.
- **Јосип Крегар:** „Корупција“, Правен факултет, Загреб (Цитирано според: Heidenheimer, A., Johnston, M., Le Vine, V., Political Corruption, Transaction Publishers, London, 1997).
- **Josip Kregar**: *Deformation of Organizational Principles,* vo D.V.Trang, Corruption and Democracy, D.v.Trang (ed), COLPI, Budimpešta, 1994.
- **Josip Kregar:** *Korupcija u pravosuđu*; *www.pravo.hr/_download/repository/korupcijasudstvo.cg.doc, URL;* [пристапено 26.5.2001].
- **Јонуз Абдулахи**: *Социјалните промени и корупцијата во земјите во развој.*
- **Исмаил Зејнели**: *Некои карактеристики на корупција во Македонија и нејзино спречување.*
- ***Корупција** у теорији и корупција као кривично дело у Србији.* Београд, 2. 12. 2006.
- **Лабовиќ, М. / Николовски, М**.: *Организиран криминал и корупција,* Факултет за безбедност, Скопје, 2010.
- **Лабовиќ, Миодраг**, „*Корупцијата - најголемата пречка за влез на Македонија во Европската Унија“*, Ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 1-2/2003.
- **Лабовиќ, Миодраг**: *Власта корумпира*; Гама, Скопје, 2006.
- **Лабовик, М**., Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 2004.
- **Маневски, Михајло**, „Корупцијата во Република Македонија, *превентивни и казнени мерки за спречување“*, Скопје, 2005.
- **Мајкл Д. Лајмн и Гари В. Потер,** „*Организиран криминал*“ (2009), Магос, Скопје.
- **Малиш-Саздовска, М**. „*Улога полиције и тужилаштва у борби против организованог криминала у Републици Македонији*“, Друштвени аспекти организованог криминала, Институт за међународну политику и привреду, Београд, 2011.
- **Малиш-Саздовска, М**. „*Crisis management in Macedonia: conditions and prospects“* International scientific conference Security and Euroatlantic perspectives of the Balkans, Faculty of security, Skopje, Volume I.

- **Малиш-Саздовска, М.** *„Психосоцијални и правни последици врз припадниците на безбедносните сили на Република Македонија учесници во конфликтот од 2001 година“* (извештај за истражувачки проект) - Факултет за безбедност - Скопје, Скопје, 2009.
- **Малиш-Саздовска, М.** *„Безбедност во училиштата (психосоцијални, криминолошки, криминалистички и правни аспекти на безбедноста во средните училишта на градот Скопје)“* Истражувачки извештај, Здружение за безбедносни истражувања и едукација, Скопје, 2011 (група автори).
- **Малиш-Саздовска, М.** *„NATO and the Environment, (Scientific article)“,* Security Dialogues, Vol. 3, Number 2, 2012.
- **Матевски, Зоран**: *Социолошки аспекти на организираниот криминал и корупцијата.* www.fes.org.mk/.../Zoran%20Matevski,%20SOCIOLOSKI%20ASPEKTI%20NA%20ORGANIZIRANIOT... [31.12.2010].
- **Mojanoski**, **Cane**. „Citizens perception of Corruption as a Security risk and challenge“. Уредил Цане Мојаноски. *International scietific conference: „Macedonia an the Balkans, a hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic Integrations“;.* Ohrid: Faculty of security - Skopje, 2014. 315-331.
- **Mojanoski**, **T.Cane** „The Citizens's perceptions about the contribution of the police to the feeling of saffety“. *Security Dialogues* VI, бр. 2-1 (2015): 275-290.
- **Mojanoski**, **T. Cane** „The Citizens's percetrion of the level of corruptionn in the Republic of Macedonia acconding to the research results obtained from 2013 to 2015“. Уредил Аница Драговиќ. *The Sociological Review* (Association of Sociologists og the Republic of Macedonia) XVII, бр. 2 (2016): 27-48.
- **Mojanoski**, **T**. **Cane** „The Discouse Analysis as a Research Procedure“. Уредил Цане Т.Мојаноски. *International scientific conference: Contemporary trends in social control of crime.* Ohrid: Faculty of Security Skopje, 2016. 72-78.
- **Mojanoski**, **T**. **Cane** „The opinion of the citizens on safety in the Republic of Macedonia“. Уредил Цане Т. Мојаноски. *International scientific conference researching security: approaches, concepts and policies, Ohrid 2015,.* Ohrid: Faculty of Security - Skopje, 2015. 105-123.
- **Mojanoski**, **Cane.** „The Citizens of the Republic of Macedonia abaut the pubicity of the police work“. Уредил Марјан Ѓуровски. *International scientific conference: Security concepts and policies new generation of risks and threats.* Ohrid: Faculty of Security Skopje, 2017. 203-215.
- **Mojanoski**, **Cane**. „The perceptions of the citizens of Republic of Macedonia about the work of the police“. Уредил Мирјана Митревска. *Безбедносни дијалози / Security Dialogues* (Филозофски факултет Скопје) 8, бр. 1-2 (2017): 705-720.
- **Mojanoski**, **Cane и Marjan Nikolovski**. „Typical Characteristic of Coruptiona in Republic of Macedonia“. *Horizons – International Scientific*

*Journal, Series A – Social Sciences and Humanities* (University „St. Kliment Ohridski" Bitola) X, бр. 9 (2014): 77-88.
- **Мојаноски**, **Т.Цане** „Граѓанската перспектива за начинот на спречување на корупцијата“. Уредил Сашко Стојановски. *Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови /Втора меѓународна научна конференција, Штип, 2015.* Штип: Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 2015. 901-915.
- **Мојаноски, Т. Цане:** *Политичката партија во изборниот процес – положба и надлежност.* Том V, во *Реформата на институциите и нејзиното значење за Република Македонија*, уредил Владо Камбовски, Борче Давитковски и Гордана Силјановска-Давкова, 407-430. Скопје: МАНУ, 2009.
- **Мојаноски, Т. Цане:** *Методологија на безбедносните науки - основи,* Книга I, Факултет за безбедност, Скопје, 2012.
- **Мојаноски, Т. Цане:** *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка,* Книга II, Факултет за безбедност, Скопје, 2012.
- **Мојаноски, Т. Цане:** *Методологија на безбедносните науки - аналитички постапки,* Книга III, Скопје, 2013.
- **Мојаноски, Т. Цане:** *Основи на статистиката на криминалот,* Факултет за безбедност, Скопје, 2017.
- **Mojanoski, T. Cane**, Todorovska, Viktorija: Institutionalized capacity – factor in the fight against corruption and crime in Macedonia, Право и форензика, Крагуевац, 2009.
- **Mojanoski, T. Cane**: Socialization and Adaptation in the Perceptions of the Citizens of Republic of Macedonia regarding police work;Volume II; Ohrid 2012.
- **Mojanoski, T. Cane**: Aspects of the security and the labour market, Prilep, 2012.
- **Mojanoski, T. Cane**: *Citizens perception of Corruption as a Security risk and challenge*, pp. 315-331, International scietific conference: “Macedonia an the Balkans, a hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic Integrations; Volume I; Skopje, Facultaty of security, 2014.
- **Мојаноски, Т. Цане**, Марина Малиш-Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска: *Мислењето на граѓаните на Република Македонија за корупцијата* – Истражувачки извештај; Факултет за безбедност, Скопје, 2014.
- **Мојаноски**, **Т. Цане**, Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Катерина Крстевска, и Александар Иванов. *Имплементирање на практиката на Европскиот суд за човекови права во Република Македонија : Стразбур дома или Македонија пред Стразбур: (Истражувачки извештај).* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје, 2017.
- **Мојаноски**, **Т. Цане**, Злате Димовски, Марјан Ѓуровски, и Ице Илијевски. *Безбедноста и безбедносните закани на Република Македонија.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје, 2015.

- **Мојаноски, Т. Цане,** Бачановиќ, О., Малетиќ-Аќимовска, И., Батиќ, Д., Стефановска, В., Миленковска , М., . . . Димитровска, А. (2014). *Положба на осудените лица во пенитенцијарните установи во Македонија : (Извештај од истражувањето).* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје. Повратено од http://www.fb.uklo.edu.mk
- **Мојаноски, Т. Цане**, Бачановиќ, О., Малетиќ-Аќимомовска, И., Батиќ, Д., Стефановска, В., Миленковска, М., Димитровска, А. (2015). *Ставовите на вработените за задачите и состојбите во пенитенцијарните установи во Република Македонија: (извештај од истражувањето.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје. Преземено 3. 1. 2015 од http://www.fb.uklo.edu.mk
- **Мојаноски, Т. Цане**, Никодиновска-Стефановска, С., Ременски-Ташевска, Ф., Саздовска-Малиш, М., Малетиќ-Аќимовска, И., Батиќ, Д., Ивановски, Ј. (2009). *Психосоцијалните и правни последици врз припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, учесници во конфликтот од 2001.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.
-
- **Мојаноски, Т. Цане** , Марина Саздовска-Малиш, Марјан Николовски, и Катерина Крстевска. *Граѓаните на Република Македонија за корупцијата : (Истражувачки извештај 2013 - 2015).* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје, 2016.
- **Мојаноски, Т. Цане**, Марина Саздовска-Малиш, Марјан Николовски, и Катерина Крстевска. *Граѓаните на Република Македонија за корупцијата : (Истражувачки извештај за 2013 година).* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје, 2014.
- **Morris, Stephen D.** „*Corruption and Politics in Contemporary Mexico“, University of Alabama* Press, 1991.
- **Вујаклија, Милан**: *Лексикон страних речи и израза*, Просвета, Београд, 1996/97.
- **Николовски М**. „*Организовани криминал, његова перцепција и динамика у Републици Македонији*“, Центар за безбедносне студије - Белград, 2010.
- **Николовски М**. „*Конфискација на имот стекнат со кривични дела од областа на организиран криминал*“, Зборник на трудови на Меѓународна конференција на тема „Безбедност и евроатлантски перспективи на Балканот“, Факултет за безбедност, Скопје, 2012.
- **Николовски М**. „*Корупцијата како фактор на загрозување на темелните вредности на државата*“, Факултет за безбедност - Скопје, 2013.
- **Nikolovski, Marjan**, и Cane Mojanoski. „Coruption and Antopilogical foundations human nature“. Уредил Цане Т. Мојаноски. *Macedonia an the Balkans, a hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic Integrations;*. Ohrid: Faculty of Security Skopje, 2015. 385-394.
- **Novoselović, Antun**: *Javna sigurnost i kriminalitet u lokalnoj zajednici*; Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu (Zagreb), vol. 13, broj 2/2006.

- **Pejanović, Radovan**: „Korupcija kao društveno-ekonomski fenomen“. *Glasnik Antropološkog društva Srbije* 47 (2012): 229-238.
- **Pešić, Vesna**: *Partijska država kao uzrok korupcije u Srbiji*, стр. 2; види: pescanik.net/wp-content/PDF/partijska_drzava.pdf.
- **Peregrine, Horden, Purcell, Nicholas**, „*The Corrupting Sea“, Blackwell Publishers*, 2000.
- **Prytherch**, Raymond John. *Harrod's librarians' glossary and reference book : a dictionary of over 10,200 terms, organizations, projects and acronyms in the areas of information management, library science, publishing and archive management.* 10. Burlington: Ashgate Publishing Company, 2005.
- **Robinson, Mark** (Institute of Development Studies, University of Sussex) „*Corruption and Development“*, Frank Cass Publishers, 1998.
- **Rosemary Armao**, 2010, Center for International Media Assistance.

005.
- **Shropshire, Kenneth L**., „*Agents of Opportunity - Sports Agents and Corruption in the Collegiate“*, University of Pennsylvania Press, 1990.
- **Stjepan Gredelj,** Zoran Gavrilović, Natalija Šolić: *PROFESIJA (I) KORUPCIJA* - Aktiviranje profesionalnih udruženja u borbi za integritet profesija i protiv korupcije; Centar za monitoring i evaluaciju; Beograd 2005.
- **Стојановска, Билјана**: „Корупцијата во Македонија: Битка со несоодветни средства“. *Евродијалог*, бр. 15 (2011): 106-124.
- **Theobald, Robin,** Doig, Alan, Doig, Alan (University of Liverpool). **Theobald, Robin** (University of Westminster) „*Corruption and Democration“*, Frank Cass Publishers, 1999.
- **Vencill, C.D**., „*Corruption“* Edward Elgar Publishing Limited, Edward Elgar, 2001.
- **Williams, Robert** (Professor of Politics, University of Durham), „*Party Finance and Political Corruption“*, Palgrave, formerly Macmilan Press, 2000.
- **Walter-Roberts P. F.**: *Determining the Валиден ity and reliability of the cultural awareness and beliefs inventory*: (A.Dissertation); 2012, pp.78-86; http://repository.tamu.edu/bitstream/handle/1969.1/6013/etd-tamu-2007A-EDCI-WalterR.pdf?sequence=1, URL, [пристапено 22.6.2012].
- **Organiziran kriminal**, Proekt na programata Tempus i Kards, Skopje 2002.
- **United Nations Development Programme**, „Corruption and Good Governance“, United Nations, 1997.

**Законски и други нормативни акти**:

- ЗАКОН ЗА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА – ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ „Службен весник на Република Македонија“, бр. 28/02, 46/04, 126/06, Одлука на Уставен суд од 10.1.2007, 10/08, и 161/08).
- Европска граѓанска конвенција за корупција на Советот на Европа, член 2 (изготвена во Стразбур на 4.11.1999 година, на англиски и француски јазик со тоа што генералниот секретар на Советот на Европа ќе испрати по еден потврден примерок до секоја членка на Советот на Европа и на секоја држава што ќе биде поканета за приклучување на оваа Конвенција).
- UN General Resolution A/C 3/51/I 3, 26 September 1996: Action against corruption, tocka 3: a) I b).
- Државен завод за статистика.
- Програма за набљудување на судските предмети во врска со корупцијата во Република Македонија, коалиција сите за правично судење, Скопје, 2008.
- Прирачник за полициски интегритет, ДЦАФ, Словачка, 2012.
- Организиран криминал 2005, Брошура, Полициска академија, Скопје, 2005.

**Интернет извори:**

- *www.transparentnost.org.rs/.../ALAC-...[пристапено на 8.2.2013]*
- Corruption Perceptions Index 2013**,** стр.3; http://www.transparency.org/cpi2013/results
- www.fes.org.mk/.../Ismail%20Zejneli,%20NEKOI%20KARAKTERISTIKI%20NA%20KORUPCIJA%20... [7.05.2011];
- http://notes.nt.gov.au/dcm/legislat
- http://www.coeint/T/E/Legal-affairs
- http://europa.eu.int)
- http://www. State.gov/s/ct/rls/rtp
- www.fes.org.mk/.
- www.pravo.hr/_download/repository/korupcijasudstvo.cg.doc
- http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/corruption/Corruption_Report_fYR_Macedonia_Macedonian_web.pdf, Корупцијата во Поранешната Југословенска Република Македонија

- www.fes.org.mk
- http://www.osce.org/mk/hcnm/32235
- http://www.stat.gov.mk/pdf/2017/3.1.17.06.pdf ; Соопштение број/No: 3.1.17.06; 24.11.2017

# Акценти од рецензиите

**Професор д-р Љупчо Арнаудовски**, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во пензија

Студијата под наслов „Граѓаните на Република Македонија за корупцијата“, со поднаслов „Истражувачки резултати 2013-2017“ од професор д-р Цане Т. Мојаноски, професор д-р Марина Малиш-Саздовска, вонреден професор д-р Марјан Николовски и вонреден професор д-р Катерина Крстевска, претставува научна студија чија вредност може да се согледа од два аспекта: **прво**, се заснова врз истражување кое се реализира на сопствена основа и од сопствени автори. На тој начин настојува да го држи актуелен проблемот на корупцијата и митото како појави со особено големо значење за положбата во нашето општество и за разбирањето на државата, нејзината организација и функционирање како правна држава: држава која се карактеризира со високо присуство на корупција во сите сегменти од општеството - државата, никако не може да се оцени како правна држава. **Второ,** истражувањето на корупцијата во Република Македонија, во континуитет од пет години нуди методологија и инструменти кои овозможуваат да се согледаат некои феноменолошки и етиолошки карактеристики на оваа појава. Испитувањето на појавата преку ставовите на граѓаните, дури и преку испитувањето на нивното разбирање и сфаќање на оваа појава, не овозможуваат и не обезбедуваат научна релијабилност на добиените резултати. Но, пристапот на авторите и изборот на инструментите применети во истражувањето овозможуваат да се добие богатство на резултати (сознанија) преку некои од нив се стекнуваат сознанија за карактеристиките на корупцијата во Република Македонија, а преку кои се отвораат проблеми кои бараат натамошни продлабочени истражувања. Применетите методи и постапки во обработката и презентирањето на резултатите од истражувањето, во настојувањето да се постигне, да се добие од нив што повисок степен на релијабилност, точност и објективност, на трудот му дава посебна вредност, имајќи ја предвид забелешката со која се укажува на достапноста на овие резултати до обичниот читател и корисник на овој труд.

Корупцијата претставува комплексна, општествена сложена појава по подрачјата од општествените односи во кои се јавува, по феноменолошките карактеристики преку кои се манифестира, по подрачјата од човековиот живот во кој се случува и по подрачјата во

кои човекот се остварува како човек и личност, како појава која опфаќа многу широки подрачја на морално-етичкиот живот на човекот. Таа е појава, која учесниците во неа како личности, групи, заедници, институции ги чини, ги претставува како длабоко НЕМОРАЛНИ, НЕЧЕСНИ, расипани луѓе. Можат да се наведат уште многу елементи на оваа појава, која ја одредуваат како НЕГАТИВНА НА ЛИЧЕН И ОПШТЕСТВЕН ПЛАН. Овие и другите одредби за корупцијата, го чинат сложено нејзиното дефинирање. Не грешат авторите што ја одредуваат како социопатолошка појава, а ние, пред сé, како криминална појава. Попрецизното определување на корупцијата се наметнува како научен проблем кој бара разрешување при програмирањето на секое нејзино истражување. Сложеноста на оваа појава има одраз и врз изборот на методите или методолошките постапки (инструменти) кои ќе овозможат стекнување на сознанијата за неа. Авторите на оваа студија го согледуваат овој проблем. Анонимната или каква било друга анкета како инструмент за испитување на оваа појава, сепак, не дава резултати кои ќе не внесат во нејзината суштина. Богатството на податоци кои се добиени преку ова истражување, авторите го разрешуваат со примена на методолошки постапки кои во обработката на добиените податоци обезбедуваат повисок степен на научна релијабилност, егзактност на добиените резултати, отвораат и укажуваат на проблеми, се појавуваат како индикатори кои ги одредуваат насоките на натамошните истражувања. Богатството податоци што се добиени со ова лонгитудинално истражување, како и начинот на нивната обработка и претставување во студијата, ја одредува научната оправданост на оваа студија. Претставувањето на добиените резултати на компаративен начин, низ годините низ кои е повторувано истражувањето и во содржинска смисла ги претставува ставовите на испитаниците - граѓани, кон корупцијата, но и го претставува методолошкиот пристап, му дава нужни информации на оној што се интересира за оваа појава или сака да ја истражува.

Богатата литература со која авторите се користат во изработката на студијата, на читателот му овозможуваат за себе да ги разреши проблемите за кои зборувавме понапред: проблемите врзани за нејзиното дефинирање, со лоцирање во научните области што ја изучуваат оваа појава и проблемте врзани за методолошкиот пристап, за изборот на прашањата врзани за корупцијата, за кои криминологијата, казненото право и социопатологијата како науки немаат одговори.

Изнесените мислења, за оваа студија, од страна на рецензентот, се надевам дека ќе бидат сфатени од страна авторите на студијата, како негово настојување, да продолжат со истражувањата на оваа појава и

како унапредување на методологијата за нејзино истражување, но и збогатување со теоретски и емпириски сознанија за истата и сé во насока за нејзино справување, сузбивање и превенција, развивање на свеста кај граѓаните за нивниот однос кон корупцијата и како нивно непосредно ангажирање за остварување и заштита на нивните права и слободи во даденото општество. Кај нас како потреба за унапредување и остварување на концептот на правната држава - на држава која функционира врз владеењето на правото, во согласност со концептот претставен во овој труд од страна на авторите.

Во согласност со сé што е речено во овој дел од РЕЦЕНЗЕНТСКИОТ ИЗВЕШТАЈ, на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност, Универзитет „Свети Климент Охридски“ Битола, да го прифати позитивниот Извештај за студијата под наслов „ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА КОРУПЦИЈАТА (Истражувачки извештај со резултати 2013-2017 година)“ од авторите професор д-р Цане Т. Мојаноски, професор д-р Марина Малиш-Саздовска, вонреден професор д-р Марјан Николовски и вонреден професор д-р Катерина Крстевска и да го ОДОБРИ и ОВОЗМОЖИ НЕГОВОТО ОБЈАВУВАЊЕ. Рецензентот Извештајот го пишува на начин на кој отвора дискусија со авторите на трудот за некои прашања и во таа смисла авторите и не можат да се согласуваат со неговиот начин на разммислување.

Објавувањето на студијата го препорачувам бидејќи сметам дека таа по својата содржина и пристап ќе предизвика интерес, ќе им биде од корист на студените од правните факултети, социолошките и безбедносните студии, на студиите на политички науки, но и на сите оние што во државата и општеството се занимаваат со проучувањето, спречувањето и сузбивањето на КОРУПЦИЈАТА.

Скопје, 15 јануари 2018 година

Рецензент
професор д-р Љупчо Арнаудовски

**професор д-р Миодраг Лабовиќ**, редовен професор на Факултетот за безбедност -Скопје

Во истражувањето на општествените појави, па оттаму и на безбедносните, како нивен составен дел, постојат различни размислувања околу улогата и значењето на квантитативните методолошки постапки, не само поради тоа што станува збор за особено сложени појави, како што е мултидимензионалниот феномен на корупцијата, туку и поради опасноста процесот на квантификацијата да добие карактер на наивен позитивистички емпиризам. Од ова не смее да се извлече заклучокот дека квантитативните методи и техники треба да бидат целосно напуштени или заменети за сметка на квалитативните истражувачки методи и техники. Секако, дека без квантитативните методолошки постапки не може да се собере соодветна емпириска граѓа и без таа граѓа не може да се применат квалитативните методолошки постапки во контекст на постулатите на рационалистичката епистемологија. Оттука, реалниот и критичкиот позитивистички емпиризам, а не наивниот, е неопходен и сè уште е ненадминат во конвенционалната светска наука. Но, реален и критички позитивистички емпиризам, не може да има без подлабоко навлегување во потпојавноста на појавите, процесите и односите што се предмет на секое едно конкретно научно истражување. Несомнено е дека истражувањето за корупцијата, а особено нејзиното истражување преку ставовите на граѓаните, не може да ги отвори и одгатне сите загатки за поимот корупција, неговите феноменолошки и етиолошки карактеристики. Но, сепак, самото истражување претставува емпириски пресек на ставовите, како солидна основа за зајакнување на базата на индикатори во градењето на научно-релевантни тврдења и објаснувања за некои од повидливите појавни облици на конвенционалната корупција. Во таа смисла, истражувањето има елементи и на монографија.

Според тоа, ова истражување содржи релевантен, научно-фундиран емпириски материјал, кој низ продлабочена факторска анализа може да придонесе во зајакнување на научно-применливите тврдења и ставови за конвенционалните облици на корупцијата. Исто така, ова истражување нуди и солиден емпириски материјал за понатамошно развивање или потврдување на научни ставови изразени во научна студија, за феноменолошките и етиолошките карактеристики и на најсложените, неконвенционални типови и облици на висока

политичка и економска корупција, каква што е системската корупција во Република Македонија.

## 1. Предлог –препораки

Со оглед на сé што е наведено погоре, му препорачувам на Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност - Скопје, да го усвои овој рецензентски Извештај, како позитивен и да донесе одлука за јавно објавување на Истражувачкиот извештај, којшто воедно, според мислењето на рецензентот, има елементи и на монографија.

Скопје, 25. 2. 2018 година                проф. д-р Миодраг Лабовиќ

# ПРИЛОЗИ

***Преглед број 15. Општина во која е спроведено истражувањето, година во која е спроведено истражувањето***

| | Година во која е спроведено истражувањето | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | **Вкупно** |
| Аеродром | 14 | 44 | 97 | 30 | 15 | 200 |
| Бутел | 0 | 15 | 8 | 19 | 16 | 58 |
| Гази Баба | 127 | 60 | 98 | 105 | 60 | 450 |
| Ѓорче Петров | 14 | 41 | 35 | 29 | 13 | 132 |
| Карпош | 0 | 17 | 0 | 15 | 30 | 62 |
| Кисела Вода | 28 | 20 | 87 | 45 | 30 | 210 |
| Сарај | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| Центар | 13 | 10 | 72 | 15 | 30 | 140 |
| Чаир | 11 | 15 | 6 | 11 | 11 | 54 |
| Берово | 14 | 30 | 15 | 0 | 15 | 74 |
| Битола | 14 | 45 | 75 | 45 | 59 | 238 |
| Боговиње | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| Босилово | 28 | 0 | 0 | 0 | 15 | 43 |
| Брвеница | 0 | 0 | 2 | 30 | 3 | 35 |
| Велес | 70 | 58 | 0 | 44 | 30 | 202 |
| Виница | 29 | 30 | 0 | 0 | 15 | 74 |
| Гевгелија | 27 | 0 | 30 | 13 | 30 | 100 |
| Гостивар | 80 | 30 | 25 | 28 | 14 | 177 |
| Градско | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | 11 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 |
| Делчево | 28 | 0 | 15 | 45 | 15 | 103 |
| Демир Хисар | 14 | 15 | 15 | 0 | 0 | 44 |
| Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 15 |
| Зелениково | 0 | 15 | 10 | 0 | 0 | 25 |
| Зрновци | 0 | 15 | 2 | 0 | 0 | 17 |
| Илинден | 14 | 89 | 74 | 15 | 58 | 250 |
| Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 |
| Кавадарци | 29 | 60 | 15 | 44 | 30 | 178 |
| Кичево | 0 | 0 | 10 | 0 | 15 | 25 |
| Кочани | 57 | 15 | 43 | 29 | 45 | 189 |
| Кратово | 14 | 0 | 15 | 15 | 29 | 73 |
| Крива Паланка | 28 | 45 | 10 | 30 | 0 | 113 |
| Кривогаштани | 14 | 0 | 0 | 15 | 15 | 44 |
| Крушево | 42 | 0 | 0 | 15 | 0 | 57 |
| Липково | 30 | 0 | 0 | 15 | 0 | 45 |
| Маврово и Ростуша | 14 | 0 | 0 | 0 | 6 | 20 |
| Македонска Каменица | 0 | 0 | 0 | 30 | 15 | 45 |
| Македонски Брод | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| Неготино | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 15 |
| Ново Село | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| Охрид | 42 | 15 | 0 | 30 | 14 | 101 |
| Пехчево | 0 | 0 | 15 | 15 | 30 | 60 |
| Прилеп | 70 | 15 | 30 | 0 | 30 | 145 |
| Пробиштип | 13 | 15 | 27 | 0 | 0 | 55 |
| Радовиш | 42 | 15 | 0 | 15 | 15 | 87 |
| Ранковце | 0 | 15 | 0 | 15 | 0 | 30 |
| Ресен | 14 | 14 | 0 | 30 | 30 | 88 |
| Росоман | 0 | 15 | 0 | 15 | 0 | 30 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | 28 | 0 | 15 | 45 | 59 | 147 |
| Струмица | 14 | 0 | 25 | 0 | 27 | 66 |
| Тетово | 48 | 15 | 80 | 41 | 22 | 206 |
| Чашка | 0 | 15 | 0 | 15 | 15 | 45 |
| Чешиново-Облешево | 0 | 44 | 0 | 0 | 30 | 74 |
| Чучер Сандево | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| Штип | 14 | 0 | 15 | 0 | 0 | 29 |
| Куманово | 117 | 144 | 75 | 104 | 105 | 545 |
| **Вкупно:** | 1210 | 1017 | 1041 | 1022 | 1020 | 5310 |

## *Преглед број 16. Ранг на изложеност на граѓанинот на корупција*

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **најмногу** | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 4. во ситуациите кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит |
| | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа |
| | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 5. во ситуации кога сака да оствари добивка (имотна или друга), или да се забрза постапката надвор од процедурата |
| | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 4. во ситуации кога бара работа (вработување) и при напредување на работа | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) | 7. во ситуации за остварување на право од здравствено осигурување (забрзување на здравствени интервенции) |
| **најмалку** | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура | 6. во ситуации кога треба да се запише на факултет и при полагање на испит | 3. во ситуации кога сака да оствари имотна добивка во согласност со законот по скратена процедура |
| | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата |
| | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа. сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 2. во ситуации кога пред органите на јавната управа сака да ги оствари своите законски права во краток временски период и надвор од процедурата | 1. во ситуации кога сака да ги избегне последиците од сторените прекршоци (сообраќајни, финансиски и слични) |

## *Список на стручни соработници - истражувачи*

Во изминатите пет години стручни соработници (интервјуери и шифранти) беа ангажирани:

Истражување во 2013 година:

Адријана Јакимовска, Адријана Милковска, Александар Ѓурчески, Ален Паунов, Амир Реџеп, Ана Петрушевска, Ангела Дигаловска, Ангела Николоска, Анета Велкова, Анита Цветкова, Астрит Шабани, Атанас Ефемов, Билјана Цветковска, Бобан Велјаноски, Бурим Сабриу, Ване Наков, Васе Русуманов, Велимира Илиќ, Виктор Митрески, Виктор Михајловски, Владимир Велковски, Гордана Попоска, Даниела Тасковска, Даниела Трајковска, Дејан Матески, Дијана Петковска, Елена Атанасова, Елена Велкова, Елена Димовска, Елеонора Димова, Ергин Емини, Златко Милески, Зоран Ѓорѓиевски, Ивана Арсова, Ивана Денковска, Ивана Десподовска, Ивана Ѓоргиевска, Ивона Јовановска, Ивона Јошевска, Игор Смилески, Игор Стојковски, Ирина Јорданов, Јан Пејкофски, Јелена Ѓорѓиевска, Јованка Лозаноска, Кристина Крстева, Кристина Станковска, Кујтим Бајрами, Лазе Тодоров, Лидија Шереметкоска, Лиридон Јахиу, Марија Антиќ, Марија Џипунова, Маријана Ивановиќ, Марина Блажеска, Мартин Симеонов, Мартина Неделковска, Мери Митева, Милица Кипровска, Милка Михајлова, Мирела Цветковска, Мирјана Јовановска, Моника Гајда, Мухаметула Изероски, Наталија Јефремова, Наташа Гајиќ, Николчо Чучурски, Радица Младеновска, Радмила Јовановиќ, Сања Трајковска, Сашо Житошански, Симона Јорданова, Симона Стојчевска, Синиша Спасески, Софија Тошева, Стефани Тодорова, Стефче Мечев, Столе Тошев, Теодора Митовска, Трајче Крстески, Фросина Петкоска, Хазар Сагири, Чедомир Мерџаноски.

Истражување 2014

Александра Илиевска, Андријана Петковска, Арбин Рамадани, Бојана Георгиева, Бујамин Селмани, Валентина Димчевска, Вероника Методијева, Викторија Ефтимова, Викторија Петреска, Владимир Мургоски, Глигорчо Грижев, Горан Цикарски, Даниела Ѓорчева, Дафина Спасиќ, Дијана Ѓурчиновска, Дино Неделковски, Драгана Волкановска, Елена Јовановска, Елеонора Миленковска, Емануела Илиева, Емилија Трајковска, Емилија Филиповска, Загорка Јосимовска,

Здравко Солев, Ивана Ангелова, Ивана Вукелиќ, Ивана Милевска, Ивона Грнчаревска, Изабела Стојановска, , Јасмина Суљковиќ, Јелена Солтировска, , Јулијана Стојановиќ, Катица Милевска, Кристијан Милошевски, Кристина Димитровска, Љубица Настеска, Магдалена Бојчевска, Маја Ангеловска, Маја Малеска, Маја Николовска, Македонка Спасиќ, Марија Јанушева, Марија Милеска, Марија Ристова, Мартин Новакоски, Милица Јовановиќ, Митко Стојанов, , Моника Велковска, Моника Тренчевска, Наташа Костовска, Радмила Калимановска, Ристо Лозаноски, Сања Рајчановска, Сашка Митровска, Сашко Димовски, Симона Иванова, Симона Младеновска, Соња Спасовска, Стефани Јованова, Тамара Кацарска, Татијана Коцевска, Тимчо Ристовски, Тони Петровски, Филип Костовски, Христина Горгиева, Христина Здравеска, Христина Ивановска, Цвета Недановска, Цветанка Дамјанова.

Истражување 2015

Александар Андреески, Ана Котевска, Ана Петрушевска, Ангела Дигаловска, Ангела Коцевска, Ангела Марковска, Ангела Митевска, Андријана Камчева, Анѓела Манова, Анита Кажлевска, Благој Киров, Бојан Јованоски, Бранкица Темелковска, Георгина Крстевска, Горан Моцаноски, Горан Смилески, Гоце Ристов, , Дејан Богдановски, Деспина Протуѓерова, Дијана Ѓорѓиевска, Дијана Николовска, Димитар Лазаревски, Елена Јованова, Живкица Гавриловска, Ивана Тошева, Ивона Грнчаревска, Ивона Јошевска, Илија Радински, Ирена Андреевска, Јашар Салиев, Јована Тодоровска, , Јулијана Трпчевска, Костантин Канзуров, Кристијан Цветковски, Кристина Атанасоска, Кристина Велкова, Кристина Стојчиќ, Магдалена Пешевска, Мариана Жигиќ, Марија Грамова, Марија Стојанова, Маријана Стојановска, Мартин Арсовски, Мартин Богданов, Мартин Додевски, Милка Михајлова, Моника Симеонова, Моника Стефановска, Наташа Илиевска, Небојша Аврамовски, Николета Димитрова, Николина Смилевска, Николина Трифуновска, Пембе Сагири, Радмила Николовска, Рајне Ѓорѓиоска, Ристо Димовски, Ристо Петров, Сања Јакимовска, Сања Серафимовска, Сара Ристеска, Сара Саздовска, Симона Илиевска, Стефан Гоцевски, Стефан Обреновиќ, , Тамара Трпковска, Теодора Тошевска, Филип Павловски, Христина Јовиќ.

Истражување 2016

Аида Исмаилоска, Ајдоган Демири, Александра Михајловска, Ана Котевска, Ангела Коцевска, Ангела Митевска, Ангела Сибиновска,

Ангела Честојанова, Андријана Камчева, Борче Петков, Валентин Величковски, Габриела Анѓеловска, Горан Смилески, Даниел Јованов, Дарко Николиќ, Деан Никола, Дејан Богдановски, Дејан Димитриевски, Димитар Лазаревски, Драгана Прешеска, Драгољупка Горгиева, Емилија Симонова, Живорад Николоски, Игно Михов, Ирена Андреевска, Катарина Насковиќ, Катерина Мојсоска, Катерина Стоименовска, Кристина Велкова, Кристина Јовановска, Лазар Петровски, Лулзим Кадриов, Марија Ѓеорѓиевска, Марија Стојанова, Марјан Величковски, Мартин Богданов, Мартин Ѓорѓиевски, Мартина Митревска, Милена Николова, Моника Милановска, Моника Николовска, Моника Трајковска, Натали Врбоска, Наташа Јордановска, Наташа Сотировска, Невенка Илиќ, Ненад Петровски, Оливера Аврамовска, Панде Симоновски, Радмила Николовска, Ристо Димовски, Ристо Лозаноски, Сања Јакимовска, Сања Серафимовска, Сара Јовановска, Симона Илиевска, Стефан Блажевски, Стефан Стојановски, Стефани Нешковска, , Фросина Младеновска, Христина Давчевска, Христина Димитриевска, Христина Стојаноска, Цветанка Елискоска.

Истражување 2017

Ана Голубовиќ, Ана Котевска, Ангела Додевска, Ангела Коцевска, Ангела Митевска, Ангела Мицковска, Андреа Ралевска, Викторија Ефтимова, Давид Атанасов, Дејан Богдановски, Дејан Манов, Димитар Костадинов, Емилија Марковска, Живкица Гавриловска, Ивана Тошева, Изабела Стојановска, Јована Анѓелкоска, Јована Тородовска, Катерина Мојсоска, Катерина Паунова, Климентин Алексов, Костантин Канзуров, Кристина Велкова, Кристина Јовановска, Кристина Станковиќ, Лазар Петровски, Леонид Манасиев, Лиридон Мала, Маја Митреска, Маја Пржовска, Македонка Панова, Марија Петрова, Марија Ралповска, Маријана Величкова, Мартина Цветкоска, Милена Николова, , , Моника Симоновска, Моника Фимчева, Ненад Јурдана, Николина Трифуновска, Саве Тасева, Сања Јакимовска, Сара Јованоска, Симеон Николовски, Снежана Петревска, Стефан Блажевски, Филип Бошковски, Филип Павловски, Христина Ивановска.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.352:316.64"2013/17"(497.7)(047.31)

ГРАЃАНИТЕ за корупцијата : (анализа на истражувачки резултати 2013 - 2017 ) / Цане Т. Мојаноски ... [и др.]. - Скопје : Факултет за безбедност, 2018. - XIV, 229 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Цане Т. Мојаноски, Марина Малиш - Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска. - Библиографија: стр. 209-216. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4828-26-6

1. Мојаноски, Цане Т. [автор] 2. Малиш-Саздовска, Марина [автор] 3. Николовски, Марјан [автор] 4. Крстевска, Катерина [автор]
а) Корупција - Јавно мислење - Македонија - 2013-2017 - Истражувања
COBISS.MK-ID 107092490

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.352:316.64"2013/17"(497.7)(047.31)

ГРАЃАНИТЕ за корупцијата [Електронски извор] : (анализа на истражувачки резултати 2013 - 2017 ) / Цане Т. Мојаноски ... [и др.]. - Скопје : Факултет за безбедност, 2018

Начин на пристап (URL): http://www.fb.uklo.edu.mk/. - Текст во PDF формат, содржи 229 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.04.2018. - Фусноти кон текстот. - Автори: Цане Т. Мојаноски, Марина Малиш - Саздовска, Марјан Николовски, Катерина Крстевска. - Библиографија: стр. 209-216. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4828-28-0

1. Мојаноски, Цане Т. [автор] 2. Малиш-Саздовска, Марина [автор] 3. Николовски, Марјан [автор] 4. Крстевска, Катерина [автор]
а) Корупција - Јавно мислење - Македонија - 2013-2017 - Истражувања
COBISS.MK-ID 107092490



View publication stats